РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ЗА МЕДИУМИ И ЗАШТИТАТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

https://www.coe.int/en/web/freedom-expression

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Reinforcing Judicial Expertise on Freedom of Expression and the Media in South-East Europe (JUFREX)

Funded by European Union and Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented by the Council of Europe

Регионално издание:

РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ЗА МЕДИУМИ И ЗАШТИТАТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

април 2019 г.

Регионално издание:

РЕГУЛАТОРНИТЕ ТЕЛА ЗА МЕДИУМИ И ЗАШТИТАТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

Оваа публикација беше подготвена со финансиска помош на Европската Унија. Нејзината содржина е исклучива одговорност на авторот и незадолжително ги отсликува погледите на Европската Унија и Советот на Европа.

Сите права задржани. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да се преведува, репродуцира или пренесува во било кој облик или со било кои средства, електронски (интернет, итн.) или механички, вклучително и фотокопирање, снимање или било кој друг систем за чување или преземање на информации – без претходно одобрение од Директоратот за комуникации (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Подготовка и печатење:

МП Профил

Тираж: 300 примероци

Корица: сликата е употребена со дозвола на Shutterstock.com

© 2019, Совет на Европа

Reinforcing Judicial Expertise on Freedom of Expression and the Media in South-East Europe (JUFREX)

Funded
by the European Union
and the Council of Europe

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Implemented
by the Council of Europe

СОДРЖИНА

ПРИЗНАНИЈА 8

1. ВОВЕД 9

2. ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА - ЗАДАЧА ЗА СИТЕ 11

3. ЗАШТИТАТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА И УЛОГАТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА 19

4. ПОВЕЌЕ ОД РЕГУЛАЦИЈА - ПОШИРОК ПРИСТАП КОН ЗАШТИТАТА НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА 39

5. ПРЕПОРАКИ И ЗАКЛУЧОЦИ 41

ПРИЛОЗИ

АНЕКС 1: ПРЕГЛЕД НА ЗАКОНСКИТЕ РАМКИ НА ЗЕМЈИТЕ-УЧЕСНИЧКИ 49

АНЕКС 2: СЛУЧАИ ВО ВРСКА СО ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 145

1. Случаи поврзани со емитувањето на содржини коишто може да нанесат сериозна штета или е веројатно дека ќе нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица; време на емитување и означување на програмските содржини 147

2. Случаи на заштита на достоинството, приватноста и идентитетот на малолетните лица 179

3. Случаи на известување за кривични дела во кои се вклучени и малолетни лица 195

4. Случаи поврзани со учеството на малолетни лица во програмски содржини 197

5. Случаи поврзани со комерцијалните комуникации и малолетните лица 200

6. Случаи поврзани со изборите и малолетните лица 204

АНЕКС 3: АКТИВНОСТИ ЗА МЕДИУМСКА И ИНФОРМАЦИСКА ПИСМЕНОСТ НА НАЦИОНАЛНИТЕ РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА КОИ ЗЕМААТ УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТОТ JUFREX 207

На кратко: Заедничка програма на Европската унија и Советот на Европа „Зајакнување на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа (JUFREX)“

„Децата се одлични имитатори.

Затоа дајте им
нешто одлично
да имитираат.“

Признанија:

Советот на Европа сака да ја изрази својата благодарност до националните регулаторни тела во областа на електронските медиуми од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора, за нивното ангажирање при изработката на оваа публикација. Сакаме да им изразиме посебно признание и благодарност на Асја Рокша-Зубчевиќ, Станислав Бендер и Јадранка Војводиќ за нивниот личен ангажман во пишувањето на големи делови од оваа публикација, како и за координирањето на целиот процес на создавање на ова издание. Особена благодарност изразуваме и на Маида Ќулаховиќ и на Роберт Томљеновиќ за нивниот вреден придонес и за повратните информации. Исто така, благодарност за нивното учество изразуваме и на другите учесници од националните регулаторни тела: Емилија Јаневска, Милан Тодоровиќ, Јелена Коло, Сунчица Бакиќ, Ериона Русмали и Миранд Тафаршику. Како и во претходните активности, и овојпат постоеше соработка помеѓу националните регулаторни тела на земјите - учеснички од регионот, која се состоеше од посветено работење, иницијатива, ангажираност и тимска работа, но и блиски и пријателски односи меѓу колегите, а чиј резултат е создавањето на ова вредно издание.

Дополнително, Советот на Европа сака да ја изрази својата благодарност до Жан-Франсоа Фурнемон за неговиот придонес и непроценлива експертиза што додадоа значителна дополнителна вредност кон планираниот контекст на оваа публикација.

1. Вовед

Во рамките на проектот „Јакнење на судската експертиза за слободата на изразување и медиумите во Југоисточна Европа“ (JUFREX) на Советот на Европа и Европската Унија беа организирани неколку регионални конференции на националните медиумски тела за повеќе заеднички теми, со цел заеднички да се осврнат на нив. На овие настани, меѓу другото, се развиваше и регионалната соработка на полето на говорот на омраза и заштитата на малолетниците од потенцијално несоодветните и штетни медиумски содржини.

По мошне успешната подготовка на публикацијата со тема за говорот на омраза - „Медиумските регулаторни тела и говорот на омраза“ (2017), националните регулаторни тела - учесници од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово[1], Северна Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора, со гости од Хрватска и Словенија, предложија да се изработи и втора публикација, овој пат со фокус на подеднакво важна тема - заштитата на малолетните лица од штетни програмски содржини. Беше договорено оваа публикација да содржи информации за значајните случаи на кои работеле регулаторите во регионот, а се однесуваат на заштитата на малолетните лица. Исто така, беше договорено дека еден дел од публикацијата треба да биде посветен на улогата на националните регулаторни тела во овој контекст, и дека треба да ги опфати и нивните законски и регулаторни овластувања.

Бидејќи тимот на JUFREX го прифати предлогот, публикацијата ја подготвија, како заедничка активност, претставници од гореспоменатите национални регулаторни тела, вклучувајќи го и регулаторното тело на Хрватска која не е директен учесник во овој проект, но нивниот придонес е многу значаен поради блискоста со целиот регион и заедничкиот јазичен и културен контекст. Искуствата на различните национални регулаторни тела овозможија взаемна значајна и обмислена интеракција во разгледувањето на ова прашање преку соработка и размена на добри практики.

Оваа публикација е достапна и во електронски формат и во печатена форма, како и на јазиците на сите земји од JUFREX. Во рамките на проектот JUFREX, оваа публикација ќе биде доставена и до претставници на националните судски власти. Понатаму, истата ќе биде доставена и до различните засегнати страни/ чинители, како парламентите, академските институции, саморегулаторните тела, новинарите итн.

Целта на оваа публикација, меѓу другото, е да придонесе кон посеопфатно разбирање на концептот за заштита на малолетниците од штетните содржини во аудиовизуелните медиумски услуги, улогата

1 Косово* – Ова именување не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.

на националните регулаторни тела во оваа област, потребата од вклучување различни чинители со цел да се осигури безбедно опкружување како на интернет, така и надвор од него, развој на децата и малолетниците, како и да понуди почетна точка за давање препораки и создавање механизми за заштита на малолетните лица, но и да ги олесни понатамошните напори и иницијативи. Ова издание треба да претставува корисна и важна алатка во понатамошните активности не само на регулаторните тела, туку и во рамките на дискурсот на сите чинители во општеството.

2. Заштита на малолетните лица - задача за сите

Во овој денешен свет, поврзан како никогаш досега, најголемиот дел од информациите ги добиваме од медиумите во многу различни облици. Медиумите ни помагаат да научиме, да разбереме, да останеме поврзани со другите луѓе и со светот воопшто, да се забавуваме. Без оглед дали тоа ни се допаѓа или не, медиумите имаат исклучително важна улога во животот на нашите деца. Уште од раѓање децата[2] се опкружени од медиумите - медиумските и комуникациските платформи и содржини се дел од нивната животна средина, од семејниот живот, забавата и времето за игра, навиките за учење и развојот на социјалните вештини.

Опширните истражувања за медиумите и децата покажуваат дека медиумите може да имаат и позитивно и негативно влијание врз нивниот развој. Терминот заштита на малолетни лица во контекст на медиумите се однесува токму на тоа - да се спречат штетните содржини во медиумите да нанесат штета на физичкиот и психичкиот развој на децата и на малолетните лица.

Бидејќи децата се изложени на медиумите од најраната возраст - тргнувајќи од навиките за консумирање на медиумите на нивните родители, медиумското однесување на пријателите, врсниците и училиштето - прашањето за заштитата на малолетниците од штетните медиумски содржини треба да се разгледа во сите овие различни опкружувања и затоа бара широк и мултидисциплинарен пристап и посветеност. Иако задачата на владите е да создадат и да обезбедат ефективно носење и спроведување на соодветни закони и политики, задачата за заштита на најдобрите интереси на детето треба да ги ангажира сите членови во општеството - семејството, училиштата и другите институции што обезбедуваат грижа, образование и други услуги за децата, во различните заедници и на сите нивоа на администрација.

Ова поглавје опишува некои од најважните меѓународни правни инструменти на оваа тема коишто ќе го дадат контекстот и аргументите за потребата од спроведување на мерки за заштита на малолетните лица, едновремено почитувајќи и едно од основните човекови права, правото на слобода на изразување - и на децата и на општата јавност.

2 За целите на оваа публикација, термините дете/деца или малолетно лице/малолетници го опфаќаат секое лице што е на возраст до 18 години.

ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ

Основниот документ во меѓународниот правен систем за заштита на правата на детето е **Конвенцијата за правата на детето на ОН**[3]. Како прв правнообврзувачки меѓународен инструмент, Конвенцијата содржи сеопфатни стандарди за заштита на детските права и се однесува на сите деца, без дискриминација по која било основа. Конвенцијата го нагласува фактот дека децата (дефинирани во Конвенцијата како секое лице помладо од 18 години) се изложена група во општеството и имаат потреба од посебна грижа и заштита, па ги обврзува сите страни да обезбедат заштита и грижа за децата што се неопходни за нивната благосостојба преку примена на соодветни законски и административни мерки.

Меѓу другото, Конвенцијата ја признава важната улога на масовните медиуми, како за детската слобода на изразување, така и за нивната способност да им се слушне гласот, за правото на детето да добива информации и, пред сè, за квалитетот на содржината што ќе овозможи развој и добросостојба на децата. Исто така, Конвенцијата ја нагласува потребата децата да се заштитат од материјал што може да нанесе штета на нивната добросостојба. Мошне важно, Конвенцијата се занимава со граѓанските права и слободите на детето, вклучително и оние во врска со медиумите. Така, членот 12 од Конвенцијата му гарантира на детето право да ги изрази своите ставови во поглед на прашањата што влијаат врз него, додека членот 13 го утврдува правото на детето на слобода на изразување. Членот 16 наведува дека ниту едно дете нема да биде подложено на произволно и незаконско мешање во неговата приватност, семејство, дом или лична преписка, ниту на незаконски напади врз неговата чест и репутација, како и дека детето има право на правна заштита против таквото мешање, што исто така е исклучително важно во медиумското известување. Членот 17 ја признава важната функција на медиумите во ширењето на информации кои позитивно влијаат врз децата и им гарантира пристап до информации и материјали од разновидни национални и меѓународни извори, особено до тие што се насочени кон промовирање на нивното социјално, душевно, физичко и ментално здравје[4].

Потенцијалниот штетен ефект на медиумите, а особено влијанието од изложеноста на децата на насилство пред екранот, опширно се истражува и за истото многу се пишува. Поради фактот што содржините што може да нанесат штета на малолетниците се достапни првенствено преку електронските медиуми, досега се усвоени посебни законски заштитни мерки за заштита на малолетниците. Како и многу други аспекти на регулирањето на аудиовизуелните медиумски услуги, регулативата за заштита на малолетниците, исто така, мора да биде во рамнотежа со другите важни вредности на едно демократско општество, како на пример со правото на слобода на изразување. Па така, напорите за регулирање на содржините што се сметаат за штетни за малолетните лица може да имаат несакани споредни ефекти врз слободата на изразување на возрасните, и затоа засегнатите страни и владите треба да дејствуваат многу внимателно. Ова станува сè поважно од аспект на класификацијата на содржините на аудиовизуелните медиумски услуги, што ќе се дискутира во следните поглавја.

3 https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/crc.aspx, пристапено на 6 декември 2018.

4 Покрај оваа Конвенција, постои изобилство од меѓународни договори за различни аспекти на заштитата на децата како најранлива категорија на општеството (на пр. во врска со детскиот труд, трговијата со луѓе, сексуалната злоупотреба, експлоатацијата итн.). Но, бидејќи тие не се во директна корелација со темата на публикацијата, не се поединечно посочени.

СОВЕТ НА ЕВРОПА

Правната основа за регулирање на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги произлегува, пред сè, од одредбите на член 10 од **Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)**[5]. Правото на слобода на изразување не е апсолутно право. Бидејќи со себе носи должности и одговорности, покрај тоа што го гарантира правото на слобода на примање и пренесување информации и идеи без мешање од страна на јавните власти - членот 10 од ЕКЧП - пропишува и дека остварувањето на правото на слобода на изразување може да подлежи на формалности, услови, ограничувања или казни коишто се пропишани со закон и се неопходни во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, заради спречување нереди или криминал, заштита на здравјето или моралот, заштита на угледот или правата на другите, спречување да се откриваат доверливи информации или заради одржување на авторитетот и непристрасноста на судството[6].

Друга особено важна одредба за заштита на правата на децата е членот 8 од ЕКЧП, со кој се гарантира правото на почитување на приватниот и семејниот живот и често се применува во случаи кога се засегнати децата. Ова право, исто така, доаѓа со заштитни мерки - мешањето од страна на јавен орган во остварувањето на ова право е дозволено во случаи пропишани со закон, кога тоа е неопходно во едно демократско општество во интерес на националната безбедност, јавната безбедност или економската благосостојба на земјата, за спречување нереди или криминал, за заштита на здравјето или моралот, или за заштита на правата и слободите на другите.

Особено истакната област на работењето на Советот на Европа во оваа област е заштитата на децата и малолетниците во дигиталното опкружување. Во таа смисла, треба да се спомене **Конвенцијата за компјутерски криминал**[7] со која се воспоставува заеднички пристап кон криминализацијата на прекршоците поврзани со компјутерските системи и која има за цел да ги направи поефикасни кривичните истраги во врска со ваквите дела. Според оваа конвенција, секое однесување поврзано со детска порнографија мора да се оквалификува како кривично дело.

Стратегијата на Советот на Европа за правата на детето (2016-2021)[8] се фокусира на правата на децата на Интернет. Неодамна истата беше зајакната со усвоената **Препорака CM/Rec (2018)7 на Комитетот на министри на земјите членки со Упатства за почитување, заштита и исполнување на правата на детето во дигиталното опкружување**[9]. Препораката, од една страна, ги промовира правата на детето во дигиталното опкружување, какви што се правото на образование и правото да бидат сослушани и да ги искажат своите ставови, а од друга страна го нагласува нивното право на заштита од насилство, експлоатација и злоупотреба.

Друга област која со години предизвикува загриженост, и станува сè порелевантна и за регулаторните органи, е заштитата на малолетните лица на социјалните мрежи. **Препораката CM/Rec (2012) 4 на Комитетот на министри до земјите членки**

5 https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=basictexts&c, пристапено на 6 декември 2018г.

6 За повеќе информации погледнете ја публикацијата **„Регулаторните тела за медиуми и говорот на омраза" (2017)**, на Советот на Европа, достапна на следнава врска: https://edoc.coe.int/en/media/7431-media-rgulatory-authorities-and-hate-speech.h

7 https://www.coe.int/en/web/cybercrime/the-budapest-convention, пристапено на 6 декември 2018г.

8 http s://www.coe.int/en/web/children/children-s-strategy, пристапено на 6 декември 2018г.

9 https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016808b79f7, пристапено на 6 декември 2018г.

за заштита на човековите права во поглед на услугите за социјално вмрежување[10] содржи поглавје за заштита на децата и младите од штетни содржини и однесување, при што се признава дека услугите за социјално вмрежување играат важна улога во животот на децата и младите како дел од развојот на сопствената личност и идентитет и како дел од нивното учество во дебатите и општествените активности. Интернетот ги изложува децата на многу можности, но и на ризици, меѓу кои и на кибер малтретирање, проблеми со заштитата на податоци, груминг (обиди од овозрасно лице да му се доближи на некое дете преку интернет со цел сексуално да му наштети, заб. прев.), компјутерски криминал и сексуална злоупотреба на деца. Во овој необврзувачки документ, земјите членки се повикуваат да преземат соодветни мерки за да обезбедат сигурност на децата и младите и да го заштитат нивното достоинство, особено преку ангажирање со давателите на услуги за социјално вмрежување за да преземат мерки какви што се: давање јасни информации за содржината или за споделувањето на содржини, усвојување уредувачки политики при што определени содржини и однесувања може да се дефинираат како „несоодветни" согласно условите за користење на услугата за социјално вмрежување, како и поставување лесно достапни механизми за пријавување на несоодветна или очигледно противзаконска содржина или однесување објавени на социјалните мрежи. Сепак, исто така се прифаќа дека секоја интервенција треба да гарантира процедурални заштитни мерки и да го гарантира правото на слобода на изразување и пристап до информации, како и дека родителите, старателите и воспитувачите треба да играат примарна улога во работата со децата и младите за да обезбедат дека тие ги користат овие услуги на соодветен начин - докажувајќи уште еднаш дека заштитата на малолетниците е навистина задача за сите и дека треба да се насочат значајни напори во едукација и градење на свеста.

ЕВРОПСКА УНИЈА

На ниво на Европската Унија, регулирањето на аудиовизуелните медиумски услуги е предвидено со **Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги (AVMSD)**. Треба да се спомне дека во моментот на подготовка на оваа публикација (декември 2018 година), ревидираната Директива треба да стапи на сила, со период за пренесување во националните правни рамки на земјите членки од 21 месец. Следствено, секое спомнување на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во оваа публикација (Директивата за АВМУ), освен ако не е поинаку наведено, се однесува на Директивата 2010/13/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2010 година за координација на одредени одредби утврдени со закон, правилник или административна акција во земјите - членки во врска со обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги, бидејќи тоа е Директивата која во моментов е на сила.

Главната причина за регулирање на аудиовизуелните медиумски услуги е обврската да се заштитат одредени јавни интереси, вклучувајќи ги и тие што се однесуваат на заштитата на малолетните лица. Следствено, некои од најважните аспекти на Директивата за АВМУ се поврзани со заштитата на малолетниците од несоодветни содржини. Како што е наведено во Рецитал (60), *„Мерките што се преземаат за заштита на физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетните лица и човековото достоинство треба внимателно да се врамнотежат со основното право на слобода на изразување, како што е зацртано во Повелбата за основните човекови права на Европската*

10 https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectID=09000016805caa9b, пристапено на 6 декември 2018г.

Унија. Целта на овие мерки, како употребата на броеви за лична идентификација (ПИН-кодови), системите за филтрирање или означување, треба да биде обезбедување соодветно ниво на заштита на физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетниците и човековото достоинство, особено во врска со аудиовизуелните медиумски услуги на барање. Препораката за заштита на малолетните лица и човековото достоинство и на правото на одговор веќе ја признава важноста на системите со филтри и означување и опфаќа бројни можни мерки во корист на малолетните лица, какви што се систематското снабдување на корисниците со ефективен, ажуриран и лесен за користење систем на филтри кога ќе се претплатат на некој од давателите на пристап или поставувањето автоматски системи со филтри за пристап до услугите што се специјално наменети за деца."

Генералниот пристап на Директивата за АВМУ, кој се состоеше од двостепен регулаторен систем во кој линеарните аудиовизуелни медиумски услуги подлежат на построги одредби отколку видео услугите на барање, а важеше и за заштитата на малолетните лица, каде одредбите за заштита на малолетните лица од традиционалните ТВ сервиси важеа и за „аудиовизуелните медиумски услуги на барање". Директивата правеше разграничување помеѓу две основни категории потенцијално штетна содржина за малолетниците: содржина за која е веројатно дека ќе нанесе штета и содржина која може да нанесе штета на нивниот физички, ментален или морален развој - но не ги дефинира клучните концепти како „малолетни лица", „може да нанесе сериозна штета", „е веројатно дека ќе нанесе штета" или „порнографија", кои се оставени како прашање за земјите-членки[11]. Има само неколку нејасни упатувања во врска со ова, вклучувајќи ги и тие што ги дава Европскиот Совет - „... содржина што е во согласност со закон, но може да им наштети на малолетните лица преку нанесување штета на нивниот физички, ментален или морален развој..." - и од Европската Комисија - „... содржини за кои возрасните лица што се одговорни за децата (родителите или наставниците) сметаат дека се штетни за нив[12]". Со оглед на тоа што заштитата на малолетните лица е карактеристична чувствителна област која се одликува со разновидност на културни перцепции, на земјите членки им е дозволено да применуваат построги одредби за аудиовизуелните медиумски услуги под нивна надлежност. Овие прашања се разгледуваат подетално во продолжение на оваа публикација.

Постојат и други, не помалку важни одредби на Директивата за АВМУ што се занимаваат со заштитата на малолетните лица како потрошувачи, имајќи ја предвид нивната посебна ранливост во овој поглед. На тој начин, Директивата ја признава потребата од заштита на децата, кои - поради својата возраст - можеби не можат да го разберат комерцијалниот контекст во кој функционира рекламирањето и потребата од заштита од изложување на несоодветни комерцијални комуникации, особено на тие што се однесуваат на нездрава храна и алкохолни пијалаци.

Директивата за АВМУ е надополнета со две препораки за заштита на малолетни лица што се

11 Меѓутоа, можното усогласување на пристапите било предмет на разгледување на ниво на ЕУ во бројни прилики. Пораката од Комисијата до Советот, Европскиот парламент и Економско-социјалниот комитет од 19 јули 1999 година за проучување на родителската контрола врз телевизиското емитување го нагласува следново: „Хармонизиран пристап кон означувањето на аудиовизуелните содржини не е изводлив поради големата културна разновидност што го карактеризира европскиот аудиовизуелен пазар. Сепак, изработката на заеднички описни критериуми би овозможило аудиовизуелната содржина да биде опишана на сличен начин, притоа оставајќи ја оцената на таквата содржина на надлежните национални и регионални власти. Ова би ја олеснило спордливоста на системите за означување на програмските содржини што се применуваат во земјите-членки...".

12 Повеќе информации може да најдете на следнава врска: https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/protection-minors-avmsd.

однесуваат на содржината на аудиовизуелните и информативните услуги достапни за јавноста преку сите форми на испорака, од емитување до интернет: **Препораката на Европскиот совет за развој на конкурентноста на индустријата за европски аудиовизуелни и информативни услуги преку промоција на национални рамки за да се постигне споредбено и ефективно ниво на заштита на малолетните лица и на човековото достоинство**[13] **од 1998 година и Препораката за заштита на малолетните лица и човековото достоинство во аудиовизуелните и информативните услуги**[14] од 2006 година, чија цел е да одговорат на новите предизвици што ги наметнуваат мобилните и фиксните интернет технологии и новите податочни услуги. Во 2011 година, Комисијата објави извештај за примената на овие две Препораки насловен **„Извештај за заштита на децата во дигиталниот свет"**[15]. Во Извештајот се констатира дека „Комбинацијата од политики, со силна компонента на саморегулаторни мерки, се чини дека е најсоодветна за постигнување, на колку што е можно пофлексибилен и поодговорен начин, усогласеност на платформите (ТВ, компјутери, паметни телефони, конзоли и сл.) со аудиовизуелните содржини".

Покрај тоа, **Дигиталната агенда на Европската комисија** од 2010 година содржи активности за понатамошно зајакнување на безбедноста на малолетниците на интернет и се осврнува на прашањата за известување навредливи или штетни содржини, споделување на најдобрите практики помеѓу земјите членки и поттикнување на понатамошно саморегулирање.

Во 2016 година, Европската комисија започна процес на ревизија на Директивата за АВМУ со цел подобро да ја приспособи кон промените на аудиовизуелниот пазар, медиумската потрошувачка и технологијата, особено во контекст на постојаното зголемување на конвергенцијата помеѓу телевизијата и услугите што се дистрибуираат преку интернет и појавата на нови играчи (покрај давателите на видео услуга на барање, тука се и платформите за споделување видео содржини каде што се хостираат содржини што ги создаваат корисниците) кои нудат аудиовизуелна содржина преку интернет и се натпреваруваат за истата публика како и традиционалните радиодифузери. Ова се отелотвори во *Предлог - амандманот на Директивата 2010/13/ЕУ за усогласување на одредени одредби утврдени со закон, прописи или административни дејства во земјите - членки што го уредуваат обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги во врска со променливата пазарна реалност,* кој по две години законодавен процес стана ревидирана Директива за АВМУ (*Директива (ЕУ) 2018/1808 на Европскиот парламент и на Советот од 14 ноември 2018 година за изменување на Директивата 2010/13/ЕУ за координација на одредени одредби утврдени со закон, прописи или административни дејства во земјите - членки со кои се уредува обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги*[16]) и стапи на сила на 19 декември 2018 година. Земјите - членки имаат обврска да го транспонираат текстот во своето национално законодавство до 20 септември 2020 година.

Ревидираната Директива за АВМУ има за цел „подобра заштита на малолетниците од штетни содржини во светот на интернетот: новите правила ја зајакнуваат заштитата на услугите видео-на-барање и ја прошируваат обврската за заштита на малолетниците и на платформите за споделување

13 https://publications.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/54fec083-08ad-461b-8c59-6fad109f5e16/language-en, пристапено на 7 декември 2018 г.

14 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=LEGISSUM%3Al24030a, пристапено на 7 декември 2018 г.

15 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:52011DC0556, пристапено на 7 декември 2018 г.

16 https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2018/1808/oj, пристапено на 7 декември 2018 г.

видео содржини, кои сега треба да воведат соодветни мерки"[17]. *Наместо двостепен пристап за заштита на малолетници, Директивата сега воведува нов пристап кој се применува на сите аудиовизуелни медиумски услуги и е во корелација со нивото на штетата, односно пропишува дека мерките за заштита на малолетните лица од аудиовизуелни медиумски услуги што може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица, мора да се пропорционални на потенцијалната штета од програмата. Повторно, земјите - членки треба да ги проценат степените на штета и соодветните мерки (покрај непотребно насилство и порнографија, кои „подлежат на најстрогите мерки"), но акцентот се става на обезбедувањето доволно информации за гледачите преку систем кој ја опишува потенцијално штетната природа на содржината. Како што веќе спомнавме, кај ревидираниот текст опсегот на регулирање е проширен и ги опфаќа и платформите за споделување видео содржини, кои, во поглед на заштитата на малолетниците, исто така ќе мора да преземат соодветни мерки за заштита на малолетниците од програмски содржини, видео содржини создадени од корисниците и комерцијални комуникации што може да нанесат штета на нивниот физички, ментален или морален развој. Овие мерки треба да бидат пропорционални на степенот на штетата (повторно, најштетната содржина ќе подлежи на најстрогите мерки за контрола на пристапот) и може да опфаќаат низа алатки какви што се алатките за известување, означување или рејтинг, системите за верификација на возраста, системите за родителска контрола, постапките за разгледување и решавање на поплаките од корисниците, и мерките и алатките за медиумска писменост. Оспособувањето на корисниците, особено на родителите и на старателите, активно да се вклучат (и да донесуваат информирани одлуки) во изложеноста на своите деца на медиумски содржини, како и во примената на саморегулација и корегулација се чини дека е особено нагласено во новиот текст – како што е и примената на саморегулација и корегулација, а сето тоа е во согласност со промената во регулативата која неизбежно треба да ги следи промените во медиумскиот простор и потрошувачката.*

Понатаму, важен додаток и за аудиовизуелните медиумски услуги и за платформите за споделување на видео содржини е конкретното упатување на заштита на податоците на децата: во членот 6а, ревидираната Директива за АВМУ пропишува дека личните податоци на малолетниците собрани или на друг начин генерирани од давателите на медиумски услуги *„не смее да се обработуваат за комерцијални цели, какви што се директен маркетинг, профилирање и целното рекламирање водено од однесувањето на потрошувачите"*[18]. Сеприсутното користење на мобилни уреди, платформи за социјално вмрежување како Фејсбук, платформи за споделување видео содржини како Јутјуб и сл., и зголеменото создавање „големи податочни тела", се сметаат за големи закани за безбедноста на децата на интернет (кражба на идентитет, врсничка дискриминација, кибер малтретирање итн.).

Со усвојувањето на Регулативата за заштита на општите податоци (GDPR), Европската Унија го отвори патот за активна заштита на личните податоци на малолетниците на интернет. Во делот „Услови што се однесуваат на согласноста на детето за услугите на информатичкото општество" во оваа Регулатива се бара родителска согласност пред давателите на интернет услуги да можат да ги обработуваат личните податоци на децата помлади од 16 години со следнава одредба:

17 https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/revision-audiovisual-media-services-directive-avmsd, пристапено на 10 декември 2018 г.
18 Ibid.

„Кога детето е помладо од 16 години, таквата обработка е во согласност со законот само ако и доколку согласноста ја дал или овластувањето го дал носителот на родителска одговорност за детето"[19]. И Регулативата за заштита на општите податоци и новата Директивата за АВМУ имаат за цел да се обидат да придонесат кон избегнувањето на овие закани, барајќи од медиумските платформи на интернет да спроведат ефикасна заштита на личните податоци на корисникот и да ги објавуваат условите за користење на алатките и услугите што секојдневно се користат на начин да бидат разбирливи за секого, вклучително и за децата.

Повторно, треба да се нагласи дека заштитата на малолетните лица е интер-дисциплинарен концепт што бара вклучување на разни засегнати страни и актери. И европската регулаторна рамка прифаќа дека заштитата на малолетните лица не може да биде делотворна или сеопфатна без родителска одговорност, саморегулација и ко-регулација, како и фокусирани напори за медиумска писменост. Ова образложение ја опфаќа и парадигмата на европската и на меѓународната соработка за овозможување малолетните лица разумно да ги користат аудиовизуелните и информативните услуги на интернет и за поттикнување на посистематска координација помеѓу владите, дејностите и засегнатите страни за да се подобри свеста кај родителите, просветителите и наставниците за потенцијалот на новите услуги.

19 Регулатива (ЕУ) 2016/679 од 27 април 2016 година за заштита на физичките лица во поглед на обработката на личните податоци и нивното слободното движење, и укинување на Директивата 95/46/ЕС (Регулативата за заштита на општите податоци), достапна на следнава врска: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32016R0679&from=EN, пристапено на 18 декември 2018 г.

3. Заштитата на малолетните лица и улогата на националните регулаторни тела

Во поглед на заштитата на малолетните лица, мандатот и улогата на националните регулаторни тела во голема мера се потпира на меѓународните правни инструменти, кои се повеќе или помалку директно вградени во нивните законски обврски, но исто така и на нивната општа задача за заштита на јавниот интерес и ранливите членови на општеството, истовремено штитејќи го правото на слобода на изразување.

Секако, надлежностите на националните регулаторни тела денес главно се ограничени на регулирање на „традиционалните" телевизија и радио. Сепак, децата, малолетниците и милениумската генерација претежно консумираат аудиовизуелна содржина на интернет. Користат разни мобилни уреди и имаат суштинска потреба од неограничен пристап до интернет. Земајќи ги предвид статистичките податоци кои покажуваат дека малолетниците и децата поверојатно ќе ги најдете на интернет отколку пред ТВ-екраните или како слушаат FM радио, се наметнуваат прашања околу потребата од регулирање на традиционалните аудиовизуелни услуги во поглед на заштитата на малолетниците. Статистиката докажува дека ова е случај во цела Европа. Според извештајот на Европската аудиовизуелна опсерваторија: „Заштита на малолетниците во конвергирана медиумска средина", ИРИС Плус 2015-1:

„До неодамна главниот начин на добивање аудиовизуелна содржина дома беше преку телевизорот и тој и понатаму останува најпретпочитаниот уред за гледање аудиовизуелни содржини: на пример, во Франција, во текот на првиот семестар од 2014 година, децата на возраст од 2 до 14 години имале месечна интернет-видео потрошувачка од 4 часа и 2 минути во просек, во споредба со дневниот просек од 2 часа гледање телевизија за деца на возраст меѓу 4 и 14 години. Сепак, користењето на интернетот од страна на децата не вклучува само гледање видеа, туку и читање веб-страници, интеракција на социјалните мрежи, разговор, итн. Според истражувањето на EU Kids Online: 7 интернет корисници од 9 до 16 години поминуваат 88 минути дневно на интернет во просек; 93% од корисниците на возраст од 9 до 16 години се вклучуваат на интернет барем еднаш неделно (60% се вклучуваат на интернет секој ден или речиси секој ден); Најчестата локација за користење интернет е од дома (87%), потоа во училиштето (63%); 49% се вклучуваат на интернет од својата спална соба, а 33% преку мобилен телефон или рачен уред; 59% од децата на 9 - 16-годишна возраст имаат профил на социјална мрежа - вклучително 26% од децата на возраст од 9 до 10 години, 49% од децата на возраст од 11 до 12

години, 73% од децата на возраст од 13 до 14 и 82% од децата на возраст од 15 до 16 години; Од корисниците на социјални мрежи 26% имаат јавни профили.[20]"

Доказите покажуваат дека децата гледаат помалку традиционални линеарни телевизиски програми и сè повеќе и повеќе телевизиски програми и онлајн видеа-на-барање. Меѓутоа, претходната Директива за АВМУ ги штитеше повеќе во однос на телевизијата, а помалку во светот на интернетот - проблем на кој се осврнува ревидираната Директива, чии резултати допрва треба да се разгледаат и да се измерат. Заедно со промените во технологијата, пазарот, користењето на детските медиуми, но исто така и во очекувањата на публиката во врска со регулаторната заштита, улогата на националните регулаторни тела неизбежно треба да се прилагоди на овие трендови и да се развива, што сигурно ќе биде нивна задача во претстојниот период на транспонирање на ревидираната Директива. Во тој поглед, од витално значење е националните регулаторни тела да го преиспитаат својот начин на работење и сериозно и посветено да го приспособат својот одговор на потребите на современото општество. Предизвиците со кои се соочуваат националните регулаторни тела се всушност долго очекувани можности и треба да се прифатат со енергичност, приспособливост, соработка, иновативност и отвореност.

И покрај тоа што малолетниците се вешти со технологијата и поседуваат, во многу случаи, многу повеќе технолошки вештини од своите родители, а да не ги спомнуваме и другите постари генерации кои се вклучени и одговорни за нивната заштита, децата се сепак деца, ранливи, и имаат потреба од соодветно водство и помош. Нивната заштита е сè позначајна имајќи ги предвид зголеменото прикажување на насилство, малтретирањето на интернет, порнографијата, сексуалната злоупотреба на децата, говорот на омраза, стереотипизацијата, прекумерниот маркетинг и сите слични појави на денешницата.

Да се вратиме на регулаторните барања за заштита на малолетниците, што беше еден од камен-темелите на Директивата за АВМУ. Претходниот текст ги дефинираше регулаторните прашања кои требаше да се земат предвид и да се уредат, а тие поопшто може да се сумираат во следнава табела и подетално да се образложат во следниве параграфи:

Табела 1: Општи барања на Директивата за АВМУ

	Линеарни услуги	Нелинеарни услуги
Содржина што „може да им нанесе сериозна штета" на малолетни лица	забранета	дозволена со заштита
Содржина што „е веројатно дека ќе нанесе штета" на малолетни лица	дозволена со заштита	дозволена без заштита

20 Извештајот е достапен на: file:///U:/CoE/protection%20of%20minors/IRIS%20The%20protection%20of%20minors%20in%20a%20converged%20media%20environment.pdf, пристапено на 14 август 2018 г.

1. СОДРЖИНА ШТО МОЖЕ ДА ИМ НАНЕСЕ СЕРИОЗНА ШТЕТА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Забраната за содржина што може да нанесе сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица, но дозволена во услугите на барање (под услов да биде достапна на начин кој ќе обезбеди малолетниците да не ја слушнат или видат во нормални услови - како на пример со употреба на ПИН-кодови или други системи за верификација на возраста) е првото ниво на заштита.

Сепак, не постои јасна дефиниција за тоа кои сегменти од програмата може да сочинуваат содржина што би можела да им нанесе сериозна штета на малолетните лица. Во тој контекст, важно е да се земат предвид културните традиции, како и моралните убедувања. Забраната, како што предвидува Директивата за АВМУ, се однесува на непотребно насилство, прикажување екстремни облици на девијантно сексуално однесување и слично, што секако не е исцрпен список со примери за неприфатлива содржина. Каков што е случајот и со која било друга директива, секоја земја членка може да воведе правила кои се построги од основните барања, особено земајќи ги предвид клучните прашања како што се културните елементи на секое општество, моралните убедувања и чувствителноста итн.

Во следната табела се сумирани главните елементи што се дел од регулаторните барања за содржина што може да нанесе сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица.

Табела 2: Елементи на содржината што „може да нанесе сериозна штета“

	„Може да нанесе сериозна штета“
АЛБ	Особено содржи порнографија или прикажува екстремни и непотребни сцени на насилство
БиХ	Вклучува, но не е ограничена на, прикази на брутално и екстремно насилство што не е оправдливо од аспект на содржината, порнографска содржина со елементи на насилство или екстремни сексуални фетиши или слично
ХРВ	Конкретно програмски содржини што вклучуваат порнографија или непотребно насилство
МКД	Особено програмски содржини што вклучуваат порнографија или непотребно насилство
ЦГ	Програми што содржат порнографија или чија содржина нагласува и поддржува насилство, злоупотреба на опојни дроги или други облици на криминално однесување, како и програми со кои се злоупотребува лековерноста на гледачите или слушателите
КСВ	Програми со порнографски содржини или екстремно насилство

СРБ	Порнографија, сцени на брутално насилство, без особено програмско или уметничко оправдување; и друг програмски материјал кој е веројатно дека ќе нанесе штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица

Повеќето земји-членки, земјите-кандидатки и земјите што се обврзани да ги транспонираат регулативите на ЕУ со договорите за асоцијација и стабилизација, го транспонираа текстот на претходната Директива за АВМУ и на тој начин ја воведоа забраната за ваквата содржина.

Меѓутоа, овие одредби во повеќето случаи се применуваат зависно од случајот, бидејќи повеќето земји немаат јасна дефиниција за таквата содржина, но главно се однесуваат на горенаведените екстремни форми на програмски содржини.

Одредени земји учеснички имаат дефинирано некои елементи како што се непотребното насилство и порнографијата, а тоа се гледа од следниве две табели.

Табела 3: Дефиниција на „порнографија“

	„Порнографија“
АЛБ	Не
БиХ	Содржина со детални прикази на сексуални активности чијашто примарна цел е да ја зголеми сексуалната возбуда или стимулација кај публиката со прикажување на сексуални сцени, вклучително и пенетрација, како и сцени од сексуални органи за време на сексуален однос
ХРВ	Не
МКД	Не
ЦГ	Експлицитно прикажување на сексуални органи или сексуален однос без особена програмска содржина или уметничко оправдување
КСВ	Програмска содржина во која јасно и отворено се прикажуваат човечките сексуални органи или сексуален акт
СРБ	Експлицитно прикажување на сексуални органи или сексуален однос без особено програмско или уметничко оправдување

Табела 4: Дефиниција на „непотребно насилство“

	„Непотребно насилство“
АЛБ	Не
БиХ	Не
ХРВ	Не

МКД	Ширење текстуални, вербални и визуелни пораки..., со кои се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови насилство кое е цел самото за себе и на ниту еден начин не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот, ниту преку мотивите на драмското дејствие на прикажуваната програма.
ЦГ	Не Сексуално насилство: однесување со кое се принудува друго лице на сексуален однос или допирање на неговите сексуални органи со примена на сила и принуда
КСВ	Намерна примена на физичка, механичка или каква било друга сила за да се нанесе штета, повреда или малтретирање
СРБ	Тешко насилство - однесување што вклучува употреба на сила и резултира со одземање живот или нанесување сериозни повреди или сериозни страдања на жртвата (на пример, сурово или нечовечно постапување, осакатување на луѓе или трупови, садистички дела) и однесување кое резултирало со бројни жртви или широко распространето материјално уништување; Сексуално насилство - однесување што вклучува употреба на сила или закана за присилување на друга личност да се вклучи во сексуални односи или несакан сексуален контакт против своја волја.

2. СОДРЖИНА КОЈА Е ВЕРОЈАТНО ДЕКА ЌЕ НАНЕСЕ ШТЕТА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Уште еден многу важен начин на заштита е кога нема забрана за таква содржина, но има барање таквата содржина, вклучувајќи ги и најавите (трејлерите), задолжително да се емитува во определен термин и со соодветни ознаки за класификација на возраста, или да се заштити со каква било техничка мерка (на пр. код). Ова може да се направи со ПИН-кодови или други, пософистицирани системи за верификација на возраста. Целта е да се обезбеди првото ниво на заштита на малолетните лица, односно дека малолетниците нема да ги слушаат или да ги гледаат овие програми во нормални услови. Ако тоа се случи, одговорноста ќе се бара на друго место, во родителската контрола и слично.

Ова претставува една форма на регулаторна контрола што ја докажува потребата од усогласени и организирани напори со цел да се работи на заштита на малолетните лица на делотворен начин. Тоа значи дека граѓаните треба да имаат моќ и да можат сами да донесуваат одлуки за тоа на која содржина ќе бидат или нема да бидат изложени нивните деца, под услов да им се дадат разумни информации и предупредувања за одредени програмски содржини.

Одличен пример за ова е системот за класификација на аудиовизуелните медиумски услуги. Во многу европски земји транспонирањето на овие одредби вклучуваше и упатување на претходно воспоставените постојни национални системи за класификација - на пример, Британскиот одбор за

класификација на филмови (BBFC), невладина организација основана од филмската индустрија и одговорна за националната класификација на филмови и видео-творби. Но, овојпат имаше потреба да се постигне рамнотежа помеѓу слободата на изразување и информациите за услугите видео-набарање (VoD), а при тоа да не се намали премногу нивото на заштита на малолетните лица кај овие услуги во споредба со построгиот приод кон радиодифузните услуги. Најчест резултат е што таквата содржина е дозволена за VoD услуги со некоја форма на заштита за пристап.

Во табелата подолу се прикажани главните елементи што се дел од регулаторните барања за содржина што може да нанесе сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица.

Табела 5: Елементи на содржина што „е веројатно дека ќе нанесе штета"

	„е веројатно дека ќе нанесе штета"
АЛБ	Сцени со тешко психолошко и физичко насилство, секс, и користење несоодветен јазик, зборови и несоодветна етика во комуникацијата
БиХ	Вклучува, но не е ограничена на, сцени на грубо насилство, секс, недоличен јазик и сцени, или сцени со злоупотреба на алкохол и опојни дроги
ХРВ	Ги опфаќа сите видови програми со сцени што прикажуваат експлицитно физичко и/или вербално насилство, страшни сцени на смрт или ранување, секс и сексуална експлоатација, вулгарен јазик и сцени, злоупотреба на тутун, алкохол, наркотични средства, коцкање, обложување и други сцени
МКД	Описи, сцени или глетки на насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристоен (вулгарен) говор, сугестибилни облици на однесување лесни за имитација, а опасни за здравјето и безбедноста, поведение навредливо за човековото достоинство и др.;
ЦГ	Насилство и неговите последици; сексуално насилство; голо човечко тело; сексуалност; страшни сцени; пушење и злоупотреба на опојни дроги, алкохол и други штетни материи; опасно однесување; дискриминаторско или непристојно однесување
КСВ	Содржина со физичко, вербално, гестикулациско, емоционално, сексуално насилство или со специјални ефекти. Содржината со сексуални сцени може да се прикаже во контекст на научна, образовна, документарна или информативна програмска содржина. Содржина и програмирање што содржат коцкање, гатање, читање карти, услуги на спиритуални медиуми и слично, што не се научно докажани.
СРБ	Насилство и неговите последици; сексуално насилство; голо човечко тело; сексуалност; сцени што предизвикуваат страв; пушење и злоупотреба на опојни дроги, алкохол и други штетни супстанции; опасно однесување; дискриминаторско или непристојно однесување

Во некои од земјите од регионот на Југоисточна Европа системот за класификација го вовеле регулаторните тела, главно поради недостигот од претходно воспоставени системи за

класификација во дејноста. Овие одредби се однесуваат на исклучивата одговорност на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги за системот за класификација, истовремено давајќи ги категориите за различни возрасти и термините кога е дозволено нивно емитување. Овде влегуваат и купени програмски содржини што може веќе да имаат класификација што потекнува од земјата на производство. Кај таквите случаи мора да се испита и да се приспособи класификацијата на аудиовизуелните медиумски услуги во согласност со дадените одредби.

Во следната табела се дадени информации за времето на емитување и системите за класификација што се применуваат во земјите учеснички.

Табела 6: Временски рамки на емитување според возрасните граници кај земјите-учеснички



Превод на текстот на фотографијата:

АЛБ сите возрасти/постојана контрола сцени на насилство, секс и несоодветен јазик

БиХ

ХРВ

МКД сите возрасти и 8+

ЦГ

КСВ

СРБ

* може да се емитува само во време кога објективно може да се очекува дека децата ја следат програмата во присуство на своите родители, земајќи го предвид нивниот распоред на активности (на пр. времето кога заминуваат на училиште, работни денови/ неработни денови, распуст, вообичаени работни часови, итн).

Одлуката во кое време ќе ги емитува содржините што може да им нанесат штета на малолетните лица треба да ја донесе давателот на аудиовизуелните медиумски услуги врз основа на следниве елементи:

а) Сцени на насилство и последици од насилство и опасно и штетно однесување

Прашањата што треба да се опфатат овде и да се испитаат се дали малолетните лица лесно може да ги имитираат и усвојат во своето однесување насилството, последиците од насилството или насилното однесување, вклучувајќи ги и екстремните форми какви што се самоубиство и употреба на разни оружја, кои може да бидат штетни за здравјето и безбедноста на луѓето. Во вакви случаи е важно да се разгледа дали таквото однесување е претставено во позитивна конотација и/ или како општествено прифатливо, па и дали се сугерира како средство и начин за справување со проблемите и конфликтите.

Еднакво важно е да се земат предвид и ликовите прикажани како насилни во програмите, бидејќи однесувањето на насилните личности кои може да ѝ се допаднат на публиката може да се доживее како дозволено. Симпатичните ликови може, во голема мера, да застапуваат различни концепти на насилство, што може да се имитираат, да се оправдуваат како успешни или без последици, или дури и да се перципираат како однесување што е во ред, однесување за пример и однесување што вреди да се имитира. Во случај на постоечки личен ризик, како и кај некои членови на публиката, особено кај малолетни лица, перцепцијата за насилно однесување може да се прифати како модел за репертоар на однесување. Позитивниот филмски лик никогаш не е казнет поради своето насилно однесување, туку е награден, а тоа е одличен пример за имитирање од малолетни лица, особено за одредени возрасни групи на малолетници кои не се во состојба да ги согледаат причинско-последичните врски во однесувањето. Децата до одредена возраст, не се во состојба да ја стават фикцијата во реален контекст - контекстот во кој живеат и во кој тие не се филмски ликови. На сличен начин, позитивните ликови кои страдаат од насилство добиваат сочувство од публиката, додека несимпатичните ликови добиваат дисоцијативни реакции што го оправдуваат насилството против нив. Во рамките на тој свет, децата не ја доведуваат во прашање праведноста на „добриот" лик.

Еднакво внимание треба да се посвети на тоа дали малолетниците се прикажани како жртви на насилство. Овие ситуации се сметаат за особено тешки, при што еднаква важност се придава на локацијата на насилството. Особено проблематично е кога се случуваат во домови, училишта и слично опкружување кое децата вообичаено го сметаат за безбедно.

Конечно, важно е да се разгледа и употребата на специјални ефекти, специјални техники за зумирање, музика, шминка и слични ефекти со цел да се предизвика страв кај публиката, бидејќи тие можат да ги зголемат негативните последици врз малолетниците и децата.

б) Злоупотреба на алкохол и опојни дроги

Консумирањето алкохол и опојни дроги е особено проблематично за лицата во адолесценција, која може да биде бурен психолошки, биолошки и развоен период. Адолесцентите честопати се чувствуваат погрешно разбрани или маргинализирани и таквото чувство, во комбинација со можните несоодветни модели на однесување и/или одбранбени механизми, поттикнати и охрабрени од

аудиовизуелните медиумски услуги кои вклучуваат алкохол и дрога, може да доведе до користење на овие супстанции од страна на малолетните лица.

Консумирањето алкохол и опојни дроги не е ретко во ова време кога старосната граница постојано се намалува. Малолетните лица треба да се гледаат и од овој аспект, особено тие што се срамежливи, несигурни и немаат одбранбени механизми. Прикажувањето на користењето дрога во позитивен контекст, како на пример земање таблети или потешки дроги што ќе ги решат сите проблеми, е еден од начините на кои може да се прикаже погрешната употреба на таквите супстанции.

в) Несоодветен и вулгарен јазик

Како и другите елементи што се разгледуваат, важно е да се земе предвид и употребата на јазикот, особено несоодветен и вулгарен јазик, бидејќи претставува идеален модел за имитирање од страна на малолетните лица. Чест е случајот кога аудиовизуелните медиумски услуги, особено филмовите, сериите, реалити-програмите и слични, всушност служат како основа за пласирање и усвојување на популарни јазични фрази кои стануваат нови и „кул" начини на јазично изразување кај малолетниците. Изобилството од вулгарности и несоодветен јазик може да го отвори патот на тој тип на комуникација да стане природен, па дури и посакуван и популарен начин на изразување.

г) Голотија и сексуален чин

Овие програми може да бидат штетни за децата и за малолетните лица бидејќи може да предизвикаат сексуални фантазии што може да немаат никаква врска со реалноста. Тие може да се стимулативни за адолесцентите кои имаат потреба од сексуални искуства кои, доколку се практикуваат премногу рано и без соодветно советување, може да доведат до несакана тинејџерска бременост, проблеми со репродуктивното здравје и слично, со далекосежни последици.

Овие елементи треба да се земат предвид од гледна точка на контекстот во кој се претставени во аудиовизуелните медиумски услуги, во согласност со програмскиот жанр и со целната публика, при што треба да се прави разлика меѓу, на пример, образовниот, историскиот или комичниот контекст, критичкото прикажување на штетните однесувања и индикациите поврзани со опасност и штетното однесување.

Од суштинско значење е, со оглед на горенаведеното, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да донесуваат одлуки за соодветното време на емитување/ прикажување на таквите содржини, за секој случај посебно. Соодветната класификација на содржината има ефект само ако содржината се емитува во одреден временски интервал, како што е предвидено со правилата. Исто така подеднакво важно е да не се класифицираат (како и да не се „претера со класификација") содржини што немаат елементи што би можеле да бидат штетни за малолетниците. Ова е важно од аспект на тоа што класификацијата на содржината им служи на тие кои во крајна линија се одговорни за малолетниците: родителите и старателите. Исто така, прикажувањето знаци за квалификација на содржини што не содржат слики и сцени кои може да го нарушат физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица, е погрешно и треба да се избегнува. Токму

поради фактот што заштитата на малолетните лица од штетни содржини е интердисциплинарна и бара вклучување на многу засегнати страни (родителите и старателите на малолетниците во прв ред), информациите за содржината треба да бидат точни.

Кога станува збор за услугите видео-на-барање, како што е наведено погоре, обврската за класификација се однесува на каталозите на услугите, додека пак повеќето такви содржини може да се пренесуваат под услов да се обезбедат со некаков механизам за техничка заштита, како ПИН-кодови и слично.

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги понекогаш артикулираат одредени потешкотии во спроведувањето на квалификациските системи, што може да има различни резултати и во крајна линија да создаде конфузија кај публиката. Ова се разумни тврдења. Понекогаш постои очигледен недостаток на разбирање во рамките на индустријата за тоа како треба да се спроведе соодветна класификација на потенцијално штетната содржина. Ова се однесува и на тоа да се разбере зошто одредена содржина може да биде штетна за малолетниците (вклучувајќи ја и важноста на контекстот, културните аспекти и сл.), како и да се разбере процесот на класификација (преземање уредувачка одговорност, планирање итн.).

Многу регулаторни тела низ цела Европа, вклучително и во земјите учесници во JUFREX, подготвија препораки или упатства за различни аспекти на заштитата на малолетниците, какви што се класификацијата на возраста, временските периоди (терминте) на прикажување, означувањето или потенцијално штетните елементи како насилство, навредлив јазик, страв итн. кои се однесуваат на целата содржина. Дополнително, пример на корисни алатки за спроведување на одредбите поврзани со системот за класификација е изработката на стручни студии за влијанието на програмите врз различните возрасни групи на малолетници, каков што е случајот во Босна и Херцеговина, каде за националното регулаторно тело студиите ги изработил академски психолог за развој, за да послужат како дополнување на упатствата за спроведување на правилата. Дополнително, на националните регулаторни тела им се препорачува, кога се во ситуација да дискутираат и конечно да донесуваат одлуки за можни прекршувања на релевантните одредби, да се консултираат со експерти од оваа област, на пример, за да склучат договорен однос со психолози за развој, како што и се практикува во овој регион.

Сепак, постои постојана потреба од развивање на единствен систем на класификација, без разлика дали преку изработка на податочна база или некое друго практично средство кое ќе овозможи лесна и директна идентификација на потенцијално штетните елементи во одредена програмска содржина, со што ќе им се олесни на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на крај да донесат уредувачка одлука за тоа дали одредена содржината може да биде штетна за малолетните лица и доколку е така, како правилно да се класифицира. Дополнително, треба да се нагласи дека системот за класификација може да го усвои или националното регулаторно тело или самата индустрија. Она што е од најголемо значење е овозможувањето на целосна вклученост во процесот на разгледување и донесување одлуки за системите за класификација, земајќи ги предвид сите фактори што го обликуваат исходот, а тоа се културните и историските елементи на кое било општество. Ова не треба да се земе како аргумент кој би можел да се искористи за да се загрози правото на слобода на изразување, туку треба да се води сметка да постои рамнотежа со потребата да се заштитат малолетниците.

Постојат многу начини да се постигне единствен и делотворен систем на класификација за аудиовизуелните медиумски услуги. Одличен пример за таков систем има во Холандија, каде што граѓанската организација „Холандски институт за класификација на аудиовизуелни медиуми“ (NICAM) разработила многу успешен начин на спроведување на системот за класификација, со поддршка и одобрение од регулаторниот орган на Холандија (Commissariaat voor de Media - CVDM). Системот којшто се спроведува под покровителство на NICAM се вика Кејквервзер (ориг. Kijkwijzer) и се состои од комбинација на препораки за возраста (5 категории: АЛ - 6 - 9 - 12 - 16) и дескриптори на содржини (6 категории: насилство - страв - пол - дискриминација - злоупотреба на дрога и алкохол - груб јазик). Оваа делотворна алатка е исто така одличен пример на саморегулаторен механизам за класификација на содржината што е широко поддржан од дејноста[21].

Главната поента што треба да се нагласи во овој контекст е доброволното регулирање, кое директно се однесува на прашањето за саморегулацијата и ко-регулацијата, важен аспект на оваа тема за кој дискутираме понатаму во оваа публикација. Она што е важно да се нагласи е дека сите заинтересирани страни треба да работат на развивање и одржување на единствен и делотворен систем, како и на неговото спроведување, чиј резултат ќе биде доброволно почитување на истиот од страна на сите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги. Всушност, и поради фактот што во овој регион се гледаат и следат многу програмски содржини што може да спаѓаат во некоја од категориите на содржини со штетно влијание врз малолетниците, од суштинска важност е да се вложат заеднички напори и да постои соработка, вклучително и при изработката на оваа публикација.

Имајќи го ова предвид, дополнително се потенцира потребата и важноста од взаемната и транснационалната соработка помеѓу националните регулаторни тела, особено, на пример, во поглед на надлежностите над одредена содржина, но исто така и во поглед на прашањата за класификација, што е особено важно во регионов во кој повеќето или многу програмски содржини се слободно достапни низ целиот регион, притоа имајќи ја предвид и историската и јазичната блискост на публиката. Еднакво важна улога имаат националните регулаторни тела во однос на медиумската писменост, а тука спаѓаат и напорите за подигнување на свеста за прашањата што се однесуваат на заштитата на малолетните лица. Оттука, континуираната взаемна соработка на националните регулаторни тела и вклучувањето на сите засегнати страни во целиот регион остануваат од суштинско и витално значење за понатамошниот развој и за подобрувања во овој поглед.

Во следнава табела се сумирани мерките што се однесуваат на барањата за заштита на малолетните лица.

Табела 7: Заштитни мерки

	може да нанесе сериозна штета		„е веројатно дека ќе нанесе штета“	
	линеарни	нелинеарни	линеарни	нелинеарни

21 Повеќе информации може да најдете на следнава врска: https://www.kijkwijzer.nl/about-kijkwijzer.

АЛБ	условен пристап или шифрирано емитување порнографија: техничка заштита + не е дозволено во термин кога се емитуваат детски програми	шифрирање порнографија: условен пристап и уреди за родителска контрола	конкретен термин и ознаки за предупредување или технички мерки	*неприменливо*
БИХ	забрането	техничка заштита + издвоена од другите содржини во посебен дел од каталогот	техничка заштита или соодветен термин и класификација на содржината порнографија: техничка заштита	графичка идентификација на категоризацијата во каталогот 18+: техничка заштита или граничен период порнографија: техничка заштита + издвоена од другите содржини во посебен дел од каталогот
ХРВ	забрането порнографија: дозволено со техничка заштита	техничка заштита	техничка заштита или соодветен термин и класификација на содржината	графичка идентификација на категоризацијата во каталогот
МКД	забрането порнографија: дозволено со техничка заштита	техничка заштита	техничка заштита или соодветен термин и класификација на содржината	графичка идентификација на категоризацијата во каталогот
ЦГ	забрането	техничка заштита	соодветен термин и класификација на содржината	техничка заштита

KCB	забрането	техничка заштита	техничка заштита или соодветен термин и класификација на содржината порнографија: дозволено со техничка заштита	неприменливо
SRB	забрането порнографија: само ако пристапот е во рамки на услуги со условен пристап, со ПИН-код или слично + ознака 18+	порнографија: условен пристап + ознака 18+ издвоена од другите содржини во посебен дел од каталогот	техничка заштита или соодветен термин и класификација на содржината	графичка идентификација на категоризацијата во каталогот 18: техничка заштита или граничен период

д) Програми што се наменети за малолетни лица и вклучуваат малолетни лица

Децата и малолетниците се еден од најдобрите и најубавите составни делови на овој свет и на секојдневниот живот. Нивната вклученост и учество во програмите обично дава содржина што ги загрева срцата на возрасните. Децата во програмите имаат восхитувачки особини кои вообичаено инспирираат приврзаност, го подигнуваат духот и се многу пријатни. Сепак, децата лесно потпаѓаат под влијание и не се доволно критични, и затоа се поранливи од возрасните; бидејќи имаат мало искуство и недоволно развиени референтни рамки во кои ќе ја насочат својата проценка. Следствено, треба да постојат некакви предупредувања и/или ограничувања кога станува збор за вклучување на малолетници во програмски содржини.

Пред сè, треба да постои општа забрана за секаков вид на злоупотреба на малолетни лица во аудиовизуелните медиумски услуги, заедно со забрана за употреба на малолетни лица за политички цели. Ограничувањата може понатаму да се однесуваат на потребата од условено учество на малолетни лица во аудиовизуелните медиумски услуги со барање за согласност од родителите, старателите или други лица што се одговорни за нив пред законот. Овие услови вообичаено не се применуваат во случаите кога малолетните лица се само и единствено публика која не учествува директно во содржината на програмата, на снимени материјали што служат како илустрација и не го загрозуваат достоинството на малолетните лица, на снимки на малолетници како минувачи, итн.

Кога станува збор за директно учество на малолетни лица во аудиовизуелните медиумски услуги, тоа секогаш треба да се изведе така што да не се предизвика вознемиреност или страв, и да не предизвика штета на нивниот физички, ментален и емоционален развој и достоинство, без оглед дали самиот малолетник, или нивниот родител, или старател, или друго лице одговорно пред законот, дало согласност. Со оглед на нивната возраст, наивност и чувствителност, на малолетниците никогаш не треба да им се поставуваат прашања за приватни семејни работи, или за теми што може да не ги разбираат.

Кај содржина што е првенствено наменета за малолетни лица, ограничувањата се насочени кон забрана за употреба на тутун и производи од тутун, алкохол и опојни дроги, освен кога се укажува на нивната штетност. На сличен начин, во содржина што е првенствено наменета за малолетници, сите облици на насилство или опасно однесување што малолетниците лесно може да го имитираат е забрането, освен ако, и овде, се укажува на нивната штетност.

ѓ) Реалити-програми и талент-шоуа

И покрај многуте верзии на реалити-програми и талент-шоуа, овој дел се занимава со специфичниот елемент на овој тип хибридни програми, и ја нагласува мешавината од документарна и измислена (драматична) содржина, со елементи на комерцијални комуникации. Она што е важно во овој поглед е да се разбере дека за програмите во кои групи луѓе кои не се професионални актери, но кои продуцентите често ги насочуваат и охрабруваат да се однесуваат на одреден начин, децата сметаат дека се реални и нецензурирани, а не измислени. Таквите програми често содржат судири и борби меѓу учесниците (кои, пред сè, се ставени во многу неприродна средина), сексуално однесување и други елементи кои ја скандализираат јавноста и градат интерес.

Овие програми може да содржат штетни елементи за малолетниците, не само за оние кои само ги гледаат, туку уште повеќе за оние кои учествуваат во нив, бидејќи, како што е наведено погоре, може да содржат родови стереотипи, да ја истакнуваат сексуалноста и физичкиот изглед, а понекогаш и да поттикнуваат и стимулираат насилно однесување и да наведат на конфликт меѓу луѓето. Некои истражувања покажуваат дека малолетниците кои често ги гледаат овие програми веруваат дека „потрагата по среќа“ значи или е ограничена на богатство, популарност и убавина. Освен ова, понекогаш не се препорачува учество на малолетници во овие програми бидејќи може да доведе до мешање на реалноста и дејствувањето, изложеност на стрес, изложеност на неоправдана споредба со други на штета на поединецот, и конечно до губење на приватноста[22].

Еден аспект на заштитата на малолетниците од штетните содржини што се особено важни во овој регион се однесува конкретно на реалити-програмите и емисиите за таленти. Како што е наведено погоре, овие програми вообичаено, иако не задолжително, се сметаат за забава, и добиваат облик на различни жанрови, постојано се развиваат и што е најважно, уживаат голема популарност. И покрај фактот што оваа програма повеќе или помалку се заснова на реалниот живот и вистински луѓе, невозможно е таа да се дефинира; искуството на многу земји покажува дека заштитата на малолетните лица претставува вистинска загриженост кај овие програми, а се поставуваат и

22 https://www.medijskapismenost.hr/preporuke-za-zastitu-djece-i-sigurno-koristenje-elektronickih-medija/, пристапено на 17 декември 2018г.

пошироките прашања за човековото достоинство и заштитата на приватноста. Постојат и многу други грижи во врска со реалити-програмите на телевизија што ги опфаќаат подлабоките прашања за основните верувања, граѓанските вредности и општествените норми; многу од овие прашања навистина се надвор од опсегот на регулацијата чија цел никогаш нема да биде диктирање на однесување или прифаќање на одредени морални ставови, но сепак се важни и треба да бидат отворени за дискусија со општеството во целост.

Од регулаторен аспект, реалити-програмите и програмите за таленти веќе се опфатени со општите одредби за заштита на малолетни лица од штетни содржини што важат за сите други аудиовизуелни медиумски услуги. Ова, очигледно, значи дека тие се добро уредени со низа услови чијашто крајна цел е да се осигури дека малолетните лица не се изложени на содржини што би можеле сериозно да го нарушат нивниот морален, ментален и физички развој, како и да обезбедат заштита од содржини што се несоодветни за нив, какви што се насилство и опасно однесување, голотија и сексуален материјал, навредлив јазик, злоупотреба на алкохол, пушење итн. Овие исти елементи навистина често се присутни во многу облици на телевизиските реалити-програми. Покрај „вообичаените сомнежи" дека овие програми веројатно ќе нанесат штета на развојот на малолетните лица, реалити-програмите може да доведат до дополнителни проблеми. Тие вообичаено ги опфаќаат прашањата што се однесуваат на човековото достоинство и овие штетното делување на овие програми, особено кај малолетниците.

Интересен случај од аспект на учеството на малолетници и согласноста што родителите и законските старатели на малолетните лица ја даваат е еден неодамнешен случај на британскиот регулатор Офком (ориг. Ofcom). Конкретно, се однесува на документарна емисија во која се набљудуваат мајки и ќерки кои одат на третмани за убавина, носат гламурозна облека или учествуваат на детски натпревари за убавина со наслов „Blinging Up Baby" (Накитени бебиња). Во Офком добиле повеќе поплаки во врска со учеството на едно четиригодишно девојче облечено во облека инспирирана од униформите на келнерките во ресторанот Хутерс (ориг. Hooters; заб. на преведувачот: во која се истакнуваат големите гради на келнерките), што ја изработила нејзината мајка, и во која девојчето изведувало танц кој вклучувал одредени сексапилни движења (на пр. се спуштила на двете нозе и раце, ги буткала колковите наназад и нанапред четири пати кон публиката). Иако биле преземени навистина обемни мерки за да се заштити детето во поглед на неговата вклученост во програмата, пред самата продукција и за време на продукцијата, Офком истакна дека радиодифузерот не направил процена на ризикот во фазата на постпродукција за да ги земе предвид сите ризици поврзани со емитувањето на настапот на девојчето во Хутерс-униформа и/или не побарале дополнителни стручни совети. Исто така, радиодифузерот неоправдано се потпрел на согласноста од мајката, наместо да направи сопствена и независна процена на сите негативни последици што би произлегле од емитувањето на дете што носи таква униформа. Во овој случај се утврдило дека радиодифузерот го прекршил правилото според кое требал, а не водел должна грижа за благосостојбата и достоинството на детето, без оглед на согласноста од мајката на детето[23].

Фактот што во редовни интервали истите реалити-програми го преплавуваат овој регион и што нивната содржина често претставува еден од најлошите примери за кршење на релевантните

23 ЕРПА Документ со општи информации од Мајда Ќулаховиќ (РАК) за Работна група 2: „Студија на случај за заштита на малолетните лица: Реалити и талент-шоуа", 43-та средба на ЕРПА во Барселона, 25-27 мај 2016г. https://cdn.epra.org/attachments/files/2854/original/BCN_WG2_%20RealityTV_final_revised.pdf?1466159222, пристапено на 6 декември 2018г.

правила поврзани со заштитата на малолетните лица од штетни содржини[24], во Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, ги прави одредбите што се однесуваат на реалити-програмите уште поспецифични.

Во Босна и Херцеговина постојат ограничувања за времето на нивното емитување: се наведува дека реалити-програмите може да се емитуваат само помеѓу 24:00 и 6:00 часот. Сепак, ова ограничување важи само за одредени типови реалити-програми, во согласност со дефинициите што се дадени во релевантните правила, кои гласат: *„За целите на оваа одредба, дефинирањето на реалити-програмите е ограничено на верзии на овој телевизиски жанр што се навидум без сценарио и го прикажуваат животот на група учесници во изолиран простор што е постојано во дофатот на видео камерите и на микрофоните, и кои се натпреваруваат за да победат и да ја освојат наградата. Псевдореалити-програмите се дефинираат како програми со сценарио што прикажуваат или прават реконструкција на автентични настани или се целосно измислени, но со реални животни ситуации, чиј фокус е ставен на драматичност и конфликти како што се прељуба, кривични дела, тешки животни ситуации итн.“*

Во Црна Гора постојат правила за времето на емитување на реалити-програмите и тие може да се емитуваат само помеѓу 23:00 часот и 6:00 часот, означени како несоодветни за публика помлада од 18 години. Ограничувањето се однесува на сите реалити-програми што се дефинирани како: *„... содржина која прикажува, првенствено заради забава, како еден или повеќе учесници се однесуваат во природна или вештачка средина, во конкретни животни ситуации (на пример, соживот во одредена заедница, меѓусебна комуникација, работа, слободно време, решавање одредени или непредвидени животни ситуации и сл.) кои се предвидени, спонтани или создадени на друг начин, во текот на определен временски период, и во кои учесниците учествуваат, по правило, за да се стекнат со определена материјална или нематеријална добивка.“* Псевдореалити-програмите може да се емитуваат само помеѓу 22:00 часот и 6:00 часот и мора да се означени како несоодветни за публика помлада од 16 години. Ограничувањето поврзано со „псевдореалити“ програмите се однесува само на одредени типови ваква содржина во согласност со следнава дефиниција: „псевдореалити-шоуа се дефинираат како содржини што прикажуваат одредени автентични или фиктивни животни ситуации, според претходно подготвено сценарио“.

Во Србија, РЕМ донесе Правилник за заштита на правата на малолетните лица во поглед на давањето медиумски услуги со кој се утврдуваат деталните барања за содржината на реалити-програмите: *„Содржината на одредена реалити-програма се смета за несоодветна за малолетни лица помлади од 16 години, ако во неа се прикажува некултурно однесување кое не се користи како чин на агресија, некој е навредуван или се прикажува користење на алкохолни пијалаци, освен кога тоа е испуштено од снимката или е целосно покриено со тон на висока фреквенција (звучен сигнал), замаглување на сликата или друг сличен начин. Содржината на една реалити-програма се смета за несоодветна за лица помлади од 18 години ако прикажува насилство, навредливо изразување како акт на агресија, т.е. заради навреда; пушење, прекумерна потрошувачка на алкохолни пијалаци или голо тело. Во реалити-програма не може да се прикаже сериозно насилство, сексуалност, злоупотреба на дроги, како и какво било однесување што претставува говор на омраза или го навредува човековото достоинство или друго човеково право. Доколку дојде до ескалацијата на насилство или непристојност за да се нанесе навреда во текот на реалити-програма што се емитува во живо*

24 Погледнете ги случаите претставени во Анекс 2 на оваа публикација.

(директен пренос), давателот на медиумски услуги е должен веднаш да го прекине емитувањето, ако не може на друг начин да избегне да го прикаже таквото однесување (на пр., со исклучување на звукот, со промена на персоналот итн.)".

Постојат бројни други грижи поврзани со овој вид програма, како, на пример, загриженоста за семејствата од „комплицирана социјална средина", приказите на малолетници што биле жртви на сексуална злоупотреба, прашањата поврзани со човековото достоинство, злоупотребата на алкохол, сексизмот и пристојноста, како и елементите на говор на омраза кај учесниците во реалното шоу. Во некои случаи дури се покренуваат прашања во врска со заштитата на јавниот ред (поттикнување на деликвенција, опасно или недолично однесување), дискриминаторски изјави или однесување кое би можело да го загрози здравјето на учесниците, крајно негативно прикажување на жените врз основа на родови стереотипи, хиперсексапилност на деца, промовирање и поттикнување на коцкање, проблеми поврзани со нарушувањето на приватноста итн.

За да ја илустрираме поентата, се осврнуваме на една епизода од серијата „Балкански измами" што се емитува низ целиот регион - жанрот треба да се разбере како во горенаведената дефиниција за псевдореалити-програмите. Оваа конкретна епизода се прикажуваше во 14:00 часот.

Содржината на оваа епизода вклучува експлицитна сцена на човек што мастурбира, додека учествува во телефонски секс и користи сексуален јазик. Понатаму, има сцена во која се прикажува сексуален однос (на екранот), во која во позадински разговор се даваат информации дека во сексуалниот однос учествуваат возрасна личност и малолетно лице на 16-годишна возраст, како и дополнителни информации за начините како да се заведе и да се стапи во сексуални односи со такви малолетници. Исто така, има и ритуални сцени, некохерентен говор, пропагирање на решавање проблеми поврзани со неплодност со магија, окултни сили и надрилекарство[25].

Она што е особено интересно за овие програми е дека нивната гледаност е во потполна спротивност со гледиштата и ставот на експертската заедница и надлежните органи. Иако овие програми, кои се високо комерцијални по природа, уживаат значителна популарност кај дел од пошироката јавност, јасно и гласно се изразени ставови против таквата содржина, како со потпишување петиции, така и со поднесување на огромен број претставки чија содржина изразува сериозна загриженост и бес, и со кои се бара регулаторите да преземат сериозни мерки. Овие прашања треба да се согледаат и од перспектива на нивото на медиумска писменост во овој регион, за што дискутираме понатаму во текстот.

Концептот на *априори* ограничувања што се применуваат делумно на утврдувањето на програмските содржини и на структурата на програмата, какви што се ограничувањата во регионот во поглед на реалити-програмите, треба да се разгледа во контекст на фактот дека повеќето регулаторни органи од регионот имале и работеле на такви случаи на прекршување на одредбите за малолетни лица, од гледна точка на нивната тежина, што ретко се согледува (како што е илустрирано подолу).

Покрај тоа, како во случајот со Црна Гора, Уставниот суд на Црна Гора, постапувајќи по тужба во врска со една комерцијална телевизија која емитуваше низ целиот регион, повикувајќи се на неуставност на овие ограничувања, го одби барањето и изјави дека овие мерки се пропорционални и во согласност со ЕСЧП.

25 За повеќе детали прочитајте го Анекс 2, стр. 155-157

е) Приватноста и малолетните лица

Прашањето за балансирање на рамнотежата помеѓу правото на приватност и правото на слобода на изразување е многу важна, многу дебатирана и широка тема за која е потребен посебен и детален преглед и најдобро е со неа да се занимава посебна публикација. За целите на оваа публикација, ќе ги разгледаме само деловите што се однесуваат на малолетните лица.

Како општ принцип, секој напад на приватниот живот преку изложување или откривање на информации што се заштитени со правото на приватност мора сериозно да се одмери дали е од оправдан јавен интерес. Тоа е очевидно и дури попримениво во случаи во кои учествуваат малолетници, и во кои е важно да се заштитат идентитетот и личните податоци на малолетните лица, а тоа се однесува, но не е ограничено на детали од нивниот приватен живот и семејните односи кога постои можност дека објавувањето на тие информации може да ги загрози благосостојбата и достоинството на малолетникот. Дополнително, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не треба да им поставуваат прашања на малолетни и ранливи лица без писмена согласност од родителите, старателите или други лица што се одговорни за нив согласно закон.

Во овој регион има голем број извештаи и аудиовизуелни програми што се фокусираат на презентирање на тешката состојба во која се наоѓа поединец или група малолетници, но најмногу на економските тешкотии. Иако целта на ваквите програми може да биде филантропска по природа, покрај претставувањето на слабите и несоодветни социјални политики на владините тела, аудиовизуелните медиумски услуги вклучуваат и сензационални прилози/содржини, со што ја нарушуваат приватноста на малолетниците. Некои од случаите кои ги надгледуваат националните регулаторни тела во регионот се однесуваат токму на ова прашање. Во тие случаи, наместо сериозно да ги загрозат благосостојбата и достоинството на малолетниците, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба сериозно да ја едуцираат јавноста и јасно да го наведат начинот на кој може да се обезбеди помош, а пред сè да се воздржат од сензационализам и евтини напори за да се здобијат со наклоност од публиката или да привлечат клиенти што ќе рекламираат нешто додека ја компромитираат приватноста, безбедноста и достоинството на малолетните лица.

Потешки ситуации може да настанат кога се известува за кривични дела/ постапки за малолетници. Генерално важат правилата за давателите на аудиовизуелни услуги во врска со судските постапки, но постојат и специфични правила што се однесуваат на малолетните лица. Тие одредби ги рефлектираат општите законски одредби коишто се однесуваат на судските постапки и на забраната за давање информации со кои се открива идентитетот на малолетните лица што учествуваат во кривични дела/ постапки. Во случаите во кои се применуваат законските забрани или ограничувања за откривање на идентитетот на малолетните лица, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги особено треба да посвети внимание да не објавува информации што би можеле да откријат или да укажуваат на трага што може да доведе до идентификување на малолетници кои би можеле да се жртви, сведоци, осомничени или на друг начин се вклучени во истрагата или во судската постапка во врска со кривично дело, и треба, во случај на сомневање, да се воздржат од објавување на каква било информација. Покрај тоа, посебно внимание треба да се посвети на информациите кои, во комбинација со информации што се достапни од друго место, може да доведат до откривање на идентитетот на малолетникот, вклучително и информации и снимки од овие постапки. Ова не ги

спречува давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да известуваат за правосилните судски одлуки во случаи во кој учествуваат малолетни лица или млади полнолетни лица, како и во случаи на кривични дела извршени од или против малолетни лица или кога малолетниците се сведоци, при што не смеат да даваат лични податоци или информации што може да помогнат во одредувањето на идентитетот. Известувањето на конечните резултати од судските процеси мора секогаш да се мери во однос на оправданиот јавен интерес. Треба да постои докажлив и видлив јавен интерес кој по важност ја надминува заштитата на идентитетот на малолетното лице, а таков јавен интерес е заштитата на јавното здравје, јавната безбедност итн.

Посебно внимание треба да се посвети на ранливата положба на малолетникот вклучен во случајот како жртва или сведок, особено ако е на каков било начин вклучен во сексуални напади. Сексуалниот напад е исклучително и особено тежок вид на насилство и остава долготрајни последици. Идентификувањето на овие жртви е апсолутно неприфатливо, не само затоа што дополнително ги трауматизира жртвите, туку и затоа што може да предизвика други жртви да не пријавуваат такви кривични дела. Во сите вакви случаи, информациите за идентитетот може да се емитуваат само по претходно одобрување од надлежниот орган.

Овие прашања се важни и од гледна точка на рехабилитација на малолетните лица кои се вклучени во такви постапки, бидејќи процесот на рехабилитација би можел сериозно да биде попречен ако малолетниците се јавно обележани и поврзани со кривични дела. Исто така, важно е да се создаде средина во која непречено ќе се извршуваат судските функции, без да се загрозат резултатите од судските постапки и без притисок врз судските органи кога ги вршат своите должности. Овде спаѓаат и ситуации во кои идентификацијата може да доведе до повлекување на сведоците од одредени судски случаи поради притисокот на јавноста.

Известувањето за настани што се поврзани со, или се случуваат околу кривични дела во кои учествуваат малолетници е многу сложено, а давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба истовремено додека ја вршат својата должност да ја информираат јавноста и да се трудат да го заштитат идентитетот на вклучените малолетни лица. Покрај тоа, еднакво е важно да се известува и за евентуалното несоодветно однесување на судските органи, бидејќи е јасно дека тоа е од јавен интерес. Сепак, можеби случаите во кои се вклучени малолетници не се најдобрата можност да се следи таа насока, но ако е така, мора строго да се применуваат правилата за приватност. Ова особено станува тешко во денешниот свет во кој овие важни принципи постојано се кршат од страна на корисниците на социјалните мрежи, неодговорни портали кои ве намамуваат да погледнете/ слушнете/ прочитате некоја содржина итн. Дилемите за избор на пристапот за известување дополнително може да се појават со објавување (протекување) на несоодветни информации од органите за спроведување на законот и судските органи, па дури и од семејствата. Сепак, одговорните даватели на аудиовизуелни медиумски услуги треба да се воздржат од менталитетот на „стадо“ и одговорно и професионално да се придржуваат до етичките кодекси на однесување. Доколку не се сигурни, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги секогаш треба да се обратат до соодветните судски органи за насоки и информации.

ж) Малолетните лица и комерцијалните комуникации

Покрај општите правила со кои се регулираат комерцијалните комуникации во аудиовизуелните медиумски услуги, како што се задолжителното идентификување и одделување на комерцијалните содржини, забраната на комерцијални комуникации со прикриена и заведувачка содржина, придржување кон етичките стандарди итн., постојат и дополнителни правила за комерцијалните комуникации што се однесуваат на малолетните лица.

Со нив е опфатена забраната за комерцијални комуникации што поттикнуваат однесување кое може да нанесе штета на здравствениот, менталниот и/или моралниот развој на малолетниците. Комерцијалните комуникации што се насочени кон, или ги претставуваат малолетните лица, треба да избегнуваат сè што може да им наштети на нивните интереси и треба да земат предвид сè на што се подложни и чувствителни малолетните лица. Дополнително, комерцијалните комуникации не треба да препорачуваат производ или услуга што не е соодветен/а за нив, лекови и медицински третмани, средства за регулирање на телесната тежина, уреди за палење, запаливи и други опасни супстанции, не треба да пренесуваат верски пораки и да имаат еротска содржина ниту да укажуваат дека употребата на одредени производи или услуги може да резултира со подобрени физички, интелектуални или други социјални вештини, да содржат пораки кои директно ги охрабруваат малолетните лица да купат или да изнајмат производ или услуга, при тоа искористувајќи го нивното неискуство или лековерност итн.

Некои дополнителни одредби се однесуваат на награди и со нив е предвидено дека наградите што се предвидени за малолетни лица мора да се соодветни на нивната возраст, или доколку комерцијалните комуникации прикажуваат резултат како цртеж, изработка, монтажа и моделирање, способноста за постигнување на овој резултат треба да соодветствува со просечната способност на малолетните лица за коишто се наменети комерцијалните комуникации.

Правилата постојат за да се обезбеди заштита на малолетниците од штетна содржина која дефинитивно може да ја има и во комерцијалните комуникации, бидејќи децата се подложни на влијанија од аудиовизуелни материјали, особено од комерцијални содржини, со оглед на тоа што недоволно ја разбираат нивната комерцијална природа.

4. Повеќе од регулација - поширок пристап кон заштитата на малолетните лица

Заштитата на малолетните лица е интердисциплинарна задача на многу чинители во општеството. Започнува и завршува со родителската одговорност, но никако не е само нивна одговорност. Започнува со основното јадро – семејството, продолжува со образовните системи и се протега сè до управувачките тела и наднационалните и меѓународните нивоа.

Нетрадиционалните регулаторни механизми, вклучувајќи ги корегулацијата и саморегулацијата, имаат за цел да го подобрат квалитетот на заштитата на малолетниците, од национално до наднационално и меѓународно ниво. Механизмите за корегулација и саморегулација се пофлексибилни и поприспособливи од формалните регулаторни механизми или тие со ексклузивни законски одредби со кои се уредува заштитата на малолетници. Бидејќи ситуациите во кои малолетниците може да претрпат штета се сложени и многубројни, механизмите за корегулација и саморегулација може да играат многу важна улога[26].

Дополнително, не можеме да се потпреме на принципите на слободниот пазар во врска со заштитата на малолетниците, бидејќи се остава простор за потенцијална неодговорност на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги, што воопшто не е пожелно во оваа област. Заштитата на малолетните лица се смета дека е од особен јавен интерес. Мерките за заштита што вообичаено се применуваат тргнуваат од премисата дека децата се под многу поголемо влијание на медиумите отколку возрасните, не можат критички да ги проценат медиумските содржини и токму затоа се многу поранливи. На децата им недостасува искуството и како последица на тоа немаат соодветно ниво на когнитивни и емоционални механизми што ќе им овозможат одговорно да се справат со восприемањето на содржините. Токму во тој дел е утврдено дека кодексите за корегулација и саморегулација значително ги дополнуваат регулаторните механизми, првиот столб на заштита, со што се обезбедува поголема флексибилност и приспособливост, покрај обезбедувањето рамнотежа во соодносот на трошоците и делотворноста. Мерките за постигнување на општите цели на јавниот интерес во аудиовизуелните медиуми се поделотворни кога се преземаат со многу активна улога на самите даватели на услуги. Таквите иницијативи, секако, не може да бидат замена за законските обврски во оваа област, бидејќи само балансираната комбинација од правни, технички и образовни

26 Во претходните поглавја се спомнати многу примери кои може да вклучуваат, но не се ограничени на, околности во кои малолетното лице е сведок, жртва или учествува во незаконски активности, ситуации во кои се обидува да изврши или врши самоубиство итн.

мерки, вклучувајќи превенција, може да претставува средина со еднакви правила за сите, што може соодветно да се справи со опасностите со кои се соочуваат децата кај современите медиуми.

Ова станува видливо во областа на медиумската писменост. Основните принципи поврзани со медиумската писменост веќе се опфатени во претходно споменатото издание на Советот на Европа: „Медиумските регулаторни органи и говорот на омраза". Во овој дел, аспектот на медиумската писменост ќе се разгледува од аспект на заштитата на малолетниците.

Новото медиумско опкружување каде потрошувачите се сè поактивни и се очекува да преземат поголема одговорност за своето консумирање на медиумите, бара повеќе од само соодветна правна рамка за да се гарантира делотворна заштита на малолетниците. Различните засегнати страни, како надлежните министерства, регулаторот, индустријата, академската заедница и невладиниот сектор треба да соработуваат, да иницираат активности и да ги спроведуваат различните иницијативи.

Како што е прикажано во Анексот 3 на оваа публикација, постојат бројни активности во врска со медиумската писменост што ги спроведуваат регулаторните тела на земјите учеснички и/или во кои тие учествуваат во соработка со други засегнати страни. Да сумираме, многу активности се однесуваат на спроведувањето на кампањи чија цел е да се подигне свеста кај родителите, старателите, медиумите и поширокото општество за функционирањето на системите за класификација на програмските содржини. Националните регулаторни тела се многу активно вклучени во обезбедувањето насоки и препораки за подобро разбирање на законските одредби со кои се уредува заштитата на малолетниците. Покрај тоа, каков што е случајот и во овој регион, тие се концентрираат и на активности за создавање и одржување национална платформа за медиумска писменост (вообичаено вклучува изработка и одржување на национална веб страница посветена на оваа тема), која се чини дека ќе функционира многу подобро ако националните регулаторни тела се директно вклучени или, во најмала рака, ако делуваат како позитивен катализатор во активностите. Бројните придонеси на националните регулаторни тела вклучуваат семинари, работилници и конференции на оваа тема и/или теми поврзани со медиумската писменост, покрај билатералните и меѓународните иницијативи и соработка. Како што известуваат регулаторните тела од овој регион, постои соработка со голем број на институции, организации, чинители и други елементи во областа на аудиовизуелните медиуми. Соработката се протега од националните академски институции до невладините организации, но исто така и на меѓународни организации, како што е Советот на Европа. Изработката на оваа публикација е одличен пример за соработка во оваа област, а авторите се надеваат дека од неа ќе произлезат и идни активности и проекти од областа на заштитата на малолетниците.

Исто така, националните регулаторни тела од овој регион ги следат и активно учествуваат во редовните активности за медиумска писменост што се изведуваат под покровителство на Европската платформа на регулаторните тела, а таквите напори обезбедуваат вреден извор на информации и поттик за понатамошно учество во оваа област.

5. Препораки и заклучоци

Јасно е дека заштитата на малолетниците претставува една од најголемите грижи и приоритети на јавната политика, како на меѓународно, така и на национално ниво. Со оглед на тоа што штетните аудиовизуелни содржини може да имаат најтешки последици за физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетниците, тоа е - покрај говорот на омраза - област во која се гарантира највисокото ниво на заштита, како и основите за ограничување на слободата на изразување преку сериозно ограничување или дури и забрана одреден материјал да биде прикажан.

Јасно е, меѓутоа, дека само со регулирање не може да ги решиме сите предизвици поврзани со заштитата на малолетните лица. Содржините што се достапни на платформи и преку канали што не се опфатени со традиционалното регулирање или законската регулатива, претставуваат сè позначаен предизвик во спречување на штетата. Колку повеќе децата и малолетниците гледаат содржини преку интернет и по барање, толку повеќе се зголемува проблемот со нивната изложеност на штетни содржини, кој сега го придружуваат и други проблеми - како прашањето на приватноста и кибер криминалот. Оттаму, заштитата на малолетните лица е задача на целото општество, при што секија улога е важна и ја надополнува целината. Иако оваа публикација првенствено се занимава со активностите на националните регулаторни тела во таа насока, неопходно е да се потенцираат и активностите што не се во нивна директна надлежност, но во кои сепак можат да ја понудат својата поддршка и да се вклучат со другите засегнати страни во постигнување на заедничката цел за заштита на најранливата група во општеството.

ЗАКОНСКА ОСНОВА

Како што е образложено, законските мерки поврзани со заштитата на малолетниците произлегуваат од кривичните закони, семејните закони и подзаконските акти што ги носат националните регулаторни органи, но исто така и од механизмите за саморегулирање наменети за медиумите надвор од опфатот и мандатот на националните регулаторни тела.

Имајќи го предвид фактот дека сите земји-учеснички ја транспонираа Директивата за АВМУ, законските одредби што се однесуваат на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги се насочени кон содржината која може сериозно или е веројатно дека ќе нанесе штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица. Овие законски одредби мора да се трансформираат во одредби што го одразуваат текстот на новата Директива за АВМУ. Другите законски одредби ги

рефлектираат прашањата околу комерцијалните комуникации, заштитата на малолетниците во судските постапки, прашањата поврзани со изборите итн.

Правниот контекст на земјите-учеснички, како и другите прашања околу заштитата на малолетниците, ја одразува близината на земјите учеснички, што е вообичаено во областите во кои се достапни слични или заеднички програмски содржини.

РЕГУЛАТОРНИ ДЕЈСТВИЈА

Заштитата на ранливата публика од штета, особено децата, е една од најважните задачи на националните регулаторни тела. Без оглед на потребата од усвојување регулаторен пристап што ќе воведе промена во медиумското опкружување, оваа задача останува во суштината на регулативата, што се препознава и кај Директивата за АВМУ во поглед на платформите за споделување на видео-содржини и нивната обврска да ги заштитат малолетниците од програми и видео-содржини направени од корисници и од аудиовизуелни комерцијални комуникации што може да нанесат штета на нивниот физички, ментален или морален развој.

Иако многубројните анализи и извештаи покажуваат дека децата гледаат помалку телевизија и гледаат повеќе содржини на интернет[27], телевизијата сè уште претставува значаен дел од нивната изложеност на медиумите, особено во помладите години. Искуството на националните регулаторни тела од овој регион, како што е прикажано во случаите претставени во оваа публикација, покажува дека случаите кај кои има прекршување на одредбите поврзани со заштитата на малолетните лица се сериозни и сè уште доста чести. Понатаму, искуството на неколку национални регулаторни тела од регионот (Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија) во врска со реалити-програмите[28], исто така, покажува дека публиката сè уште има доста високи очекувања од регулаторната заштита. Прегледот на најрелевантните случаи со кои се соочуваат националните регулаторни тела од регионот покажува дека огромно мнозинство од случаите се однесува на прекршувањето на правилата за заштита на малолетниците од штетна содржина и на класификацијата и распоредот на програмските содржини, а воедно и дека тоа е единствениот проблем што го навеле сите седум регулаторни тела. Овој факт докажува дека регулацијата на традиционалната линеарна телевизија, кога станува збор за заштитата на малолетниците, и натаму останува мошне релевантна во регионот и покрај промените во користењето на технологијата и медиумската потрошувачка и е прашање на кое националните регулаторни тела треба и понатаму да посветуваат значителни напори. Навистина, речиси сите случаи со кои се соочуваат регионалните национални регулаторни тела се поврзани со радиодифузија на телевизиска програма.

Другото прашање што се чини дека посебно се истакнува во земјите во регионот се однесува на

27 Деца на возраст од 6 до 15 години поминуваат околу 20% времето пред екран гледајќи видео клипови на интернет. Извор: Gilles Fontaine, Christian Grece, Marta Jimenez Pumares, Online video sharing: Offerings, audiences, economic aspects, European Audiovisual Observatory, Strasbourg, 2018, пристапено на 20 декември 2018 г.

28 Во 2015 година, емитувањето на неколку многу контроверзни регионални реалити-шоуа покрена масовни реакции на јавноста во Босна и Херцеговина, вклучително и барања за поцврста регулаторна акција, па дури и повици овие програми целосно да се забранат. Помеѓу другото, хрватското регулаторно тело доби потпишани барања од преку 5253 граѓани целосно да се укине едно од најконтроверзните реалити-шоуа што се емитуваше во тој момент, насловено *Фарма*, или да се емитува само по полноќ.

заштита на достоинството, приватноста и идентитетот на малолетните лица. Другите случаи што ги наведуваат регионалните регулаторни тела се однесуваат на учеството на малолетни лица во програми, комерцијалните комуникации и малолетните лица, заштитата на малолетниците во медиумското покривање на изборите, и известување за малолетници во врска со кривични дела и постапки[29].

Имајќи го предвид горенаведеното, „традиционалната" регулатива за емитување се чини дека не само што е сè уште релевантна, туку е и многу потребна. Улогата на националните регулаторни тела во заштитата на најранливите во општеството останува од клучна важност поради законските овластувања, посветувањето постојано внимание на потенцијално штетната содржина со помош на мониторинг, брзото реагирање и примената на механизми за коригирање на овие појави.

Покрај улогата што ја имаат во усвојувањето на правилата и во обезбедувањето тие да бидат почитувани, националните регулаторни тела можат да помогнат со помалку строги механизми во форма на упатства, чија цел е да овозможат медиумите подобро да ги применуваат релевантните правила, но и да послужат како средство за описменување на целото општество за професионалните и етичките стандарди[30].

Дополнително, со цел делотворно да одговорат на тековните предизвици, улогата на националните регулаторни тела треба да се прошири и на давање поддршка на други засегнати страни што имаат улога во заштитата на малолетните лица, на пример, така што ќе придонесат кон професионализмот и делотворноста на програмите за саморегулација и корегулација и на иницијативите за медиумска писменост.

ОРГАНИ ЗА ПРОГОН И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Интернетот стана едно од главните средства преку кое поединците го остваруваат своето право на слобода на изразување, но, исто така, создаде бројни можности за малтретирање на различни начини, при што е потребна брза реакција. Поради тоа, улогата на органите на прогонот и за спроведување на законот како независни, силни, стручни и агилни органи станува посуштинска од кога било и затоа треба да се вложуваат континуирани напори за зајакнување на капацитетот на овие институции.

29 Треба да се нагласи дека во оваа публикација се прикажани и некои случаи во кои националните регулаторни тела не утврдиле прекршување на односните правила, а со цел да се демонстрира како резонираат националните регулаторни тела кога донесуваат одлуки за случаите, како во случаите на пример кога преовладува јавниот интерес над правото на приватност.

30 Во врска со примерите на најдобри практики, кога станува збор за учество на малолетници во програмите треба да се спомне Упатството на Офком за правилата 1.28 и 1.29 - *Учеството на лица помлади од осумнаесет години во програмите*, бидејќи ја следи и ја прикажува најдобрата практика во дејноста како и препорачаните мерки што ги опфаќаат сите фази на продукцијата: претпродукција (документирани упатства за внатрешни и независни продукциски тимови, проверки, проценки на ризик - физичка и емоционална/ментална состојба, консултанти-експерти, водење евиденција, комуникација со малолетните учесници, родителите и старателите); во текот на продукцијата (единствена точка на контакт, стручна поддршка, влијанието на различните формати (во живо, со студиска публика, натпревари)) и постпродукција (следење на предизвиканите ефекти, професионална поддршка, советување за влијанието на социјалните медиуми).

СОРАБОТКА

Како што веќе беше посочено, новото медиумско опкружување во кое традиционалните улоги и одговорноста на производителите на содржини и гледачите се нејасни, а во кои се појавија нови играчи и бизнис модели, бара блиска соработка меѓу различните засегнати страни. Покрај соработката на национално ниво помеѓу регулаторните агенции, полициските органи, судството, надлежните министерства, индустријата, академската заедница, невладиниот сектор итн., поинтензивната меѓународна соработка станува од клучна важност поради меѓународниот и транснационалниот карактер на аудиовизуелните медиумски услуги и особено на платформите за споделување на видео содржини, и покренува прашања, како тие за надлежноста, што не може да ги реши само еден национален регулатор.

Соработката на националните регулаторни тела од овој регион - олеснета и преку активностите на Советот на Европа - може да се нагласи како добар пример за успешна размена на искуства и практики[31], заедно со напорите за хармонизирање на пристапот кон заедничките проблеми, имајќи ги предвид блиските историски, културни и јазични врски помеѓу земјите од регионот, но исто така и економските фактори на заедничкиот пазар, а понекогаш и учесниците, поради што голем дел од телевизиските содржини достапни во регионот ја делат истата публика. Едно од овие прашања е сигурно прашањето за реалити-програмите[32] кои, од горенаведените причини, се насочени кон публиката од целиот регион и предизвикуваат многу контроверзии. Друга област во која треба да се концентрираат напорите во овој регион е можното усогласување на системите за класификација[33].

Потребата од развивање некој вид унифициран систем на класификација веќе ја потенцираме во оваа публикација, но исто така е прашање за дискусија на пошироко европско ниво, иако се прифаќа дека разликите и неусогласеностите во културните средини и контексти, како и очекувањата и специфичните сензибилитети на публиката на целиот континент би го оневозможиле овој процес. Сепак, сè уште е возможно да се преземат чекори во таа насока. Во 2016 година, Европската група на регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕРГА) го усвои Извештајот за заштита на малолетниците во конвергиран свет, кој дава неколку клучни препораки за идниот систем за заштита на малолетниците. Меѓу другото, се препорачува да постои индикативна неисцрпна листа на заеднички карактеристики за содржини што „е веројатно дека ќе нанесат штета“ или содржини што може „да нанесат сериозна штета“ на ниво на ЕУ, како и да се истражат можностите за создавање на универзални категории на содржини што може да се совпаднат со националните возрасни класификации. Студијата на Советот на Европа „Анализа на спроведувањето на одредбите од Директивата за АВМУ што се однесуваат на заштитата на малолетниците“ од ноември 2014 година, во која се разгледува заштитата на малолетниците во земјите членки на ЕУ и пристапите во спроведувањето на Директивата АВМУ, како и системите за класификација, е одличен извор за подетални информации на оваа тема[34].

31 Таков пример е споделувањето на најдобрите практики за медиумска писменост од страна на хрватскиот АЕМ, кој му ги даде на црногорскиот регулатор правата за користење на нивниот ТВ спот за кампањата *„Ајде да избереме што гледаме“.*

32 Под покровителство на Советот на Европа во 2015 година се одржаа два состанока со цел да се разменат искуства и да се споредат пристапите во регулативата, особено во поглед на регионално продуцираните реалити-програми како „Големиот брат“, што се емитуваше во пет земји во регионот.

33 На пример, според актуелните правила во Босна и Херцеговина, категоријата 12+ може да се емитува само по 20:00 часот, додека соседните земји немаат строг граничен период за оваа категорија.

34 Достапно на следнава врска: https://rm.coe.int/analysis-of-the-implementation-of-the-provisions-contained-in-the-avms/16807898a5, пристапено на 15 февруари 2019г.

САМОРЕГУЛАЦИЈА И КОРЕГУЛАЦИЈА

Во денешното конвергентно дигитално медиумско опкружување, давателите на аудиовизуелни медиумски содржини, како и видео платформите за споделување, неизбежно ќе треба да го преземат најголемиот дел од одговорноста за заштита на малолетните лица. Не помалку важна е индивидуалната одговорност на самите даватели на услуги и доброволните мерки што се преземаат за таа цел - конечно, многу даватели на услуги се мотивирани да преземат акција за заштита на малолетниците со желба да ги исполнат очекувањата на гледачите и со тоа да ја задржат својата репутација.

Националните регулаторни тела може да понудат поддршка и надзор во овој поглед. Одличен пример што е наведен во оваа публикација е холандскиот систем во кој постои заедничка одговорност помеѓу CvdM и NICAM: првенствено, одговорноста за функционирање на системот за класификација ѝ припаѓа на NICAM, а CvdM ја оценува нивната работа на годишно ниво и врши мета-надзор. Во земјите од проектот JUFREX, за жал, нема професионални тела што би ја презеле оваа улога - единствен познат пример е само хрватскиот аудиовизуелен центар кој нуди база на податоци за филмови со соодветна категоризација на возраста.

Бидејќи заштитата на малолетниците е одговорност на повеќе чинители и е област во која улогата на регулаторните тела е без сомнение клучна, но сепак ограничена, зајакнувањето на улогата и делотворноста на механизмите за саморегулација и корегулацијата е од најголема важност. Многу корисни информации и препораки во овој поглед може да се најдат во друга студија на Советот на Европа: Европските практики за корегулација во медиумите, компаративна анализа и препораки со фокус врз ситуацијата во Србија[35]. Ова не е ограничено само на класификацијата на телевизиските содржини, туку опфаќа и други аудиовизуелни и медиумски сегменти какви што се кинематографијата, видео-игрите, содржините што ги генерираат корисниците. Рекламите чија публика се малолетни лица се уште една област на загриженост, што особено се истакнува во врска со платформите за споделување на видео содржини што главно се финансираат од рекламирање. Во таа смисла, се препорачува потесна соработка помеѓу националните регулаторни тела и рекламната индустрија, како и поддршка за системите за саморегулација и корегулација во оваа област.

МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Конечно, и еднакво важно, треба да се поттикнат активности и акции што се однесуваат на медиумите, информациите и интернет-писменоста. Ова издание илустрира неколку примери од регионот за тоа како може да се искористат различните иницијативи за медиумска писменост за да се опфатат сите релевантни групи во општеството и да се зајакнат за да учествуваат активно во спречувањето и адекватното реагирање на случаите кои претставуваат опасност за благосостојбата на малолетните лица. Како што заштитата на малолетниците е задача за сите, така е и ширењето на свеста, и секој од чинителите може и треба да има своја посебна улога во нејзиното остварување.

Улогата на националните регулаторни тела во овие напори е важна, но не е примарна. Улогата на

35 Достапно на следнава врска: https://rm.coe.int/european-co-regulation-practices-in-the-media/16808c9c74, пристапено на 15 февруари 2019г.

медиумските професионалци, едукаторите, организациите на граѓанското општество и, конечно, родителите и другите старатели, е и треба да остане во првите редови на иницијативите за медиумска писменост. Сепак, важно е да се обезбеди институционална рамка која ќе гарантира доследност и долговечност на планираните активности. Националните регулаторни тела се секако подготвени да обезбедат институционална поддршка, како и експертиза и знаење, покрај втемелената општествена улога на чувари на медиумите од една страна, и институција со директен контакт со граѓаните од друга страна. Целта е да се унапреди свеста за примената на различните алатки за заштита какви што се класификацијата на содржините и разните алатки за безбедност на интернет.

Една од основните задачи на националните регулаторни тела, не само поради нивната единствена позиција и поврзаност со играчите на пазарот, треба да биде да спроведуваат истражувања, на пример за употребата и навиките на медиумите, што ќе помогнат подобро да се разбере ситуацијата и да се обезбеди основа за понатамошни конкретни активности. Во земјите од регионот е јасно дека во досегашната работа недостасуваат вакви активности. Причините за тоа се првенствено финансиски, но вклучуваат и други фактори. Прашањата во врска со приоритетите во работењето на националните регулаторни тела или не се опфатени со истражувањата или чекаат да им дојде редот. Сепак, имајќи ја предвид важноста на резултатите од истражувањето за мапирање на состојбата и идентификување на приоритетите на кои треба да се концентрираат активностите, од огромна важност е да се обезбеди соодветно финансирање за истражувачките активности, и во националните регулаторни тела и во партнерствата со сите релевантни засегнати страни, и да се подготвуваат редовни, сигурни и веродостојни извештаи.

На сликата што следи се илустрирани главните препораки и активности чија цел е да се обезбеди делотворна заштита на малолетните лица.

Превод на текстот на фотографијата:

Саморегулација и корегулација
- индивидуална одговорност и доброволни мерки од индустријата
- потесна соработка помеѓу националните регулаторни тела и индустријата
- поддршка и супервизија на националните регулаторни тела

Медиумска писменост
- негување активности за медиумска, информациска и интернет писменост
- зајакнување на корисниците
- градење на свеста за примената на различните алатки за заштита
- обезбедување на институционална рамка, стручност и знаење
- обезбедување на соодветно финансирање на истражувачки активности

Законска основа
- одредби за заштита на малолетниците од кривичните законици и законите за семејството и за медиумите
- подзаконски акти што ги донеле регулаторните тела
- функционални механизми за саморегулација
- пренесување на законодавството на ЕУ

Регулаторна акција
- улогата на регулаторните тела во обезбедувањето заштита на малолетниците во телевизиското емитување
- потреба од регулаторен пристап заради промена во медиумското опкружување
- да се понудат упатства за подобра примена на релевантните правила
- придонес кон професионализмот и делотворноста на системите за саморегулација и корегулација
- да се поддржат иницијативите за медиумската писменост

Органи на прогонот и полициски органи
- одржување независни, силни, стручни и агилни органи на прогонот и полициски органи
- понатамошни напори за зајакнување на капацитетот на овие органи

Соработка
- тесна соработка помеѓу различните чинители на национално ниво
- зајакната регионална и меѓународна соработка
- активности за хармонизирање на системите за класификација


fostering of activities and actions pertaining to media, information and internet literacy
empowering of users
promoting the awareness of the use of various protection tools
ensuring institutional framework, expertise and know-how
ensuring adequate funding for research activities
Media Literacy
provisions on protection of minors enshrined in criminal codes, family and media laws
sub-legislative norms enacted by NRA's
functioning self-regulatory mechanisms
transposition of EU acquis
Legislative basis
individual responsibility and voluntary measures by the industry
tighter cooperation between the NRAs and the industry
support and supervision of the NRAs
Self and Co-regulation
role of NRAs in ensuring protection of minors in television broadcasting
need to adopt the regulatory approach to the shift in media landscape
offer guidelines in better application of relevant rules
contribute to professionalism and efficiency of self and co-regulatory schemes
support media literacy initiatives
Regulatory action
tight cooperation between different stakeholders at the national level
enhanced regional and international cooperation
activities towards harmonization of classification systems
Cooperation
Prosecution&LE agencies
maintain independent, strong, knowledgeable and agile prosecution and law-enforcement agencies
continued efforts on strengthening the capacities of these institutions

Анекс 1: Преглед на законските рамки на земјите-учесници

ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА АЛБАНИЈА

1. Национално регулаторно тело, мандат и надлежности

Националното регулаторно тело на Албанија е Телото за аудиовизуелни медиуми (AMA), основано согласно Законот за радиодифузија на аудиовизуелните медиуми. AMA е регулаторно тело во областа на емитувањето аудио услуги и аудиовизуелни и други услуги за поддршка. Надлежностите на AMA опфаќаат: разгледување на барањата за вршење радиодифузни услуги, вклучително и барања за дигитално емитување и за давање соодветни овластувања и лиценци, осигурување на фер конкуренција заедно со понатамошен развој, соработка со Комисијата за заштита на потрошувачите за да се гарантира заштита на потрошувачите во областа на електронските медиуми, изрекување санкции за прекршување на релевантните правила, изработка на стратегии за обезбедување радиодифузни услуги, подготовка на нацрт и одобрување на закон, правилници и други подзаконски акти со кои се уредува радиодифузијата на аудиовизуелни услуги, дефинирање надоместоци за лиценци, подготовка и издавање упатства за јавните радиодифузери во врска со исполнувањето на нивните обврски, утврдување критериуми и регулаторни мерки за заедничка употреба на трансмисионата инфраструктура на јавните радиодифузери, решавање спорови помеѓу давателите на аудио и аудиовизуелни радиодифузни услуги, вклучително и спорови со јавните радиодифузери, соработка со министерството за изработка на нацрт Национален план на фреквенции, соработка со други тела за исполнување на обврските утврдени со овој закон. Дополнително, AMA прибира, управува со и објавува информации за аудиовизуелниот медиумски сектор, го следи развојот на аудиовизуелните медиумски активности на меѓународно ниво, организира, поддржува и промовира истражувања за прашања поврзани со аудиовизуелните медиуми, соработува со други тела, вклучително и со претставничките тела во рамките на аудиовизуелниот медиумски сектор, за да ги поддржи активностите за обука во аудиовизуелниот медиумски сектор, соработува со своите колеги во други земји, иницира, охрабрува и надгледува истражувања и сродни активности поврзани со улогата на медиумите, што вклучува и соработка со радиодифузерите и другите субјекти од областа, и ги следи сите емитувани програми. Жалбената постапка опфаќа процедура во рамките на AMA и Советот на жалби на AMA, но жалби по случаите може да се поднесат и пред Суд.

Веб страница: www.ama.gov.al.

Сите одлуки на AMA се објавуваат. На почетокот од секоја година AMA поднесува извештај за годишните активности до Комитетот за образование и јавни информативни медиуми и до Собранието.

2. Законска регулатива со која се уредува заштитата на малолетните лица

(1) Закон 97/2013 за аудиовизуелни медиуми во Република Албанија (изменет Закон бр. 97/2013)

Член 4, став 1, б)

Аудиовизуелното емитување недвосмислено го почитува правото да се биде информиран, правото на политички и верски убедувања, личноста, достоинството и другите основни човекови права и слободи. Оваа дејност особено ги почитува правата, интересите и моралните и законските барања за заштита на малолетниците.

Член 7, а)

Директната продажба и продажбата на алкохолни пијалаци мора да ги исполнуваат следниве услови:

а) не треба да се обраќаат на малолетните лица или да прикажуваат малолетни лица како ги консумираат овие пијалаци;

Член 20.2

Целта на работата на Советот за жалби е да го надгледува спроведувањето на кодексот за радиодифузија и прописите што ги има донесено АМА, што особено го уредуваат почитувањето на достоинството и другите основни човекови права, особено заштитата на малолетните лица, правото на информирање и свеста за јавното мислење во врска со почитувањето на моралните и етичките норми во програмите на давателите на аудиовизуелни услуги.

Член 33, точка д)

Даватели на медиумски услуги не смеат да пренесуваат порнографски програми без да обезбедат заштита на малолетните лица со опрема за условен пристап и родителска контрола.

Член 43.4

При емитувањето програми за малолетни лица може да има прекини за рекламни спотови или директни продажби најмногу на секои 30 минути, ако програмата трае подолго од 30 минути.

Дополнително, АМА ја темели својата работа врз основа на претходно спомнатиот Закон и правилници, што ги одобрува, каков што е Правилникот „за аудио и/ или аудиовизуелни комуникации со комерцијална природа, формат, услови и дозволено дневно време за емитување на реклами". Сите овие законски и подзаконски акти особено се фокусираат на заштитата на децата и ја третираат како приоритет.

б) Кодекс за радиодифузија

Дел 1

Основни принципи

1.4 Во аудиовизуелните радиодифузни активности мора особено да се почитуваат правата и најдобриот интерес на детето, како и моралните и законските барања за заштита на правата на децата.

1.13 Аудиовизуелните емитувања што содржат порнографски елементи или екстремно насилство мора да подлежат на посебни правила од систем за контрола, каков што е системот за условен пристап или шифрирано емитување. Никаква порнографска содржина не смее да биде емитувана во текот на временските периоди за детски програми.
1.16 Аудиовизуелните емитувања треба да ги промовираат и заштитат благосостојбата и здравјето на децата и нивниот хармоничен морален и физички развој. Принципот на заштита врз основа на најдобриот интерес на децата мора да биде на прво место при носење на сите одлуки поврзани со емитувањето, програмските содржини, учеството или информациите поврзани со децата во аудио и аудиовизуелните медиуми.

Дел 4
Емитување на информативни програми

4.10 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да посветат особено внимание на почитувањето на правата на детето кога известуваат за случаи на деца жртви или сторители на насилни дела, малтретирање, сексуално насилство, сериозни кривични дела итн.
4.11 На давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не треба да им се дозволи да емитуваат програми кои прикажуваат или пренесуваат пораки и ги принудуваат децата на насилно или порнографско однесување, да учествуваат во конфликт итн.

Дел 5
Децата во емитувањето аудиовизуелни содржини
Идентификација на децата

5.1 Секое известување или емитување што води директно или индиректно до визуелна или гласовна идентификацијата на кое било дете што може да е жртва, сведок, лице под истрага, обвинето или за кое е докажано дека е виновно за кривично дело, со објавување на неговите општи податоци, адреса или каков било опис на детето, е забрането во аудиовизуелните медиумски услуги, освен во случаи од јавен интерес.
5.2 Секое известување или емитување што води директно или индиректно до идентификација на кое било дете што може да е или било вклучено во сериозен случај од областа на семејното право треба да се избегне. Интервјуирање на дете кое може да е вклучено во тешка ситуација каква што е бегство на деца, деца кои направиле обиди за самоубиство, деца експлоатирани од криминални групи и деца кои биле дел од мрежата на проституција или деца со осудени родители, е забрането.
5.3 Во случаите предвидени во точките 5.1 и 5.2 погоре треба да се користи соодветна технологија со која се прикрива идентитетот на детето во видео или аудио содржина.
5.4 Податоци за дете што се објавуваат во медиумите не треба да содржат: идентитетот и иницијалите на детето; идентитетот на родителите или на роднина со што се овозможува идентификација на детето; околности и детали за настанот со кои се овозможува идентификација на детето, се повредува неговото достоинство и не е во јавен интерес; името на градинката, училиштето или установата доколку злоупотребата или кривичното дело не биле извршени во просториите на таа институција; името на сторителот во сродство со жртвата.
5.5 Предупредување е задолжително и кога се работи за известување и емитување од трета

возрасна страна(и) што може да доведе до директна или индиректна идентификација на детето, во согласност со точките 5.1 и 5.2 погоре.
5.6 Слики или фотографии од децата не треба да се прават без знаење. За да бидат направени потребна е согласност или дозвола од родител или старател на детето, откако добил информација за нивната намена и начин на користење.
5.7 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да избегнуваат емитување деградирачки слики на деца, а наместо тоа треба да стимулираат емитување позитивни слики на деца.
5.8 На давателите на аудиовизуелните медиумски услуги им е забрането да емитуваат сексуално сугестивни прикази од деца или да го прикажуваат детето во несоодветни позиции. Исто така, треба да избегнуваат емитување на слики на деца во ситуации или простории што пренесуваат оцрнувачки пораки и го прават детето препознатливо.
5.9 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да донесат строги правила за архивирање и ширење на детски материјал и снимки, и за ограничување и спречување на можноста за злоупотреба на таквите материјали.

Интервјуирање деца

5.10 Детето треба да биде интервјуирано во присуство на неговиот законски застапник или друго лице назначено од него.
5.11 Детето и неговиот законски застапник треба претходно да бидат информирани за целта на интервјуто и за неговата можна употреба. Треба да се почитува правото на детето и на неговиот законски застапник да одбијат да биде интервјуирано.
5.12 Ако законскиот застапник одбие детето да даде интервју, тогаш интервјуто може да се спроведе само доколку детето инсистира да го стори тоа и ако расудувањето на новинарот дека интервјуто ќе биде во интерес на детето е конкретно засновано. Во таков случај, новинарот не смее да го води интервјуто само со детето, туку мора да побара присуство на психолог, работник за заштита на правата на децата, наставник, воспитувач итн.
5.13 Новинарот во никој случај не смее да врши притисок, да му ветува, ниту да му дава подароци на детето или на неговиот законски застапник за да го добие интервјуто.
5.14 Кога е потребно, новинарот мора да побара помош од специјализиран психолог или социјален работник додека го интервјуира детето.
5.15 Интервјуто треба да се спроведе во соодветни простории, така што детето ќе се чувствува слободно и не под притисок. Треба да се избегнуваат долги интервјуа и снимања што се заморни и имаат негативно влијание врз детето, како и повторување на интервјуто и снимањето со истото дете без никаква разумна причина.
5.16 Прашањата треба да бидат јасни и директни и не треба да бидат сугестивни.
5.17 Треба да се избегнуваат прашања или прејудицирање на коментари што се опасни за детето и што го потсетуваат на трауматични настани.
5.18 Доколку новинарот стане свесен за време на интервјуто за кривично дело сторено против детето или што го загрозува детето, тој веднаш треба да ги информира надлежните органи.
5.19 Доколку новинарот стане свесен за време на интервјуто за факти чие објавување би можело да го загрози животот, здравјето, образованието или физичката, емоционалната и моралната благосостојба на детето, целото интервју или конкретен дел од него не треба да се емитува.

5.20 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да избегнуваат интервјуирање и емитување на интервјуа со деца жртви на сексуална злоупотреба или која било друга форма на злоупотреба, освен кога емитувањето на интервјуто е во најдобар интерес на детето и во јавен интерес.

Децата и комерцијалните комуникации

5.21 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не треба да емитуваат реклами што може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на децата. Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не треба да емитуваат реклами на услуги и производи што претставуваат закана за физичкиот, менталниот и моралниот развој на децата.
5.22 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не треба да емитуваат во текот на детските програми реклами за специјални категории храна и пијалаци што се сметаат за штетни за нив, особено такви со висока содржина на масти, шеќер, сол и сл.
5.23 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да ја контролираат содржината на рекламите и промотивните пораки на програмите, особено на реклами за и со деца, и да гарантираат дека за употребата на секое дете или слика од дете во рекламите добиле писмена согласност од родителот или законскиот старател на детето.
5.24 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да осигурат дека вклучувањето на децата во реклами не е на штета на нивното образование, здравје и физички и ментален развој.
5.25 Рекламите не треба да прикажуваат деца во насилни, опасни, агресивни или автоагресивни ситуации, ставови и дејства.
5.26 Рекламите не треба да прикажуваат деца или возрасни како пушат или консумираат алкохолни пијалаци или други штетни супстанции во присуство на деца.
5.27 Децата не треба директно да се прикажани како ги купуваат рекламираните производи, бидејќи тоа би можело да претставува злоупотреба на нивната доверба и недостаток на искуство.
5.28 Рекламирањето на услуга или производ не треба да имплицира дека некористењето на таа услуга или производ ќе го стави детето во положба на инфериорност или дискриминација во споредба со другите деца.
5.29 Рекламите за деца треба да се составени на јазик што е соодветен за способностите/капацитетите на возрасната група на која ѝ се обраќа трговецот.

Културни и забавни програмски содржини, филмови и деца

5.30 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми што може сериозно да му наштетат на физичкиот, менталниот или моралниот развој на децата, особено филмовите или програмите што содржат порнографија или прикажуваат екстремни и непотребни сцени на насилство.
5.31 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да бидат внимателни во поглед на чувствителноста на јавноста и влијанието на ваквите програми врз моралниот, менталниот и физичкиот развој на децата кога емитуваат културни и забавни програми, особено во врска со описот на насилното и сексуалното однесување.
5.32 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да доделат соодветни временски термини за одредени културни и забавни програми за деца.

5.33 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба ригорозно да ги почитуваат етичките и моралните барања и да ги заштитат детските права во културните и забавните програми за децата.
5.34 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да доделат определен временски период за програми што може да му нанесат штета на менталниот, физичкиот или моралниот развој на децата или да преземат други технички мерки за да ги ограничат децата да гледаат или да слушаат такви емисии (соодветен временски интервал од 22:00 до 6:00 ч.).
5.35 Кога програмите со содржина што може да им нанесе штета на децата слободно се емитуваат, треба да им претходи звучно предупредување или треба да се идентификуваат со визуелен знак во текот на времето на емитување.
5.36 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да го земат предвид нивото на штета од емитувањето каква било содржина штетна за децата, во општи или конкретни програми за природата.
5.37 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба исто така да ги земат предвид барањата на децата во поглед на квантитетот и квалитетот на емитуваните аудиовизуелни содржини за да се избегне зависноста на децата од телевизијата и имитирањето на телевизиските модели.
5.38 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да ги третираат сите деца што учествуваат во аудиовизуелни програми со почит, достоинство и професионалност.
5.39 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да се воздржат од вклучување на деца со патолошки проблеми или хендикеп во своите програми за пропагандни цели или која било друга цел што ги крши нивните права.
5.40 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се обврзани да ги прикажуваат предупредувачките ознаки за заштита на децата за секоја емитувана програма, особено за време на филмови и програми со проблематична содржина и сцени.
5.41 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да посветат посебно внимание на јазичните и етичките практики на комуникација во забавни програми и емисии, изработени со и за деца.
5.42 Во случај на аудиовизуелни медиумски услуги на барање, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да ги емитуваат програмите што можат сериозно да му нанесат штета на физичкиот, менталниот и моралниот развој на децата во шифрирана форма. Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не треба да емитуваат порнографски програми без да обезбедат заштита на децата преку условен пристап и уреди за родителска контрола.

Ознаки со предупредување за заштита на децата од аудиовизуелни програмски содржини

5.44 Ознаки за предупредување за програми што ги повредуваат или им нанесуваат штета на децата се задолжителни за програми што се емитуваат во терминот од 19:00 часот до 22:00 часот.
5.45 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да ги емитуваат програмите наведени во точка 5.41 погоре со соодветен знак за предупредување, кој треба да биде прикажан на видлив дел од екранот, во јасна и препознатлива боја.
5.46 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да го подготват емитувањето на филмовите или програмските содржини наведени во параграф 5.41, заедно со релевантниот знак (кога програмата не го вклучува), врз основа на прелиминарниот преглед на програмата, во

согласност со барањата, стандардите и правилата од Законот за радиодифузија.

5.47 Предупредувачкиот знак треба да биде прикажан на екранот од самиот почеток на филмот или програмата во текот на неговото прикажување. Знакот за предупредување ќе се емитува пред и по сите прекини на емитувањето, до крајот на програмската содржина.

5.48 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да користат три типа ознаки за предупредување:

А. Ознака за предупредување во црвена боја за содржини што треба да се емитуваат само по 22:00 часот, содржат сцени со тешко психолошко и физичко насилство, секс и употреба на несоодветен јазик, лексика и комуникациска етика.

Б. Ознака за предупредување во портокалова боја за содржина што децата мора да ја следат во придружба од возрасни.

В. Ознака за предупредување во зелена боја за содржина погодна за сите возрасти, вклучувајќи ги и децата.

5.49 Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги може да користат разни графички форми на претставување на овие ознаки за предупредување, каква што е категоризацијата на возрасната група, под услов бојата и јасноста на предупредувачката ознака да останат непроменети и да се обврзувачки за сите.

Дел 7

Реклами во емитувањето аудиовизуелни содржини

7.4 Рекламите не треба да ги охрабруваат или да ги поттикнуваат децата да купуваат или да добиваат производи или услуги, директно да ги поттикнуваат да побараат од родителите или други роднини да ги купат рекламираните производи или услуги за нив или да ја искористат положбата на детето во однос на родителите, наставниците или други роднини.

ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

1. Национално регулаторно тело, мандат и надлежности

Националното регулаторно тело на Босна и Херцеговина е Регулаторната агенција за комуникации на Босна и Херцеговина (РАК), формирана со Законот за комуникации. Регулаторната агенција за комуникации е повеќесекторска и ги регулира радиодифузијата, телекомуникациите и спектарот на фреквенции. Надлежностите на РАК се: развивање и унапредување на правилата во секторите телекомуникации и радиодифузија; соработка за развој на сите стратешки правила и одлуки во врска со овој сектор, лиценцирање на оператори во радиодифузниот и телекомуникацискиот сектор; планирање, управување и распределба на фреквентниот спектар; имплементација на технички и други стандарди поврзани со квалитетот; воспоставување и наплаќање такси за лиценци и тарифи; изрекување санкции за прекршување на релевантните правила. Може да ги изрече следниве санкции: усни и писмени предупредувања, финансиски парични казни, суспензија и одземање на лиценца. РАК се состои од сектори и одделенија и со неа раководи генерален директор чии одлуки се првостепени. Советот на РАК е второстепено тело на одлучување за сите одлуки на агенцијата. Постапка по управен спор може да се поведе пред Судот на Босна и Херцеговина. За случаите поврзани со ЕСЧП постапка може да се поведе пред Уставниот суд на Босна и Херцеговина.

Веб-страница: www.rak.ba.

РАК работи на техничките предуслови за објавување на сите одлуки, но засега во врска со нивните одлуки за програмските содржини се објавуваат месечни соопштенија за печат. Исто така, РАК започна да ја информира јавноста за отворените случаи на потенцијални прекршувања во одредени случаи, особено оние за кои се смета дека се од јавен интерес. РАК подготвува годишни извештаи, како и редовни извештаи за своите одлуки во кои се вклучени и трендовите за прекршувањата, што ги објавува на својата веб страница.

2. Законска регулатива со која се уредува заштитата на малолетните лица

(1) Кривичен законик на Босна и Херцеговина

Член 1

Основни термини

(13) Дете, согласно овој закон, е лице што не наполнило четиринаесет години.
(14) Малолетник, согласно овој закон, е лице што не наполнило осумнаесет години.

(2) Закон за кривична постапка на Босна и Херцеговина

Главна расправа

Член 235

Исклучување на јавноста

Од отворањето на седницата до завршувањето на главната расправа, судиите или советот може во секое време по службена должност или по предлог на странките и бранителот, но секогаш по нивното сослушување, да ја исклучат јавноста за целото судење или за дел од него, ако тоа е во интерес на државната безбедност или ако е неопходно за зачувување на државни, воени, службени или важни деловни тајни, заштита на јавниот ред и мир, заштита на моралот во демократското општество, заштита на личниот и интимниот живот на обвинетиот или оштетениот или заштита на интересите на малолетникот или сведокот.

Член 349

Објавување на текот на кривичната постапка

(1) Не смее јавно да се објави ниту текот на кривичната постапка што се води против малолетно лице, ниту пак одлуката што ќе се донесе во таква постапка.

(2) Може да се објави полноважна одлука на судот, но без да се наведат личните податоци на малолетното лице кои може да бидат основа за идентификување на малолетното лице.

Постапка во прва инстанца

Член 365

Исклучување на јавноста

(1) Кога се суди на малолетник, јавноста е секогаш исклучена.

(2) Судијата за малолетници може да дозволи присуство на главната расправа на лица што се професионално засегнати со добросостојбата и развојот на малолетниците или со сузбивање на малолетничкиот криминал, како и на научници.

(3) На главната расправа судијата за малолетници може да наложи расправата да ја напуштат сите или некои лица, освен обвинителот, адвокатот на одбраната и претставникот на органот за старателство на малолетници.

(4) За време на изведување на поединечните докази и говорите на странките, судијата за малолетници може да нареди малолетното лице да ја напушти расправата.

(3) Закон за семејство на Федерацијата Босна и Херцеговина

Член 124

3) Детето има право на заштита од незаконско мешање во неговата приватност и семејство.

(4) Закон за комуникации на Босна и Херцеговина

Член 3

Надлежности на институциите на Босна и Херцеговина во областа на комуникациите

4. Советот на министри и Агенцијата согласно поединечните надлежности дефинирани со овој закон

ги преземаат сите разумни мерки за постигнување на следниве цели:

г) Заштита на авторските права и другите права од интелектуална сопственост, како и на личните податоци и приватноста.

Член 37

Должности на Агенцијата

1. Согласно одредбите од овој закон, должности на Агенцијата се:

2. Да носи правила во врска со радиодифузијата и телекомуникациите, и да го обезбеди нивното почитување;

ПРАВИЛНИЦИ НА РЕГУЛАТОРНАТА АГЕНЦИЈА НА БиХ

1. Кодекс за аудиовизуелни медиумски услуги и медиумски услуги на радио

Член 2

(Дефиниции)

1. Малолетник е лице што е на возраст под 18 години.

- **Младо полнолетно лице е лице** на возраст помеѓу 18 и 21 година;
- **Реалити-програма** е телевизиски жанр, вообичаено без детално разработено сценарио, што го прикажува животот на група учесници во изолиран простор кој е постојано во дофатот на видео камерата и на микрофонот, коишто се натпреваруваат да победат и да ја освојат наградата;
- **Псевдореалити-програма** е програма која прикажува одредени автентични или фиктивни животни ситуации, и се фокусира на драматизација и конфликти според сценарио, на пр. на реконструкција на настани кои може да вклучуваат, но не се ограничени на, брачна измама, кривични дела, тешки животни ситуации;

Член 8

(Насилство и друго штетно однесување)

а) Емитувањето сцени на насилство и последици од насилството, насилно однесување и звучни или визуелни описи на насилство мора да е оправдано од контекстот и не смеат да бидат пренагласени во содржината на давателот на медиумски услуги.

б) Програмската содржина на давателот на медиумски услуги не смее, земајќи го предвид контекстот, да поттикнува, охрабрува или глорифицира насилство, асоцијално однесување, однесување кое е штетно за здравјето или безбедноста, а особено ако јавноста се охрабрува да го имитира таквото однесување.

в) Кога се прикажува реконструкција на кривични дела, насилство и друго штетно однесување, давателот на медиумски услуги е должен да обезбеди прикажување на визуелно предупредување во текот на целото времетраење на таквата содржина со што ќе укаже дека содржината е реконструкција.

г) Злоупотребата на алкохол и опојни дроги на ниеден начин нема да биде претставена како прифатливо однесување, ниту пак ќе биде охрабрена или оправдана во содржината на давателот на медиумски услуги.

Член 9
(Предупредувања за публиката)

Аудиовизуелни и радио програми, како и прилози во информативно-политички програми за тековни настани, кои може да ја вознемират публиката (на пример, сцени од насилство, штетни ефекти или природни катастрофи, слики на жртви на несреќа, сцени по несреќа и сл.), мора да се соопштат со соодветно предупредување.

Член 10
(Реалити-програми и псеудореалити-програми)

Реалити-програмите и псеудореалити-програмите се емитуваат само во периодот помеѓу 24:00 и 6:00 часот. Ова ограничување не се однесува на содржината што се прикажува со техничка заштита, ниту на аудиовизуелни медиумски услуги на барање.

Член 12
(Паранормални и парапсихолошки појави)

(2) Сите содржини со кои се промовираат паранормални и парапсихолошки феномени и слични феномени како начин на решавање на здравствени и други животни проблеми, особено оние во кои се даваат индивидуални совети на публиката, се емитуваат само помеѓу 24:00 и 6:00 часот. Ова ограничување не се однесува на содржината која се прикажува со техничка заштита, ниту на аудиовизуелни медиумски услуги на барање.

Член 17
(Заштита на приватноста)

а) Секое кршење на приватноста мора да се оправда со докажан јавен интерес, особено кога станува збор за малолетни лица и лица што не се на јавни функции и на друг начин не се изложени пред јавноста. Објавување на фактите во врска со приватниот живот на поединецот, без нивно знаење и согласност, е можно само во случај на јавен интерес.

…

(6) Идентитетот и личните податоци на малолетните лица, како и деталите за нивниот приватен живот и семејни односи нема да бидат откриени во случаите кога откривањето на таквите информации може да доведе до загрозување на благосостојбата и достоинството на малолетникот.
(7) Малолетните и ранливите лица кои не се во состојба да се грижат за себе, нема да бидат прашувани без писмена согласност на родителите, старателите или други лица што се одговорни за нив пред законот. Содржината што ја открива нивната тешка состојба, а чија примарна цел е да ја анимира јавноста за да обезбеди помош, јасно мора да го посочува начинот на кој може да се обезбеди помошта. Нивниот идентитет и личните податоци не смее да бидат откриени во случаи кога постои основано сомневање дека објавувањето на оваа информација би можело да ја загрози нивната благосостојба и достоинство.

Член 19

(Аудиовизуелни и медиумски содржини на радио наменети за малолетни лица)

а) Кај содржина што е првенствено наменета за малолетни лица не смее да се прикажува употреба на тутун и производи од тутун, алкохол и опојни дроги, освен кога се укажува на нивната штетност.

(2) Содржините што се првенствено наменети за малолетни лица нема да емитуваат никаков облик на насилство или опасно однесување што малолетниците лесно може да го имитираат, освен кога се укажува на неговата штетност.

Член 20

(Учество на малолетни лица во аудиовизуелни и медиумски содржини на радио)

(1) Забранета е секаква злоупотреба на малолетните лица во содржините на давателите на медиумски услуги.

(2) Секое учество на малолетно лице во програмска содржина зависи од претходна согласност на родителите, старателите или другите лица што се одговорни за малолетникот пред законот. Оваа одредба не се однесува на случаи кога малолетниците се исклучиво публика која не учествува директно во содржината на програмата, во снимени материјали што служат како илустрација и што не го загрозуваат достоинството на малолетниците, како колективни снимки од почетокот на училишната година, снимки на малолетниците како минувачи и сл.

(3) Наградите што се даваат на малолетни лица мора да се соодветни за нивната возраст.

(4) Директното учество на малолетни лица во програмска содржина на никој начин не смее да предизвика вознемиреност или страв, ниту да нанесе штета на нивниот физички, ментален и емоционален развој и достоинство, без оглед дали самиот малолетник или неговиот родител или старател или друго законски одговорно лице дало согласност.

(5) Давателот на медиумски услуги не смее да ги прашува малолетните лица за приватни семејни прашања, ниту за теми што може да не ги разбираат.

(6) Забрането е користење малолетни лица за политички цели.

Член 21

(Известување за кривични дела/постапки во кои учествуваат малолетници лица)

а) Името и другите информации што го откриваат идентитетот на малолетниците вклучени во кривични дела/постапки не смее да се емитуваат во текот на која било фаза од постапката. Во случаите кога се применуваат законски забрани или ограничувања за откривање на идентитетот на малолетните лица, давателот на медиумски услуги посебно мора да посвети внимание да не емитува информации што би можеле да откријат или да укажат на трага што би можела да доведе до идентификација на малолетници кои би можеле да бидат вклучени како жртви, сведоци, осомничени или на друг начин се вклучени во истрагата или судската постапка во врска со кривично дело. Исто така, посебно внимание мора да се посвети на емитувањето информации кои, во комбинација со информации достапни на друго место, би можеле да доведат до откривање на идентитетот на малолетник.

б) Информациите за текот на кривичната постапка против малолетно лице и одлуките донесени во процесот не смее да се емитуваат, ниту пак смее да се направат аудио или видео записи од овие постапки.

в) Може да се емитува правосилна судска одлука во случај на малолетно или младо полнолетно лице, но без да се даваат лични информации или информации што може да помогнат во утврдувањето на идентитетот на лицето. Горенаведеното важи и во случај на кривични дела извршени врз малолетни лица, како и во случаи кога малолетните лица се сведоци.

г) Во случај на откривање на информации во врска со кривични дела/постапки, давателот на медиумски услуги мора да посвети посебно внимание на ранливата положба на малолетникот кој е вклучен во случајот како жртва или сведок. Ова е особено важи за емитување на имиња, домашни адреси, фотографии или видео снимки на засегнатото лице, училиштето или работното место на малолетникот.

д) Посебно внимание мора да се посвети на заштитата на идентитетот на малолетните лица што се на каков било начин вклучени во сексуални напади. Во сите вакви случаи, информациите за идентитетот може да се емитуваат само по претходно одобрување од надлежниот орган.

Член 22

(Обврски за заштита на малолетните лица и категоризација на содржината)

- Давателите на медиумски услуги ќе обезбедат заштита на малолетниците од потенцијално несоодветни и штетни содржини.
- Давателите на медиумски услуги се одговорни за категоризација на целата содржина.
- Давателите на медиумски услуги, кога категоризираат содржини, треба да обрнат внимание на можните етички и други социјални последици од емитувањето на таквите содржини и треба да го земат предвид следново:

а) дали насилството, последиците од насилство или однесувањата што лесно може да се имитираат и може да бидат штетни по здравјето и безбедноста на луѓето, се претставуваат позитивно и се прикажуваат како општествено прифатливи или се сугерираат како начин за решавање на конфликти/проблеми;

б) дали малолетните лица се претставени како предмет/жртви на насилство;

в) степенот на реализам во прикажувањето насилни сцени, последици од насилство или однесување што може лесно да се имитираат и кои можат да бидат штетни по здравјето и безбедноста на луѓето;

г) степенот на реализам во прикажувањето насилни сцени, последиците од насилство или однесувања коишто може лесно да се имитираат и кои можат да бидат штетни по здравјето и безбедноста на луѓето;

д) дали се емитува однесување што го навредува човековото достоинство;

ѓ) зачестеноста и времетраењето на крупни планови и/или на детални вербални, графички и/или текстуални описи на бруталност и на вулгарност;

е) придружни естетски ефекти (музика, маски, шминка итн.) кои можат да ја вознемират или да предизвикаат страв кај јавноста;

ж) контекстот и/или програмскиот жанр во кој се појавува содржината.

Член 23

(Содржина што би можела да нанесе сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица)

- Содржина што би можела да нанесе сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот

развој на малолетните лица не смее да се емитува во аудиовизуелни и програми на радио. Таквата содржина вклучува, но не е ограничена на прикази на брутално и екстремно насилство што не може да се оправда од аспект на контекст, порнографска содржина со елементи на насилство или екстремни сексуални фетиши или слично.

- Содржината од ставот (1) на овој член може да се емитува во медиумски услуги на барање со техничка заштита и ако е разделена од другата содржина како посебен дел од каталогот.

Член 24

(Содржина што е веројатно дека ќе нанесе штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетни лица)

1. Давателите на медиумски услуги мора да обезбедат заштита на малолетните лица од содржина што е веројатно дека ќе нанесе штета на нивниот физички, ментален или морален развој со техничка заштита или со закажани термини и категоризација на содржината. Таквата содржина вклучува, но не е ограничена на сцени на грубо насилство, секс, недоличен јазик и сцени, или сцени со злоупотреба на алкохол и опојни дроги. Оваа обврска не се однесува на вести и на програми за политички и тековни работи, кои подлежат на член 9 од овој закон.
2. Забрането е прикажување на порнографска содржина без техничка заштита. Покрај тоа, кај медиумските услуги на барање, порнографските содржини се разделуваат од другата содржина како посебен дел од каталогот.

Член 25

(Закажување термини и категоризација на содржини заради заштита на малолетните лица)

(1) Содржината што е веројатно дека ќе нанесе штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетни лица, емитувана без техничка заштита, мора да е означена со соодветна графичка идентификација која ќе биде јасно видлива на екранот за целото нејзино времетраење.
(2) Графичката идентификација се однесува на следните категории содржина и се применува на следниов начин:

а) Категорија 12+: содржина што не е соодветна за малолетни лица помлади од 12 години се емитува помеѓу 20:00 и 06:00 часот, и опфаќа, но не е ограничена на:

- содржина што понекогаш прикажува сцени на насилство и последици од насилството, без да ги прикаже деталните сцени од истите и за кои има силно уредувачко/уметничко оправдување;
- содржина што прикажува природна голотија без сексуален контекст, и сцени на сексуални активности што се кратки и претставени на дискретен начин;
- содржина во која повремено се претставени благи вулгарности, оправдани со контекст.

б) Категорија 16+: содржина што не е соодветна за малолетни лица помлади од 16 години се емитува помеѓу 22:00 и 06:00 часот, и опфаќа, но не е ограничена на:

- содржина во која повремено се прикажуваат сцени на умерено насилство и последици од насилство, како и детален приказ на повреди, сериозни рани и крв, особено ако таквото насилство е претставено како прифатливо и лесно може да се имитира;
- содржина во која се прикажува голотија и сексуални дела без експлицитно прикажување на сексуални органи и сексуални односи, кои се оправдани со контекст и чија примарна цел не е да се

постигне сексуална возбуда или стимулација на публиката;

- умерена употреба на несоодветен јазик со шеги и изрази наменети да провоцираат и вознемируваат, и умерена употреба на прост јазик и клетви.

в) Категорија 18+: содржина што не е соодветна за малолетни лица помлади од 18 години се емитува помеѓу 24:00 и 6:00 часот, и опфаќа, но не е ограничена на:

- прикази на сериозно насилство и сериозни и застрашувачки последици од насилството и експлицитно прикажување на сцени на сексуално насилство;
- детални прикази на сексуални активности во содржина чија примарна намера не е да создаде сексуална возбуда или стимулација на публиката;
- содржина чија примарна намера е да создаде сексуално возбудување или стимулација на публиката и што прикажува голотија во заводливи, провокативни сексуални позиции без експлицитно прикажување на сексуалните органи при сексуален однос;
- содржина во која често се користат остри пцости и вулгарни изрази.

(3) Содржина што не содржи елементи што може да предизвикаат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица може да се емитува без временско ограничување и нема графичка идентификација на категоризацијата.

(4) Содржината од ставот (2) на овој член може да се емитува без временско ограничување во медиумските услуги на барање, со обврска за поставување графичка идентификација на категоризацијата во каталогот на понудената содржина. Исклучок е содржината што спаѓа во категоријата 18+, која може да се емитува без временско ограничување само со техничка заштита. Инаку, оваа содржина се емитува помеѓу 24:00 и 6:00 часот.

(5) Соопштенијата за содржината од ставот (2) на овој член не смее да содржат описи и сцени што може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица. Таквите соопштенија за содржина имаат графичка идентификација со која се одредува категоријата на која припаѓа таквата содржина.

(6) Овој член се применува на содржината на медиумски услуги на радио, под услов категоризирањето на содржината да се врши со соодветно аудио предупредување на почетокот и по секоја пауза во таквата содржина.

б) Закон за комерцијални комуникации

Член 3
(Општи принципи на комерцијалните комуникации)

(12) Комерцијалните комуникации кои директно или индиректно се однесуваат на еротска содржина или порнографија (жешки линии, рекламирање и теле-продажба на порнографски списанија, филмови итн.) може да се емитуваат само во периодот од 24:00 до 6:00 часот. Ова ограничување не се однесува на содржината што се прикажува со техничка заштита, ниту на медиумските услуги на барање.

(13) Комерцијалните комуникации што на некој начин ги промовираат паранормалните феномени и парапсихологијата или кои било други поврзани услуги може да се емитуваат само во периодот помеѓу 24:00 часот и 6:00 часот. Ова ограничување не се однесува на содржината што се прикажува со техничка заштита, ниту на медиумските услуги на барање.

Член 5
(Комерцијални комуникации за одредени производи и услуги)

(2) Комерцијалните комуникации што се поврзани со сите видови алкохолни пијалаци не смее:

в) да бидат насочени конкретно кон малолетни лица, а лицата што се појавуваат во комерцијални комуникации поврзани со консумирање на алкохолни пијалаци не смее да бидат малолетници ниту да изгледаат како малолетни лица;

г) да го поврзуваат консумирањето на алкохол со подобрени физички способности или возење на моторно возило;

д) да тврдат дека алкохолот има лековити својства, дека тоа е стимулатор, седатив или средство за решавање на лични проблеми;

е) да поттикнуваат нивно неумерено консумирање или да ја претставуваат апстиненцијата или умереноста во негативно светло;

ж) да го нагласуваат високиот процент алкохол како позитивен квалитет на алкохолните пијалаци.

з) да создаваат впечаток дека консумирањето алкохол придонесува кон општествен или сексуален успех;

Член 6
(Комерцијалните комуникации и малолетните лица)

(1) Забранети се комерцијални комуникации што поттикнуваат однесување кое може да нанесе штета на здравствениот, менталниот и/или моралниот развој на малолетните лица.

(2) Комерцијалните комуникации што се насочени кон или ги претставуваат малолетните лица треба да избегнуваат сè што може да им наштети на нивните интереси и треба да земат предвид на што посебно се подложни и чувствителни.

(3) Комерцијални комуникации наменети за малолетни лица не смее:

1. да содржат лажни информации за производ или услуга, особено во поглед на неговата вистинска големина, вредност, природа, издржливост, брзина, боја и други карактеристики;
2. покрај информациите за цената, да содржат суд за вредноста, а особено фрази како „само“, „само за“, „бесрамно евтино“, „прифатливо“ итн.;
3. да препорачуваат производ или услуга што не е соодветна за малолетни лица;
4. да препорачуваат лекови, медицински третмани, медицински помагала и уреди, како и медицински установи, средства за регулирање на телесната тежина, уреди за палење, запаливи и други опасни супстанции, да пренесуваат верски пораки и да содржат еротска содржина;
5. да прикажуваат малолетно лице во опасни ситуации, како на пример како се качува на необезбедени предмети, влегува во непознати простори, разговара со непознати лица, користи кибрит, запалки, бензин, лекови и електрични апарати за домаќинство итн., освен кога таквите комерцијални комуникации служат за укажување на опасност по здравјето и безбедноста на малолетните лица;
6. прикажуваат насилство, вклучително и сцени на насилство меѓу анимирани ликови, кукли, итн;
7. да укажуваат на тоа дека употребата на одредени производи или услуги може да резултира со подобрени физички, интелектуални или други социјални вештини;
8. да содржат пораки што директно ги охрабруваат малолетните лица да купат или изнајмат

производ или услуга користејќи го нивното неискуство или лековерност;

9. директно да ги охрабруваат малолетните лица да ги убедуваат родителите или другите лица да ги купуваат стоките или услугите што се рекламираат;

10. да ја искористуваат довербата што ја имаат малолетните лица кај своите родители, старатели или други лица одговорни за нив пред законот, наставници или други лица;

11. да сугерираат социјална дискриминација врз основа на физички изглед, други естетски категории или успех врз основа на губење на тежината.

(4) Доколку комерцијалните комуникации прикажуваат резултат како цртеж, изработка, монтажа и моделирање, способноста за постигнување на тој резултат треба да соодветствува со просечната способност на малолетните лица за кои се наменети комерцијалните комуникации. Во таквите комерцијални комуникации мора да се забележи возраста на малолетните лица за кои се наменети.

Член 8

(Термини за телевизиски реклами и теле- продажба)

5) Вестите и детските програми не смее да бидат прекинати со телевизиски реклами и/или телешопинг, ако нивното планирано времетраење е триесет (30) минути или покусо. Кога планираното времетраење на таквите програми е подолго од 30 минути, се применуваат одредбите од ставот (4) на овој член. За време на верските служби не смее да се вметнуваат телевизиски реклами или телешопинг.

(6) Рекламирањето алкохолни пијалаци, пиво, лекови, медицински третмани, медицински помагала и уреди, како и додатоци во исхраната, медицински установи, средства за регулирање телесна тежина, уреди за палење, запаливи и други опасни материи, верски пораки и игри на среќа не смее да се емитуваат 15 минути пред, за време на и 15 минути по детската програма.

Член 12

(Термини за реклами и теле- продажба во радио програми)

(4) Рекламирањето на алкохолни пијалаци, пиво, лекови, медицински третмани, медицински помагала и уреди, како и додатоци во исхраната, медицински установи, средства за регулирање телесна тежина, уреди за палење, запаливи и други опасни материи, верски пораки и игри на среќа не смее да се емитува 15 минути пред, за време на и 15 минути по детската програма.

Член 18

(Општи принципи за пласирањето производи)

(1) Пласирање производи е забрането, освен кај:

(3) кинематографски дела, филмови и серии направени за аудиовизуелни медиумски услуги и медиумски услуги на радио, спортски програми и лесни програми за забава. Ова отстапување не се применува на децата и верските програми од наведените категории;

РАК подготви Упатство за спроведување на гореспоменатите закони. Дополнително, РАК ја нарача студијата: „Влијанието на телевизиските содржини врз децата - Упатство за класификација на телевизиските содржини“, од д-р Ивана Зечевиќ, донација од: УНИЦЕФ, достапна на: www.rak.ba.

САМОРЕГУЛИРАЊЕ

Кодекс за печатени и онлајн медиуми на Босна и Херцеговина

Член 11- Заштита на децата и малолетните лица

Кога се осврнуваат на деца и малолетници, новинарите имаат обврска да бидат исклучително внимателни и да ги почитуваат етичките норми и Конвенцијата за правата на детето, тргнувајќи од интересот на детето. Новинарите се должни да го заштитат идентитетот на детето во постапки што не ја вклучуваат јавноста. Новинарите не смеат да ги прашуваат или фотографираат децата помлади од 18 години во врска со прашања поврзани со семејството на детето, во отсуство на или без согласност на родител или старател. Новинарите не смеат да ги идентификуваат децата помлади од 18 години кога тие се жртви на кривични дела. Новинарите не смеат, под никакви околности, да идентификуваат деца помлади од 18 години што се учесници во кривични предмети како сведоци, жртви или обвинети.

ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА ХРВАТСКА

1. Национално регулаторно тело, мандат и надлежности

Советот за електронски медиуми, националното регулаторно тело на Република Хрватска, раководи со Агенцијата за електронски медиуми (АЕМ) и ги извршува должностите на регулаторно тело во областа на електронските медиуми во Хрватска. Советот има седум члена, од кои еден, директорот на Агенцијата, е и претседател на Советот. Претседателот и другите членови на Советот имаат петгодишен мандат, а ги назначува хрватскиот парламент по предлог на Владата на Република Хрватска. Агенцијата за електронски медиуми сама по себе не е „конвергентен" регулатор, бидејќи ги споделува своите надлежности со ХАКОМ (Хрватска агенција за пошти и електронски комуникации) која ги распределува фреквенциите. Законот за електронските медиуми ги уредува правата, обврските и одговорностите на правните и физичките лица што обезбедуваат аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и услуги на електронски публикации преку електронски комуникациски мрежи, како и интересот на Република Хрватска во областа на електронските медиуми. Надлежностите на АЕМ опфаќаат регулирање на аудиовизуелните и аудио медиумските услуги, како и надзорот над програмите, заштитата на малолетните лица и развивањето плурализам. Дополнително, АЕМ обезбедува фер конкуренција, спроведување на постапката за доделување концесии, следење на наменското трошење на Фондот за унапредување на плурализмот и разновидноста на електронските медиуми, поттикнува и надгледува истражувања и сродни активности, промовира медиумска писменост, а има и други надлежности во согласност со членот 69 од Законот за електронски медиуми.

Веб страница: www.e-mediji.hr

2. Законска регулатива со која се уредува заштитата на малолетните лица

а) Закон за електронски медиуми

Член 16

(6) Аудиовизуелните комерцијални комуникации за алкохолни пијалаци не смеат да бидат насочени кон малолетни лица и не смеат да поттикнуваат неумерена потрошувачка на таквите пијалаци.
8) Комерцијалните аудиовизуелни комуникации не смее: - да предизвикуваат материјална или нематеријална штета на малолетни лица, - директно да ги охрабруваат малолетните лица да купуваат или да изнајмуваат производи или услуги искористувајќи го нивното неискуство и лековерност, - директно да ги поттикнуваат малолетниците да ги убедуваат родителите или други лица да ги купуваат стоките или услугите што се рекламираат, - да ја злоупотребуваат посебната доверба што малолетниците ја имаат кај родителите, наставниците или други лица, или - непотребно да ги прикажуваат малолетните лица во опасни ситуации.
(9) Согласно членот 10 од овој закон, давателите на медиумски услуги може да изработат кодекси за однесување во врска со несоодветни аудиовизуелни комерцијални комуникации, што се вклучени во или придружуваат детски програми, за храна и пијалаци што содржат хранливи материи и

супстанции со хранлив или физиолошки ефект, особено со маснотии, трансмасни киселини, сол/натриум и шеќери, од кои не се препорачуваат прекумерни дози во исхраната.

Член 20

(1) Аудиовизуелните медиумски услуги на барање што може да нанесат сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица, се достапни само на таков начин што гарантира дека малолетниците во нормални околности нема да ги слушнат или да ги гледаат таквите аудиовизуелни медиумски услуги на барање.
(2) Со одредбата од членот 26 став 4 на овој закон, Советот за електронски медиуми ги пропишува соодветните мерки за однесувањето на давателите на медиумски услуги во случај од ставот 1 на овој член.

Член 26

- Во аудиовизуелни или радио програми, се забранува:

- да се објавуваат снимки што го навредуваат човековото достоинство,
- да се објавуваат снимки што особено содржат неморална и порнографска содржина,
- на кој било начин да се охрабрат, промовираат и глорифицираат насилството и криминалот и да се охрабруваат граѓаните, особено децата и младите да користат тутунски производи, алкохол или дрога.

2) Забранети се аудиовизуелни или радио програми што може да нанесат сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми што вклучуваат порнографија или непотребно насилство.
(3) Забрането е емитување на аудиовизуелни или радио програми кои е веројатно дека ќе нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица, освен ако телевизискиот или радио дифузер обезбедиле, со избирање на времето на пренос или со каква било техничка мерка, дека малолетниците на територијата на преносот нема да ги слушнат или да ги гледаат овие емисии во нормални услови. Кога овие програми се емитуваат во некодирана форма, радиодифузерот мора да обезбеди дека на истите им претходи акустично предупредување или дека се идентификувани со присуство на визуелни симболи за време на нивното емитување.

Член 30

(1) Во рекламите и телешопингот насочени кон малолетници или со малолетни лица, мора да се избегнува сè што би можело да ги загрози нивните интереси; нивната посебна чувствителност и подложност мора да бидат земени во предвид и не смее да им биде предизвикана морална или физичка повреда.

Член 31

(4) Забрането е рекламирање и телешопинг за алкохол и алкохолни пијалаци, освен ако со Законот за храна и подзаконските акти донесени врз основа на него не е поинаку предвидено.
(5) Рекламите и телешопингот за алкохол и алкохолни пијалаци од ставот 4 на овој член мора да ги исполнуваат следниве критериуми: - не смеат конкретно да бидат насочени кон малолетници или, особено, да даваат прикази од малолетните лица како ги консумираат овие пијалаци.

б) Правилник за заштита на малолетните лица во електронските медиуми

Член 2

(1) Програмските содржини што е веројатно дека ќе нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетни лица ги опфаќаат сите видови програми со сцени што прикажуваат експлицитно физичко и/или вербално насилство, страшни сцени на смрт или ранување, секс и сексуална експлоатација, вулгарен јазик и сцени, злоупотреба на тутун, алкохол, наркотични средства, коцкање, обложување и други сцени.
(2) Програмите од став 1 нема да се сметаат за штетни ако служат за да илустрираат на соодветен и значаен начин или да ја третираат темата во образовните, формалните, документарните, научните и програмите за актуелните случувања.

Член 3

(1) Кога има информации за каква било форма на насилство во која, малолетно лице, како сведок, е вклучено како жртва или сторител, или малолетно лице се обидело да изврши или извршило самоубиство, идентитетот на малолетникот мора секогаш да биде заштитен со замаглена, квантизирана или маскирана слика и модулиран тон, така што нема да може да се препознае. Таквите информации нема да откриваат ниту детали за семејните односи, ниту пак за приватниот живот, ниту да го спомнат името, презимето или други информации што би можеле да доведат до идентификација на малолетното лице и/или да ја загрозат благосостојбата на малолетникот.
(2) Лични податоци на малолетници и детали за семејните односи, како и за приватниот живот на малолетно лице, не смее да се објавуваат во случаи кога откривањето на таквите информации може да ја загрози благосостојбата на малолетникот.
(3) Во емитуваните шоу-програми од ставот (2) на овој член, идентитетите мора да бидат заштитени како што е наведено во став 1.

Член 4

Прилози во информативна програма што може да го загрозат физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица мора да се најават со предупредување за вознемирувачки или насилни сцени.

Член 5

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее да се физички, ментално или морално штетни за малолетни лица, ниту директно да ги охрабруваат да купуваат или изнајмуваат стоки и услуги и тоа малолетниците лично или преку нивните родители или други лица во кои имаат доверба.
(2) Во програмите за малолетници што се прикажуваат во аудиовизуелни комерцијални комуникации во врска со храна и пијалаци за кои не се препорачува прекумерна употреба во општата исхрана не смеат да се користат јавни личности, ниту популарни ликови од анимирани и долгометражни филмови.
(3) Давателите на медиумски услуги не смеат да емитуваат аудиовизуелни комерцијални пораки

во програми наменети за малолетници што промовираат култ на телото, родови, возрасни или расни стереотипи и/или дискриминација. Понатаму, забрането е емитување на аудиовизуелни комерцијални пораки што промовираат општествена дискриминација поради физички изглед или што промовираат успех поради губење на тежината или врз основа на други естетски категории.
(4) Рекламирањето на алкохолни пијалаци не смее да биде насочено кон малолетниците, а особено не треба да се прикажуваат како консумираат алкохол.
(5) Малолетниците не смее да бидат прикажани на неразумен или атрактивен начин во аудиовизуелните комерцијални комуникации во ситуации што се опасни по здравјето или животот.

Член 6

Забрането е прикажување на порнографска содржина на канали без кодирана заштита.

Член 7

Независно од согласноста на родителите, старателите или згрижувачите да учествуваат во програмите, не е дозволено малолетните лица да се навредуваат или омаловажуваат по која било основа.

3. Однесувањето на давателите на телевизиски медиумски услуги

Член 8

(1) Ако програмите за кои постои веројатност дека може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците или да го компромитираат нивниот интегритет, самоперцепцијата, самопочитта или идентитетот, се емитуваат во нешифрирана форма, давателот на медиумски услуги мора да обезбеди дека може да се препознаат преку визуелни симболи во текот на целото нивно времетраење.
(2) Визуелниот симбол со кој е можно да се препознаат програмите од став 1 на овој член е графички знак во горниот агол на екранот (различно од вообичаената позиција за симболи за идентификација на давателот на медиумски услуги).
(3) Ако програмите за кои постои веројатност дека може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците или да го компромитираат нивниот интегритет, самоперцепцијата, самопочитта или идентитетот, се емитуваат во шифрирана форма, давателот на медиумски услуги мора да обезбеди дека може да се препознаат преку визуелни симболи што се емитуваат пред самиот почеток на програмата.
(4) Визуелните симболи што овозможуваат да се препознаат програмите од став 3 на овој член се пишани предупредувања непосредно пред емитувањето на програмите. Содржината на писменото предупредување е како што следи:

- „Следната програма не е соодветна за лица помлади од 12 години“
- „Следната програма не е соодветна за лица помлади од 15 години”
- „Следната програма не е соодветна за лица помлади од 18 години“.

Член 9

(1) Графичките ознаки (кругови) се однесуваат на следниве категории програми и се применуваат на следниов начин:

1. Категорија 18 - Овие програми се наменети за гледачи постари од 18 години и не може да се прикажуваат помеѓу 7:00 и 23:00 часот. Давателот на медиумски услуги е должен да обезбеди дека таквите програми може да се препознаат за целото нивно времетраење со следниов знак: Проширен круг со впишан црвен број 18.

2. Категорија 15 - Овие програми се наменети за гледачи постари од 15 години и не може да се прикажуваат помеѓу 7:00 и 20:00 часот. Давателот на медиумски услуги е должен да обезбеди дека таквите програми може да се препознаат за целото нивно времетраење со следниов знак: Проширен круг со впишан портокалов број 15.

3. Категорија 12 - Давателот на медиумски услуги е должен да обезбеди дека таквите програми може да се препознаат за целото нивно времетраење со следниов знак: Проширен круг со впишан зелен број 12. Давателот на медиумски услуги е должен да обезбеди дека на програмите што не се соодветни за лица помлади од 12 години им претходи звучно предупредување во кое се вели: „Следната програма не е соодветна за лица помлади од 12 години".

Член 10

(1) При означувањето на преземени програми, давателите на медиумски услуги може да ги земат предвид веќе постојните знаци, но тие не може да бидат под стандардите утврдени со овој правилник.

(2) На давателите на медиумски услуги им се препорачува да ги преземат филмските категории од базата на податоци на Хрватскиот аудиовизуелен центар.

(3) Давателите на медиумски услуги се одговорни за означување на сите програми, особено за означување на содржината на сопствената продукција.

Член 11

(1) Графичките ознаки (кругови) мора да се наоѓаат во горниот дел на екранот.

(2) Давателите на медиумски услуги се должни да ги обликуваат графичките ознаки (кругови) од член 10 на овој правилник според нивниот вообичаен дизајн.

(3) Графичките ознаки (кругови) не смее да се помали од вообичаениот знак (лого) на давателот на медиумски услуги.

(4) Боите на графичките ознаки (кругови) ги одредуваат самите даватели на медиумски услуги, но ознаките мора да се јасно видливи на екранот.

Член 12

(1) Програмите што се занимаваат со коцкање, претскажување на иднината, давање совети со гледање на картички, гатање и други слични услуги што не се научно поткрепени не може да се емитуваат пред 23 часот и се означуваат со соодветен графички знак.

(2) Во програмите од ставот (1) на овој член не смее да се изнесуваат тврдења дека може да се предвидат идните настани, освен како нечие мислење, не смее да се остварува контакт со починати лица или да се изнесуваат тврдења во врска со здравје, средства за лекување, лекување и/или излекување.

(3) Давателите на медиумски услуги мора на јасен и континуиран начин да ги соопштуваат информациите дека советите и/или пророштвата за идните настани се наменети за забава и соодветно да ја приспособат комуникацијата на лицата што даваат совет.

Член 13

(1) Телевизиските соопштенија за програмите мора да се соодветни за периодот во кој се емитуваат и не смее да содржат несоодветни сцени во тој период.
(2) Давателот на медиумски услуги е должен да ги објавува информациите за категоријата наведена во член 10 за време на секоја објава и во програмските распореди на телетекст, во електронските програмски водичи, на интернет и во другите облици на информирање за програмските содржини.
(3) Секоја реприза на телевизиската програма на давателот на медиумските услуги подлежи на одредбите од овој правилник.

б) Однесувањето на давателите н-а медиумски услуги на барање

Член 14

(1) Ако давател на медиумски услуги на барање објави програмски содржини за кои постои веројатност дека може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците или да го компромитираат нивниот интегритет, само-перцепцијата, самопочитта или идентитетот, давателот на медиумски услуги мора да обезбеди таквите програми да може да се препознаат преку визуелни симболи.
(2) Визуелните симболи што овозможуваат идентификација на такви програми се пишани знаци и понуди во посебен каталог на услуги.
(3) Категориите наведени во член 10 се применуваат на соодветен начин и од давателите на услуги на барање.
(4) При првото пристапување до посебниот каталог, давателот на медиумски услуги мора да инсистира на промена на ПИН-кодот.

(1) Однесувањето на давателите на електронски публикации

Член 15

(1) Ако програмските содржини за кои е веројатно дека може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците или да го компромитираат нивниот интегритет, само-перцепцијата, самопочитта или идентитетот, се објавуваат во електронска публикација, давателот на медиумски услуги мора да обезбеди дека таквите несоодветни прикази и содржини нема да се објавуваат на насловната страница.
(2) Визуелен симбол со кој е можно да се идентификуваат такви програми се писмени предупредувања што укажуваат дека содржината не е погодна за лица под 18 години.

г) Однесувањето на давателите на медиумски услуги на барање

Член 16

(1) Ако програмите за кои постои веројатност дека може да нанесат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците или да го компромитираат нивниот интегритет, самоперцепцијата, самопочитта или идентитетот се емитуваат во шифрирана форма, давателот на медиумски услуги мора да обезбеди да може да се препознаат со акустичен знак.

(2) Акустичните знаци со кои е можно да се идентификуваат такви програми се звучно предупредување што се емитува веднаш пред започнувањето на програмата и читањето на следново предупредување: „Следната програма не е соодветна за лица помлади од 18 години".

(3) Категориите од член 10 на соодветен начин ги применуваат и давателите на медиумски услуги на барање на радио.

Член 17

Одредбите од членовите 13 и 14 на овој правилник на соодветен начин ги применуваат и давателите на медиумски услуги на радио.

ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Национално регулаторно тело, мандат и надлежности

Национално регулаторно тело е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ), основана со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. АВМУ ги има следниве надлежности: се грижи за обезбедување јавност во работата на радиодифузерите; се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; превзема мерки во случаите кога е извршена повреда на одредбите на релевантните законски одредби, прописи и условите и обврските од дозволите; се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица; донесува подзаконски акти; се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација; донесува одлуки за доделување, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување; презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави; донесува листа на настани од големо значење; поттикнува медиумска писменост; врши програмски, административен и стручен надзор; ги води регистрите за телевизија, радио, печатени медиуми и за аудиовизуелни медиумски услуги по барање; спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелните медиумските услуги; врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите; итн. Одлуките што се донесени во случаите на прекршување на законските одредби, условите од дозволите, решенијата за регистрација, подзаконските акти и другите акти на Агенцијата се конечни. Овие одлуки може да се оспорат во управен спор пред надлежниот суд.

Веб страница: www.avmu.mk

АВМУ е законски обврзана да ги објавува своите извештаи од мониторингот и мерките што ги презема на својата интернет страница (од 2014 г.). Секоја година се објавува и годишен извештај. Покрај тоа, на интернет страницата се објавуваат и анализи на преземените мерки, прекршоците што се повторуваат, како и анализи на второстепените правни постапки.

2. Законска регулатива со која се уредува заштитата на малолетните лица

а) Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Член 2
Цели на законот

Целта на овој закон е во Република Северна Македонија особено да обезбеди:

(. . .)
- заштита на интересите на корисниците особено на малолетните лица;
- развој на медиумската писменост;

(. . .)

Член 6

Надлежности на Агенцијата

(1) Во согласност со овој закон, Агенцијата:

(. . .)

- се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица;

(. . .)

Член 50

Заштита на малолетните лица

(1) Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство.

(2) Непотребно насилство претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците, се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови на насилство кое е цел самото за себе и на ниту еден начин не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот, ниту преку мотивите на драмското дејствие на прикажуваната програма.

(3) Забраната од ставот 1 на овој член се однесува и на други програми кои веројатно би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, освен кога е обезбедено со нивното емитување или репризирање во одреден временски период и/или со примена на одредена техничка мерка, малолетните лица во периодот на емитување или репризирање нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми. Кога вакви програми се емитуваат или репризираат во некодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење.

(4) Агенцијата ќе ги пропише техничките мерки, периодите на емитување, акустичното предупредување, визуелните знаци и начинот на постапување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија.

Член 53

Аудиовизуелна комерцијална комуникација

(8) Аудиовизуелните комерцијални комуникации за пивото и за виното не смеат:

- конкретно да бидат наменети за малолетници, а особено не смеат да прикажуваат малолетници како ги консумираат;
- да го поврзуваат нивното консумирање со подобрена физичка способност или со возење;

(13) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат да им предизвикаат физичка или морална штета на малолетните лица.

(14) Аудиовизуелните комерцијални комуникации што им се упатени на малолетните лица или во кои тие учествуваат, не смеат:

- директно да ги наговараат малолетните лица да купат или изнајмат производ или услуга користејќи го нивното неискуство или лековерност;
- директно да ги охрабруваат малолетните лица да бараат од родителите или од други лица да им ги купат рекламираните производи или услуги;
- да ја искористуваат посебната доверба која малолетните лица ја имаат во родителите, наставниците или други личности; и
- да ги прикажуваат малолетните лица во опасни ситуации.

(15) Аудиовизуелните комерцијални комуникации што се составен дел или ги придружуваат емисиите за деца, а се однесуваат на храна и пијалаци кои содржат хранливи материи и супстанции со хранлив или физиолошки ефект, конкретно од видот масти, заситени масни киселини, сол/натриум и шеќери, чие прекумерно внесување во вкупната исхрана не е препорачливо, не смеат:
- да содржат неточни или заведувачки информации за хранливата вредност на производот;
- да сугерираат дека одредена храна или пијалак е замена за овошје и/или зеленчук; и
- да охрабруваат нездрави навики за јадење и пиење какви што се неумерено, претерано или неконтролирано консумирање.

Член 110

Обврски на радио и ТВ станиците во однос на програмите и програмските сервиси кои ги емитуваат

При производството и обезбедувањето на радио и телевизиските програми и програмските сервиси од членот 107 од овој закон радио и ТВ станиците се должни:

- да придонесуваат за почитување и промоција на основните човекови права и слободи, приватноста, достоинството, угледот и честта на индивидуата, толеранцијата, разбирањето и почитувањето на различностите, чувството за мир, правда, демократските вредности и институциите, заштитата на малолетници, еднаквоста меѓу половите, сузбивање на дискриминацијата и придобивките од граѓанското општество;

б) Закон за заштита на деца

Член 4

Во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Член 5

(1) Државата го обезбедува правото на детето да го изрази сопственото мислење за сите прашања кои се однесуваат на него и на мислењето на детето да му биде посветено должно внимание во согласност со годините на живот и зрелоста на детето.

(2) Изразувањето на детето може да биде непосредно или преку застапник или соодветен орган на начин и во согласност со утврдена процедура и закон.

Член 8

Дејноста на заштитата на децата е од јавен интерес.

Член 11

(1) Како дете, во смисла на овој закон, се смета секое лице до наполнети 18 години живот, како и лица со пречки во телесниот и менталниот развој до наполнети 26 години живот.

Член 12

(4) Се забранува злоупотреба на децата поради политичко и верско организирање и дејствување.

в) Закон за кривична постапка

Главна расправа

1. Начело на јавност на главната расправа

Член 354

Исклучување на јавноста

Од отворањето на заседанието, па до завршувањето на главната расправа, советот може во секое време по службена должност или по предлог на странките или оштетениот да ја исклучи јавноста од дел на главната расправа или од целата главна расправа, ако тоа е потребно заради чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна, чување на јавниот ред, заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот, заштита на безбедноста на сведокот или жртвата и/или заштита на интересите на малолетникот.

г) Закон за безбедност на храната

Член 30-а

Нутритивни и здравствени тврдења

(2) Општите здравствени тврдења, како и здравствените тврдења за намалување на ризикот од болест и здравствени тврдења кои се однесуваат на растот и развојот на децата и нивното здравје, може да се истакнат во комерцијални цели во означувањето, презентирањето или рекламирањето на производите само ако се одобрени од Агенцијата.

д) Изборен законик

2. Медиумско претставување

Член 75

(3) Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување.

Член 76

3. Не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање..
4. Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца, и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани.

ѓ) Закон за заштита на потрошувачите

Дел III
РЕКЛАМИРАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

Забрана за заведувачко рекламирање
Член 27

Заведувачко рекламирање на производи или услуги е недозволено. Споредбено рекламирање е дозволено ако се исполнети условите предвидени со овој или друг закон.

Забрането е рекламирање коешто го навредува човечкото достоинство, коешто предизвикува или може да предизвика телесна, душевна или друга штета кај децата, кое на децата им шири пораки со кои се искористува или злоупотребува или би можела да се злоупотреби нивната лекомисленост и недостаток на искуство.

Безбеден производ
Член 33

Безбеден производ е секој производ кој во нормални или според разумно предвидливи услови на користење, вклучувајќи го и рокот на употреба, не претставува никаков ризик или ризикот е минимален и е соодветен на користа од употребата на производот и кој ги исполнува условите со кои се обезбедува висок степен на заштита на безбедноста и здравјето на луѓето, и тоа земајќи ги предвид:

- својствата на производот, вклучувајќи го неговиот состав, пакувањето, упатството за составување, употребување и одржување;
- дејството врз други производи каде што е логично дека ќе се користи со други производи;
- презентацијата на производот, неговите ознаки, етикетирањето, упатствата за користење, фрлање и било какви други ознаки или информации дадени за производот; и
- категориите на потрошувачи, особено децата и старите лица кои се изложени на ризик при користење на производот.

Опасен производ

Член 34

Опасен производ е секој производ што не ги исполнува предвидените услови за безбеден производ од членовите 32 и 33 на овој закон.

Опасни производи, во смисла на ставот 1 од овој член, се и производите кои имаат форма, мирис, боја, изглед, пакување, етикета, волумен или големина и како такви можно е потрошувачите, односно децата, да ги заменат со прехранбени производи и да ги стават во уста, да ги цицаат или голтнат, што може да биде опасно и да предизвика задушување, труење, перфорирање или опструкција на дигестивниот тракт и слично.

II. БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕТСКИТЕ ИГРАЧКИ

Пуштање во промет на детски играчки

Член 37

Детска играчка е секој производ или материјал произведен и наменет за играње на деца на возраст помала од 14 години.

Член 38

Под „пуштена во промет" се подразбира и продажба и бесплатна дистрибуција на играчката.

Член 39

Детска играчка не смее да биде пуштена во промет ако не ги исполнува основните безбедносни услови во однос на механичките, физичките, хемиските, електричните и хигиенските својства.

Играчките не смеат да содржат радиоактивни елементи или супстанции. Својствата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за економија во согласност со министерот за здравство.

ПОДЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ШТО ЈА ДОНЕЛА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

а) Правилник за заштита на малолетните лица

Член 2

Дефиниции

- **Малолетни лица се лицата** на возраст под 18 години;
- **Програми што може штетно да влијаат врз малолетните лица** се аудиовизуелните целини или нивни составни делови што вклучуваат описи, сцени или глетки на насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристоен (вулгарен) говор, сугестибилни облици на однесување лесни за имитација, а опасни за здравјето и безбедноста, поведение навредливо за човековото достоинство и др.;

- **Насилство** во смисла на овој Правилник е секое очигледно прикажување каков било облик реално остварлива закана од физичка сила или непосредна употреба на сила, со или без оружје, сила која има намера да повреди или да застраши едно или група живи суштества. Притоа, може да станува збор за прикажување на веќе извршено насилство или на намера за извршување насилство, без оглед дали тоа насилство може или не може да предизвика повреда. Ваквата дефиниција на насилство вклучува и какво било прикажување последици од физички повреди на некое живо суштество (или група живи суштества), иако чинот на насилство не е прикажан.
- **Временски периоди** се точно определени термини од програмата во текот на едно денонoќие во рамки на кои е дозволено да се емитуваат програми од одредена категорија. За секоја категорија програми има посебен временски период за емитување;
- **Програмски контекст** во кој се емитуваат содржини штетни за малолетните лица се однесува (но не се ограничува) на: жанрот на програмата; форматот на аудиовизуелниот програмски сервис во рамки на кој се емитува програмата; временскиот период од програмата и редоследот на програмите во програмската шема (пред и по времето на емитување на конкретната програма) за телевизиските програмски сервиси; распоред на програмите во каталогот според категоријата за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање; степенот на штета што може да ја предизвика некоја програмска содржина; очекуваниот број и состав на потенцијалната публика и веројатните очекувања на публиката; степенот до кој се изнесуваат детали за содржината за која се информира потенцијалната публика; дополнителните ефекти што содржината може да ги предизвика кај гледачите.

II. СОДРЖИНИ ШТО МОЖЕ ШТЕТНО ДА ВЛИЈААТ ВРЗ МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

Член 3
Насилство

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да водат сметка дека зачестеното и континуирано прикажување насилство може да има кумулативен негативен ефект врз малолетните лица, што може да се изрази преку намалување на степенот на сензитивност кон насилството и преку развивање став дека насилството може да претставува прифатлив начин за решавање на проблемите.

Стравот предизвикан од описи, од сцени и/или од глетки на насилство може силно да ги вознемири малолетните лица. Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги мора секогаш најодговорно да ја осмислуваат рамнотежата помеѓу - правото на јавноста да биде навремено и прецизно информирана и - потребата од заштита на малолетниците.

Сцени со вербално или физичко насилство или со друго опасно однесување кое лесно може да се имитира од малолетните лица и кое може да биде штетно или опасно за нив, не смее да се емитуваат во програми што се првенствено наменети за малолетни лица.

Член 4
Употреба на дрога, психоактивни супстанции, цигари и алкохол

Употребата на дрога, психоактивни супстанции, цигари и алкохол не смее да се прикажува во аудиовизуелните програми кои се првенствено наменети за малолетни лица.

Во аудиовизуелните програми кои не се наменети за малолетни лица не смее да се поддржува, поттикнува, охрабрува или велича употребата на дрога, психоактивни супстанции, цигари и алкохол, освен ако тоа не е оправдано преку контекстот на жанрот или преку мотивите на драмското дејствие во играната програма.

Член 5
Еротика

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да водат сметка дека, иако во програмите е дозволено до извесна граница да се прикажува еротика, ваквите содржини, сепак можат да им нанесат штета на малолетните лица. Затоа категоризацијата на програмите што содржат еротика мора да ја прават во согласност со описите на категориите програми утврдени во Правилникот.

Кога прилозите во вести и во информативни програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што содржат еротика, оценката за соодветноста на периодот на нивното прикажување на телевизиските програмски сервиси треба да се темели врз степенот на експлицитност на прикажаните детали.

Член 6
Сексуално однесување забрането со закон

Медиумската обработка на теми во врска со педофилијата, сексуална злоупотреба на малолетници и други облици законски забрането сексуално однесување, може да се оправда само заради правото на јавноста да биде информирана и заради нивно пошироко општествено проблематизирање.

Медиумскиот третман на теми поврзани со педофилијата и на други облици законски забрането сексуално однесување, во вестите, информативните, документарните или други програми, не смее да вклучува каква било сугестија или поттикнување социјално непожелен став.

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни, при категоризацијата на програмите, да водат сметка за тоа дека, описите, сцените и/или глетките на силување и последици од силување може да имаат особено штетни последици врз малолетните лица.

Планирањето на термините од страна на телевизиските радиодифузери за емитување програми чие сценарио третира сексуална злоупотреба на малолетни лица, мора да се темели врз фактот дека малолетните лица може да бидат вознемирени како последица од очекуваната идентификација со прикажаната жртва на насилничкиот чин.

Кога прилозите во вести и во информативни програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што содржат сексуално однесување забрането со закон, оценката за соодветноста на периодот на нивното прикажување треба да се темели врз степенот на експлицитност на прикажаните детали.

Член 7

Непристојни изрази и гестови

Употребата на непристојни изрази и гестови е прифатлива во одредени видови забавна програма, во играната програма како естетски елемент или во образовни и документарни програми што ја тематизираат уметничката примена на непристојниот (вулгарен) говор и неговите општествено мотивирани аспекти.

Во програмите кои се наменети за целото семејство, што се емитуваат на телевизиските програмски сервиси во периодот до 20:00 часот не е дозволена прекумерна употреба на непристојни изрази и гестови.

Член 8

Сугестибилни облици на однесување опасни за здравјето и безбедноста

Поради заштита на малолетниците, прикажувањето програми што содржат описи, сцени и/или глетки со однесување опасно за здравјето и безбедноста, кое лесно може да се имитира, мора секогаш да биде оправдано во соодветниот контекст.

Член 9

Програми со јасновидци

Контактните интерактивни програми со јасновидци (тарот, астрологија, гатачи и слични методи) што непосредно сугерираат промени на персоналното поведение, мора да бидат означени како програми што не се препорачуваат за лица под 18 години, односно – може да се емитуваат само помеѓу 00:00 и 5:00 часот.

Ограничувањето на периодот на емитувањето не се однесува на куси, деперсонализирани прилози со дневен хороскоп, класифицирани како дел од програмата со забавна функција.

Член 10

Техники на хипноза

При прикажување аудиовизуелен материјал што содржи техники на хипноза, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги мора да постапуваат со најголема одговорност за да избегнат негативно влијание врз малолетните лица, т.е. камерата не смее да го прикажува лицето што врши хипноза и целата вербална постапка.

Телевизиските програмски сервиси се должни пред почетокот и по паузите за рекламирање во ваквите програми, на екранот, а давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање на соодветно место во каталогот, да објават предупредување дека програмата содржи техники на хипноза.

III. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ И ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОДИ

Член 13

Програми што подлежат на категоризација

Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ја категоризираат вкупната програма што се емитува на телевизиските програмски сервиси или се нуди во каталогот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, со исклучок на вестите и информативните програми.

Член 14

Критериуми за категоризација на програмите

Уредникот, врз основа на својата етичка свест и уредничка одговорност, треба мошне внимателно да процени дали во конкретниот програмски контекст е нужно емитувањето содржини потенцијално штетни за малолетните лица.

При прегледувањето на содржината и при категоризацијата на програмите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да ги земаат предвид следниве критериуми:

- бројот (зачестеноста) и природата на описите, сцените и/ или глетките со насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристоен (вулгарен) говор, сугестибилни облици на однесување лесни за имитација, а опасни за здравјето и безбедноста, поведение навредливо за човековото достоинство и сл.;
- сликовитоста и деталноста со кои се креира очигледна бруталност и/или вулгарност на описите, на сцените и/или на глетките;
- проценатa дали описите, сцените и/или глетките на насилство, еротика, сексуално однесување забрането со закон, непристоен (вулгарен) говор, сугестибилни облици на однесување лесни за имитација, а опасни за здравјето и безбедноста, и поведение навредливо за човековото достоинство, претставуваат комплементарни елементи во драмски заплет, или пак во контекст на образовна, документарна и/или информативна програма;
- дали насилството се сугерира како начин за разрешување конфликти;
- зачестеноста и времетраењето на крупни планови и/или на детални вербални, графички и/или текстуални описи, сцени и/или глетки на бруталност и на вулгарност;
- придружните естетски ефекти: музика, маски, шминка и други графички, сценографски и/ или костимографски елементи кои можат да предизвикаат вознемиреност или да го засилат чувството на страв и на понижување на човечкото достоинство;
- психологијата зад карактерите, и проблематичноста на контроверзните заклучоци од екстровертните и од интровертните аспекти на ликовите и нивните мотиви за насилно однесување, кои можат сугестивно да делуваат врз малолетните лица;
- описите, сцените и/или глетките на малолетници втурнати во брутални и/или во вулгарни ситуации;
- режисерскиот и сценаристичкиот третман на насилството и на еротиката: глорификација или неутрализација, конструирани преку описи и преку развој на цели сцени и/или глетки на бруталност и на вулгарност;
- режисерскиот и сценаристичкиот пристап кон контроверзни теми: поттикнување расна, верска,

етничка, родова или нетрпеливост врз која било друга основа, наркоманија, самоубиство, инцест, педофилија, силување, крвни деликти и слични облици на закани и/или на последици од психофизичка тортура.

Член 15
Категории програми

Програми кои подлежат на категоризација се класифицираат во следниве пет категории:

- Прва категорија - програми наменети за целата публика;
- Втора категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател;
- Трета категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател;
- Четврта категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател;
- Петта категорија - програми што не се соодветни за публика под 18 години.

Член 16
Временски периоди за категориите програми

Во зависност од очекуваниот состав на публиката, категориите програми може да се емитуваат во следните временски периоди:

- Првата и втората категорија програми се емитуваат во текот на целото денонoќие;
- Третата категорија се емитува во периодот од 20:00 до 5:00 часот.
- Четвртата категорија се емитува во периодот од 22:00 до 5:00 часот.
- Петтата категорија се емитува во периодот од 00:00 до 5:00 часот.

Член 17
Описи на категориите програми

Категориите аудиовизуелни програми утврдени во член 15 од овој Правилник се определуваат според следниве описи:

(1) **Прва категорија - програми наменети за целата публика.** Програми кои може да се емитуваат во текот на целото денонoќие и кои може да ги следи и најширокатa публика вклучувајќи ги и децата од претшколска возраст. Употребата на непристоен (вулгарен) говор треба да биде сведена на најмало можно ниво. Прикажувањето голо човечко тело е дозволено исклучиво во неутрална природна појавност, надвор од каков било еротски контекст. Не е препорачливо прикажување вистинско оружје. Упатно е описите, сцените и/или глетките со чинови на насилство да се ограничат исклучиво на ненагласени закани без каков било израз на вербална и/или на психофизичка суровост во меѓучовечките односи. Забрането е прикажување наркоманија, алкохолизам и слични видови девијантно однесување. Сцените на страв треба да бидат осмислени сообразно со возраста на најмладите гледачи.

(2) **Втора категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие**

следење се препорачува надзор од родител или старател. Може да се емитуваат во текот на целото денонoќие, со препорака да се гледаат со надзор од родител или старател. Можен е опфат на посериозни теми: девијантно однесување, семејно насилство, расизам и слично, меѓутоа програмите во ниту еден случај не смеат да поттикнуваат, ниту пак во себе да вклучуваат каква било афирмација на девијантно однесување или на поведение навредливо за човековото достоинство. Не е дозволена пренагласена употреба на непристоен (вулгарен) говор. Неутрална, природна појавност на голо човечко тело е дозволена, меѓутоа без каков било вулгарен сексуален контекст. Описите, сцените и/или глетките со еротика мора да бидат исклучително ретки и сосем ненагласени, дискретни и без вулгарни алузии. Дозволено е умерено прикажување насилство, но, без детали на суровост, оправдано во заплетот на сценариото, без да се нагласува присуството на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка.

(3) **Трета категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател.** Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психофизичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Обработката сериозни теми е прифатлива, но треба да биде соодветна за пропишаната возраст на публиката. Дозволена е употреба на непристоен говор, вулгарности и бруталности, меѓутоа мора да биде сведена на разумна мера и да биде оправдана со нужната функција во драмскиот или во информативно-документарниот контекст на програмата. Описите, сцените и/или глетките со насилство и со еротика, и евентуалната взаемна врска меѓу овие два фактора во развојот на наративот, не треба да ги нагласуваат физичките повреди и/или психофизичките последици од повреди, ниту пак да се фокусираат на непристојни физички детали. Не треба да им се придава претерана важност на оружје и на техники за меѓучовечка пресметка лесни за имитација, со опасен потенцијал сугестивно да делуваат врз психолошки помалку стабилните и врз емоционално ранливите делови од публиката. Прикажувањето наркоманија е дозволено меѓутоа без детална разработка на фазите од чинот на карактеризација на ликовите, и комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица.

(4) **Четврта категорија - програми што не се препорачуваат за деца под 16 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател.** Програми чие сценарио вклучува систематски и зачестени описи, сцени и/или глетки на психофизичко насилство, кои можат да ги растревожат малолетните лица. Нема ограничувања на темите. Дозволена е честа употреба непристоен говор, меѓутоа тешко е прифатлива претерана употреба на екстремно вулгарни изрази. Прикажувањето еротика и сексуални односи е дозволено, меѓутоа без експлицитни, порнографски детали. Неопходен е внимателно осмислен контекст за вербални и гестуални изрази кои имаат силна сексуална алузија и можат да го навредат човековото достоинство. Прикажувањето наркоманија е дозволено само без детална разработка на фазите од чинот на (зло)употреба на дрога, врамнотежено со укажувањето на последиците, и во функција на карактеризација на ликовите, комплементарно во целината на различните видови играна, образовна, информативна и/или документарна програма. Прифатливи се описи, сцени и/или глетки на насилство и последици на насилство, меѓутоа не и прикази на садизам, или каков било друг израз на нечовечност и на изживување врз луѓе и врз животни. Најавите за ваквите програми не смеат да бидат составени од

описи, сцени и/или глетки што можат да ги вознемират малолетните лица.

(5) **Петта категорија - програми што не се соодветни за публика под 18 години.** Се толерираат описите, сцените и/или глетките на насилство и последици од насилство, како и приказите на еротски односи. Се почитува автономното право и самосвеста на полнолетната личност да донесува одлуки при избирањето вид и категорија програма што сака да ја проследи. Емитувањето порнографија и садизам е забрането и во ниту еден случај не треба да се доведува во врска со оваа категорија програми. Во оваа категорија програми нема ограничувања во врска со темите, а единствените ограничувања се во врска со начинот на нивната обработка.

Член 18

Распоредување на програмите што можат да им наштетат на малолетните лица во програмската шема

При планирањето на емитувањето на програмите што можат штетно да влијаат врз развојот на малолетните лица, телевизиските радиодифузери се должни да ги земат предвид следниве критериуми:

- природата на содржината што може да има штетно влијание врз малолетните лица;
- медиумската функција и жанрот на конкретната програма;
- бројот и возраста на малолетните лица што веројатно ќе ја следат програмата, имајќи ги предвид работните денови, викендите и празниците;
- веројатните очекувања на публиката во поглед на содржината на програмата во конкретно време од денот или во конкретен ден.

IV. АКУСТИЧНО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ И ВИЗУЕЛНИ ЗНАЦИ - ПРЕДУПРЕДУВАЧКА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Член 19

Програми во кои се аплицира предупредувачка сигнализација

Предупредувачката сигнализација задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на програмите на телевизиските програмски сервиси и на соодветно место до програмите достапни во каталогот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, и тоа:

- во сите видови играна програма, и
- во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина или преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Член 20

Начин на аплицирање на предупредувачката сигнализација

Пред почетокот на телевизиските програми опфатени со член 19 од овој Правилник, задолжително се емитува предупредувачки сигнал што соодветствува на категоријата програма кој е комбинација од визуелен знак, текстуално, вербално и акустично предупредување, трае најмалку 10 секунди, и зафаќа најмалку 1/4 од видливиот дел од екранот.

Во текот на телевизиските програми опфатени со член 19 од овој Правилник, постојано се емитува само визуелниот знак од предупредувачкиот сигнал, кој се аплицира со димензии од 1/32 во агол од видливиот дел од екранот. Исклучок се визуелните знаци за телевизиските програми со хипнотички техники и со треперечка светлина, кои се аплицираат на екранот по секоја пауза за рекламирање.

На соодветно место до програмите опфатени со член 19 од овој Правилник, достапни во каталогот на аудиовизуелните медиумски услуги по барање, задолжително се аплицира само визуелниот знак, што соодветствува на категоријата програма.

Член 21
Изглед и содржина на предупредувачката сигнализација

Предупредувачката сигнализација што се аплицира пред, до или во текот на програмите од страна на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги, изгледа вака:

Визуелни знаци	Предупредувачки сигнали
	 цела публика Програми од прва категорија, наменети за целата публика
	 **родителски надзор** Програми од втора категорија што не се препорачуваат за деца под 8 години. Неопходен е надзор од родител или старател.
	 Програми од трета категорија што не се препорачуваат за деца под 12 години. Неопходен е надзор од родител или старател.
	 Програми од четврта категорија што не се препорачуваат за деца под 16 години. Неопходен е надзор од родител или старател

	Програми од петта категорија што не се соодветни за публика под 18 години.
Програми со техники на хипноза	**Предупредување:** Програмата содржи хипнотички техники
Програма со треперечка светлина	**Предупредување:** Програмата содржи треперечка светлина која може да им наштети на гледачите кои боледуваат од фотосензитивна епилепсија

Член 22
Објави за програмите

Објавите (промотивните најави) за програмите на радиодифузерите не смеат да содржат описи, сцени и/или глетки што можат да им нанесат штета на малолетните лица.

Објавите од став 1 на овој член задолжително треба да бидат обележани со визуелниот знак што ја сигнализира категоријата програма што се најавува.

Објавите за програмите од петтата категорија не смеат да се емитуваат пред 22:00 часот.

V. СОДРЖИНИ ВО ВЕСТИТЕ И ИНФОРМАТИВНИТЕ ПРОГРАМИ

Член 23
Уредничка проценка за неопходноста на деталите

Кога вестите и информативните програми вклучуваат описи, сцени и/или глетки што можат штетно да влијаат врз малолетните лица, оправданоста на нивното прикажување мора да се темели врз одговорна уредничка проценка за неопходноста на деталите во таквиот материјал.

Објавувањето прилози на телевизиските програмски сервиси што посредуваат описи, сцени и/или глетки на насилство, аудиовизуелен материјал што може да го навреди или да го понижи човековото достоинство, други прилози чијашто содржина може сериозно да го загрози физичкиот, психичкиот и/или моралниот развој на малолетните лица, мора да биде во временски периоди од програмската шема кога се очекува дека малолетниците не ја следат програмата.

Професионалната одговорност на новинарот подразбира и дека жртвите на насилство треба да се третираат со максимален респект, а поради заштита на човековото достоинство нивните тела не треба да се прикажуваат во кадри со крупен план, освен во исклучителни случаи кога е тоа неизбежно поради целовитоста на информативниот материјал.

При објавувањето описи, сцени и/или глетки кои се користат како судски доказ, медиумската одговорност го задолжува уредникот на програмата внимателно да процени дали е неопходно

информативниот капацитет на таквиот материјал да се вклучи во целината на прикажаната програма.

Член 24
Предупредувачки коментар

Доколку прилозите или составните делови на прилозите во вестите и во информативните програми вклучуваат содржини што можат да ги вознемират малолетните лица, телевизиските радиодифузери се должни да ги најават со предупредувачки коментар од водителот.

Овој пристап, во ниту еден случај, не подразбира рестрикција на темите и на настаните за кои треба да се известува, меѓутоа емитувањето мора да биде проследено со новинарски и/или со стручен коментар кој ќе овозможи објективност на информативната перспектива.

Член 25
Малолетници - сторители или жртви на кривични дела

Доколку во вестите се известува за малолетни лица кои се сторители, сведоци, или жртви на сексуално насилство или на други кривични дела, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги треба да бидат особено внимателни да не објавуваат описи, детали, слики или какви било информации што можат на директен или индиректен начин да укажат на нивниот идентитет.

VI. ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Член 26
Технички мерки за заштита на малолетните лица

Давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање се должни да обезбедат технички мерки со кои на малолетните лица ќе им се оневозможи пристап до содржините што можат да им наштетат.

Техничките мерки од ставот 1 на овој член може да бидат:

- кодови за лична идентификација (ПИН кодови) со кои давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање може да ја провери возраста на корисникот пред да му овозможи пристап до кодираните содржини категоризирани и означени согласно одредбите на овој Правилник;
- филтрирање на содржините категоризирани од давателот на аудиовизуелната медиумска услуга по барање и означени согласно одредбите на овој Правилник;
- примена на независни системи за филтрирање кои ја анализираат програмата, ја препознаваат и ја исклучуваат штетната содржина врз основа на категории што ги дефинира родителот/ старателот;
- примена на други софтвери со кои на родителите/ старателите им се овозможува да го блокираат пристапот на малолетниците до содржините што можат да им наштетат.

Член 27

Презентирање и означување на програмите што можат да им наштетат на малолетниците

Давателите на аудиовизуелните медиумски услуги по барање се должни содржините преземени од телевизиските програмски сервиси од Република Северна Македонија и другите содржини достапни во каталогот по барање, што можат штетно да влијаат врз развојот на малолетните лица, да ги означат со предупредувачка сигнализација при секое нивно наведување во каталогот со програми, и во објавите за програмите.

Информациите за петтата категорија програми можат да се презентираат само како дел од услуга која е достапна за плаќање, без оглед дали се работи за услуга со претплата или со плаќање по секое поединечно гледање.

б) Правилник за нови рекламни техники

Член 8

Ограничувања за користење нови рекламни техники

Не е дозволена употреба на нови рекламни техники во следниве видови програми и други сегменти, утврдени со Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми:

- Програми за деца без оглед на должината на нивното траење;
- Програми со информативна функција: вести и ТВ дневници и кој било вид програма со информативна функција со религиозна/ теолошка тематика;
- Програми со образовна функција: документарни програми со религиозна тематика;
- Други сегменти: верски програми, служби и проповеди.

Член 12

Забрана за рекламирање

Со новите рекламни техники не смеат да се промовираат:

- цигари и производи од тутун и фирми кои нив ги произведуваат;
- оружје, стрелечки и пиротехнички средства и фирми кои нив ги продаваат;
- дрога, медицински производи и медицински третмани кои се достапни само на рецепт;
- алкохол и алкохолни пијалаци, освен вино и пиво.

Новите рекламни техники за вино и за пиво не смеат:

- конкретно да бидат наменети за малолетници, а особено не смеат да прикажуваат малолетници како ги консумираат;
- да го поврзуваат нивното консумирање со подобрена физичка способност или со возење;
- да создаваат впечаток дека нивното консумирање придонесува за општествен или сексуален успех;
- да тврдат дека виното и пивото имаат терапевтски својства или дека се стимуланс, седатив или средства за решавање на лични конфликти;
- да поттикнуваат нивно неумерено консумирање или да ја претставуваат апстиненцијата или

умереноста во негативно светло и

- да нагласуваат дека високиот процент алкохол е позитивен квалитет на алкохолните пијалаци.

Новите рекламни техники за медицински производи и медицински третмани што се издаваат без лекарски рецепт не смеат да поттикнуваат нивна неразумна употреба, ќе ги презентираат објективно и без преувеличување на нивните својства, во согласност со упатствата за нивно користење.

Член 13

Новите рекламни техники и малолетните лица

Користењето на нови рекламни техники не смее да им предизвика физичка или морална штета на малолетните лица.

Преку новите рекламни техники не смее:

- директно да ги наговараат малолетните лица да купат или изнајмат производ или услуга користејќи го нивното неискуство или лековерност;
- директно да ги охрабруваат малолетните лица да бараат од родителите или од други лица да им ги купат рекламираните производи или услуги;
- да ја искористуваат посебната доверба која малолетните лица ја имаат во родителите, наставниците или други личности; и
- да ги прикажуваат малолетните лица во опасни ситуации.

Новите рекламни техники за комерцијални комуникации за храна и пијалаци кои содржат хранливи материи и супстанции со хранлив или физиолошки ефект, конкретно од видот масти, заситени масни киселини, сол/ натриум и шеќери, чиешто прекумерно внесување во вкупната исхрана не е препорачливо, не смеат:

- да содржат неточни или заведувачки информации за хранливата вредност на производот;
- да сугерираат дека одредена храна или пијалак е замена за овошје и/ или зеленчук и
- да охрабруваат нездрави навики за јадење и пиење какви што се неумерено, претерано или неконтролирано консумирање.

Член 15

Интерактивно рекламирање

Кога на екранот ќе се појави икона преку која гледачот добива пристап до интерактивни комерцијални услуги таа треба да светка и да биде вметната во рекламен спот (најчесто последниот во рекламен блок) или во електронскиот програмски водич при што треба да биде јасно означена со зборот реклама.

Кога гледачот ќе кликне врз иконата таа не смее веднаш да го одведе до комерцијалните содржини, туку најпрвин треба да се отвори помошен екран кој ќе содржи предупредување дека со второто кликнување се напушта телевизискиот програмски сервис и се влегува во комерцијална интерактивна средина.

Интерактивното рекламирање за производи/ услуги кои се несоодветни за малолетни лица (на

пример, поради тоа што можат да ги вознемират, имаат експлицитна сексуална содржина и сл.) не смее да биде директно достапно од реклами кои се емитуваат во или непосредно до емисии наменети за малолетни лица или за кои е веројатно дека ќе го привлечат нивното внимание.

Меѓу две вметнувања интерактивно рекламирање треба да помине период од најмалку 15 минути.

в) Упатство за примена на одредбите за пласирање производи

II. ПРАВИЛА ЗА ПЛАСИРАЊЕ ПРОИЗВОДИ

Правила за пласирање вино и пиво

19. Пласирањето вино и пиво не смее:

- конкретно да биде наменето за малолетници, а особено не смее да прикажува малолетници како консумираат вино или пиво;

Програми во кои е забрането пласирање производи и пласирање реквизити

30. Пласирањето производи е забрането во следниве видови програми утврдени со Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми:

- Следниве видови програми со информативна функција: вести или ТВ дневници; актуелно-информативна програма; актуелно-информативна програма со документаристички пристап; актуелно-информативна говорна шоу програма; преноси или снимки од седници на органите на власта; преноси или снимки од општествено-политички настани; информативни магазини; информативно-забавна програма; инфо-сервис, информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки; програми за деца со информативна функција и друга информативна програма.
- Следниве видови програми со образовна функција: образовна програма; документарна програма; образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки; документарна програма со религиозна тематика; програми за деца со образовна функција и друга образовна програма.

Следниве видови програми со забавна функција: забавно-информативна програма и програми за деца со забавна функција.

АКТИ ЗА САМОРЕГУЛИРАЊЕ

КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Совет на честа / Здружение на новинарите на Македонија

9. Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето.
Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.

ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА ЦРНА ГОРА

1. Национално регулаторно тело, мандат и надлежности.

Национален регулаторен орган на Црна Гора е Агенцијата за електронски медиуми на Црна Гора (АЕМ), формирана со Законот за електронски медиуми. Надлежностите на АЕМ се: изготвување на програма за развој на аудиовизуелни медиумски услуги; одобрување на нацрт-план за распределба на радиофреквенции; издавање на радиодифузни и аудиовизуелни медиумски услуги на барање; утврдување на надоместоците за лиценца; водење регистар на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги и електронски публикации; решавање по приговори во врска со работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги; надзор над спроведувањето на законот; усвојување и спроведување на подзаконски акти кои произлегуваат од законот; вршење на други задачи. Директорот на АЕМ е првостепено тело, додека

Советот на АЕМ постапува како апелационо тело. Управна постапка може да се поведе пред Управниот суд на Црна Гора. Пред Уставниот суд на Црна Гора може да се поведе постапка согласно кој било правилник или други општи подзаконски акти со кои се регулира работата на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги.

Веб страница: www.ardcg.org.

Сите одлуки во врска со постапките за приговори или постапките по службена должност во врска со прекршувањата на условите на лиценците се објавуваат на веб страницата. Исто така, на веб страницата се објавуваат сите годишни финансиски и оперативни планови и извештаи, како и годишните ревизорски извештаи.

2. Законска регулатива со која се уредува заштитата на малолетните лица

а) Кривичен законик на Црна Гора

Дефиниции на термините што се користат во Законикот
Член 142

. . .
(7) Дете е лице што не наполнило 14 години.
(8) Малолетник е лице што има полни 14 години, но не наполнило 18 години.
(9) Малолетно лице е лице што не наполнило 18 години.
. . .

Повреда на тајноста на постапката
Член 391

(1) Секој што неовластено го открива тоа што го дознал во судска, прекршочна, административна или друга законски пропишана постапка, а што не може да се објави со закон или е прогласено за тајна со одлука на суд или друг надлежен орган, се казнува со парична казна или со казна затвор до максимум една година.

(2) Со казната од ставот 1 на овој член се казнува и секој што без дозвола на судот ќе го објави текот на кривичната постапка против малолетник или одлуката донесена во таа постапка или што го објавува името на малолетникот против кој се води постапката или информации од кои може да се дознае за кој малолетник се работи.

б) Закон за кривичната постапка на Црна Гора

Исклучување на јавноста
Член 314

Од отворањето на седницата до завршувањето на главната расправа, советот може, во секое време, по службена должност или по барање на странките, но секогаш по нивното сослушување, да ја исклучи јавноста на целата главна расправа или дел од неа, доколку е потребно заради чување на тајноста на информациите, одржување на јавниот ред, заштита на моралот, заштита на интересите на малолетникот или заштита на личниот или семејниот живот на обвинетиот или оштетениот.

в) Закон за постапување со малолетни лица во кривична постапка

Објавување на податоци за постапка против малолетно лице
Член 56

(1) Информации за постапка што се води против малолетник, одлуките донесени во таква постапка, како и информациите за малолетникот како учесник во постапката не смеат да се објавуваат во медиумите.
(2) По исклучок од ставот 1 на овој член, судот може да одобри објавување на информации за постапката или одлуките донесени во постапката што се води против малолетно лице, под услов во нив да не се открива името на малолетникот и другите податоци врз основа на кои може да се утврди идентитетот на малолетникот или неговиот законски застапник.

Исклучување на јавноста
Член 84

(1) Кога му суди на малолетник, судот секогаш ја исклучува јавноста.
(2) Судијата за малолетници или претседателот на судскиот совет за малолетници, може како исклучок, да им дозволи на лицата кои се грижат за заштитата и образованието на малолетниците и на научни работници да присуствуваат на главната расправа.
(3) За време на главната расправа, судот може да нареди, освен државниот обвинител за малолетници, бранителот и претставникот на органот за старателство, сите или некои од лицата да бидат отстранети од расправата.
(4) При изведување на поединечни докази или при завршните аргументи на страните, судот може да нареди малолетникот да биде отстранет од главната расправа доколку тоа е потребно за заштита на неговата личност.
(5) Судијата за малолетници или претседателот на судскиот совет за малолетници накратко ќе го извести малолетникот кој е оддалечен од претресот по неговото враќање во судницата со преземените дејства при неговото отстранување.

Посебни одредби за заштита на малолетните лица како учесници во кривичната постапка

Примена

Член 90

Овие одредби се однесуваат на малолетно лице што е оштетено со кривично дело, односно што се сослушува како сведок во кривична постапка.

Член 91

(1) Учесниците во постапките, органите и установите кои бараат информации, извештаи или мислења, како и медиумите се должни да се грижат за заштитата на приватноста на малолетникот, вклучувајќи ја и заштитата на идентитетот и информациите што можат да го откријат идентитетот.
(2) Ниту една информација што би можела да укаже на идентитетот на малолетник кој бил оштетен со кривично дело или е сведок во постапка не смее да се објави без експлицитна дозвола на судија или државен обвинител што постапува во случајот.

г) Закон за електронски медиуми

Ограничувања на приемот и реемитувањето на аудиовизуелни медиумски услуги

Член 6

...

2) за аудиовизуелни медиумски услуги на барање:

- обезбедувањето услуги го загрозува или претставува сериозна закана за да се загрози спречувањето, истрагата, гонењето и откривањето на кривични дела, заштитата на малолетниците, борбата против поттикнување омраза врз основа на раса, пол, религија или националност, го загрозува достоинството, заштитата на јавното здравје и јавната безбедност, националната безбедност и одбрана или заштитата на потрошувачите, вклучувајќи ги и инвеститорите;

...

Забрани

Член 48

...

(3) Забрането е објавување на информации за откривање на идентитетот на малолетник до 18-годишна возраст што е вклучен во каква било форма на насилство, без оглед дали е сведок, жртва или сторител, како и детали за семејните односи и приватниот живот на детето.

Обврски на радиодифузерите во врска со програмските содржини

Член 55

1. Радиодифузерот е должен да ги почитува приватноста и достоинството на граѓаните и да го заштитува интегритетот на малолетниците.
2. Радиодифузерот е должен да објави аудио и визуелно предупредување за содржината на програма со која може да наштети на физичкиот, здравствениот, моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетните лица и таквите програми јасно да ги означи со

визуелен симбол во текот на нивното емитување, како и да ги емитува таквите програми во време и на начин дека ќе бидат со најмала веројатност слушнати или видени од страна на малолетни лица во нормални околности.
3. Емитувањето на програмските содржини од ставот 2 на овој член е забрането надвор од ограничениот период што го определил Советот.
4. Забрането е да се емитуваат програми кои содржат порнографија или чија содржина поддржува насилство, злоупотреба на дроги или други облици на криминално однесување, како и програми со кои се злоупотребува лековерноста на гледачите или слушателите.

Обврски на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на барање
Член 82

1. Давателот на аудиовизуелни медиумски услуги на барање е должен овие услуги со кои би можел да се загрози физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетните лица да ги направи достапни само на начин со кој малолетните лица нема да ги слушнат или видат овие услуги во нормални околности.
2. Начинот на постапување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги од став 1 на овој член го пропишува Советот.

Заштита на малолетните лица
Член 86

Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее:

1) да предизвикаат материјална или нематеријална штета на малолетни лица;

2) директно да ги охрабруваат малолетните лица да купат или изнајмат производ или услуга користејќи го нивното неискуство или лековерност;

3) директно да ги охрабруваат малолетните лица да ги убедуваат родителите или другите лица да ги купуваат стоките или услугите што се рекламираат

4) да ја искористуваат довербата што ја имаат малолетните лица кај родителите, наставниците или други лица;

5) непотребно да ги прикажуваат малолетните лица во опасни ситуации.

Прекршоци
Член 146

(1) Со парична казна од 500 до 6 000 евра се казнува правното лице ако:
. . .
4) не објави соодветно предупредување за програми кои може да наштетат на физичкиот, здравствениот, моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетните лица и ако таквите програми јасно не ги означил со визуелен симбол во текот на нивното емитување или не ги емитувал таквите програми во време и на начин дека ќе бидат слушнати или видени со најмала веројатност од страна на малолетни лица во нормални околности (член 55 став 2);

5) емитува програмски содржини кои можат да го загрозат физичкиот, здравствениот, моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетните лица надвор од ограниченият период (член 55 став 3);
6) емитува програми кои содржат порнографија или чија содржина поддржува насилство, злоупотреба на дроги или други облици на криминално однесување, како и програми со кои се злоупотребува лековерноста на гледачите или слушателите (член 55 став 4);
…
22) дава аудиовизуелни медиумски услуги на барање со кои би можел да се загрози физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетните лица без да обезбеди тие да се достапни само на начин со кој малолетните лица нема да ги слушнат или видат овие услуги во нормални околности (член 82 став 1);
…
41) емитува комерцијални аудиовизуелни комуникации кои: предизвикуваат материјална или нематеријална штета на малолетни лица, директно ги охрабруваат малолетните лица да купуваат или да изнајмуваат производи или услуги искористувајќи ги нивното неискуство и лековерност, директно ги поттикнуваат малолетниците да ги убедуваат родителите или други лица да ги купуваат стоките или услугите што се рекламираат, ја злоупотребуваат довербата што малолетниците ја имаат кај родителите, наставниците или други лица или непотребно ги прикажуваат малолетните лица во опасни ситуации (член 86 став 1);
…

д) Правилник за програмските стандарди во електронските медиуми

Забранети програмски содржини
Член 6
Во електронските медиуми, забрането е емитување програмски содржини што:

...
в) емитуваат порнографија во некодирана програма;
...
ж) очигледно може да предизвикаат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој или благосостојбата на малолетни лица или други ранливи лица;
з) објавуваат информации кои го откриваат идентитетот на малолетниците што се вклучени во случаи на какво било насилство или кривично дело, без оглед дали се сведоци, жртви или сторители и, во тој контекст, даваат детали за семејните односи и приватниот живот на малолетните лица.
ѕ) објавуваат информации со кои се открива идентитетот на малолетни лица вклучени во случаи на обид за самоубиство или самоубиство на малолетно лице, старателство, згрижување и посвојување или чии родители отслужуваат затворска казна.

Заштита на приватноста
Член 12
...
Секое нарушување на приватноста мора да се оправда со јавен интерес кој може да се докаже,

особено кога станува збор за малолетни лица и лица кои не јавни личности и не се изложени на јавноста.
...

Член 14

(1) Малолетни и ранливи лица кои не се во состојба да се грижат за себе, нема да бидат испрашувани со приватни прашања без писмено одобрение од нивните родители или старатели, освен во случаите кога се укажува на тешката состојба на малолетните или ранливите лица, при што примарна цел е да се анимира јавноста за да даде поддршка.
(2) Во програмските содржини од став 1 на овој член не смее да се открива идентитетот и личните податоци на малолетните или ранливите лица, кога постои основано сомнение дека таквото откривање може да го загрози нивниот интерес или достоинство.
(3) Слики на малолетни лица со попреченост не смеат да се користат за каква било цел што е во спротивност со почитувањето на нивните права и човековото достоинство.

Заштита на малолетните лица

Член 19

(1) За емитување телевизиски програми постои граничен период помеѓу 23:00 и 6:00 часот.
(2) Само програмите што се наменети за возрасни, или програми кои можат да имаат негативни ефекти и последици врз малолетни лица, може да се емитуваат во рамките на граничниот период, во согласност со овој Правилник.

Член 20

(1) Кога се објавуваат информации за каков било облик на насилство и улога на малолетно лице во него, идентитетот на малолетното лице мора секогаш да биде заштитен со заматени слики и модулирани тон, за лицето да не може да се препознае.
(2) Личните податоци за малолетните лица и деталите за нивните семејни односи и приватниот живот не смеат да се објавуваат во случаи кога тоа би можело да ги загрози нивните интереси и достоинство.
(3) Не смеат да се објавуваат информациите за текот на кривичната постапка против малолетно лице и одлуката донесена во таа постапка.
(4) Може да се објави правосилна судска одлука во случајот против малолетно лице, но без наведување на личните податоци или други податоци преку кои може да се утврди идентитетот на малолетникот.
(5) При објавување на информации во врска со кривични дела, електронските медиуми се должни да посветат посебно внимание на ранливата положба на малолетникот кој е вклучен во случајот како жртва, сведок или сторител.
(6) Идентитетот на малолетникот осуден за кривично дело може да се открие во програмските содржини само ако постои оправдан јавен интерес.

Член 21

(1) Малолетните лица може директно да учествуваат или да учествуваат во програмските содржини

само со претходна писмена согласност од родителот, старателот, застапникот, посвоителот или лице на кое му е доверено да се грижи за малолетникот и за неговото образование или обука.
(2) По исклучок, малолетни лица може да учествуваат во информативни и забавни програмски содржини без претходна согласност од лицето од ставот 1 на овој член, доколку тоа го бараат поради причините за навремена и актуелна состојба.
(3) Без оглед на согласноста на лицето од ставот 1 на овој член за учество во програмите, малолетните лица не смее да бидат навредувани или деградирани на никаков начин.
(4) Забавните програмски содржини не смее да користат семејни конфликти за да ја забавуваат публиката и на тој начин да го попречуваат развојот на детето.
(5) Наградите што се доделуваат на малолетни лица мора да соодветствуваат на нивната возраст.
(6) Директно учество или вклучување на малолетни лица во програмската содржина на никој начин не смее да предизвика вознемиреност или страв или да ги наруши физичката, психолошката и емоционалната добросостојба и достоинството.
(7) Електронските медиуми не смеат да бараат мислење од малолетни лица за приватни семејни прашања или теми за кои не можат да расудуваат.
(8) Малолетните лица не може да учествуваат во програмски содржини во кои се дискутира за соодветноста на давање под старателство кај едниот или кај другиот родител, прифатливоста на нивното заминување од домот, живеењето со згрижувачко семејство или усвојувањето или за штетното однесување на едниот или на другиот родител.
(9) Забрането е користење на малолетни лица за политички цели.

Член 22

(1) Електронските медиуми се должни да обезбедат претходна тонска и визуелна (писмена и графичка) идентификација на содржината на програмата што може да го загрози физичкиот, здравствениот, моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетните лица.
(2) Програмските содржини од ставот 1 од овој член мора да бидат јасно идентификувани со визуелен симбол во текот на целото времетраење на емитувањето и да се емитуваат во време и на начин на кој е најмалку веројатно малолетните лица да ги слушнат или видат во нормални околности.
(3) Малолетниците нема да бидат прикажани во опасни ситуации ненамерно и без оправдана причина.
(4) Малолетните лица не може да бидат повикани на разговор во итни ситуации (на пример, деца кои бегаат од дома, при обид за самоубиство, биле искористени од возрасни за криминални активности, чии родители се во затвор итн.), и нивната анонимност мора да биде загарантирана во извештаите за вакви ситуации.
(5) Прилозите во вестите кои може да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на малолетните лица мора да се најават со предупредување за вознемирувачки или насилни сцени.
(6) Користењето тутун и производи од тутун, алкохол и наркотични дроги не смее да се прикажува во програмски содржини првенствено наменети за малолетни лица, освен кога се посочува дека се штетни.
(7) Сите облици на насилство и опасно однесување кои малолетните лица лесно можат да ги имитираат не смее да се прикажуваат во програмски содржини првенствено наменети за малолетни

лица, освен кога се посочува дека се штетни.
(8) При прикажување на реконструкција на кривични дела, насилство и друго штетно однесување, електронските медиуми се должни, за време на целото емитување, да прикажуваат визуелно предупредување дека тоа е реконструкција на настан.

Писмено и звучно предупредување и графички знаци

Член 23

(1) Писмено и звучно предупредување се емитува непосредно пред почетокот на означената содржина, во форма на телоп со следниов текст: „Следната програма не е погодна за малолетни лица под 12, 16 или 18 години", што истовремено го чита и спикер.
(2) Графичка ознака е круг со црвена бројка, која мора да биде јасно видлива и емитувана во горниот агол на екранот, за разлика од вообичаеното место на знакот за медиумска идентификација, за целото времетраење на дадената програмска содржина.
(3) За целите на овој правилник се применуваат следните графички знаци за соодветните категории на програми:

а) графички знак 12;
б) графички знак 16;
в) графички знак 18;

Член 23а

(1) При категоризирање на програмската содржина се зема предвид следново:

а. дали се покажува: насилство и неговите последици; сексуално насилство; голо човечкото тело; сексуалност; страшни сцени; пушење и злоупотреба на опојни дроги, алкохол и други штетни материи; опасно однесување; дискриминирачко или непристојно однесување;

б. во кој контекст се прикажува содржината од точката а) од овој став, а особено:

i. целта и природата на програмската содржина што може да нанесе штета на физичкиот, здравствениот, менталниот, моралниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетните лица;

ii. дали се работи за општ или специјализиран електронски медиум во чија програма се емитуваат одредени програмски содржини;

iii. дали се работи за содржина што е измислена или што не е измислена;

iv. степенот на реалност при прикажување на потенцијално штетна содржина;

v. бројот, должината, зачестеноста, интензитетот (во колкава мера има звучен, визуелен или вербален акцент) и деталите при прикажувањето на содржини кои можат да го загрозат физичкиот, здравствениот, моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетното лице;

vi. очекуваниот ефект од програмската содржина врз гледачите или слушателите, особено опкружувањето во кое е прикажана содржината што може да нанесе штета на физичкиот, здравствениот, менталниот, моралниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетните лица;

vii. каков став е заземен во програмските содржини во врска со насилството, злоупотребата на штетни материи, опасното однесување или дискриминаторскиот третман.

(2) Категоризацијата на програмските содржини што може да го загрозат физичкиот, здравствениот, моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетникот се врши со примена на критериумите од став 1 на овој член, по проценка на исполнувањето на секој критериум посебно и на сите критериуми заедно.

Член 23б

(1) Графичкиот знак 12 се прикажува кога содржината не е соодветна за малолетни лица под 12 години, но содржи повремено, не многу долго, не многу интензивно и не многу детално прикажување на содржината од член 23а, став 1 од овој правилник, која, со оглед на контекстот, не е несоодветна за малолетни лица на возраст од 12 или повеќе години и ги има следниве карактеристики:

а) повремено се прикажува умерено насилство и негови последици, додека сериозно насилство и негови последици може да е прикажано кратко и без детали.

б) може исклучително, кратко и ретко во содржината да се прикажуваат сцени на сурово насилство и негови последици, доколку тоа е оправдано со нејзиниот едукативен карактер;

в) сексуално насилство не се прикажува, но може да се имплицира дека се случило во текот на дејството;

г) голо човечко тело може да биде прикажано, но не и во сексуален контекст;

д) сексуалноста може да биде прикажана од време на време и дискретно;

ѓ) страшни сцени може да се прикажани со умереност, но да не бидат чести и нагласени;

е) прикажувањето на пушење и злоупотреба на опојни дроги, алкохол и други штетни материи не смее да биде често, ниту пак значењето или ефектите од нивната злоупотреба може да бидат прикажани како забава или помалку важни отколку што се во реалниот живот;

ж) опасното однесување не смее да се прикажува во детали, ниту пак смее да се заземе позитивен став кон таквото однесување во целина;

з) дискриминаторско однесување не смее да се прикажува со позитивен став кон таквото однесување, ниту пак е дозволено да се прикажува како да се одвива заедно со насилство;

ѕ) повремено непристојно однесување е дозволено, но не смее да се повторува ниту да се претставува како начин на комуникација, а многу непристојно однесување може да биде присутно само накратко, но не во случај ако се употребува како облик на агресивно однесување или за да се навреди некој.

Член 24

(1) Графичкиот знак 16 се прикажува кога содржината не е соодветна за малолетни лица под 16 години, но содржи повремено, не многу долго, не многу интензивно и не многу детално прикажување на содржината од член 23а, став 1 од овој правилник, која, со оглед на контекстот, не е несоодветна за малолетни лица на возраст од 16 или повеќе години и ги има следниве карактеристики:

а) тешко насилство и негови последици може да бидат прикажани во детали, но содржината не смее да се фокусира на сцените во кои тоа е прикажано во детали;

б) сексуално насилство може да биде само дискретно прикажано, без насочување кон деталите на таквото однесување и страдањето на жртвата;

в) не постојат ограничувања за прикажување на голо човечко тело, ако не се прикажува во сексуален контекст, а пак прикажуваното во сексуален контекст не смее да биде во детали;

г) сексуалноста може често да биде прикажувана, но без детали, освен кога се прикажува за целите на сексуално образование и образование за здравјето на луѓето;

д) застрашувачки сцени може да се прикажуваат често и со интензитет, но само ако не се резултат на садистичко или сексуално однесување;

ѓ) пушењето и злоупотребата на опојни дроги, алкохол или други штетни средства може често да се прикажуваат, но во содржината како целина не треба да се изразува позитивен став кон таквото однесување;

е) тешко насилство и негови последици може да бидат прикажани во детали, но содржината не смее да се фокусира на сцените во кои тоа е прикажано во детали;

ѓ) дискриминаторско однесување може да се прикажува дури и кога е комбинирано со насилство, но содржината во целина мора да има негативен став кон таквото однесување;

ѕ) многу непристојно однесување е дозволено, но најакутните форми на непристојно однесување може да се прикажуваат само кратко, но никогаш како облик на агресивно однесување или за да се навреди некој.

(2) Псевдо-реалити содржини, програми во живо и снимки од екстремни спортови во кои може да има сурово насилство се означени со графички знак 16.

(3) Програмска содржина со графички знак 16 се емитува само во периодот од 22:00 до 6:00 часот.

Член 25

(1) Графичкиот знак 18 се прикажува кога содржината не е соодветна за малолетни лица под 18 години, и содржи многу често, многу долго, многу интензивно и многу детално прикажување на содржината од член 23а, став 1 од овој правилник, која ги има следниве карактеристики:

а) особен фокус на прикажување сурово насилство и неговите застрашувачки последици;

б) прикажување на сексуално насилство со особен фокус врз деталите на таквото однесување и страдањето на жртвата;

в) детален приказ на сексуалноста, под услов примарната цел на содржината да не е поттикнување на сексуална возбуда;

г) прикажување сексуална содржина;

д) многу детално и многу интензивно присуство на страшни сцени;

ѓ) детално прикажување на злоупотребата на опојни дроги, алкохол или други штетни средства, дури и кога содржината како целина нема негативен став кон таквото однесување;

е) детално прикажување на опасно однесување, дури и кога содржината како целина нема негативен став кон таквото однесување;

ж) детално прикажување на дискриминирачко однесување, дури и кога содржината како целина нема негативен став кон таквото однесување;

з) прикажување на најгрубо навредливо однесување, дури и кога се користи како акт на агресивно однесување или за да се навреди некој.

(2) Реалити-програмите, нивните најави, како и програми кои прикажуваат преглед на развојот на настаните во ваквите програмски содржини мора да бидат означени со знак 18.

(3) Програмска содржина со знак 18 се емитува само во периодот од 23:00 до 6:00 часот.

Член 26

Советот на Агенцијата за електронски медиуми може, со цел да ги заштити интересите на јавноста, да ја определи обврската за емитување само во текот на граничниот период на одредени програмски содржини или жанрови кои не се опфатени со овој правилник.

Член 27

(1) Најавите за програмски содржини што подлежат на обврската за визуелно и звучно обележување, во рамките на активностите за самопромоција на електронските медиуми, не смеат да вклучуваат описи и сцени кои можат да го загрозат физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица.

(2) Најавите за програмските содржини од ставот 1 на овој член мора да содржат графичка ознака за категоријата на која таа содржина припаѓа.

ѓ) Правилник за аудиовизуелни комерцијални комуникации

Член 5

Обезбедувањето аудиовизуелни комерцијални услуги се темели врз следниве начела:

а) забрана за загрозување на човековото достоинство;
б) слобода на рекламирање и спонзорство;
в) вистинитост, потполност и одреденост;
г) препознатливост на огласувачите и спонзорите;
д) забрана за злоупотреба на довербата;
ѓ) забрана на дискриминација;
е) забрана за повреда на моралот;
ж) заштита на правата на малолетните лица;
з) почитување и заштита на конкуренцијата.

Член 7

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее:

…

да прикажуваат малолетни лица во вулгарни, насилни и ситуации кои се опасни за нивниот психофизички развој и живот (вклучувајќи ги и оние каде малолетниците консумираат алкохол, тутун и други штетни супстанции).

Злоупотреба на довербата

Член 16

(1) Комерцијалните аудиовизуелни комуникации не смеат да ја злоупотребуваат довербата, односот на зависност или приврзаност, лековерноста, недостатокот на искуство и знаење и празноверието на примателите на огласената порака, особено на малолетни лица.

(2) Комерцијалните аудиовизуелни комуникации не смеат да содржат елементи кои отворено или тајно се закануваат со, провоцираат, одобруваат или поттикнуваат насилство или неоправдан

страв или кои содржат порака од гледна точка на авторитет кон подредени малолетни лица или економски или на друг начин зависни лица.

Заштита на малолетните лица

Член 19

(1) Комерцијалните аудиовизуелни комуникации не смеат да содржат содржина што може да предизвика материјална или нематеријална штета на малолетни лица, особено предизвикувајќи страв и агресија, како и несоодветно морално и социјално однесување кај малолетните лица.
(2) Комерцијалните аудиовизуелни комуникации наменети за малолетни лица не смеат да содржат прикази на насилство, вклучително и сцени на насилство помеѓу анимирани ликови, кукли и слично.

Член 20

Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат директно да ги охрабруваат малолетните лица да ги убедуваат родителите или други лица да ги купуваат стоките или услугите што се рекламираат.

Член 21

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации наменети за малолетни лица не смеат да препорачуваат производ или услуга што не е наменета за нив.
(2) Комерцијалните аудиовизуелни комуникации наменети за малолетни лица не смеат да препорачуваат лекови и медицински средства, вклучително и витамини, освен паста за заби.
(3) Комерцијалните аудиовизуелни комуникации наменети за малолетни лица не смеат да содржат пораки коишто сугерираат дека одредени физички, интелектуални или други социјални предности се добиваат со користењето на некој производ или услуга, во однос на други малолетни лица кои не ги користат овие производи и услуги.

Член 22

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее да ги претставуваат малолетните лица на начин што вклучува сексуалност.
(2) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее да ги претставуваат мажите и жените како момчиња и девојчиња со сексуални обележја на возрасни.

Член 23

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации наменети за малолетни лица не смее да прикажуваат малолетни лица во опасни ситуации, какви што се: качување по ненаселени објекти; влез во непознати простории; разговор со непознати луѓе; користење кибрит, запалки, бензин, лекови и електрични апарати за домаќинството, и други ситуации во кои се загрозува нивното здравје или живот.
(2) Забраната од став 1 на овој член не се применува на аудиовизуелни комерцијални комуникации што содржат предупредување за опасност по здравјето и безбедноста на малолетните лица или нивниот интегритет.

Член 24

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации наменети за малолетни лица не може да содржат известување со кое се нарушува репутацијата или авторитетот на родителите, браќата и сестрите и другите членови на семејството.
(2) Аудиовизуелните комерцијални комуникации наменети за малолетни лица не смеат да сугерираат дека немањето одреден производ значи инфериорност или неуспех на родителот да ги исполни своите обврски кон малолетникот.
(3) Забраната од ставовите 1 и 2 на овој член, исто така, се однесува на нарушување на угледот на предучилишните и училишните институции.

Член 25

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации наменети за малолетни лица не смее да содржат информации кои ја искористуваат довербата на малолетникот кон други лица, а особено кон родителите, браќата и сестрите и другите членови на семејството, воспитувачите, наставниците, лекарите и други лица важни за животот и воспитувањето на малолетни лица.
(2) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее директно да ги наговараат малолетните лица да купат или изнајмат производ или услуга користејќи го нивното неискуство или лековерност.

Член 26

(1) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее да го нарушуваат авторитетот на родителите и другите едукатори во поглед на нивните упатства за здравата исхрана на малолетни лица.
(2) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее да ги поттикнуваат малолетните лица да ја занемаруваат здравата исхрана и здравиот начин на живот, да применуваат диети или да усвојуваат навики за јадење кои не се врамнотежени и здрави.
(3) Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее да промовираат замени за мајчиното млеко.

Член 27

Аудиовизуелните комерцијални комуникации што се однесуваат на играчки и едукативни производи за малолетни лица не смее да создадат погрешна слика во врска со:

- природата, функцијата и димензиите на играчката;
- нивото за способност и вештини потребни за користење на играчката;
- опис на додатоците што се или не се дел од пакувањето во кое е играчката;
- вредноста на играчката и информација за тоа дали е неопходно да се купат дополнителни производи за користење на играчката;
- минимизирање на цената на производот или создавање слика дека нејзината набавка е соодветна на буџетот на секое семејство.

Алкохолни пијалаци

Член 33

Аудиовизуелните комерцијални комуникации кои ги промовираат алкохолните пијалаци не смее да бидат насочени кон малолетни лица и не смее да поттикнуваат потрошувачка на таквите пијалаци.

Член 34

Рекламирањето и телешопингот со кои се промовираат алкохолни пијалаци не смее:

а) да сугерираат или да создадат впечаток дека со консумирање на алкохол може да се подобри физичката состојба или возењето;
б) да сугерира или да создаде впечаток дека консумирањето алкохол придонесува кон општествен или сексуален успех;
в) да тврдат, сугерираат или создаваат впечаток дека алкохолот има лековити својства или дека е стимуланс, седатив или средство за решавање на лични проблеми;
г) да поттикнуваат нивно неумерено консумирање или да ја претставуваат апстиненцијата или умереноста во негативно светло;
д) да нагласуваат дека високиот процент алкохол е позитивен квалитет на алкохолните пијалаци.

Член 35

Рекламирање и телешопинг на алкохолни пијалаци, вклучително и промовирање на каков било бренд и други ознаки, се забранети во радио и телевизиски програми:

а) за малолетни лица;
б) кога темата е автомобилската индустрија или во програмски содржини наменети за возачи на моторни возила.

Распоред на реклами и теле-продажба

Член 46

Во текот на или на границата (најмалку 15 минути пред и потоа) на програми наменети за малолетни лица, забрането е рекламирање на:

а) игри на среќа;
б) спортско обложување;
в) реклами со религиозна содржина;
г) средства за палење, запаливи супстанции и други опасни материи што може да го доведат детето во опасност;
д) производи за губење тежина, третмани, како и установи каде што се добиваат такви третмани, лекови и други додатоци во исхраната;
ѓ) филмови што се обележани со знак за програма над 18 години.

Реклама на дел од екранот, телепромоција и виртуелно рекламирање

Член 53

(1) Телепромоцијата не смее да се користи во детски, верски и информативно-политички програми и програми за тековни случувања.

Спонзорства

Член 64

(1) Програми за малолетни лица, програми за автомобили и програми наменети за возачи на

моторни возила не смее да бидат спонзорирани од производители на алкохолни пијалаци.
(2) Не е дозволено да се прикажува логото на спонзорот за време на детски, документарни и верски програмски содржини.

САМОРЕГУЛИРАЊЕ

Кодекс на однесување на новинарите на Црна Гора

Насоки за начело 5

При прибирање информации во каква било форма, новинарот користи професионално чесни и законски дозволени методи.

Отстапувањето од ова правило е дозволено само во случаи кога овие методи не се доволни, а информациите што треба да се добијат се исклучително важни за јавноста.

5.2. Истражување во посебни околности

Новинарското истражување треба да се спроведува со должно сочувство и дискреција во случаи на трагедии, кога се работи за лична тага или шок и кога станува збор за лица со телесна или ментална состојба или болест, како и за деца и малолетни лица.

Не смее да се злоупотреби ограничената моќ на размислување или посебната ситуација во која се наоѓаат таквите луѓе за да се добијат информации.

Насоки за начело 8

Новинарот е должен да го заштити интегритетот на малолетните лица и на членовите на маргинализираните и ранливите групи.

8.1. Интересите на децата

(а) Медиумите се должни да постапуваат во согласност со принципите на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации и особено со внимание да ги истражуваат информациите коишто имаат ефект врз децата. Следствено, медиумите не смее да се мешаат во приватниот и семејниот живот, домот или личната преписка на кое било дете и не смеат да ги напаѓаат честа и угледот на детето.
(б) Медиумите се должни да бидат особено внимателни кога известуваат за малолетни лица, особено ако тие се жртви на какво било насилство во семејството, од врсници или друго насилство. Неприфатливо е објавување слики и видеа од деца жртви на насилство, како и откривање на нивниот идентитет.
(в) Медиумите се должни да бидат особено внимателни кога известуваат за малолетни лица коишто се осомничени за вмешаност во противзаконски активности и при тоа да го почитуваат принципот на пресумпција на невиност и избегнување на сензационализам.
Неприфатливо е објавување слики и видеа од деца коишто се осомничени за кривично дело, како и откривање на нивниот идентитет.

(г) Забрането е медиумите да ги злоупотребуваат децата на каков било начин, при тоа изложувајќи ги на понижување поради некоја форма на страдање, какви што се сиромаштијата или неприфатливото однесување и постапки на возрасни.
(д) Пред да открие информации добиени од малолетно лице, новинарот мора да добие дозвола од родител/ законски старател на малолетникот.
(ѓ) Не е дозволено објавување на фотографии и видео клипови на деца и малолетници без согласност од родител/ законски старател.

Насоки за начело 9

Кога известува за истражни и судски постапки, новинарот мора да ја почитува претпоставката дека сите се невини додека не се докаже поинаку.

Новинарот не смее да го прејудицира исходот од постапката во своето известување.

9.1. Известување за кривични, истражни и судски постапки

(е) Кога известуваат за истрага и кривична постапка против малолетни лица и нивното појавување во судот, медиумите мора да бидат особено внимателни и да ја имаат предвид иднината на тие лица. Ова важи и за деца и малолетници што се жртви на кривични дела.

ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ НА КОСОВО

1. Национално регулаторно тело, мандат и надлежности

Националното регулаторно тело на Косово е Независната комисија за медиуми (НКМ), основана со Уставот и Законот бр. 04/L-44 за Комисијата за независни медиуми. НКМ е независно тело чија надлежност опфаќа регулирање на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и усвојување на подзаконска регулатива, постапки за издавање лиценци, управување и надзор над спектарот на радиодифузни фреквенции, утврдување и наплата на надоместоците за лиценци, како и изрекување санкции за прекршување на правилата и прописите. Комисијата за независни медиуми е одговорна за подготовка на стратешки документи, меѓу кои и документите за транзиција кон дигитално емитување и други стратешки документи за аудиовизуелни медиумски услуги што треба да ги одобри Владата. Комисијата за независни медиуми се состои од: Комисија, Главна извршна канцеларија и Одбор за жалби. Членовите на Комисијата и Одборот за жалби ги избира Собранието, а Генералниот директор го именува Комисијата. Одлуките на Комисијата за независни медиуми може да се обжалат пред Одборот за жалби. Следствено, второстепена жалбена постапка може да се поведе пред суд.

Веб страница: www.kpm-ks.org.

Комисијата за независни медиуми подготвува годишни извештаи коишто се објавуваат откако ќе ги одобри Собранието.

2. Законска регулатива со која се уредува заштитата на малолетните лица

а) Устав на Република Косово

Член 50
[Права на децата]

1. Децата имаат правото на заштита и грижа што се неопходни за нивната благосостојба.
2. Децата што не се родени во брак имаат еднакви права како тие што родени во брак.
3. Секое дете има право да биде заштитено од насилство, малтретирање и експлоатација.
4. Сите активности што ги преземаат јавните или приватните власти, а се во врска со децата, мора да бидат од најдобар интерес на децата.
5. Секое дете има право на редовни лични односи и непосреден контакт со своите родители, освен ако надлежната институција не утврди дека тоа е во спротивност со најдобриот интерес на детето.

б) Закон бр. 04/L-044 за Независната комисија за медиуми

Член 2
Дефиниции

1.17. Заштита на малолетните лица кај телевизиските програми - гаранција за заштита на децата и

малолетните лица од програмски содржини што може негативно да влијаат врз нивниот физички, ментален, емоционален и морален развој, а особено од тие што прикажуваат порнографија и непотребно насилство.

Член 27

Комерцијални комуникации

8. Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее:

8.1. да предизвикаат физичка или етичка штета на малолетните лица;

8.2. директно да ги охрабруваат малолетните лица да купуваат или изнајмуваат производ или услуга користејќи го нивното неискуство или лековерност;

8.3. директно да ги охрабруваат малолетните лица да ги убедат родителите или други лица да купат стоки или услуги што се рекламираат;

8.4 да ја искористуваат довербата што ја имаат малолетните лица кај родителите, наставниците или други лица;

8.5. да ги прикажуваат малолетните лица во опасни ситуации на неразумен начин.

11. Детските програми, кога нивното времетраење е покусо од триесет (30) минути, не смее да се прекинуваат со рекламни спотови и/ или теле-продажба. Детските програми може да бидат прекинати од реклами и/ или теле-продажба еднаш во секој утврден период од најмалку триесет (30) минути, под услов предвиденото времетраење на програмата да биде подолго од триесет (30) минути.

13. Рекламите и телешопингот за алкохол и алкохолни пијалаци треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

13.1. не може да се насочени посебно кон малолетни лица или конкретно да прикажуваат малолетници што ги консумираат тие пијалаци;

17. Аудиовизуелните или радио програми што може да нанесат сериозна штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците, особено програми што прикажуваат порнографија или непотребно насилство, се забрануваат.

18. Забрането е емитување на аудиовизуелни и радио програми што може да го попречат физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица, освен во случаи кога ги емитува давател на телевизиски или радио услуги, кој избира време на емитување или каква било техничка мерка со што обезбедува дека малолетните лица не ги слушаат или не ги гледаат таквите емитувања на територијата на која се емитуваат. Кога овие програми се емитуваат нешифрирани, радиодифузерот треба да обезбеди дека пред нив задолжително ќе претходи гласовна забелешка или ќе бидат идентификувани со присуство на визуелни симболи за целото нивно времетраење.

Член 31

Спонзорства

5. Забрането е прикажување на лого на спонзор за време на детски и верски програми.

Член 32

Пласирање на производот

1. Пласирањето производи е забрането.

2. По исклучок на одредбата од став 1 на овој член, пласирање производи е дозволено во:
2.1 Кинематографски дела, филмови и серии направени за аудиовизуелни медиумски услуги, спортски програми и лесни програми за забава, освен во програми за деца;

Член 33

Заштита на деца и малолетни лица

1. НКМ ќе преземе соодветни мерки за да осигури дека телевизиските радиодифузери од радиодифузерите под нивна надлежност нема да емитуваат програма што може да нанесе сериозна штета на физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетниците, особено програми со порнографска содржина или екстремно насилство.
2. Мерките од став 1 на овој член се применуваат и на други програми што може да нанесат штета на физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетните лица, освен во случаите кога е обезбедено, со тоа што е избран терминот од страна на радиодифузерот или со некоја техничка мерка, дека на територијата на која се емитува програмата малолетните лица нема да ја гледаат или да ја слушаат.
3. Кога овие програми се емитуваат во нешифрирана форма, НКМ ќе осигури тие да се придружувани со акустичен знак или да се идентификувани со присуство на визуелни симболи за нивното времетраење.
4. Платени аудиовизуелните медиумски услуги што може да нанесат сериозна штета на физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетните лица, се достапни само на начин што ќе обезбеди дека малолетниците во нормални околности нема да ги гледаат или да ги слушаат таквите платени аудиовизуелни медиумски услуги.

в) НКМ 2013/01 Правилник за заштита на децата и малолетните лица во поглед на аудиовизуелните услуги

Член 1

Цел

Овој правилник обезбедува заштита на децата и малолетниците од програмски содржини што имаат негативно влијание врз нивниот физички, ментален или морален развој или го откриваат нивниот идентитет.

Правилникот го уредува начинот на категоризација, формите на предупредување, како и термините за емитување на програмските содржини што може негативно да влијаат на физичкиот, менталниот или моралниот развој на децата и малолетните лица, особено програми во кои има порнографија или непотребно насилство.

Член 2

Дефиниции

1. Терминот „дете“ се однесува на лица до возраст од 14 години.
2. Терминот „малолетно лице“ се однесува на лице на возраст помеѓу 14 и 18 години;
3. Терминот „граничен период“ е време во распоредот на радио/ телевизиската програма што го

разделува времето кога е дозволено прикажување на радио/ телевизиски програми со содржина за возрасни од времето кога тоа не е дозволено. „Граничниот период“ започнува во 24:00 часот и завршува во 5:00 часот. Кај услугите со претплата што не се заштитени со ПИН-код, граничниот период исто така е од 24:00 до 5:00 часот.

4. Терминот „непотребно насилство“ означува намерна примена на физичка, механичка сила или секаква друга сила за да се нанесе штета, повреда или да се малтретира некој.

5. Терминот „страв“ имплицира чувство, честопати силно, што е реакција на исчекување на опасност, зло и болка, без оглед на фактот дали оваа закана е реална или перципирана.

6. Терминот „еротска содржина“ се однесува на програмски содржини што се фокусираат на сексуални желби, јасно прикажување на сексуалниот чин и прикажување на соодветни ерогени зони на човековото тело чија крајна цел е сексуален чин, но не ги прикажува јасно лицата како учествуваат во сексуалниот чин.

7. Терминот „порнографија“ се однесува на програмска содржина во која јасно и отворено се прикажуваат човечките сексуални органи или сексуален акт.

8. Терминот „програмски содржини со штетна содржина“ се однесува на програмски содржини што нанесуваат штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на децата и малолетните лица.

Програмите од точка 8 ја вклучуваат, но не се ограничени, на следната содржина:

8.1. Содржина со физичко, вербално, гестикулациско, емоционално, сексуално насилство или со специјални ефекти. Насилството што се прикажува во специфични уметнички програми мора да биде ставено во контекст на содржината, да пренесува едукативни пораки што децата и јавноста лесно може да ги разберат. Ова значи дека насилните сцени не треба да бидат цел.

8.2. Содржината со сексуални сцени може да се прикаже во контекст на научна, образовна, документарна или информативна програмска содржина. Во ваквите програмски содржини се избегнуваат сексуални сцени со егзибиционизам, нудизам, сексуално насилство и полова дискриминација. Ваквата содржина се оценува врз основа на целта на секоја сексуална сцена, така што се оценува соодветноста на целта на секоја сцена во однос на возраста на гледачите.

8.3. Содржини и програми што содржат коцкање, гатање, читање карти, услуги на спиритуални медиуми и слично, што не се научно докажани.

Член 3

Ограничувања и општи обврски

1. Аудиовизуелните медиумски сервиси не смее да емитуваат програми со штетна содржина за децата, освен во термините и под условите дефинирани во овој правилник.

2. Аудиовизуелните медиумски сервиси што емитуваат радио програми со штетна содржина за децата, се должни да користат соодветни акустични предупредувања.

3. Аудиовизуелни медиумски сервиси што емитуваат радио/ ТВ програми со штетни содржини за деца, се должни да ги применуваат соодветните акустични и текстуални предупредувања и да ги идентификуваат таквите програми со соодветни визуелни симболи во текот на целото нивно времетраење, во согласност со категоризацијата на програмите предвидена со овој правилник.

4. Аудиовизуелните медиумски сервиси може да емитуваат програми со порнографска содржина само ако се шифрирани со код и во согласност со членот 4.1.4 од овој правилник.

5. Во согласност со овој правилник, аудиовизуелните медиумски сервиси се должни да утврдат

стандарди за саморегулација (Кодекс на пракса) за емитување програми што може да нанесат штета на развојот на децата и на малолетните лица, како и да воспостават механизми за следење на спроведувањето на овие стандарди.
6. По изработката на Кодекс на практика, секој аудиовизуелен медиумски сервис е должен до НКМ да достави примерок, најдоцна три (3) месеци по влегувањето во сила на овој правилник. Аудиовизуелните медиумски сервиси може да го претстават овој Кодекс на пракса поединечно или во група.
7. По барање на НКМ, аудиовизуелните медиумски сервиси се должни да достават детални информации за спроведувањето на саморегулаторните стандарди од Кодексот на практики во рок од три (3) работни дена.

Член 4

Заштита на идентитетот и почитување на достоинството на децата и малолетните лица во програмските содржини

1. Мора да се посвети должно внимание на достоинството на децата и малолетните лица кои се дел од програмата или се вклучени во програмите. Ова правило задолжително се применува без оглед на согласноста што ја дал родителот, законскиот старател или кое било друго лице над 18 години што го претставува малолетникот.
2. Не смее да се објавуваат информации со кои се открива идентитетот на дете помладо од 18 години што учествува во случај на какво било насилство, без оглед на статусот на детето како сведок, жртва или сторител, или во случај на обид за самоубиство или извршено самоубиство, ниту пак да се вклучуваат детали за семејни работи и приватниот живот на детето.
3. При информирање за каков било облик на насилство и за улогата на малолетникот во него, идентитетот на малолетникот секогаш мора да биде заштитен со нејасна, квантизирана или маскирана слика и модулиран тон, за да не може да се препознае малолетникот. Ваквите информации не смее да откриваат детали за семејните односи и приватниот живот на детето.
4. Личните податоци за малолетните лица, како и деталите за нивните семејни односи и приватниот живот не се емитуваат во случаи кога емитувањето на такви информации може да ја наруши нивната благосостојба.

Член 5

Категоризација на програмските содржини

1. Првата категорија опфаќа програми без штетна содржина.
2. Втората категорија опфаќа програми што не се препорачуваат за деца помлади од 10 години и за кои е потребно присуство на родител или старател. Оваа категорија се однесува на програми со сцени и слики од насилство и страв. Емитувањето на овие програми мора да биде најавено и придружено со соодветно предупредување.
3. Третата категорија вклучува програми со сцени или слики од насилство и страв, како и еротска содржина, што се повторува релативно често. Овие штетни програмски содржини не се препорачуваат за децата помлади од 14 години. За програмите од третата категорија, потребно е присуство на родител или старател. Емитувањето на овие програми мора да биде најавено и придружено со соодветно предупредување.

4. Четвртата категорија вклучува програми со континуирани сцени или слики од непотребно насилство, страв, порнографски содржини и програми што содржат коцкање, гатање, читање карти, услуги на спиритуални медиуми и други слични услуги што не се научно засновани. Овие програми не се препорачуваат за лица помлади од 18 години. Емитувањето програми со континуирана содржина на насилство и страв мора да се најавува и мора да се придружени со соодветно предупредување. Програмите со порнографска содржина може да се емитуваат само со код.

Член 6
Време на емитување

1. Емитувањето на програмите од првата категорија не подлежи на никакви временски ограничувања.
2. Емитувањето на програмите од втората категорија се врши од 15:00 часот до 6:00 часот.
3. Емитувањето на програмите од третата категорија се врши од 22:00 часот до 6:00 часот.
4. Емитувањето на програмите од четвртата категорија се врши од 24:00 часот до 5:00 часот. Во овој период, радиодифузерите може да емитуваат програми со порнографска содржина што ќе бидат шифрирани.

Член 7
Сигнализација и пиктограми

1. Радиодифузерите се должни да ги користат пиктограмите прикажани во Анекс 1 на овој правилник.
2. Предупредувачките знаци за категориите што се утврдени со овој член се задолжителни за сите програми дефинирани во член 5.
3. Пред почетокот и по секое прекинување на програмата, се емитува вербално и акустично предупредување.
3.1 Пред почетокот на ТВ-програмата, мора да се прикаже предупредувачкиот знак како комбинација од текстуално, вербално, звучно и визуелно предупредување, во траење од 10 секунди и мора да покрива најмалку ¼ од видливиот дел од екранот. Текстот на пишаното/ текстуалното предупредување мора да гласи: „Следната програма не е соодветна за деца и малолетни лица.“
3.2. За време на ТВ програмата, само знакот за визуелно предупредување со димензии од минимум 1/48 и максимум 1/32, се прикажува во аголот на екранот.
3.3 Програмите од четвртата категорија не смее да се промовираат пред 24:00 часот.
3.4 Распоредот на програмите објавен на телетекст или во дневниот печат мора да ги прикажува и визуелните знаци за соодветната категорија на програмите.

Анекс

Категорија	Класификација	Сигнал
Категорија 1	Нема визуелна сигнализација.	
Категорија 2	Неопходен е надзор од родител/старател или забрането за малолетни лица помлади од 10 години.	10+

Категорија 3	Возрасна публика забрането за малолетни лица помлади од 14 години.	
Категорија 4	Возрасна публика забрането за лица помлади од 18 години.	

г) НКМ -2016/03 Кодекс на етичко однесување за давателите на медиумски услуги во Република Косово

Член 4

Вулгарен и навредлив јазик

1. Давателите на медиумски услуги не треба да емитуваат пред граничниот период (од 24:00 до 5:00 часот) никаков материјал што содржи вулгарен и навредлив јазик.
2. Вулгарен или навредлив јазик нема да се користи во програми насочени кон деца и малолетници, освен во посебни случаи оценети според контекст.
3. Во програмите во живо (дебата/ интервју итн.), обврската на давателите на медиумски услуги е да преземат соодветни мерки за да се избегне употребата на вулгарен или навредлив јазик од страна на учесниците.
4. Вулгарен и навредлив јазик не смее да се користи во програмски содржини пред граничниот период (во случај на телевизија) или особено кога е веројатно дека децата ќе слушаат (во случај на радио), освен ако тоа не е оправдано од контекстот.

Член 9

Претставување и учество на децата и малолетните лица во програмските содржини на давателите на медиумски услуги

1. Секогаш мора да се почитува правото на приватност на децата. Бидејќи непотребниот публицитет или неправилното означување може да им нанесе штета, децата и малолетните лица што се жртви на злоупотреба или се во судир со законот не треба да се идентификуваат, директно или индиректно. Не треба да се емитуваат никакви информации што можат да ги идентификуваат.
2. Забранети се непланирани изненадувања или интервјуа („од заседа“) на деца и малолетни лица.
3. Деца и малолетни жртви, осомничени, обвинети за криминал, уапсени или притворени под сомневање за престап, како и деца и малолетници кои поминуваат низ судски процес, треба да се заштитат од друго страдање, неволја или траума; треба да се интервјуираат само со согласност на нивните родители или законски старатели, освен кога родителот или старателот е обвинет. Интервјуто треба да се спроведува само со овластување и надзор на квалификувани адвокати, психолози или социјални работници квалификувани, одговорни за нивната благосостојба.
4. Од децата нема да се бара, и нема да бидат принудени или поткупени да се сетат и да ги прикажат трауматичните искуства и страшните настани или да ги демонстрираат или опишат со графички детали.
5. Давателите на медиумски услуги не треба да емитуваат интервјуа или фотографии на деца на

возраст под 14 години за прашања што се поврзани со нивните семејства без претходна согласност од родител или возрасен кој е одговорен за детето.
6. Давателите на медиумски услуги не треба да ги идентификуваат децата што се помлади од 14 години, а се вклучени во криминални активности како сведоци или како обвинети.
7. Не е дозволено користење и присуство на деца во разни промотивни спотови на политички партии.
8. Давателите на медиумски услуги треба да се грижат за физичката, емоционалната благосостојба и достоинството на малолетниците (под 18 години) кои учествуваат во програмата или се вклучени на каков било друг начин. Ова важи без оглед на претходно дадената согласност од родител или возрасен кој е одговорен за малолетникот.
9. Давателите на медиумски услуги мора да обезбедат дека наградите што се наменети за деца се соодветни за возраста на учесниците во програмата и целните групи на програмата.

е) НКМ 2017/07 Правилник за комерцијалните аудиовизуелни комуникации

Член 4

Дефиниции

27. **Комерцијални комуникации наменети за малолетни лица** - комуникација што препорачува производи или услуги кои според својата природа, форма, квалитет и други карактеристики се наменети да ги користат само малолетни лица, без оглед дали може да ги користат самостојно или со помош од друго лице;

Член 7

Емитување комерцијални комуникации

2. Комерцијални комуникации што прикажуваат непотребно насилство или закана од насилство се забранети.
7. Комерцијалните комуникации што директно или индиректно се однесуваат на порнографија (жешки линии, рекламирање и телешопинг за порнографски списанија и филмови, како и тие со еротска природа) може да се емитуваат само помеѓу 24:00 часот и 6:00 часот. Ова не се однесува на аудиовизуелни медиумски услуги на барање и медиумски услуги на барање на радио.
8. Комерцијалните комуникации што на некој начин промовираат паранормални и парапсихолошки феномени или кои било други поврзани услуги може да се емитуваат само во периодот помеѓу 24:00 часот и 6:00 часот. Ова не се однесува на аудиовизуелни медиумски услуги на барање и медиумски услуги на барање на радио.

Член 8

Комерцијални комуникации за специфични производи и услуги

1. Забранети се сите видови комерцијални комуникации за цигари и други производи од тутун, оружје и муниција, пиротехнички средства и дроги.
2. 13. Рекламите и телешопингот за алкохол и алкохолни пијалаци мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

А) Не смее директно да се насочат кон малолетни лица и да прикажуваат малолетници како ги консумираат овие пијалаци.

Член 9

Комерцијални комуникации, деца и малолетни лица

1. Комерцијалните комуникации не смее да поттикнуваат никакво однесување што предизвикува штета на здравјето, менталниот и моралниот развој на децата и малолетниците.
2. Комерцијалните комуникации кои имаат за цел да или ги отсликуваат децата или малолетните лица мора да избегнуваат сè што може да нанесе штета на нивните интереси и мора да бидат внимателни во поглед на нивната специфична чувствителност.
3. Комерцијални комуникации наменети за малолетни лица не смее да содржат:

а) лажни информации за производ или услуга, особено во поглед на неговата вистинска големина, вредност, природа, издржливост, брзина, боја и други карактеристики;

б) Покрај информациите за цената, процена на вредноста на содржината, како „единствената“, „нула“, „ситница“, „бесплатно“ итн .;

в) препорака за производи или услуги што не се соодветни за нив;

г) препорака за лекови, медицински третмани, помагала и опрема, како и за медицински установи, третмани за губење тежина, запаливи извори, запаливи материи и друга опасна опрема, да пренесуваат религиозни пораци или да вклучуваат еротска содржина;

д) сцени од насилство, вклучувајќи насилство меѓу цртани ликови, кукли итн.;

ѓ) укажување дека употребата на одредени производи или услуги може да резултира со подобрени физички, интелектуални или други социјални вештини;

е) охрабрување за малолетните лица да купат или изнајмат производ или услуга, искористувајќи го нивното неискуство или лековерност;

ж) директен поттик малолетните лица да ги убедат своите родители да ги купат рекламираните стоки или услуги;

з) да ја искористуваат посебната доверба што малолетните лица ја уживаат кај родителите, наставниците или други лица;

ѕ) поддршка за социјална дискриминација врз основа на физички изглед, естетски категории или да имплицираат успех врз основа на губење на тежината;

и) несоодветно прикажување на малолетните лица во опасни ситуации какви што се: качување на небезбедни згради, влегување во непознати простории, разговори со непознати лица, користење запалки, бензин, лекови, домашни електрични апарати итн., освен кога таквата комерцијална аудиовизуелна комуникација прикажува опасност по здравјето и безбедноста на малолетни лица.

4. Давателите на медиумски услуги може да воспостават кодекси за однесување за несоодветни аудиовизуелни комерцијални комуникации што се присутни во или ги придружуваат програмите за детска храна и пијалаци што содржат хранливи и супстанции со хранливи или физиолошки ефекти, особено маснотии, трансмастни киселини, сол/ натриум и шеќери, чија прекумерна потрошувачка не се препорачува во општата исхрана.

Член 10

Распоред за телевизиски реклами и телешопинг

2. Телевизиските реклами и телешопингот се емитуваат во блокови, освен во случаите утврдени со овој правилник. Телевизиските реклами и телешопингот се вметнуваат во средината или во текот на програмските содржини, така што нема да се нарушува интегритетот на содржините, и се земаат предвид природните паузи во програмите, времетраењето и природата на програмата, и да не се повредуваат правата на носителите на права.

7. Алкохолни пијалаци, пива, медицински третмани, додатоци и опрема, вклучувајќи додатоци на храна, медицински установи, третмани за губење на тежината, запаливи извори, запаливи супстанции и друга опасна опрема, како и верски пораки нема да се објавуваат веднаш пред, во текот на, или по детски програми.

Член 12

Реклами, телепромоции и виртуелно рекламирање на поделен екран

1. Рекламирањето на поделен екран не смее да биде толку претерано за да се спречи гледачите да продолжат да ја следат уредената содржина и не смее да се користи во програмски содржини за децата, верски програми и информативни програми. Одредбите од овој правилник што се однесуваат на распоредот и времетраењето на телевизиското рекламирање и телешопингот се применуваат и на рекламирањето на поделен екран.

2. Телепромоцијата не смее да се користи во детски, верски, информативни и програми за тековни случувања. Одредбите од овој правилник што се однесуваат на распоредот и времетраењето на телевизиското рекламирање и телешопингот се применуваат и на телепромоцијата.

Член 14

Забрането спонзорство

4. Забрането е прикажување на знакот на спонзор во текот на детски и религиозни програми.

Член 15

Пласирање на производ

2. Со исклучок на став 6 од овој член, пласирањето производи е дозволено во:

2.2. Програми за спорт и лесна забава, со исклучок на детски програми.

Член 16

Еротска и порнографска содржина

Аудиовизуелните комерцијални комуникации не е дозволено да прикажуваат производи или услуги со порнографска содржина.

Член 21

Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смее:

6. Детските програми, кога нивното времетраење е пократко од триесет (30) минути, не смее да се прекинуваат со рекламни спотови и/ или теле-продажба. Емитувањето на детски програми може

да биде прекинато со аудиовизуелни комерцијални комуникации или телешопинг еднаш откако ќе поминат најмалку 30 минути, ако програмата трае подолго од 30 минути.

Медиумски услуги на радио

Член 24

Примена

Сите одредби од овој правилник се применуваат и на медиумските услуги на радио, со исклучок на делот за Телевизиски реклами, Телешопинг и Пласирање производи.

Член 25

Утврдување на термините за реклами и телешопинг во програмските содржини на радио

4. Реклами за алкохолни пијалаци, пива, медицински третмани, додатоци и опрема, вклучувајќи додатоци на храна, медицински установи, третмани за губење на тежината, запаливи извори, запаливи супстанции и друга опасна опрема, како и верски пораки не смее да се прикажуваат веднаш пред, во текот на, или по детски програми.

ЗАКОНСКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ ВО СРБИЈА

1. Воспоставување, мандат и надлежности на националното регулаторно тело

Националното регулаторно тело е регулаторно тело за електронски медиуми (РЕМ), кое е основано согласно Законот за електронски медиуми. РЕМ ги има следните надлежности: ја утврдува Предлог стратегијата за развој на радио и аудиовизуелните медиумски услуги и ја доставува на усвојување до Владата; го усвојува Статутот; ги усвојува општите подзаконски акти предвидени со закон; издава дозволи за давање медиумски услуги на телевизијата и линеарните медиумски услуги на радио; потесно ја уредува процедурата, условите и критериумите за издавање дозволи, и согласно законските одредби го пропишува образецот и содржината на дозволата; издава одобренија за давање медиумски услуги по барање и потесно ја уредува процедурата за издавање дозволи; води регистар на медиумски услуги и евиденција за давателите на медиумски услуги по барање; ја контролира работата на давателите на медиумски услуги и се грижи за доследна примена на одредбите на овој закон; изрекува мерки на давателите на услуги согласно на овој закон; пропишува правила кои се обврзувачки за давателите на медиумски услуги, особено на оние со кои се обезбедува спроведување на стратегијата наведена претходно; одлучува по пријави во врска со програмското делување на давателите на медиумски услуги; потесно ја уредува логичната нумерација на каналите; дава мислење на надлежните државни органи во врска со пристапувањето кон меѓународните конвенции кои се однесуваат на областа на давање медиумски услуги; дава иницијативи за усвојување и измена на закони, други прописи и општи акти заради ефикасно вршење на работите кои се во делокруг на работата; утврдува правила кои се однесуваат на програмската содржина, а се во врска со заштитата на човечкото достоинство и други лични права, заштита на правата на малолетни лица, забрана за говор на омраза, итн; врши анализа на релевантниот медиумски пазар во соработка со телото кое е надлежно за заштита на конкуренцијата, согласно методологија која е пропишана во акт кој го усвојува регулаторот; спроведува истражувања за потребите на корисниците на медиумските услуги и ги штити нивните интереси; соработува и ја координира својата работа со телото кое е надлежно за електронски комуникации и телото кое е надлежно за заштита на конкуренцијата и со други регулаторни тела согласно овој закон; го поттикнува чувањето и заштитата на српската култура и јазик, како и културата и јазикот на националните малцинства; го поттикнува унапредувањето на достапноста на медиумските услуги за лицата со попреченост; го поттикнува развојот на творештвото во областа на радио, телевизиски и други аудиовизуелни медиумски услуги; поттикнува развој на професионалност и висок степен на образование на вработените во електронските медиуми, како и унапредување на уредничката независност и самостојност на давателите на медиумски услуги итн. Санкциите кои може да ги изрече РЕМ се: опомена, предупредување, привремена забрана за емитување програмска содржина, т.е. суспендирање на лиценцата заради прекршување на програмските стандарди и обврски од дозволата. За стручните и административните работни места во РЕМ постојат стручни одделенија, а тела на оваа агенција се Советот и Претседателот на Советот.

Управен спор може да се поведе пред Управниот суд против конечната одлука на Советот на РЕМ за прекршувања на дозволата.

Веб страница: www.rem.rs.

Сите одлуки на РЕМ во врска со процедурите за пријавување или процедури по службена должност се објавуваат на интернет страницата.

Годишниот извештај на РЕМ ги содржи главните податоци за структурата на мерките кои се изречени на даватели на АВМУ.

2. Закони кои се однесуваат на заштита на малолетни лица

а) Закон за електронски медиуми

Член 22, став 1, точка 15
(Делокруг на работа на регулаторот)
Регулаторот:

15) ги утврдува деталните правила кои се однесуваат на програмската содржина и се во врска со заштитата на личното достоинство и други лични права, заштита на правата на малолетните лица, забрана за говор на омраза итн.

Член 46, став 4
(Слобода на прием и реемитување)
Регулаторот повремено ја ограничува слободата на прием и реемитување на аудио-визуелни медиумски услуги по барање од став 1 на овој член, кога тоа е неопходно заради зачувување на јавниот поредок, и особено за да се спречи спроведување на законот, истрага, откривање и гонење на сторители на кривични дела, заштита на малолетни лица, за да се спречи поттикнување на омраза врз основа на раса, пол, верска или национална припадност и повреда на човековото достоинство, со цел заштита на јавното здравје, јавната безбедност, националната безбедност и одбрана, заштита на потрошувачите, вклучувајќи ги и инвеститорите, во случај на сериозно прекршување или закана за прекршување на наведените интереси и сразмерно на интересите за кои станува збор во даден случај.

Член 50, став 3
(Обврска за почитување на човековите права)
Содржини кои може да се штетни по физичкиот, менталниот или моралниот развој кај малолетни лица, мора да бидат јасно означени и да не се објавуваат во време кога постои основа дека се очекува да ги следат малолетни лица, имајќи го предвид вообичаениот распоред на нивните активности, освен во исклучителни околности, како што се заштитени услуги со условен пристап на начин кој е предвиден со овој закон.

Член 61, став 1

(Медиумски услуги по барање и заштита на малолетни лица)

Медиумските услуги по барање кои може да бидат штетни за физичкиот, менталниот или моралниот развој на децата и младите, се пристапни на начин на кој се обезбедува дека малолетните лица нема да ги чујат или видат во вообичаени околности (на пример, како заштитена услуга со условен пристап).

Член 68

(Заштита на малолетни лица)

Забрането е да се прикажува порнографија, сцени со брутално насилство, и други програмски содржини кои може сериозно да наштетат на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетниците.

Регулаторот ќе обезбеди дека програмските содржини кои може да наштетат на физичкиот, моралниот или менталниот развој на малолетните лица, не се достапни преку медиумските услуги, односно радио и телевизиско емитување, освен кога преку времето на емитување или техничкото постапување се обезбедува дека малолетните лица по правило не се во можност да ги слушаат или гледаат истите.

Регулаторот ги охрабрува давателите на медиумски услуги да организираат силна внатрешна контрола на содржината за заштита на малолетните лица.

Регулаторот ги запознава давателите на медиумски услуги со содржини за кои е утврдено дека не се во согласност со правилата за заштита на малолетни лица.

Регулаторот, на барање на давателите на медиумски услуги, дава мислење за усогласеноста на одредена програмска содржина со правилата за заштита на малолетни лица, односно, за условите по кои таквата содржина станува достапна (време на емитување, начин на најава итн.).

Програмската содржина која се смета за несоодветна за малолетни лица под 16-годишна возраст не смее да се емитува пред 22:00 часот и по 6:00 часот, а содржина која е несоодветна за малолетни лица под 18-годишна возраст пред 23:00 часот и по 6:00 часот.

Програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица под 12-годишна возраст не смее да се емитува во рамки на програми за деца.

Програмската содржина од став 6 и 7 на овој член не смее да се рекламира вон времето кое е дозволено за емитување на таа содржина.

Давателите на медиумски услуги се должни да поднесуваат приговори за непостапување согласно правилата за заштита на малолетни лица до регулаторот.

Давателите на медиумски услуги се должни да го известат регулаторот за приговори заради непочитување на правилата за заштита на малолетници.

Давателите на медиумски услуги се должни јасно да ја означат програмата која може да биде штетна за малолетни лица или пак несоодветна за нив, и за тоа да ги известат старателите.

За учество на малолетни лица во аудио-визуелна програма потребна е согласност од родителите, старателите или посвоителите, што не ја исклучува должноста на радиодифузерите да посветат посебно внимание на учеството на малолетни лица во програмата и тоа не ја исклучува нивната одговорност за објавената содржина.

б) Закон за рекламирање

Член 10, став 1, точка 4
(Забрана за поттикнување закана по здравјето и безбедноста)

Забрането е со рекламни пораки да се поттикнува однесување кое го загрозува здравјето и безбедноста на примателите на рекламната порака, особено:

(...) 4) прикажување на малолетни лица во врска со сексуалноста, но и мажи и жени како момчиња и девојчиња со сексуални карактеристики на возрасни лица;

Член 21
(Посебни правила за заштита на деца и малолетни лица; Заштита на деца и малолетни лица од несоодветно рекламирање)

Рекламната порака не смее:

1) да содржи сцена во која дете или малолетно лице е прикажано во опасна ситуација;
2) непосредно да повикува деца или малолетни лица да купуваат добра или услуги или да ги повикува да ги бараат од своите родители;
3) да поттикнува деца или малолетни лица на однесување кое може да биде штетно за нив;
4) непосредно да поттикнува деца или малолетни лица да купуваат или изнајмуваат добра или услуги, преку злоупотреба на немањето искуство и лековерност;
5) да ја злоупотребува посебната доверба која децата и малолетните лица ја имаат кон родителите, наставниците или други лица.
За опасна ситуација од став 1 точка 1 на овој член особено се смета качување по небезбедни објекти, влез во непознати простории, разговор со непознати лица и слично, или дете кое не е придружувано од родител да поседува или да е во близина на опасни супстанции или опрема, како што се ќибритчиња, запалки, бензин, лекови, електрични уреди во домаќинството и слично, освен ако со рекламната порака непосредно се промовира безбедноста на детето и заштитата на неговиот интегритет.

Во текот на детски емисии, односно емисии кои се наменети за малолетни лица, може да се емитуваат само рекламни пораки и пораки за ТВ продажба кои се соодветни за возраста на децата, односно на малолетните лица.

Во смисла на став 3 од овој член, во текот на и најмалку десет минути пред и по емитувањето на детска програма, односно емисија наменета за малолетни лица, особено не е дозволено да се емитуваат рекламни пораки и пораки за ТВ продажба со кои се препорачуваат:

1) алкохолни пијалаци;

2) игри на среќа;

3) средства за палење, запаливи супстанции и други опасни средства кои може да ги доведат децата или малолетните лица во опасност;

4) производи за слабеење, процедури за лечење, институции кои даваат такви услуги, лекови, медицински уреди и додатоци во исхраната.

Член 22

(Рекламна порака наменета за деца и возрасни)

Рекламната порака наменета за деца, во смисла на овој закон, е рекламна порака која непосредно и посредно е наменета за деца.

Рекламната порака наменета за малолетни лица, во смисла на овој закон, е рекламна порака која посредно и непосредно е наменета за малолетни лица.

Член 23

(Злоупотреба на неискуство, незнаење и наивност)

Рекламната порака наменета за малолетни лица не смее да го злоупотребува нивниот недостиг на искуство и знаење или нивната наивност.

Рекламната порака наменета за деца, покрај условите од став 1 на овој член, не смее да оневозможува или отежнува да се направи разлика помеѓу реалноста и фантазијата.

Рекламната порака наменета за деца, односно малолетни лица, не смее да содржи невистинити податоци за рекламираните добра или услуги, особено во поглед на реалната големина, вредност, природа, трајност, својства, брзина, боја и слично.

Ако со рекламната порака се прикажува кој е резултатот од цртање, изработка, склопување, моделирање и слично, способноста за остварување на тој резултат мора да одговара на просечната способност на детето или малолетното лице за кое е наменета рекламната порака.

Во случаите од став 4 на овој член, мора да се наведе возраста на децата, односно малолетните лица, за кои е наменета рекламната порака.

Рекламната порака наменета за деца или малолетни лица, не смее, заедно со податокот за цената, да содржи и вредносен суд за цената, а особено зборовите „само", „ситница", „поволно" и сл.

Рекламната порака наменета за деца, односно малолетни лица, не смее заедно со добрата или услугата за кои е наменета, да препорачува добра или услуга кои не се наменети за нив.

Член 24

(Заштита на здравјето и развојот)

Забрането е да се рекламира млеко, друга храна и пијалаци за новороденчиња до шестмесечна возраст, како и прибор за нивно користење.

Забрането е рекламирање со кое се поттикнува или наведува на однесување со кое се загрозува здравјето, физичкиот и психичкиот развој на децата или малолетните лица.

Член 25
(Заштита на интегритетот)

Рекламната порака наменета за малолетни лица не смее да содржи прикажување на насилство, вклучително и сцени на насилство помеѓу анимирани ликови, кукли и слично.

Рекламната порака наменета за малолетни лица не смее да ја злоупотребува нивната доверба кон одредени лица, а особено кон родителите, наставниците, лекарите и слично, преку нарушување на нивниот авторитет и став.

Рекламната порака наменета за малолетни лица не смее да наведува на тоа дека преку употреба на добра или услуги ќе се стекнат со физичка, интелектуална или друга општествена предност во однос на другите малолетници, односно, дека неупотребата на тие добра или услуги ќе го има спротивното дејство.

Одредбите на овој член ќе се применуваат и на рекламирањето наменето за деца.

Член 34. став 6
(Емитување ТВ реклами и ТВ продажба без прекин)

Забрането е да се емитува ТВ реклама, односно ТВ продажба на начин кој е предвиден во став 1 на овој член, во информативни емисии, емисии кои се исклучиво наменети за деца или малолетни лица, верски емисии или програми за актуелни општествено-политички случувања.

Член 46,став 3, точка 3
(Ограничување за рекламирање алкохолни пијалаци)

Рекламирање на алкохолни пијалаци, вклучително и секое истакнување на жиг или друга ознака на алкохолен пијалак, не се дозволува.

(...) Со исклучок на забраната за рекламирање од став 1 на овој член, се дозволува рекламирање на алкохолни пијалаци кои содржат помалку од 20% алкохол.

(...) 3) преку електронските медиуми, во кината, театрите или други места каде што се прикажуваат или изведуваат претстави, во терминот од 18:00 до 6:00 часот, освен кога тие се тематски или наменети за деца или малолетни лица;

Член 47, став 2 , точка 3
(Забранети начини за рекламирање алкохолни пијалаци)

Се забранува преку рекламирањето да се прикажува употреба или имитација на употреба на алкохолни пијалаци. Рекламирањето алкохолни пијалаци не смее:

(...) 3) посредно или непосредно да биде наменето за деца или малолетни лица во контекст на употреба на алкохолни пијалаци;

Член 49.

(Порака за предупредување)

Рекламната порака со која се рекламира алкохолен пијалак мора да содржи и порака за предупредување преку која се упатува на забраната за продажба и служење алкохолни пијалаци на деца и малолетни лица.

Член 56

(Време за рекламирање игри на среќа)

Рекламирањето на класични и посебни игри на среќа преку електронските медиуми, како и во кината, театрите или други места каде се прикажува или изведува претстава, се дозволува, освен ако се тематски или наменети за деца или малолетни лица.

Рекламирањето на класични и посебни игри на среќа мора да содржи предупредување за забрана на учество на деца или малолетни лица.

Рекламирањето на класични и посебни игри на среќа не смее:

1) да го искористува неискуството или недостигот на знаење кај децата или малолетните лица;

2) да вклучува деца или малолетни лица во рекламирањето, односно, да го насочува рекламирањето кон деца и малолетни лица;

3) да го поврзува учеството во игри на среќа со активности наменети за деца или малолетни лица;

4) да го поврзува учеството во игри на среќа со стекнување зрелост.

Член 60, став 3

(Ограничување за рекламирање порнографија)

Забрането е рекламирањето од став 2 на овој член кое упатува на порнографија во специјализирани телевизиски и радио програми наменети за деца и малолетни лица, како и во телевизиски и радио програми кои, во временскиот период дефиниран во став 2 на овој член, емитуваат емисии наменети за деца или малолетни лица или чија публика во значаен дел ја сочинуваат тие малолетни лица.

в) Закон за јавно информирање и медиуми

Член 77

(Заштита на малолетни лица)

Со цел заштита на слободниот развој на личноста на малолетното лице, особено мора да се води сметка дека медиумската содржина и начинот на медиумска дистрибуција не се штетни за моралниот, емоционалниот или социјалниот развој на малолетните лица.

Член 78

(Забрана за јавно прикажување порнографија)

Печатени медиуми со порнографска содржина не смее јавно да се прикажуваат на начин кој е пристапен за малолетни лица.

Печатени медиуми со порнографска содржина на насловната или на последната страница не смее да содржат порнографија и мора да постои видливо предупредување дека е содржана порнографија, како и предупредување дека не е наменето за малолетни лица.

За порнографски аудио и аудио-визуелни медиумски содржини, како и содржини кои се пренесуваат преку интернет, ќе се применуваат одредбите на посебниот закон со кој се уредуваат електронските медиуми.

Член 80, став 2

(Приватен живот и лични записи)

Малолетно лице не смее да биде препознатливо преку информациите со што може да се направи повреда на неговото право или интерес.

д) Правилник за заштита на правата на малолетните лица во давањето медиумски услуги

Изразите кои се употребени во овој правилник го имаат следното значење

Член 2

Малолетно лице е лице кое нема наполнето 18 години;

Особено ранливо малолетно лице е малолетно лице со сериозни психолошки проблеми или пак кое се наоѓа во ранлива животна ситуација (на пр: жртва на семејно, сексуално, врсничко или друг тип насилство, душевно заболување, сторено кривично дело, обид за самоубиство, занимавање со проституција, злоупотреба на алкохол или опојни дроги, чии родители се на издржување казна затвор или го напуштиле итн.);

Порнографија се смета секое експлицитно прикажување на полов орган или полов чин без посебна програмска или уметничка оправданост;

Еротска програмска содржина се смета содржина во која се прикажуваат голи тела на луѓе во полов чин или само голи тела, без експлицитна сцена на полов чин (пенетрација, орален секс, мастурбација и слично) или полов орган, но во контекст на сексуални активности;

Реалити програмска содржина е содржина која претежно за цел забава прикажува, во природно или вештачки создадено опкружување, на пример: вештачки формирана заедница на луѓе во ограничен физички простор, на начин на кој еден или повеќе учесници се однесуваат на претходно предвиден, спонтан или друг начин кој произлегува од конкретни животни ситуации (на пр., соживот во одредена заедница на луѓе, меѓусебна комуникација, работа, слободно време, решавање одредени задачи или непредвидени конкретни животни проблеми и слично) во одреден

временски период, а каде учесниците, по правило, учествуваат заради прибавување одредена имотна или неимотна корист;

Програмска содржина за деца е содржина која според формата, содржината, функцијата и времето на емитување е исклучиво наменета за малолетни лица под 12-годишна возраст (понатаму во текстот: детска програма);

Програмска содржина наменета за малолетни лица е содржина која според формата, содржината, функцијата и времето на емитување е исклучиво наменета за малолетни лица на 12-годишна возраст или постари;

Насилство се смета однесување кое подразбира примена на сила или закана заради нанесување повреда или загрозување на друго лице, друго живо суштество или добра (физичко, вербално, психичко или сексуално насилство);

Тешко насилство се смета она однесување кога со примена на сила жртвата е лишена од живот или и се нанесуваат тешки повреди или се предизвикува тешко страдање (на пр.: сурово, нечовечно постапување, осакатување на жива личност или леш, садистичко постапување), и кое за последица има поголем број жртви и големи материјални штети;

Сексуално насилство се смета однесување каде со примена на сила или закана на друго лице, спротивно на неговата волја, се принудува на полов однос или му се допираат интимните делови на телото;

Застрашувачки сцени се оние содржини кои кај гледачите, односно слушателите, можат да предизвикаат чувство на шок, страв, вознемиреност или гадење;

Штетни супстанции се супстанции кои при нивна злоупотреба, заради нивниот состав или други својства, може да бидат штетни или опасни;

Опасно однесување е однесување со кое лицето се доведува себеси или други во опасност, а кое малолетно лице може лесно да го преслика (на пр.: предизвикување пожар на начин на кој малолетното лице може лесно да го имитира, невнимателно ракување со опасни алатки кои се достапни на малолетни лица, небезбедно ракување со моторни возила и сл.);

Дискриминаторско постапување се смета секое неоправдано разликување или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање предност), во однос на лица или група како и на членови на нивното семејство, или лица кои се блиски со нив, на отворен или прикриен начин, а кое се заснова на нивните реални или претпоставени лични карактеристики (на пр.: раса, боја на кожа, државјанство, национална припадност или етничко потекло, јазик, верско или политичко убедување, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, имотна состојба, генетски карактеристики, здравствена состојба, инвалидитет, брачен или семеен статус, осудуваност, возраст, изглед, итн.);

Непристојно однесување е однесување, вклучително и говор, кое е неприфатливо во контекст на просечен гледач или слушател (на пр.: пцуење, непристојна гестикулација или мимики итн.).

Општи обврски

Член 3

Давателот на медиумски услуги е должен да ги преземе сите неопходни мерки со цел неговата програмска содржина да не е штетна за развојот на малолетните лица, притоа имајќи предвид дека малолетните лица уживаат право на повисок степен на заштита на слободниот развој на нивната личност од возрасните.

Давателот на медиумски услуги се раководи од најдобриот интерес на малолетното лице при категоризацијата на програмската содржина, во однос на учеството на малолетни лица во програмската содржина, како и при објавување информации кои непосредно или посредно се однесуваат на малолетни лица и нивниот приватен и семеен живот.

ОБЈАВУВАЊЕ ПРОГРАМСКА СОДРЖИНА КОЈА МОЖЕ ДА БИДЕ ШТЕТНА ПО РАЗВОЈОТ НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

Програмска содржина која може да предизвика сериозна штета на развојот кај малолетните лица

Член 4

Забрането е прикажување на:

1. Порнографија;

2. Брутално насилство, без посебна програмска или уметничка оправданост; и

3. Друг програмски материјал кој може сериозно да наштети на физичкиот, менталниот или моралниот развој кај малолетни лица.

Како исклучок, порнографија може да биде достапна на јавноста само кога се објавува како дел од заштитена услуга (медиумска услуга со условен пристап), до која се пристапува преку личен идентификациски број (ПИН) или друг сличен систем на условен пристап.

За време на целото траење на програмската содржина од став 2 на овој член во горниот агол на екранот се емитува графичка ознака во форма на круг со црвена боја во кој со бело е напишано „18+“ и кој зафаќа 1/32 од екранот.

Ако програмскиот материјал од став 2 на овој член се објавува само како дел од нелинеарна медиумска услуга со условен пристап, истиот се одвојува од останатиот програмски материјал и се става во посебен дел од каталогот за програмата и се означува со поставување на графичката ознака од став 3 на овој член, а таквата ознака мора да биде присутна во текот на целото траење на таа програмска содржина.

Пример за графичката ознака од став 3 на овој член е даден во Анекс 1 на овој правилник, и претставува негов составен дел и се објавува на интернет страницата на регулаторот.

Програмски содржини кои може да наштетат на развојот на малолетните лица

Општи обврски
Член 5

Давателот на медиумски услуги е должен јасно да ја означи програмската содржина која може да наштети на развојот на малолетните лица, на начин кој е уреден со овој правилник и не смее да се објавува во време кога основано може да се очекува дека ќе ја следат малолетни лица, имајќи го предвид нивниот вообичаен распоред на активности.

Како исклучок, ако давателот на медиумска услуга ја прикажува програмската содржина која може да наштети на развојот на малолетни лица како заштитена услуга со условен пристап, истата може да ја објавува во време определено со став 1 од овој член, но должен е јасно да ја означи на начин кој е уреден со овој правилник.

Обврски за категоризација на програмска содржина
Член 6

Давателот на медиумски услуги врши категоризација на секоја програмска содржина која може да биде штетна за развојот кај малолетните лица.

Како исклучок од став 1 на овој член, давателот на медиумски услуги не е должен да врши категоризација на вести и други програми за актуелни случувања, а спортската програма ја категоризира само кога тоа е предвидено со овој правилник.

Ако во вестите или програмата за актуелни случувања се емитува содржина која може да наштети на развојот на малолетни лица (на пр.: последици од насилство, трагични настани или природни непогоди), тоа мора да биде јасно назначено непосредно пред емитувањето со соодветно усно или писмено предупредување.

Категоризација на програмска содржина
Член 7

Давателите на медиумски услуги ја категоризираат програмската содржина која може да наштети на развојот на малолетните лица според следните категории:

1) програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица под 12-годишна возраст;
2) програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица под 16-годишна возраст;
3) програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица под 18-годишна возраст.

Време на емитување на категоризирани програмски содржини во рамки на линеарните медиумски услуги
Член 8

Програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица помлади од 12 години може да се емитува само во време кога објективно може да се очекува дека тие ја следат програмата во

присуство на родителите, имајќи го предвид вообичаениот распоред на нивните активности (на пр.: време кога посетуваат училиште, работен или неработен ден, училишен распуст, вообичаено работно време итн.).

Програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица помлади од 16 години може да се емитува само во периодот од 22:00 до 6:00 часот.

Програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица помлади од 18 години може да се емитува само во периодот од 23:00 до 6:00 часот.

Временските ограничувања од став 1, 2 и 3 на овој член се однесуваат како на премиерно емитување, така и на репризно емитување на одредена програмска содржина.

Програмската содржина од став 1, 2 или 3 на овој член може да се емитува без временски ограничувања ако е дел од заштитена услуга (медиумска услуга со условен пристап), до која пристап се добива преку личен идентификациски број (ПИН) или друг сличен систем на условен пристап.

Време на емитување на категоризирана програмска содржина во нелинеарни медиумски услуги

Член 9

Програмската содржина од член 7 точка 1 и 2 од овој правилник може да биде достапна на јавноста без временски ограничувања во рамки на нелинеарните медиумски услуги.

Програмската содржина од член 7 точка 3 на овој правилник може да биде достапна за јавноста во рамки на нелинеарните медиумски услуги само во периодот од 23:00 до 6:00 часот, освен ако е дел од заштитена услуга (медиумска услуга со условен пристап), каде пристапот е преку личен идентификациски број (ПИН) или друг сличен систем на условен пристап, кога може да биде достапен без временски ограничувања.

Начин на означување на категоризирана програмска содржина во линеарните медиумски услуги

Член 10

Давателот на медиумски услуги ја означува програмската содржина која е несоодветна за малолетни лица под 12-годишна возраст преку објавување на следното усно или писмено известување: „Програмата која следува не е соодветна за лица под 12-годишна возраст" и графичка ознака со круг со зелена боја во кој со бела боја е испишан бројот 12.

Давателот на медиумски услуги ја означува програмската содржина која е несоодветна за малолетни лица под 16-годишна возраст преку објавување на следното усно или писмено известување: „Програмата која следува не е соодветна за лица под 16-годишна возраст" и графичка ознака со круг со жолта боја во кој со црна боја е испишан бројот 16.

Давателот на медиумски услуги ја означува програмската содржина која е несоодветна за малолетни лица под 18-годишна возраст преку објавување на следното усно или писмено известување: „Програмата која следува не е соодветна за лица под 18-годишна возраст" и графичка ознака со

круг со црвена боја во кој со бела боја е испишан бројот 18.

Текстуалното и усното известување од став 1, 2 и 3 на овој член се емитува непосредно пред почетокот на категоризираната програмска содржина.

Графичката ознака од став 1, 2 и 3 од овој член се емитува во горниот агол на екранот за целото времетраење на категоризираната содржина и зафаќа 1/32 од екранот.

Ако категоризираната програмска содржина се емитува во рамки на радио програма, истата се означува по пат на усно известување од став 1, 2 и 3 на овој член, кое се емитува непосредно пред емитувањето на таа програмска содржина и по секој прекин во емитувањето.

Примери за графичките ознаки од став 1, 2 и 3 на овој член се отпечатени во овој правилник како Анекс 2, 3 и 4, и претставуваат негов составен дел и се објавуваат на интернет страницата на регулаторот.

Начин на означување на програмската содржина во нелинеарни медиумски услуги
Член 11

Давателите на нелинеарни медиумски услуги ја означуваат категоризираната програмска содржина на начин на кој во каталогот за програмата ги поставуваат графичките ознаки од член 10, став 1, 2 и 3 на овој правилник, а од начинот на поставеноста мора јасно да произлезе за која програмска содржина истото се однесува.

Најава на категоризирана програмска содржина
Член 12

Категоризираната програмска содржина може да се најавува само во временски период во кој е дозволено емитувањето.

Ако категоризираната програмска содржина се најавува преку емитување на кратки инсерти од таа содржина (таканаречена промотивна содржина):

1) во телевизиска програма, за целото времетраење на најавата се емитува графичката ознака од член 10 став 1, 2 и 3 од овој правилник;
2) во радио програма, на таквата најава и претходи усното известување од член 10 став 1, 2 и 3 од овој правилник.

Стандарди за категоризација на програмска содржина
Член 13

Давателот на медиумски услуги оценува дали е неопходно да се категоризира одредена програмска содржина и притоа се зема предвид дали се прикажуваат следните потенцијално штетни содржини:

1) насилство и последиците од него;
2) сексуално насилство;
3) голи тела на луѓе;
4) сексуалност;

5) застрашувачки сцени;
6) пушење и злоупотреба на опојни дроги, алкохол и други штетни супстанции;
7) опасно однесување;
8) дискриминаторско постапување;
9) непристојно однесување.

При оценувањето дали е неопходно да се категоризира одредена програмска содржина, давателот на медиумски услуги го зема предвид и контекстот во кој се прикажуваат потенцијално штетните содржини од став 1 точка 1) - 9) на овој член:

1) целта или природата на програмската содржина во која се прикажува потенцијално штетна содржина (на пр.: ако потенцијално штетна содржина се прикажува во образовен, историски или комичен контекст, по правило тоа води кон поблага категоризација на програмската содржина);
2) природата на содржината на медиумската услуга во која се објавува одредена програмска содржина (на пр.: медиумска услуга која е специјализирана за детски програмски содржини);
3) дали станува збор за програмска содржина со или без фикција (на пр.: програмска содржина без фикција во која се прикажува насилство, по правило, добива построга категоризација);
4) степен до кој потенцијално штетни содржини се прикажуваат како реални (на пр.: ако дејството се одвива во свет на фантазии и насилството се случува помеѓу натприродни суштества, по правило, тоа води кон поблага категоризација на програмската содржина; наспроти тоа, ако дејството се случува во опкружување кое е блиско на малолетното лице, како што се семејството и училиштето, присуството на насилство по правило води кон построга категоризација);
5) број, времетраење, зачестеност, интензитет (до која мерка постои аудитивна, визуелна или вербална нагласеност) и детално прикажување на потенцијално штетни содржини (на пр.: детално и интензивно прикажување на телесни повреди, крв и други сцени кои може кај гледачите да предизвикаат чувство на нелагодност, страв, вознемиреност или гадење, по правило води кон построга категоризација на програмската содржина);
6) очекуваниот ефект кој програмската содржина ќе го има на гледачите или слушателите, а особено во какво опкружување, односно атмосфера се прикажува потенцијално штетната содржина (на пр.: ако тешки последици од насилство или сексуалност се прикажуваат во мрачно општествено опкружување, односно, атмосфера, програмската содржина по правило построго се категоризира);
7) каков е ставот во програмската содржина кон насилство, злоупотреба на штетни супстанции, опасно однесување или дискриминаторско постапување (на пр.: ако постои критички став кон насилно однесување, тоа по правило води кон поблага категоризација);
8) време на продукција на програмската содржина (на пр.: однесување кое денеска се смета за неприфатливо, ќе се оцени поблаго ако се прикажува во програмска содржина која е продуцирана во време кога тоа било прифатливо).

Давателот на медиумски услуги врши категоризација на програмската содржина која може да наштети на развојот кај малолетните лица со примена на стандардите од став 1 и 2 на овој член, по спроведена оцена на исполнувањето на секој од стандардите одделно и на сите стандарди заедно.

Програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица под 12-годишна возраст
Член 14

Програмската содржина која е несоодветна за малолетни лица под 12-годишна возраст се одликува со повремено, умерено долго, умерено интензивно и умерено детално прикажување на содржините од член 13 став 1 точка 1) - 9) на овој правилник, и која според контекстот во кој се прикажува не е несоодветна за малолетни лица на 12-годишна возраст или повеќе и ги има следните карактеристики:

1) повремено прикажување на умерено насилство и последиците од него, додека тешко насилство и последиците од него може да се прикажуваат кратко и без детали. Како исклучок, кратко и ретко прикажување на сцени кои содржат детално прикажување на тешко насилство и последиците од него, може да биде присутно во програмската содржина ако тоа е оправдано со образовни цели од истото;

2) сексуално насилство не смее да се прикажува, но во текот на дејствието може да биде укажано дека тоа се случило;

3) голо тело на човек може да биде прикажано, но не во контекст на сексуалност;

4) сексуалност може да се прикажува повремено и дискретно;

5) застрашувачки сцени мора да се прикажуваат умерено, со тоа што не смее да бидат зачестени и особено нагласени;

6) прикажување на пушење и злоупотреба на опојни дроги, алкохол и други штетни супстанции не смее да биде зачестено, ниту пак значењето и дејството од нивната злоупотреба смеат да бидат прикажувани како забавни или помалку важни отколку што тоа е во реалниот живот;

7) опасно однесување не смее да се прикажува во детали, ниту пак за таквото однесување да се искажува позитивен став во програмската содржина како целина;

8) дискриминаторското однесување не смее да се прикажува со позитивен став кон таквото однесување, ниту е дозволено да се прикажува такво однесување при вршење насилство;

9) умерено непристојно однесување е дозволено, но не смее да биде зачестено, ниту да претставува главен начин на комуникација (на пр.: пцовка која следува по искажување на некој зачестен израз), а особено непристојно однесување може да биде присутно само кратко, но не смее да се користи ако е во форма на агресивен чин, односно за да се навреди некој.

Програмска содржина која не е соодветна за малолетни лица под 16-годишна возраст
Член 15

Програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица под 16-годишна возраст се одликува со зачестено, подолго, интензивно и детално прикажување на содржината од член 13 став 1 точка 1) - 9) од овој правилник, која со оглед на контекстот во кој се прикажува не е несоодветна за малолетни лица кои имаат 16 или повеќе години, и ги има следните карактеристики:

1) тешко насилство и последиците од него може да бидат детално прикажани, но програмската содржина не смее да биде особено насочена кон сцени во кои тоа детално се прикажува;

2) сексуално насилство може да биде само дискретно прикажано, без посебна насоченост на детали за таквото однесување и страдањето на жртвата;

3) не постои ограничување во однос на прикажување голо тело на човек, ако тоа не се прикажува во контекст на сексуалност, а прикажувањето во тој контекст не смее да биде детално;

4) сексуалноста може зачестено да се прикажува, но без прикажување детали, освен кога се прикажува со цел образование за сексуалноста и човековото здравје;
5) застрашувачки сцени може да бидат зачестено и интензивно прикажувани, но само ако таквите сцени не се последица на садистичко или сексуално однесување;
6) пушење и злоупотреба на опојни дроги, алкохол или други штетни средства може зачестено да се прикажува, но во програмската содржина во целина не смее да се искажува позитивен став кон таквото однесување;
7) опасно однесување може детално да се прикажува, но програмската содржина не смее посебно да биде насочена на сцени во кои детално се прикажува таквото однесување, ниту пак треба да се искажува позитивен став кон таквото однесување во програмската содржина во целина;
8) дискриминаторско постапување може да се прикажува и кога тоа се прави при вршење насилство, но во програмската содржина во целина треба да се заземе негативен став кон таквото постапување;
9) особено непристојно однесување може да биде зачестено, а најтешки облици на непристојно однесување може да бидат само накусо прикажани, но никогаш ако тоа се користи како чин на агресија, односно, со цел да се навреди некој.

Програмска содржина која не е соодветна за малолетни лица по 18-годишна возраст
Член 16

Програмска содржина која е несоодветна за малолетни лица под 18-годишна возраст се одликува со особено често, многу долго, многу интензивно и особено детално прикажување на содржината од член 13, став 1, точка 1) - 9) на овој правилник и ги има следните карактеристики:

1) посебна насоченост кон детално прикажување на тешко насилство и застрашувачки последици од него;
2) сексуално насилство со посебна насоченост кон детали за таквото однесување и страдањето на жртвата;
3) детално прикажување на сексуалност, под услов примарната намена на програмската содржина да не е поттикнување на сексуално возбудување;
4) прикажување еротска содржина;
5) особено детално и многу интензивно присуство на застрашувачки сцени;
6) детално прикажување на злоупотреба на опојни дроги, алкохол и други штетни супстанции, иако во програмската содржина во целина не е искажан негативен став кон таквото однесување;
7) детално прикажување на опасно однесување, иако во програмската содржина во целина не е искажан негативен став кон таквото однесување;
8) детално прикажување на дискриминаторско однесување, иако во програмската содржина во целина не е искажан негативен став кон таквото однесување.
9) прикажување на најгрубо непристојно однесување, дури и кога се користи во форма на чин на агресија, односно некој да се навреди.

Во категоријата програмски содржини кои се соодветни за лица помлади од 18 години, не може да се вбројат содржини чие објавување е забрането со закон, особено:

1) содржина во која се истакнува и поддржува насилство, однесување кое со закон е предвидено

како кривично дело, прекршок или стопански престап или злоупотреба на опојни дроги, како и злоупотреба на наивноста на гледачите или слушателите, во смисла на одредбите на член 47 став 1 точка 4) од Законот за електронски медиуми;
2) содржина во која не се почитува човечкото достоинство или друго човеково право, а особено ако се прикажува понижувачко постапување, сцени на насилство и мачење, освен кога за тоа постои програмска и уметничка оправданост, во смисла на член 50 став 2 од Законот за електронски медиуми;
3) содржина која содржи информации со кои се поттикнува, на отворен или прикриен начин, дискриминација, омраза или насилство заради раса, боја на кожа, предци, државјанство, национална припадност, јазик, верско или политичко убедување, пол, родов идентитет, сексуална ориентација, имотна состојба, раѓање, генетски особености, здравствена состојба, инвалидитет, брачен или семеен статус, осудуваност, старосна возраст, изглед, членство во политички, синдикални и други организации и други реални, односно претпоставени лични особености, во смисла на член 51 од Законот за електронски медиуми;
4) содржина која поттикнува на чин на непосредно рушење на уставниот поредок или чин на непосредно насилство кон лице или група врз основа на раса, национална припадност, политичка припадност, вероисповед, сексуална ориентација, инвалидитет или друга лична особина, во смисла на член 59 од Законот за јавно информирање и медиуми („Службен весник на РС", број 83/14);
5) содржина заради која се убиени животни, злоставувани или која поттикнува на агресија и неприродно однесување, во смисла на одредбите на член 7 став 1 точка 24) од Закон за добросостојба на животните („Службен весник на РС", број 41/09);
6) содржина која пропагира или рекламира проституција, во смисла на член 184 став 1 од Кривичниот законик („Службен весник на РС", број. 85/05, 88/05, 107/05, 72/09, 111/09, 121/12 и 104/13);
7) порнографска содржина која е направена со искористување на малолетно лице, во смисла на член 185 став 4 од Кривичниот закон;
8) содржина со која се повикува со примена на сила да се смени уставното уредување на Република Србија, во смисла на член 309 став 1 од Кривичниот закон;
9) содржина со која се повикува на агресивна војна, во смисла на член 386 став 1 од Кривичниот закон.

Посебни одредби во врска со емитување на реалити програмска содржина
Член 17

Реалити програмска содржина се смета за несоодветна за малолетни лица под 16 години, ако во неа се прикажува непристојно однесување кое не се користи како чин на агресија, односно за да се навреди некој или се прикажува консумирање алкохолни пијалаци, освен ако тоа е изоставено од снимката или целосно покриено со употреба на високофреквентни тонови (бипс), замаглена слика или на друг сличен начин.

Реалити програмска содржина се смета за несоодветна за малолетни лица под 18 години, ако во неа се прикажува насилство, непристојно изразување кое се користи како чин на агресија, односно со цел да навредува, пушење, неумерено консумирање алкохолни пијалаци или голи тела на луѓе.

Реалити програмска содржина не смее да прикажува тешко насилство, сексуалност, злоупотреба

на опојни дроги, како и однесување кое претставува говор на омраза или со кое се навредува човечкото достоинство или друго човеково право.

Ако во текот на реалити програмска содржина која се емитува директно (во живо) дојде до ескалација на насилство или непристојно однесување кое има за цел навредување, давателот на медиумската услуга е должен веднаш да го прекине емитувањето, ако не може на друг начин да го избегне прикажувањето на такво однесување (на пр.: исклучување на тонот, промена на камера итн.).

Посебни одредби во врска со емитување спортска програмска содржина

Член 18

Спортска програмска содржина не се категоризира.

Со исклучок на став 1 од овој член, пренос или снимка на екстремни боречки спортови (на пр.: мешовити боречки вештини и сл.), кои може да содржат прикажување на тешко насилство, се категоризира како несоодветно за малолетни лица под 16-годишна возраст.

Ако во текот на пренос на спортски настан дојде до физичка пресметка во публиката или меѓу учесниците на настанот, неред или неовластен влез на спортскиот терен, давателот на медиумски услуги може да ги прикаже во текот на преносот само ако дошло до пореметување на текот на спортскиот настан (на пр.: привремен прекин на натпреварот), и тоа во мерка во која тоа е неопходно за да се запознае гледачот со причините кои влијаеле врз редовниот тек на настанот.

Ограничувањето од став 3 од овој член не влијае на прикажувањето на физичката пресметка, неред или неовластен упад на теренот во информативните програми.

Посебни одредби во емитување програмска содржина кои се однесуваат на самоубиство

Член 19

Програмска содржина во која се прикажува начин на извршување самоубиство може да се емитува само ако тоа е оправдано со целта и природата на таквата содржина (на пр.: програмска содржина со уметнички или образовен карактер), но таквата програмска содржина се категоризира како несоодветна за малолетни лица помлади од 16 години.

При информирање на јавноста за извршено самоубиство или обид за самоубиство, давателот на медиумската услуга е должен да се воздржи од:

1) наведување детали за начинот на кој некое лице извршило или направило обид за самоубиство;
2) објавување податоци за извршено или за обид за самоубиство во ударните термини на вестите (на пр.: наслови, вест на денот или прва и најважна вест на денот и сл.);
3) објавување снимки од извршување самоубиство, фотографии од починатиот, како и прикажување на местото каде е извршено самоубиството;
4) одобрување за извршено или обид за самоубиство;
5) претставување на причините за извршување или обид за самоубиство на поедноставен начин (на пр.: самоубиството е извршено само заради една причина и сл.).

При објавување на информациите од став 2 на овој член, давателот на медиумски услуги ги објавува и податоците за контакт на одговорната организација која се занимава со превенција на самоубиства, ако за тоа постои можност со оглед на карактерот и траењето на програмската содржина во која се објавува таа информација.

Одредбите од овој член се применуваат и на содржини кои се однесуваат на самоповредување.

Детска програма и програмски содржини наменети за малолетни лица

Член 20

Детската програма мора да биде соодветна за малолетни лица под 12-годишна возраст и конципирана на начин кој ги поттикнува на стекнување, одржување и развој на вештини (разбирање, сочувствување, милост, храброст, расудување, чесност, праведност, образованост, љубов и др.) и да настојува кај нив да се предизвикуваат позитивни чувства (чувство на пријатност, среќа, воодушевување, сочувствување и сл.).

Детската програма може да се однесува на одредени прашања во врска со детскиот раст и развој (на пр.: односи со врсниците, проблеми со учењето), но тие мора да се обработат на начин кој е прилагоден на нивната возраст.

Програмската содржина наменета за малолетни лица мора да биде прилагодена за малолетни лица кои имаат 12 години и повеќе, со тоа што ќе се однесува на сериозни теми поврзани со нивниот раст и развој (на пр.: проблеми на адолесценти, врсничко насилство, насилство во семејството), како и други општествени прашања кои се во домен на нивното расудување.

Насилство, пушење, злоупотреба на опојни дроги, алкохол или други штетни супстанци или непристојно однесување не се дозволени да се прикажуваат во детска програма, односно во програмска содржина наменета за малолетни лица, освен кога тоа има образовна цел или тоа се прави заради укажување на неприфатливост на таквото однесување, но на начин кој е прилагоден на нивната возраст.

Не е дозволено да се прикажува голо тело на човек и сексуалност во детска програма, односно во програмска содржина наменета за малолетни лица, освен кога тоа има образовна цел, но на начин кој е прилагоден за нивната возраст.

Детска програма, односно програмска содржина наменета за малолетни лица не може да содржи информации кои би ги наведувале на однесување со кое би можеле да го повредат својот физички, душевен, емоционален и друг интелект.

Во смисла на став 6 од овој член, таква програмска содржина особено не може да содржи прикажување на малолетни лица во опасни ситуации (на пр., качување на необезбедени објекти; влез во непозната просторија; разговор со непознати луѓе; користење ќибрит, запалки, бензин, лекови и електронски уреди во домаќинството), освен ако станува збор за предупредување за опасност по здравјето и сигурноста на малолетното лице, односно, неговиот интегритет.

По емитувањето на детска програма, односно програмска содржина наменета за малолетни лица, неопходно е преминот на друга програмска содржина која не е наменета за нив, да не биде изненадувачки, без соодветна пауза, туку постепено.

Телетекст

Член 21

Ако услугата за телетекст содржи најава, односно распоред на програмски содржини, давателот на медиумски услуги ја означува категоризацијата на програмската содржина, односно поставува соодветна бројка со која ја означува категоријата во која спаѓа, и притоа мора да биде јасно за која програмска содржина се однесува.

Во рамки на услугите за телетекст не смеат да се објавуваат содржини кои може да наштетат на развојот на малолетните лица.

УЧЕСТВО НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА ВО ПРОГРАМАТА

Согласност за учество во програмата

Член 22

За учество на малолетни лица во програма потребна е согласност од родител, старател или посвоител (понатаму во текстот: родител).

Родителите даваат согласност во писмена форма, ако во програмата учествува особено ранливо малолетно лице.

Согласноста на родителот не ја исклучува обврската на давателот на медиумска услуга да посвети должно внимание и на мислењето на малолетното лице за учество во програмата, и во програмата не може да учествува малолетно лице кое не се согласило на тоа.

Сите факти кои се од значење за да се донесе одлука за давање согласност за учество во програма, мора да им се стават на располагање на родителите и на малолетникот навремено, јасно, вистинито и во целост.

Согласноста на родителот не ја исклучува обврската на давателот на медиумска услуга да посвети посебно внимание во текот на учеството на малолетното лице во програмата и не ја исклучува неговата одговорност за објавената содржина.

Обврската за добивање согласност не се однесува на случаите кога малолетното лице се прикажува како дел од поголема група лица (на пр.: концертна публика, улични минувачи и сл.) или ако е дел од пејзаж, природа, панорама, населено место, плоштад, улица или слична сцена.

Учество на особено ранливи малолетни лица во програми

Член 23

Особено ранливо малолетно лице може да учествува во програма кога таквото учество се однесува на некоја од причините за неговата ранливост и само ако е обезбедена заштита на неговиот идентитет.

Во случајот од став 2 на овој член, мора да се преземат сите неопходни мерки за да се обезбеди анонимност на малолетникот (на пр., маскирана или замаглена слика или моделиран тон или

користење на глас на друго лице, изоставување на податоци кои непосредно или посредно можат да укажат на идентитетот, користење глума итн.), и притоа особено се води сметка за неопходниот степен на анонимност (на пр., дали е неопходно идентитетот да остане прикриен само од поширокатa јавност или и од семејството и пријателите на малолетното лице).

Гледачите, односно, слушателите, мора да бидат јасно информирани дека заради заштита на идентитетот на особено ранливо малолетно лице се користи глума или глас на друго лице.

Одредбите од овој член не се применуваат кога во програмата учествува едно или повеќе малолетни лица кои имаат попреченост во менталниот развој или инвалидитет, особено ако станува збор за програмска содржина која има за цел да ја информира јавноста за условите во кои тие лица живеат, работат или се образуваат и да се промовира идејата со која се уважува нивната различност и нивната исклученост во општеството како рамноправни членови.

Почитување на достоинството и на слободниот развој на личноста на малолетните лица
Член 24

При учество на малолетни лица во програма мора да се почитува нивното лично достоинство, а учеството мора да биде прилагодено на возраста, зрелоста, причината за учество и ранливоста која лицето ја покажува во однос на таа причина.

Во смисла на став 1 на овој член, особено не е дозволено омаловажување на малолетни лица, дискриминаторско постапување со нив, поставување прашања во врска со чувствителни семејни проблеми или во врска со тема која не е соодветна на нивната возраст или да се изложуваат на ситуација која кај нив може да предизвика чувство на страв, срам, вознемиреност или бес.

Ако во програмата учествува малолетно лице кое има тешко заболување, има попреченост во менталниот развој, изразена телесна мана или инвалидитет, не е дозволено однесувањето кон него да биде со сожалување или со намера кај јавноста да се предизвика чувство на сожалување заради тоа што ги има наведените особености.

Забрането е да се користи учество на малолетни лица во програми за политички цели или на друг начин да се злоупотребува таквото учество.

Соодветност на наградите за учество
Член 25

Наградата во детска програма и програмска содржина наменета за малолетни лица мора по својот карактер, облик, квалитет и други особености да одговара на нивната возраст.

Недозволено учество во одредени програмски содржини
Член 26

Малолетно лице кое нема наполнето 14 години не може да учествува во програмска содржина која директно (во живо) се емитува по 22:00 часот.

Малолетно лице кое нема наполнето 14 години не може да учествува во програмска содржина која

се состои од реконструкција на злосторство, насилство или драматичен трагичен настан.

Малолетно лице не може да учествува во програмска содржина која се однесува на семеен конфликт во кој тој/таа е непосредно или посредно вклучен/а.

ЗАШТИТА НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ИНФОРМАЦИЈАТА

Заштита на идентитетот во врска со одредени информации
Член 27

Давателот на медиумски услуги е должен да го заштити идентитетот на малолетното лице ако постојат индиции дека е сторител, сведок или жртва на насилство, кривично дело или друго недозволено однесување или ако направил обид за самоубиство.

Доколку постои оправдан јавен интерес да се објави аудио, односно аудиовизуелен запис од извршено насилство, кривично дело или друго недозволено однесување во кое учествувало малолетното лице, давателот на медиумски услуги може да го објави таквиот запис со почитување на обврските од став 1 на овој член (на пр., замаглена или маскирана слика и модулиран тон).

Во случајот од став 1 и 2 на овој член, давателот на медиумската услуга е должен да се воздржи од објавување податоци со кои непосредно се открива идентитетот на малолетното лице (на пр., неговото име, имињата на неговите родители или блиски роднини, адресата на живеалиштето итн.) и податоци кои може посредно да укажат на неговиот идентитет или самостојно или заедно со податоци кои веќе се достапни на јавноста (на пр., училиштето кое го посетува, работното место, личен опис на малолетното лице, негова фотографија или видео запис итн.).

Давателот на медиумски услуги е должен да го заштити идентитетот на малолетното лице и кога тоа не го сторил органот на државната власт или друго лице, вклучително и друг медиумски издавач, чие соопштение или изјава ги дава или пренесува во врска со случаите од став 1 и 2 на овој член.

Заштита на приватниот и семејниот живот
Член 28

Информации кои се однесуваат на приватниот и семејниот живот на малолетно лице не смее да се објавуваат ако со тоа се нанесе повреда на неговите интереси и достоинство.

Давателот на медиумски услуги е должен да посвети особено внимание на приватноста на малолетното лице и притоа да има предвид дека неговото право на достоинство не престанува заради тоа што негов родител или друго блиско лице е вршител на јавна функција, активно учествува во јавниот живот и е познат на друг начин на јавноста.

Не е дозволено да се емитува програмска содржина која е насочена кон утврдување на идентитетот на родителите на малолетното лице (на пр., оспорување, односно утврдување на татковство или мајчинство, без оглед на тоа дали е под родителско старателство).

Не е дозволено да се објавува програмска содржина во која се дискутира за доделување на едно малолетно лице на грижа на едниот или другиот родител или за оправданоста на доделувањето во згрижувачко семејство или за посвојување.

Семеен конфликт во кој малолетното лице е непосредно или посредно вклучено не смее да се користи во програмска содржина која има за цел да и понуди забава на јавноста.

Не е дозволено да се објавуваат податоци во врска со старателство, згрижувачко семејство или посвојување на одредено малолетно лице.

е) Правилник за заштита на човековите права при давањето медиумски услуги

Член 23

(Општа забрана за злоупотреба на наивноста)

Давателот на медиумски услуги не смее да ја злоупотребува наивноста на учесниците во програмата или корисниците на медиумската услуга, и притоа особено внимание ќе се посвети на интересите на малолетните лица, лица со тешки заболувања, лица со ментални заболувања или нарушувања во менталниот развој или лица кои доживеале траума како жртви на насилство или трагичен настан.

Анекс 2: Случаи во врска со заштита на малолетни лица од Југоисточна Европа

1. СЛУЧАИ ВО ВРСКА СО ЕМИТУВАЊЕ СОДРЖИНА КОЈА МОЖЕ СЕРИОЗНО ИЛИ ПОСТОИ ВЕРОЈАТНОСТ ДА НАНЕСЕ ШТЕТА НА ФИЗИЧКИОТ, МЕНТАЛНИОТ ИЛИ МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА; СЛУЧАИ ВО ВРСКА СО РАСПОРЕДОТ И КАТЕГОРИЗАЦИЈАТА НА СОДРЖИНИТЕ

АЛБАНИЈА:

1. Телевизија Клан, 2017 г.

Во програмата насловена „Рудина" се обработувала несоодветна тема за деца за време на граничен период, а со тоа се повредени правата на децата во емитување аудиовизуелна програма.

Постапување од страна на АМА

Известување за внимание за повреда на детските права во аудиовизуелното емитување.

2. Телевизија Канал 1, 2018 г.

За време на вестите, ТВ станицата емитувала несоодветна кинематографска продукција за деца.

Постапување од страна на АМА

Известување за внимание за повреда на детските права.

3. Телевизија Канал 1, 2018 г.

Телевизијата емитувала несоодветна кинематографска продукција за деца без знаци за предупредување, а со тоа е извршено лошо влијание на здравиот развој на децата.

Постапување од страна на АМА

Известување за прекин на емитувањето.

4. Телевизија Визија Плус, 2018 г.

За време на емитувањето на програмата насловена „Ал Пазар" се користел речник кој не е соодветен за деца и тоа може да нанесе штета на нивниот ментален, физички или морален развој и се смета за прекршување на етиката во комуникацијата.

Постапување од страна на АМА

Известување за внимание за прекршување на етиката во аудиовизуелната комуникација, несоодветен речник, кој може да биде штетен за менталниот, физичкиот или моралниот развој кај децата.

5. Компанија „АЛБтелеком", 2018 г.

Постапување од страна на АМА

Моментално известување за прекин на емитувањето на порнографска програма без заштита на малолетни лица преку опрема за условен пристап и родителска контрола.

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА:

6. Радио 202, 2007 г., прекршување на одредбите кои се однесуваат на пристојност и доличност и правилата за време на емитување во граничен период[36]

РАК добила приговор за програмата „Централен затвор" емитувана на Радио 202 помеѓу 15:30 и 17:00 часот, заради пуштање песни со прекумерно вулгарна содржина.

Анализата покажала дека на таа програма се пуштале песните „Драг претседателе Буш" и „Србите со задоволство стапуваат во војска" од хрватскиот бенд Лет 3, како и песната „Г-н Полицаец" на босанскиот хип-хоп пејач Френки. Покрај тоа, се чини дека тоа предизвикало особено негативни реакции кај одреден број слушатели кои се јавиле во програмата за да го изнесат своето мислење за содржината на емитуваните песни и да дискутираат за несоодветната содржина за младата публика. Исто така, треба да се забележи дека реклама во која се користи глас на дете се емитувала пет минути пред песната „Србите со задоволство одат во војска".

Стихови на емитуваните песни[37]:

"Србите со задоволство одат во војска"

Пичка
Желатин од пичка густ како солено море
Кур како кутлача
Пичка како трошка леб
Пичка како Емпајер стејт билдинг
Пичка како мостот на Дрина
Пичка како камен пат
Пичка како мит и легенда за Крал Артур и витезите на округлата маса
Пичка како чиста душа, душа.

„Г-н полицаец"

Г-н полицаец секогаш става точка,
Тој е секогаш во право дека носи значка
Г-полицаец не е доволно писмен
Затоа го брани трулиот систем
Глави празни како големи буриња,
Ме нервираат и ми ја искривуваат сликата кога одам во град.

Еве ви среден прст за возврат
Пушете ми го курот, неплатени ѓубриња.

36 Во времето на емитување, позитивната регулатива немала одредби за класификација на програмите.

37 Превод од страна на РАК; оригиналните стихови се на хрватски/босански.

Фала ти Европо за демократијата,
Сега курот може да ми го пуши и полиција и политика,
И претседателот – всушност сите тројца.

Тие мене ништо не ми можат за овој стих,
Полицијата ќе дојде ама добро ќе прође.
Инаку брат, полицијата секогаш нешто ја кочи.
Полицијата смрди како голем контејнер.
Нивната политика е стотка во џеб.
Ако немаш стотка, не биди алчен,
Дај и` на нашата полиција барем педесет, направи добро дело
Нив ќе им биде драго, тие ќе бидат среќни,
И тој кретен ќе те пушти по патот.

Среден прст горе и по мене: Еби се полицијо.
Не се срами, застани до мене брат,
Брат, крени среден прст високо, кажи:
Ебеш свиња, ебеш свиња, ебеш корумпирана свиња.

Транскрипт од дел од разговорот помеѓу водителот и слушателот:

Водител: Во тој поглед сте во право. И јас сум имал проблем заради пуштена песна на Едо Мајка. Овие работи не се дефинирани кога станува збор за песни. Сосема различна работа е, ако јас како водител, требаше да го кажам тоа во етер. Меѓутоа, нема дефинирани граници. И претходно сме ги пуштале Лет 3, дури и во 11 часот, дури и полоши песни од оваа. Подобро да не ги кажувам стиховите. Тоа е работата.

Слушател: Види, Бифтиќ, мора да има одредени граници. Може имаш ќерка, може не, може ќе имаш еден ден. Јас ти поставувам прашање. Ако таа има пет, шест, седум години и ја слушне оваа песна на вашето радио, како ќе ѝобјасниш зошто ја пушташ оваа песна? Има многу млади девојчиња што го слушаат ова, и момчиња исто, кои сега мислат дека сето ова е дозволено, и потоа тие ќе носат оружје, ќе купуваат дрога итн.

Водител: Се согласувам, потполно се согласувам за тоа. Можам да ви кажам дека и претходно сум имал проблеми и слични програми.

Слушател: Тоа не е нешто со кое треба да се фалиш.

Водител: Сè што сакам да кажам дека апсолутно немаме дефинирано, немаме дефинирано ограничувања кога станува збор за музика. Ја пуштив таа песна за претседателот Буш некаде на почетокот на програмата, и има и пцуење во песната. Нема дефинирана граница. Мислам дека таа граница треба да биде горе - долу јасна во однос на тоа која група на луѓе се слушатели на оваа програма и за кого е наменета таа. Оваа програма сигурно не е наменета за седумгодишни девојчиња, туку за повозрасни луѓе.

Слушател: Бафтиќ, се согласувам дека оваа музика може да се пушта во 1 часот по полноќ. Се возам

во автомобилот, го слушам тоа и нема да ме загрижи. Ако ме загрижи тоа, ќе свртам на друг канал. Но, тоа е после полноќ. Можеш да ја пушташ и во 4 часот наутро, исто така, кога слушаат само мал број луѓе. Но, во ова време, можно е да слушаат и деца. А вие, како тим, треба да ја дефинирате границата за да не ја преминете линијата на добар вкус. Да не биде несоодветно. Зошто би сакале јас, кој долго време ве слушам и често се јавувам, да ме иритирате на било кој начин. Да ти кажам, сигурно сте изнервирале и многу слушателки, кои многу ги почитувам. И тие слушаат и се јавуваат, ама нема да изреагираат.

Постапување од страна на РАК

Како одговор на отпочнатата постапка од страна на РАК, радио станицата истакна, меѓу другото, дека вмешувањето на РАК во овој случај ќе претставува цензура на Радио 202, цензура на музичарите и на слободата на изразување и дека тие со сите демократски средства ќе го одбранат своето право на различна музика и правото на уметниците да создаваат уметност без опресија, вмешување, цензура и само-цензура. РАК, неколку дена по првото испратено писмо, исто така се обрати до генералниот директор на Радио-телевизијата на Федерацијата на Босна и Херцеговина, јавен сервис во чии рамки работи Радио 202, за да праша дали мислењето на главниот уредник на Радио 202 претставува официјалниот став на јавниот сервис за дадената програма. РТВ БиХ не даде одговор.

Со оглед на содржината на програмата и ставовите искажани од страна на водителот и слушателите, се добива впечаток дека водителот, кој е исто така и уредник на програмата, претходно бил свесен за фактот дека дадената содржина и нејзиниот придонес за „правото на слободно уметничко изразување без опресија" може да биде вон прифатените граници на пристојност и цивилизираност. Она што претставува особена загриженост е степенот на неодговорност покажана од страна на уредникот и на раководството за професионално давање услуги на јавноста, како и официјалниот став на главниот уредник кој се обидел да ја оправда содржината со тоа што ја претставил дека е во поддршка на алтернативната култура и право на различна музика, без да се земат предвид општо прифатените стандарди за пристојност и цивилизираност, и без да се посвети внимание на заштитата на децата и малолетните лица со оглед на фактот дека програмата се емитувала во време кога е веројатно дека е достапна за деца и малолетни лица (од 15:30 до 17:00 часот).

Радио 202, кое работи во рамки на јавниот сервис, со својата посебна улога и одговорност, има и посебна должност да поддржува високи стандарди и професионалност во емитувањето. Целосното занемарување на тие обврски од страна на станицата, исто така е потврдено со фактот дека реакцијата на РАК била окарактеризирана како цензура и задушување на слободата на медиумите и уметниците, и не како знак на нивниот пропуст да ги почитуваат обврските на јавниот сервис. Во својата одлука, РАК навеле дека максимално ги поддржуваат заложбите за воспоставување целосна слобода на говор и изразување и не ја спорат посветеноста на радио станицата да емитува програма посветена на алтернативната култура и други форми на култура и супкултура, за да се унапредува и афирмира слободата на уметничкото творештво. Меѓутоа, од друга страна, обврската на креаторите на програмата, особено во овој случај на јавниот сервис, мора да биде целосно во согласност со правилата на РАК кои поставуваат одредени стандарди за емитување со цел со емитуваната програма да не се постигне спротивен ефект.

Остварувањето на правото на слобода на изразување, подразбира и одредена почит за посебниот

однос кој медиумите го имаат кон општеството, не само во однос на тоа дека тие се во нивна служба, туку исто така и во однос на одговорноста која медиумите треба да ја покажат преку професионалното однесување, а тука спаѓа и почитување на основните начела на пристојност и цивилизираност. Токму во контекст на отчетноста на јавниот сервис пред јавноста, особено е значајно дека од нив се очекува да посветат должно внимание на изборот на програмската содржина и времето на емитување. Покрај фактот што дадената програма била несоодветна за времето во кое била емитувана и за содржината е утврдено дека ги прекршува основните норми на пристојност и цивилизираност. Била изречена парична казна во износ од околу 5 000 евра.

7. ОБН, 2015 г., категоризација и распоред на содржина во реалити шоу „Големиот брат"

Следната содржина била емитувана во 9:35 часот:

Ма што го ебам..проклето, како да го вклучам тој ебен кафемат... Боже, да му ебам мајката... на мајка ти пичката.. Имам ебено воспаление, ти ебам' ... види го ова куропушачко лице... да си проклет... оди еби се... за кој курац ја отвораш таа врата... кучкин син... немој да ме ебеш, може ќе ти требам еден ден... што треба ли да јадам за доручек, се за ебење... го меша како ебена зајчица... Да го ебам, не можам да се сетам ништо...

Следниот ден беше емитувана следната содржина од 9:30 до 10:00 часот:

- Да го ебам, нема млеко; Да го ебам, скокаш во вода и....; По ѓаволите, тоа не може воопшто да се смени, да го ебам; Се заљубил во Големиот брат, да го ебам, да, да го ебам, се занел од бојата на неговиот...; Да, по ѓаволите...; овој шмрка како луд, заради пичка...; Срање, ги израснав брковиве...; имав брада, штета не можев да сликам, да си ебам матер...; Да го ебам, тоа ни кај мајка ти пичката го нема; ќе го снема ако си направиш крст на глава, да го ебам; заспав на плажа, се имав многу измачкано со млеко за сончање, не знам кое, Копертон или некои друго ебено срање...; Проклето да е, потемен си бев природно...; Да го ебам, одам по Страдун со незакопчана кошула; сега сите ме гледаат, кој курац му е на овој...; Тоа беше во, која година беше, на мајка ти пичката,'88...; Гомнар, го оставив белиот крст, ајде...; Зошто не можам да си најдам пичка со Мерцедес 500, куќа...; Може и без една нога да е, тоа мојата пичкица, ако има Мерцедес, тоа е мој тип на жена, не ми смета и без едно око да е...; Каков пешкир, никој нема пешкир, само за ебење; Сè се распаѓа тука само за ебење; Не, ти ебам гравот...; Ти го зема сокот, каде е ... Проклет да си; Вие сте такви ебени губитници...; Со кого јас поминувам време, говнари...; Можете да ми го испушите куров ако трошите време и губите...; Каде се тие наочари за ебење..., одеднаш сè снема; Доцниш, каде е тоа проклето гомно, доцниш, ма кој курац...; Ако направила грав, тоа би било... говнарски; Кој курац ти се тресат рацете; Треба да си ги прошириме капацитетите, презафатени сме, само за ебење; Каква пита, оди еби се со таа пита; За предјадење, крем супа од кромид, ќе ме проколнеш; Некои ебени мали класи; Тие трчаат по цигари, само за ебење; Да го ебам, овој има три кура; Ајде, разбуди се, океј е, добро беше ебењето, ајде разбуди се...; Ајде пичкици, ајде да одиме, време за ладење од внатре и надвор (еден од учесниците го протресува горе долу ќебето од една од женските учеснички за да ја разбуди)

Во една сцена, двајца учесници заменуваат батерии на мобилни микрофони и го водат следниот разговор:

- Да го ебам, немам нокти. Извади ми ги овие две, да го ебам.
- Да не заборавиш да го извадиш кога ебеш, или само го лупаш како идиот...
- Да ми го испушиш куров. Што сега, дали ова оди на...
- Маж на жена, брат...
- Да го ебам....

Анализата на емитуваната реалити програма истиот ден во 14:54 часот покажа:

Најави за случувања во куќата на Големиот брат. Една од учесничките, Зорица му кажува на Големиот брат дека имало секс на првиот ден од Големиот брат и бинго. Има сцена од неколку секунди во која Стефани, една од учесничките се гледа како има чаши на нејзините голи гради. Во друга сцена, Стефани му вели на Ервин: *„Ми беше задоволство да имам секс со тебе и тоа е тоа...".* Главна тема за дневното издание на Големиот брат за тој ден е што се случило меѓу двајца учесници, Ервин и Стефани. Гиба Васиќ, еден од учесниците, одговара на прашањето на Големиот брат за најинтересниот момент: *„Сè беше интересно, ама најинтересен беше сексот, се случи спонтано и набрзина. Имаше малку бркање наоколу, ама оваа Стефани колку што разбрав била пијана, па сè нешто се премислувала, ама на крај, се случи...Може сега се кае, може не се ни сеќава, ама мене сексот ми беше интересен, првпат гледав во живо..."*

За време на појадокот, учесниците коментираат како Стефани се опијанила и имала сексуален однос со Ервин. Тие ја прашуваат: *„Каков му е колбасот, голем или мал?"*

Стефани ги прашува другите учесници: *„Можете да ми ја видите долнава..."* Мика Васиќ коментира: *„Сè се гледаше, дури и таа работа, се гледаше дека е бричена..."*

Стефани тврди дека не се сеќава што се случило претходната вечер и го прашува Ервин дали имале или немале секс. Подоцна, Стефани им кажува на другите учесници: *„Добар е, убав е. Мојот сексуален партнер е добар..."*

Потоа Стефани е прикажана во просторијата за исповед каде коментира за случувањата од претходната вечер. Вели дека заспала пијана и се разбудила уште попијана, и дека не може да се сети на ништо. Последна работа на која се сеќава е дека пиела вотка и пиво и дека генерално не се сеќава на ништо кога пие. Стефани го прашува Големиот брат дали таа и Ервин имале секс затоа што не може да се сети на ништо. Во 15:17 часот, Ервин ја прашува Стефани дали ќе пие таа вечер, таа одговара потврдно, но вели дека ќе пие само пиво. Потоа Стефани го прашува Ервин дали тој ќе пие, и тој одговара *„Ќе пијам, јас секогаш пијам", и Стефани додава: „Како да не пијам, јас секогаш мора да пијам, ми помага побрзо да заспијам".* Во 15:18 часот, Стефани ја очекува новата забава и алкохол, и им вели на Ервин и Горан: *„Спремна сум за вечер, спремна за пиење, да пиеме, да пиеме"*. Другите учесници ја предупредуваат дека ја преминала границата претходната вечер, и таа одговара дека тоа намерно го направила.

Продолжение на настаните од куќата на Големиот брат – време на емитување од 15:50 до 16:15 часот:

Стефани и Ервин се во спалната соба. Семејството Васиќ ги гледа на екранот во тајната соба и даваат коментари. Ервин и Стефани се во кревет, се бакнуваат под чаршафите. Коментари на Васиќ за однесувањето на Стефани: *„Ти реков дека е проститутка".* во кревет, под чаршафите и Стефани

шепоти: „Продрмај ми го газот"... и тоа оди напишано на титловите на екранот. Семејството Васиќ од тајната соба коментира дека Ервин мора да има земено вијагра. Гиба Васиќ вели: *Многу сака да и ги лиже ушите..* Мајката Васиќ вели *„подобро да ја опне отколку тоа".* Гиба додава *„Мислам, подобро да и го лиже увото отколку да и ја лиже пичк....(бип звук).* На видеото од спалната соба, Стефани станува од кревет и вели: *„Секој пат кога сум со тебе, си ги губам работите...".* Ервин исто станува и заедно ги бараат гаќичките на Стефани.

Потоа, учесниците се прикажани покрај базенот. Стефани му вели на Ервин: *„Ми беше задоволство да имам сексуален однос со тебе и тоа е тоа...".* Повторно има видео од Ервин и Стефани во кревет. Стефани коментира за интересот на Ервин за другите учеснички: *„Оди и пикни и го на друга жена, ама мислам дека е глупо, не сум љубоморна", „Никогаш нема да дадам пичка на друг маж, само од обиp кон тебе."*

Следниот ден, во 9:36 часот беше емитувана оваа содржина:
- Еве ја доаѓа, треба да смени тампон. – Црвениот бран, а? Добила…
- Да ти ебам Нескафето, ти ебам кафето; - пуши кур, кур и пичка; - каде е говнарското кафе на Ивона без шеќер;…може не направив, да го ебам, овие се мои (цигари), остана еден шупак... ќе си пушам на мира, менаџертот ми ги отече јајцава, се извинувам на речников…; - Да му го ебам тогаш, на мајка ти пичката;… и потоа ручек, проклето да е, со неколку говори, а јас демек ќе одам да мијам заби во долен веш, да го ебам…; - што ти е проблемот глуп курац, што сакаш за да ебеш…; - Ме боли курац за батеријата…; треба да сме сериозни и да не го правиме ова лудо срање…, зошто треба да бидам ебен слуга, зошто да го ебам треба да служам…ти ебам хотелите…, Ма ме боли курац, пуши кур…еби се..; - ние треба да ги ебеме, најјако што можеме, ама да не ги пуштиме да си одат од хотелот.

Следниот ден, во 10:00 часот беше емитувана оваа содржина:
- Не спијам доволно заради проклета пичка. Не знам каде ми е ебениот чешел;
- Да го извадам ова само заради пичка;...Ме боли курац за цигарите.

Следниот ден, од 19:00 до 20:00 часот беше емитувана оваа содржина:
- Таа не е курва, таа е сексуална работничка; - Ти имаш кур?; - Ајде, соблечи се, јас имам кур;
- Не ме терај да ти го донесам маж ми да те опне. Маж ти не може да ме опне. Треба да го видиш тој кур.
- Не си му го видела курот. Ти треба помош, ти самосвесна пичко. – Лижи ѝ ја пичката на Ивона. Дијалог меѓу двајца учесници: би убил за тоа, ама немаш.... Широка или тесна и е пичката на Зорица?; - Нема шеќер заради пичка, тое е мојот ебен проблем.

Следниот ден во 15:41 часот беше емитувана оваа содржина:
- да заспиеш и да се крене, говнар; на мајка му пичката..; да го ебам тогаш; говнарски… да ти ебам тоа.. ти ебам Господ...; за кој курац ја отвараш таа врата… кучкин син… курац.. проклет да си...; Би ја ебел мајка му... остави ја гледа, кој му е гајле...; тој е тотален кретен... оди еби се гомнару...; немој да ме ебеш, може ќе ти требам еден ден…

Постапување од страна на РАК

Анализата покажа дека реалити програмата се прикажувала во текот на денот кога е пристапна за сите категории на гледачи. Во програмската содржина често се употребуваат пцовки и крајно презриви и вулгарни изрази кои се користат поединечно, но и во дијалозите меѓу учесниците. Покрај тоа, една од темите за која сите експлицитно разговараат, ја опишуваат и коментираат е сексуалниот однос помеѓу двајца од учесниците, вклучително и видео запис од тие лица под ќебињата во кревет.

РАК заклучи дека дадената програмска содржина на ниеден начин не може да се категоризира како програма која е наменета за целата публика, и покрај тоа што се емитувала во време кога е достапна до публика од сите возрасти. Според правилата, радиодифузерите мора да ги преземат сите разумни мерки за заштита на децата и малолетните лица од несоодветна содржина, како ранливи социјални категории, како и дека таквата содржина може да се емитува само во одредени временски периоди зависно од категоризацијата според возраста. Одредбите во врска со категоризацијата и распоредот на емитуваната содржина се поставени на начин на кој содржината која припаѓа во една од возрасните категории (12+, 16+ и 18+) може да се прикажува само во временски период кој е соодветен за таа категорија и на публиката ѝ се даваат информации за тоа каква содржина може да очекуваат. Дадената програмска содржина, како што покажа анализата, вклучува честа употреба на најстрашни пцовки, кои според член 21 став (7) од Кодексот припаѓаат на категоријата 18+ и може да се прикажуваат само помеѓу 24:00 и 06:00 часот. Со емитувањето на горенаведената содржина, радиодифузерот не постапил согласно основните принципи за распоред и категоризација на програмската содржина за која е веројатно дека ќе нанесе штета на физичкиот, психолошкиот и моралниот развој на малолетните лица и која се прикажува без техничка заштита.

Оттаму, било утврдено дека ОБН не ги исполнила општо прифатените стандарди за пристојност и дека со емитувањето на оваа програма, станицата направила пропуст во класифицирањето и примената на правилата за прикажување во одреден временски период, како што е пропишано со релевантните правила. Конечно, РАК заклучиле дека горенаведената емитувана содржина може да биде штетна за малолетните лица, со оглед дека малолетните лица се посебна заштитена категорија на публика и дека секоја програмска содржина треба да се гледа од аспект на штетните последици врз малолетните лица земајќи ги предвид содржината и контекстот на програмата. Во овој случај, РАК го земале предвид и фактот дека станува збор за програма која не е фикција и во која се добива впечаток дека прикажува реални случувања од животот и од таа причина може потенцијално да има штетни последици врз малолетните лица за разлика од фикцијата каде има скршнување од реалноста. Покрај тоа, прикажувањето контроверзни теми во текот на денот со сигурност значи и поголема изложеност на малолетни лица на овој тип содржина. Земајќи ги овие аспекти предвид, РАК утврди дека се прекршени релевантните правила и изрече парична казна во износ од 5 500 евра.

8. ТВ БН, 2016, содржина која може сериозно да наштети на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица

РАК, по основ на поднесен приговор, побара снимка од програмата „Балкански превари“, емитувана на ТВ БН околу 14:00 часот.

Анализата покажа дека била емитувана серијата „Балкански превари“, со вкупно времетраење од 52 минути и категоризација со 14+ означена во текот на целото емитување. Во оваа епизода, екипата на Балкански превари следи одреден Адам Седлар и води истрага за неговите активности и притоа ова лице е прикажано во сцени на мастурбација, експлицитни сексуални разговори по телефон, по што следува прикажување на снимки од неговиот сексуален однос со 16-годишна малолетничка, додека тој „ја подучува” за начини како да заведува и да се вклучи во сексуален однос со потенцијални партнери, постојано се вклучува во некаков ритуал со неколку некохерентни реченици кои се дел од ритуалот и во една сцена се прикажува сексуален однос како дел од тој ритуал, а лицето е прикриено.

Биле емитувани следните сцени:

1. Во 10-та минута – сцена во која мажот мастурбира, кое не е директно прикажано, но се подразбира, и за тоа време тој има секс преку телефон и експлицитно ја изразува својата сексуална побуда.

2. Во 20-та минута – сцена во која е прикажан полов однос, кој не се одликува како порнографија, бидејќи сликата не е јасна, но особено видливо мажот е вклучен во полов однос, а од разговорот во позадина се добиваат информации дека станува збор за полов однос на возрасно лице со 16-годишно малолетно лице, на кое дополнително му дава информации за начините како да заведува и да стапува во полов однос со потенцијални партнери.

3. Во 45-та минута – сцена на полов однос (визуелно прикриен), во позадина се слуша разговор поврзан со половиот однос и природата на сексуалниот чин.

4. Во 34-та и 38-ма минута – сцени на ритуал, вклучително и некохерентен говор, пропагирање на решенија за проблеми со магија, окултни сили и надрилекарство поврзано со неплодност.

Постапување од страна на РАК

Од РАК утврдиле дека дадената програма претставува содржина која може сериозно да биде на штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој кај малолетните лица и дека тоа не треба да се емитува. Со оглед на сериозноста на тоа прекршување, а со цел да се спроведе целосна и темелна истрага за потенцијалното прекршување, од РАК побарале формално мислење од специјалист за развојна психологија[38] во врска со потенцијалното влијание на таквата програма врз малолетните лица.

Во врска со сцените прикажани во 10, 20 и 45-та минута, дадено е следното стручно мислење:

„Таква содржина може потенцијално да биде штетна за малолетни лица како гледачи, кои немаат сексуално искуство, бидејќи може да предизвика фантазирање кое нема никаква врска со реалноста. Исто така, тоа може да стимулира, особено во адолесценцијата кога кај малолетните лица постои интензивна желба за сексуално искуство, желба да ги копираат телевизиските сцени во реалниот живот. Предвремената сексуална активност, како една форма на ризично однесување, во комбинација со изложеност на несакана бременост заради невнимателност, може исто така да резултира во нарушувања на репродуктивното здравје со долгорочни последици по здравјето и репродуктивниот потенцијал кај поединецот. Од таа причина, неопходно е, до степен до кој тоа е остварливо, да се заштитат децата од содржина во

38 Доц. Д-р Ивана Зечевиќ, докторант по психолошки науки, Универзитет на Бања Лука.

која се прикажуваат полови односи, не само порнографски, туку и оние кои имплицираат полов однос, бидејќи секоја импликација на полов однос може да ја поттикне љубопитноста и желбата за експериментирање.“

Во врска со сцените прикажани во 38-та минута дадено е следното стручно мислење:

„...сцената во која се прикажува ритуал кој предвидува надрилекарство, како начин за решавање на проблем со неплодност, полна со некохерентни реченици, кои потсетуваат на реченици кои често се користат со лица кои имаат психолошки проблеми. Иако во сцената е вклучена и изјава за осудување на водителот, сепак реченицата ја завршува со прилично депресивен тон и завршува со порака која може да се толкува на начин кој наложува дека не е исправно човек да се бори во животот, туку најдобро е да се откаже. Оваа изјава е проблематична сама по себе, како и целиот концепт на сцената, а времето на емитување е во попладневниот период. Да им се нудат такви перспективи на адолесцентите значи дека животот им се прикажува на начин на кој сè е во ред, тие треба да бидат среќни, но ако тоа не е така, тие треба да се откажат и да не се борат. Кај адолесцентите кои се склони на депресија или депресивни реакции, тоа непосредно ги обесхрабрува да побараат помош и да се откажат од сè. Сцените во кои се пропагира надрилекарство, како оваа, се непожелни, особено во нашето општество и тоа најмногу во руралните средини, каде сè уште силно се верува во надрилекарство. Оваа содржина навлегува уште подлабоко во системот на верувања и нуди примитивен концепт за малолетните лица, што е карактеристика за примитивни заедници.“

Конечно, стручното мислење за целата програма:

„Оваа програма нуди содржина која може да биде штетна за развојот на децата и адолесцентите. Иако има знак за категоризација 14+, прикажувана е во ударно време за оваа популација, кога постои можност за намалена родителска контрола врз содржината која ја гледаат децата. Пропагирањето педофилија е клучен дел од оваа програма и од таа причина, треба да се забрани прикажување на оваа програма.“

Според определбата на РАК и стручното мислење на специјалистот за развојна психологија, јасно е дека емитувањето на оваа содржина претставува сериозен пропуст од страна на ТВ БН да ги заштити гледачите од содржина која не е во согласност со основните етички и морални принципи на поширокото општество. Една од примарните улоги на медиумите е да бидат сервис на гледачите и да обезбедуваат програма која тие ќе можат да ја користат за целите на информирање, образование и забава. Со емитувањето на таа програма, ТВ БН не само што не постапиле во најдобар интерес на гледачите, туку сериозно го загрозиле физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица кои се најранлива категорија на гледачи. Исто така, емитувањето на оваа содржина со ознака за категоризација која не постои во релевантните правила, и во временски период кога е најголема веројатноста најмладите генерации да се најдат пред ТВ екраните, претставува дополнително прекршување на правилата. Со оглед на тоа, утврдено е дека ТВ БН ја прекршило одредбата за распоред и категоризација на содржината во однос на заштитата на малолетните лица и изречена е парична казна од 2 500 евра.

ХРВАТСКА:

9. Канал Ри, 2015 г., емитување без категоризација на програмска содржина

Врз основа на приговор од граѓани, било утврдено дека филмот *„Работник на месецот“* бил прикажан во текот на денот, односно од 16:32 до 18:06 часот, без категоризација на содржината, со прекумерна застапеност на насилни и вулгарни сцени и изрази кои е веројатно дека ќе бидат штетни за физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетните лица. Радиодифузерот бил задолжен да назначи соодветен знак за категоризација кој треба да биде видлив во текот на целото прикажување на филмот.

Постапување од страна на АЕМ

Предупредување. Советот за електронски медиуми утврдил дека во текот на прикажувањето на филмот *„Работник на месецот“*, радиодифузерот не користел пропишана видлива ознака согласно на одредбата од член 26 став 3 на Законот за електронски медиуми и одредбите на член 8 и 9 од Правилникот за заштита на малолетни лица во електронските медиуми. Филмот изобилува со сцени во кои се прикажани сексуални стимулации, несоодветен дискурс со вулгарни изрази, пукање, убиства и мртви тела.

10. Телевизија РТЛ, 2015 г., поттикнување, промовирање и увеличување на конзумирањето алкохол

Во текот на надзорот над програмата на радиодифузерот било утврдено дека некои епизоди на програмата „Големиот брат“, емитувани на 6 и 8 септември 2015 година – од 14:32 до 14:41 и од 21:01 до 21:05 часот, содржеле сцени кои може да се штетни за менталниот, моралниот, физичкиот, когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој кај малолетните лица. Тоа првенствено се однесува на сцени во кои е прикажано прекумерно консумирање алкохол, ризично сексуално однесување и сексуална злоупотреба/ однос под влијание на алкохол. За овие епизоди требало да се направи построга категоризација и како такви требало да се емитуваат подоцна во денот. Почетокот на прикажување на новата сезона на реалити програмата всушност привлекло огромно внимание кај хрватската публика, главно заради големиот број станари во куќата, и исто заради сексуалните односи помеѓу кандидатите под влијание на алкохол. Агенцијата добила вкупно 16 приговори од граѓани заради емитување „несоодветна содржина” во програмата „Големиот брат“.

Постапување од страна на АЕМ

Прекршочен налог со кој е изречена казна во износ од 100 000 куни за правно лице и 10 000 куни за одговорното лице. Советот за електронски медиуми утврдил прекршување на правилата од член 26 став 1 точка 3 и став 3 од Законот за електронски медиуми и повреда на одредбите на член 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица. Со оглед дека не станува збор за документарна содржина во која се става акцент на прекумерното консумирање алкохол, туку реалити програмска содржина, Советот го изнел ставот дека не била направена соодветна категоризација на програмата. Покрај тоа, во истите програми учесниците планирале и понатаму да се опијанат и дискутираат како треба да се пие алкохол, а учесничката Стефани се фали во програмата за количината на вотка која ја

испила: Ервин ја прашува Стефани дали ќе пие вечерта, а таа потврдно одговара и нагласува дека ќе пие само пиво. Таа го прашува Ервин дали тој ќе пие и тој одговара *„Ќе пијам, јас секогаш пијам"*, а на Стефани тоа вели: *„И јас, ми помага побрзо да заспијам."* Сцените кои биле прикажани на 6 септември 2015 година содржат полови односи и иако не спаѓаат во категоријата порнографија, тие сцени може да бидат потенцијално штетни за деца кои немаат сексуално искуство. (Стефани се обидува да стане од креветот каде е заедно со Едвин, но таа е премногу пијана за да го направи тоа сама и тој ѝ помага. Лука гледа што се случува во креветот помеѓу Ервин и Стефани и коментира: *„Крени ѝ го малку газот, за да не губам време додека гледам."* Во својата одлука, Советот истакнал дека половиот однос под дејство на алкохол и еден од учесниците потоа не може да се присети на тоа, претставува образец со кој се промовира ризично сексуално однесување кое може да има штетно влијание на менталниот, физичкиот, моралниот, когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој кај малолетните лица бидејќи таквото однесување е прикажано во програмата како социјално прифатливо и пожелно однесување. Во донесувањето одлука по овој случај, Советот, исто така, го земал предвид и фактот дека времето на прикажување на контроверзни сцени – навечер за време на викенд и попладне во работни денови, е време кое укажува на поголема изложеност на малолетни лица на таков тип содржина.

11. Хрватска радио телевизија ХТВ, 2016 г., насилство, несоодветна категоризација на програмска содржина

На 8 мај 2016 година, од 11:56 до 12:22 часот, во програмата *„Теенозоик"* се емитувало интервју помеѓу две малолетни лица кои се видео блогери. Во вториот дел од интервјуто, блогерите го прифаќаат таканаречениот „убиј, бакни, ожени" предизвик во кој интервјуираното младо лице мора да донесе одлука кого од останатите блогери би го убил, бакнал или оженил. Популарното шегување на интернет не функционира добро во овој контекст и притоа се создава впечаток дека во програмата се релативизира насилството бидејќи младото момче донесува одлука кого би убил и без да се помисли два пати. Иако оваа програма е категоризирана со знакот 12 и не била наменета за помлади малолетни лица, емитуваната програма би можела да има негативно влијание и врз постари малолетни лица бидејќи споменатиот предизвик значи јавно прикажување на недопаѓање, анимозитет и агресија кон лица кои или ги познаваме или не ги познаваме и тоа е социјално прифатливо. Покрај тоа, на програмата не претходело звучно предупредување. Анонимен гледач испратил приговор за оваа програма.

Постапување од страна на АЕМ

Предупредување. Член 26 став 1 од Законот за електронски медиуми пропишува дека се забранува секоја форма на поттикнување, промовирање или уважување на насилство во аудиовизуелни и радио програми. Член 9 став 1 од Правилникот за заштита на малолетни лица во електронските медиуми пропишува дека давателот на електронски услуги е должен да обезбеди звучно предупредување пред прикажување на програми кои не се соодветни за лица под 12-годишна возраст, односно: „Следната содржина не е соодветна за лица под 12-годишна возраст." Во својата одлука, Советот укажал дека аргументите кои ги дале од страна на радиодифузерот дека станува збор само за „игра" не се целосно прифатливи бидејќи програмата била првенствено наменета за

малолетни лица. Иако програмата била означена со знак за категоризација на визуелна содржина, недостасувало звучното предупредување кое исто така требало да се емитува.

12. Телевизија РТЛ, 2018 г., емитување без знак за категоризација

Граѓани поднеле приговор заради реалити програмата *„Љубовта е на село“* која се емитувала на телевизијата РТЛ бидејќи се злоупотребувале лица со попреченост и несоодветна содржина се прикажувала без предупредување. Програмата била прикажана на 10, 11 и 16 март 2018 година од 20:00 до 21:10 часот и репризно емитувана од 16:00 до 17:30 часот. Во епизодата во која фармерите се среќаваат со заинтересирани девојки, еден од кандидатите изразил незадоволство заради возраста на девојката која се пријавила да дојде на неговата фарма. Иако водителот се обидел да го ублажи чувството на непријатност, тој инсистирал дека „помладо е послатко" (В.Т.: *Очигледно, секогаш враќаш дефектна роба. Ја враќаш и земаш друга. Затоа мислам дека одбирам помлада, послатка и поплодна.“*). Иако станува збор за реалити програмска содржина, истата се емитувала без знак за категоризација. Формати, како што е *Љубовта е на село*, каде неколку жени се „борат" за еден маж изобилуваат со сексистички и дискриминаторски говор. И покрај намерата некои од тие изјави да бидат шега, сепак тие треба да се категоризираат како што е пропишано со Правилникот за заштита на деца и безбедно користење на електронските медиуми, *„бидејќи децата во принцип не можат да разберат иронија и сарказам додека не наполнат девет години, а некои од нив ги разбираат дури и подоцна“*. Иако во овие програми не се прикажува како кандидатите и натпреварувачите пијат, последиците од прекумерно пиење алкохол се очигледни. Во приговорот најголема загриженост е искажана во однос на кандидатите со интелектуална попреченост кои учествуваат во програмата и се смета дека таквиот потег на РТЛ е несоодветен. Една од женските учеснички е штитеник во Центарот за инклузија во Шибеник, а Омбудсманот за лица со попреченост веќе го искажал ставот во однос на нејзиното учество, истакнувајќи дека „лицата со попреченост имаат право да изберат и да се донесат одлуки за можности кои им се на располагање и на лицата без попреченост", но правилата за учество и потенцијалните последици мора да им се објаснат на начин кој за нив е разбирлив.

Постапување од страна на АЕМ

Предупредување. Советот утврдил дека за време на емитувањето на програмата *„Љубовта е на село“* не се користела пропишаната ознака за категоризација согласно член 26 став 3 од Законот за електронски медиуми и член 8 и 9 од Правилникот за заштита на малолетни лица во електронските медиуми и покрај тоа што во програмата се прикажуваат сцени кои може да нанесат штета на физичкиот, менталниот и моралниот развој на малолетните лица заради сексистички и дискриминаторски говор и сцени во кои се прикажува прекумерно консумирање алкохол.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

13. ТВ Сител, 2014 – 2015 г., погрешна категоризација и несоодветно време на емитување на ТВ серијата „Сила"

Врз основа на претставка од граѓанин (25.11.2014 година), Агенцијата спроведе вонреден надзор на неколку епизоди од играниот серијал „Сила" емитувани на ТВ Сител, во периодот од 24 ноември до 1 декември 2014 година.

Со надзорот беше констатирано дека телевизијата во работните денови емитува по две изданија од серијалот, едно премиерно и едно репризно на епизодата емитувана претходниот ден, а во недела репризи на неколку епизоди од серијалот. При што спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот погрешно се класифицира и означува како програма од прва категорија-наменета за целата публика и се емитува во несоодветен временски период од денонoќието.

Со оглед на тоа дека психо-физичкото насилство во серијалот „Сила" е интегрален дел од сценариото, односно – мотив што систематски се повторува како причина и како последица за разрешување сложени родови / племенски односи меѓу ликовите, тој мотив е неизоставна раскажувачка линија од драматургијата на секоја епизода. Оттаму, серијалот „Сила" не може да се емитува категоризиран како прифатлив – „за целата публика", туку на екранот треба да се аплицира знакот што ги предупредува родителите / старателите дека серијалот не е соодветен за деца до 12 години. Според класификациските насоки од Правилникот, програмите класифицирани во оваа категорија (трета) треба да се емитуваат по 20 часот. Во случајов, освен несоодветно аплицирана сигнализација, особено е проблематично емитувањето на репризите од серијалот, што се емитуваат по 15 часот, секој работен ден и по 11 часот во недела, додека премиерните епизоди, секојдневно се емитуваат нешто пред 20 часот.

Активности на АВМУ:

Откако Агенцијата врз основа на вонредниот надзор констатираше дека е основана претставката од граѓанинот, на телевизијата во декември 2014 година и беше изречена мерка опомена, а подносителот на претставката беше известен за наодите од надзорот.

Согласно Законот, по истекот на рокот за усогласување даден во изречената мерка, Агенцијата е должна да изврши контролен надзор за да провери дали радиодифузерот постапил по изречената мерка. Затоа, во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, беше спроведен контролен надзор врз телевизијата со кој беше констатирано дека таа не постапила по изречената мерка, односно и понатаму, серијалот „Сила" наместо како програма од трета категорија (12+), го означува како програма од прва категорија (за цела публика) и го емитува во периоди пред 20 часот. Имајќи предвид дека согласно член 23 од Законот, прекршочна постапка се поведува како втора мерка само за констатирани прекршувања во тековната година, на радиодифузерот на 23 јануари 2015 година, повторно му беше изречена мерка писмена опомена.

Со контролниот надзор за почитувањето на оваа мерка опомена реализиран во периодот од 3 до 5 февруари 2015 година, повторно беше констатирано дека радиодифузерот не го отстранил

прекршувањето, односно воопшто не постапил по укажувањата од регулаторот. Затоа, во извештајот беше предложено да се покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.

Во согласност со Законот за прекршоците, пред поведување на прекршочна постапка, одговорните лица во радиодифузерот беа поканети во Агенцијата заради спроведување на забрзана постапка за порамнување. Бидејќи, постапката на порамнување беше успешно завршена, правното лице (радиодифузерот) плати глоба од 5.000 евра во денарска противвредност, а одговорното лице на програмата во правното лице, глоба од 500 евра во денарска противвредност на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

Со редовниот програмски надзор на радиодифузерот реализиран во периодот од 15 до 19 февруари 2015 година, согласно Годишниот план за вршење програмски надзор за 2015 година, повторно беше констатирано дека радиодифузерот и понатаму нема промени во однос на категоризацијата и периодот на емитување на турскиот игран серијал „Сила". Затоа, во извештајот повторно беше предложено покренување прекршочна постапка, а медиумот одново беше поканет во Агенцијата заради спроведување на забрзана постапка за порамнување. Бидејќи, постапката на порамнување беше успешно завршена, правното лице (радиодифузерот), повторно плати глоба од 5.000 евра во денарска противвредност, а одговорното лице на програмата во правното лице, глоба од 500 евра во денарска противвредност на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

14. ТВ Кис, 2014-2015 г., пропуст да се означат програмите со симболи за заштита на малолетни лица

Со редовниот надзор, реализиран во август 2014 година, според Годишниот план за вршење програмски надзор, кај ТВ Кисс, пред и за време на емитувањето на повеќе играни програми (филмови, серии, анимирани филмови) беше констатирано дека не ја аплицира предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица.

Според Правилникот за заштита на малолетните лица таа задолжително се аплицира пред почетокот и за време на емитувањето на сите видови играна програма, и во оние видови програми со информативна, образовна или забавна функција, кои било како целина или преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица.

Пред почетокот на програмите задолжително се емитува предупредувачки сигнал што соодветствува на категоријата програма кој е комбинација од визуелен знак, текстуално, вербално и акустично предупредување, трае најмалку 10 секунди, и зафаќа најмалку 1/4 од видливиот дел од екранот. Во текот на програмите постојано се емитува само визуелниот знак од предупредувачкиот сигнал, кој се аплицира со димензии од 1/32 во агол од видливиот дел од екранот.

Активности на АВМУ:

Според Законот, за прекршувањето констатирано во август 2014 година, на телевизијата и беше изречена мерка писмена опомена. Со контролниот надзор за почитувањето на правилата за заштита на малолетни лица реализиран во октомври 2014 година, беше констатирано дека телевизијата не постапила по изречената мерка опомена и не го отстранила прекршокот, односно дека и понатаму не

аплицира предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица во играните програми. Затоа, во извештајот од надзорот беше предложено да се изрече втората законска мерка, односно да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Во согласност со Законот за прекршоците, пред поведување на прекршочна постапка, одговорните лица во радиодифузерот беа поканети во Агенцијата заради спроведување на забрзана постапка за порамнување. Бидејќи, постапката беше неуспешна, во декември 2014 година, беше покрената прекршочна постапка.

Надлежниот Основен суд Тетово во април 2015 година, пресуди во корист на Агенцијата и на радиодифузерот му изрече парични казни - за правното лице глоба од 5.000 евра во денарска противвредност, а за одговорното лице на програмата во правното лице, глоба од 500 евра во денарска противвредност. Радиодифузерот ја обжали пресудата пред Апелациониот суд Гостивар, кој во ноември истата година, ја отфрли жалбата на радиодифузерот и ја потврди пресудата на Основниот суд.

15. ТВ Сител, 2015-2016 г., погрешна категоризација и несоодветно време на емитување на ТВ серијата „Црната роза"

Врз основа на претставка од граѓанин (4.12.2015 година), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги спроведе вонреден надзор на неколку епизоди од играниот серијал „Црната роза" емитувани во периодот од 1 до 7 декември 2015 година.

Со надзорот беше констатирано дека телевизијата секојдневно емитува по две изданија од серијалот, едно премиерно и едно репризно на епизодата емитувана претходниот ден, при што спротивно на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот погрешно се класифицира и означува како програма од втора категорија (8+) што не се препорачува за деца под 8 години и дека за разлика од премиерното издание, репризното се емитува во несоодветен временски период од денонокието (од 14 до 16 часот).

Поради чести и долготрајни сцени и секвенци (последователни, драматуршки смисловно заокружени глетки и сцени) на експлицитно прикажано вербално и психофизичко насилство, на последици од насилство, нечовечност и изживување врз луѓе, епизодите од серијалот би требало да бидат класифицирани како - програма од трета категорија (12+), која не се препорачува за деца под 12 години и за која е неопходен родителски/старателски надзор, а може да се емитуваат само во периодот од 20 до 05 часот.

Активности на АВМУ:

Откако Агенцијата врз основа на надзорот констатираше дека е основана претставката од граѓанинот во која тој оправдано посочи дека репризниот термин на емитување на серијалот е несоодветен затоа што и овозможува на потенцијалната малолетна публика да го гледа серијалот без превентивно присуство на родител или старател, до радиодифузерот беше упатено известување за пристигнатата претставка и за наодите од надзорот со барање емитувањето на програмата веднаш да го усогласи со Законот и подзаконскиот акт. Секако за наодите од надзорот и преземените мерки беше известен и подносителот на претставката.

Со радиодифузерот беше остварена и средба на која се разговараше за наодите од надзорот на која беше побарано време за прилагодување на програмската шема.

Со редовниот надзор реализиран во февруари 2016 година според Планот за вршење програмски надзор за 2016 година (инаку јавно достапен на веб страницата на регулаторот), Агенцијата констатираше дека радиодифузерот и понатаму погрешно го класифицира играниот серијал „Црната роза", а репризата ја емитува во несоодветен временски период од денонoќието, односно дека медиумот не постапил по барањето од Агенцијата. Затоа, му беше изречена мерка опомена во која му беше наложено во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за мерка да го усогласи своето работење.

Со контролниот надзор спроведен по истекот на рокот, во мај 2018 година, Агенцијата повторно констатираше дека нема никакви промени во поглед на категоризацијата и периодот на емитување на серијалот, односно дека радиодифузерот воопшто не постапил по изречената мерка опомена. Оттаму, според Законот, во извештајот од надзорот беше побарано директорот на Агенцијата против радиодифузерот и одговорното лице во радиодифузерот да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд.

Во согласност со Законот за прекршоците, пред поведување на прекршочна постапка, одговорните лица во радиодифузерот беа поканети во Агенцијата заради спроведување на забрзана постапка за порамнување. Доколку радиодифузерот ја прифати постапката на порамнување, правното лице и одговорното физичко лице плаќаат глоби во преполовен износ од предвидените во Законот за конкретниот прекршок на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија и со тоа завршува постапката, односно предметот не се процесуира во суд. Бидејќи, постапката на порамнување беше успешно завршена, правното лице (радиодифузерот) плати глоба од 5.000 евра во денарска противвредност, а одговорното лице на програмата во правното лице, глоба од 500 евра во денарска противвредност.

ЦРНА ГОРА:

16. ТВ МБЦ, 2006 г., распоред на програмска содржина

Преку анализа на емитуваната програма по службена должност, на 29 март 2006 година, од страна на АЕМ било забележано емитувањето на емисијата „Зона на игри" во програмата на ТВ МБЦ, во која биле содржани сцени на насилство и експлицитен секс.

Содржината на „Зона на игри" била поврзана со игри и видео игри на пазарот и била главно наменета за помладите генерации. Во програмата, во најголем дел од времето, се прикажувале инсерти од играње игри и трејлери од видео игри.

Оваа емисија била прикажувана во 12:19 часот. На содржината се упатувало како на „жешка стимулација за доцните часови", а лицето кое ја најавувало појаснило дека целта на играта е „да се биде неморален." За време на емисијата се прикажувале видео игри во кои се користел реален дизајн и графика, а настаните во виртуелниот свет вклучувале експлицитен секс со виртуелни ликови.

Постапување од страна на АЕМ

При носењето на одлуката, во АЕМ било земено предвид дека во конкретниот случај станува збор за содржина каде што често се прикажуваат сцени (иако виртуелни) со непотребно насилство во разни форми, или сцени кои кај малолетните лица може да остават впечаток дека се одобрува, промовира или уважува насилството. Исто така, од страна на АЕМ било земено предвид дека сексуалните сцени може да имаат негативни последици кај малолетните лица во однос на правилното разбирање на интимниот живот и негово разликување од порнографија. Од АЕМ истакнале дека ситуации во кои постојат сексуални односи помеѓу виртуелни ликови кои не отсликуваат реални животни ситуации, но се слични на порнографска содржина, имаат за цел да предизвикаат сексуално возбудување.

Имајќи го предвид и времето на емитување, радиодифузерот не посветил внимание на обврските поврзани со емитување содржина која може да го загрози моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој кај малолетните лица. Исто така, било утврдено дека радиодифузерот не пристапил на предметната тема (видео игри со сексуални сцени) на аналитичен начин за да се фрли светлина на оваа општествена појава и да се подигне свеста пред сè кај родителите, но и кај младите луѓе, туку дека таквите сцени се прикажуваат на особено сензационалистички начин.

По спроведената процедура и разгледувањето на сите релевантни факти, била донесена одлука со која се утврдува дека радиодифузерот ги прекршил одредбите од Законот за медиуми (член 3) и Одлуката за минимални програмски стандарди во Република Црна Гора[39] (член 3, 4 и 5) преку емитување на содржината вон граничниот период и дека таквата содржина може да го загрози моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој кај малолетните лица. На радиодифузерот му било издадено предупредување.

39 Регулативата е во сила од мај 2005 г. до јули 2011 г.

17. ТВ МБЦ, 2011 г., распоред на програмска содржина

Преку анализа на емитуваната програма по службена должност, Агенцијата за електронски медиуми, во периодот од 16 до 20 септември 2011 година, евидентирала емитување содржини вон граничниот период за програмска содржина во следните формати:

Формат 1: Во горниот десен агол на екранот, се прикажуваат графички инсерти од голи девојки, нивните имиња и лични пораки. Експлицитните фотографии и содржина на пораките претставуваат елементи со кои оваа содржина може да се класифицира како рекламирање на услуги на жешка линија (емитувано од 6:00 до 8:00 часот).

Формат 2: Кајрон со разговор преку СМС пораки на долниот дел на екранот и поставена порака «Испрати СМС порака на бројот 14660» (емитувано од 18:00 до 20:00 часот и од 21:00 до 22:00 часот).

Формат 3: Телоп со статични слики на кои се прикажани провокативно облечени девојки, нивниот телефонски број и лични пораки, како на пример: „СЕКИЦА: луда, позитивна, флексибилна, никогаш нема да те смирам. Фраеру, ако си луд како мене, јави се "(емитувано од 20:00 до 21:30 часот).

Формат 4: Кајрон со разговор преку СМС пораки и во исто време се прикажуваат слики и имиња на девојки, како и локацијата од каде што доаѓаат нивните пораки и тоа на екранот гласи „БЛМ псевдоним за број 14644" (емитувано од 23:00 до полноќ).

Формат 5: Програма „Астрологија во живо", програма во живо со учество на публиката, или платено учество на публиката (повиците ги плаќаат гледачите) каде луѓето ги претставуваат своите проблеми од приватниот живот, а астролозите даваат совети за тоа како да ги разрешат во форма на толкувања, предвидувања итн. (емитувано од 13:00 до 14:00 часот и од 22:00 часот до полноќ).

Формат 6: Програма „Астронум кафе" дизајнирана на ист начин како и програмата во форматот 5, каде разни луѓе се јавуваат во улога на „толкувачи" (емитувано од 15:00 до 18:00 часот).

Формат 7: Програма „Астро визија со Горица Јанковик", каде гледачите се вклучени и се дава толкување на хороскоп (емитувано од пладне до 14:00 часот).

Постапување од страна на АЕМ

Преку анализа на емитуваната програма било утврдено дека истата не е во согласност со Законот за електронски медиуми, Правилникот за стандарди во електронските медиуми, како и Правилникот за комерцијална аудиовизуелна комуникација каде што е предвидено дека програмската содржина која може да го загрози моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на малолетните лица, мора да се прикажува во рамки на граничен период (од 00:00 до 6:00 часот).

Во писмена изјава од ТВ МБЦ потврдиле дека заради грешка на вработен, содржината на контроверзната програма била емитувана наутро, вон граничниот период и најавиле отпочнување на дисциплинска постапка против одговорното лице. Покрај тоа, го потврдиле емитувањето на содржина со разговори преку СМС пораки и поединечно толкување на хороскоп со учество на публиката, притоа истакнувајќи дека програмска содржина од сличен формат се емитува на програми кои се достапни преку нетерестријални платформи кои се плаќаат (KDS, MMDS, IPTV, DTH).

По поднесувањето на писмената изјава, со последователниот мониторинг на емитувањето на овој радиодифузер било утврдено дека фактичката ситуација е спротивна на наведеното во изјавата. Имено, радиодифузерот и понатаму ја емитувал програмската содржина спротивно на законот, подзаконските акти на Агенцијата и издадената авторизација. Радиодифузерот и понатаму ги прекршил одредбите од законот на начин на кој вон граничниот период, емитувал програмска содржина која е дизајнирана како контакт емисии во живо, со платено учество на гледачите, каде што тие зборуваат за проблеми од приватниот живот, а астролозите им даваат совети како да ги разрешат во форма на толкување, предвидување и слично („Астрологија во живо",„Астронум кафе", „Вечер со ѕвездите" и „Астро визија со Горица Јанковиќ").

По спроведената процедура и разгледувањето на сите релевантни факти, била донесена одлука дека радиодифузерот ги прекршил одредбите од Законот за електронски медиуми (член 55), Правилникот за програмски стандарди во електронските медиуми (член 19, 34, 36, 37 и 44) и Правилникот за комерцијални аудиовизуелни комуникации (член 28) каде се пропишува дека емитувањето и рекламирањето на услуги за жешки линии, разговори преку СМС пораки, предвидување на иднината, поединечно толкување хороскоп и слично се забранети вон граничниот период и на радиодифузерот му било дадено предупредување со обврска таквото предупредување да го објави во својата програма.

18. ТВ ПРВА, 2013 г., категоризација и распоред на програмска содржина

Агенцијата за електронски медиуми добила приговор од гледач во кој било наведено дека во среда, 25 септември, рано вечерта, радиодифузерот ТВ Прва го прикажал филмот „Клип" кој *изобилувал со експлицитни сцени со секс, малолетничко насилство итн."* и дека *„знакот 18 не бил поставен во аголот на екранот за време на прикажувањето на филмот." Покрај тоа, во барањето се барало итно да се одговори „имајќи предвид дека повторното прикажување на споменатиот филм било најавено за четврток, 26 септември 2013 година во 11:20 часот".*

Преку мониторинг на програмската содржина на ТВ Прва, било утврдено дека на споменатиот датум, филмот „Клип" на српската режисерка Маја Милош, бил прикажан од 22:00 до полноќ. Филмот има добиено престижни меѓународни награди и признанија. Филмот „Клип" претставува хиперреално прикажување на животот на многу тинејџери во денешно време. Главен лик во филмот е тинејџерката Јасна која доаѓа да живее во градот од една помала заедница. Тинејџерката живее опколена со сиромаштијата на населбите. Нејзиниот татко е тешко болен и таа е гневна на сè и секого, вклучувајќи се и себеси. Таа е вљубена во момче со кое оди заедно на училиште, но таа не разбира што сака од таа врска. Таа се обидува да ги заборави суровите секојдневни околности и експериментира со секс, дрога и вечерни излегувања и постојано се снима себеси и луѓето околу неа со мобилниот телефон. Меѓутоа, во вакво сурово опкружување, се раѓа љубов и нежност. На почетокот на филмот се прикажува предупредување "Програмата која следува не е соодветна за гледачи под 14-годишна возраст". Филмот содржи експлицитни сцени со секс, се користи неконвенционален јазик и има сцени во кои се земаат психоактивни супстанции.

Постапување од страна на АЕМ

Од ТВ Прва било побарано да достави писмена изјава во врска со наводите дадени во приговорот.

Во писмената изјава, радиодифузерот се изјаснил дека филмот " Клип" е игран филм на современа тема која го следи животот на неколку тинејџери, кои губејќи чувство за позитивни вредности, се оддаваат на пороци, предвремени сексуални релации и слично однесување. Според мислењето на радиодифузерот, фактот што *„некои филмови, меѓу кои и Клип, содржат експлицитни сексуални сцени не значи дека тоа е порнографски или еротски филм. Во филмот Клип сцените со секс и насилство не се таму како цел сама по себе и на нив не треба да се гледа вон контекстот - сцените се прикажуваат во контекст на целата сторија која се следи во филмот, тие си имаат свое значење во филмот, се во прилог на приказната на филмот и се прикажани како последица од проблематичниот живот на модерната генерација."*

Според радиодифузерот во филмот се истакнува *„генерален, социјален проблем во општеството и има за цел да ја подигне свеста главно кај родителите и младите луѓе"* и дека *„малолетни лица не се вклучени во сцени со секс и голотија."* Радиодифузерот, исто така, истакнал дека заради различните реакции на публиката по прикажувањето (од благодарност до голема вознемиреност), била донесена одлука филмот повторно да не се прикажува.

При носењето на одлуката, од АЕМ земале предвид дека во конкретниот случај станува збор за содржина во која на уметнички, провокативен и иновативен начин се обработуваат особено комплексни, но сепак и важни социјални теми, кои недоволно и спорадично се обработуваат во црногорските медиуми.

Без оглед на уметничкиот квалитет и фактот дека филмот не претставува промоција, туку критика на времето и општеството во кое се случува масовна и постојана дегенерација на основните вредности од човековото постоење, тоа е „контроверзен материјал" кој предизвикува поделени реакции, кои радиодифузерот ги препознал и заради тоа донел одлука да не го емитува повторно филмот. Со тоа, радиодифузерот покажал отвореност и одговорност кон ставовите на публиката, дури и пред АЕМ да започне постапка. Во дадената изјава, радиодифузерот покажал каква е комплексноста на примената на стандардите поврзани со правото и интересот на медиумите да придонесат за превенција и за подигнување на свеста за социјалните проблеми со кои се соочуваат младите луѓе, од една страна, но и да ги заштити младите луѓе од содржина која може да го загрози нивниот морален, ментален, емоционален или социјален развој, од друга страна.

Од страна на АЕМ било земено предвид дека прикажаната содржина била наменета за тинејџери над 14-годишна возраст, особено заради тоа што се однесува на нивната генерација и дека има и образовна компонента поврзана со нив и дека претставува лекција за грешките направени од нивните врсници. Исто така, било земено предвид дека постои реална опасност за медиумите да почнат да избегнуваат такви теми и да се навратат повеќе на комерцијални и помалку „ризични" содржини. Во овој контекст, брзото изрекување на рестриктивна или казнена мерка на радиодифузерите, која не е ниту доволно оправдана, ниту неопходна, може да има ефект на нивно одвраќање од работата на комплексни (или контроверзни) појави или процеси. По спроведената постапка и разгледување на сите релевантни факти, од АЕМ било решено дека приговорот ќе биде отфрлен.

19. ТВ ПРВА, 2016 г., означување и распоред на програмската содржина

Агенцијата за електронски медиуми добила приговор од гледач во кој се наведува дека ТВ Прва, на 10 март 2016 година, во текот на денот емитувала реклама (само-промоција) на програмска содржина со наслов „Српска мистерија", која, како што стои во приговорот „е застрашувачка дури и за возрасни лица, а да не се споменуваат и децата".

Серијата „Српска мистерија" е документарна играна програма од серија епизоди во траење од по педесет минути посветени на различни теми, како што се митови, легенди и суеверија од далечното и поблиското минато кои на одреден начин се отсликуваат на сегашноста и на постоечката популација. Тоа е содржина за која сценариото е однапред подготвено, како и изборот на учесниците (актери, презентери, претставници на верски заедници, како и само-прогласени „стручни лица" за проблеми околу мистерии и мистицизам, како што се уфолози, бели вештерки итн.). Содржината е непретенциозна, без видлива амбиција да се искористи лековерноста и незнаењето кај публиката за да се подигне степенот на интерес кај нив.

Во основа, содржината може да биде корисен пристап за разбирањето и значењето на разни митови и легенди кои потекнуваат од минатото и кои имаат одредено културолошко и фолклорно значење и припаѓаат на антрополошкото и културното наследство на нацијата. Прашањата кои се обработуваат на овој начин може да послужат како антипод за злоупотребата на истите тие прашања (окултизам, маѓепсништво и слично, кои потоа се нудат на лековерните луѓе кои имаат проблеми како „ефективни" решенија за нивните животни проблеми).

Во периодот пред и веднаш по емитувањето на контроверзната содржина, епизодите насловени „Умрениот", „Дрво на злото", „Урбани легенди", „Во срцето на темнината", „Враќањето на белата дама" (јануари и февруари 2016 година, околу 22:00 часот), како и „Дрекавац" и „Муслиманска магија" (во март, четврток по 23:00 часот), на почетокот на емитувањето на секоја епизода се прикажува визуелно предупредување на целиот екран: „Оваа содржина не е соодветна за лица под 14-годишна возраст" (во тоа време во согласност со Правилникот за програмски стандарди во електронските медиуми, пропишаните возрасни граници биле 12, 16 и 18).

Најавата за програмата „Српска мистерија", која е предмет на приговорот, се однесува на епизодата со наслов „Муслиманска магија" која била емитувана во четврток, 10 март 2016 година. Најавата била емитувана седум пати во текот на тој ден, во периодот од 6:00 до 21:00 часот. Тоа бил самопромотивен трејлер од 44 секунди со звучни и визуелни инсерти на сцени од програмата кои може да имаат застрашувачки ефект врз малолетните лица, имајќи предвид дека прикажаните сцени и појави ги надминуваат границите на разумното разбирање, особено од страна на малолетни лица. За време на емитувањето не бил поставен графички знак дека содржината не е соодветна за одредена возраст.

Постапување од страна на АЕМ

Согласно надлежностите дадени со Законот за електронски медиуми, од ТВ Прва било побарано да даде писмена изјава за наодите содржани во приговорот. Радиодифузерот се изјаснил дека веднаш по добивањето на барањето за изјава, направил преглед на дневната и неделната програмска шема во која било предвидено емитување на епизоди од документарната серија „Српски мистерии"

и епизодата „Муслиманска магија" била емитувана на 10 март 2016 година за време на граничниот период, со почеток во 23:15 часот.

Според радиодифузерот, предметната епизода од серијата „Српски мистерии" е документарна програма на *„висококвалитетна продукција во која се истражуваат митовите на локалните заедници на Балканот, се поттикнува критичко размислување и се дава нов увид во едукацијата на локалните заедници."* Бидејќи станува збор за *„документарна програма од исклучителен квалитет", радиодифузерот „согласно своите стандарди",* изработил видео трејлер со најава за новите епизоди каде биле вклучени интересни моменти од епизодата *„според високите стандарди за креативна видео монтажа."* Радиодифузерот рекол дека серијата има уште четири други премиерни епизоди, кои, заради мерките на претпазливост, ќе се емитуваат за време на граничниот период и само-промотивните видеа ќе бидат повлечени од блокот реклами во текот на денот.

При носењето на одлуката, од АЕМ било решено дека кога се емитувале најавите за програмската содржина, радиодифузерот не направил категоризација на програмската содржина и ја ставил во една од трите предвидени категории (12, 16 или 18) согласно Правилникот за програмски стандарди во електронските медиуми. Исто така, од страна на АЕМ била донесена одлука дека за време на емитувањето содржината, радиодифузерот користел ознака која не е пропишана со Правилникот за програмски стандарди во електронските медиуми и со тоа не направил соодветна категоризација на програмската содржина и не поставил соодветна графичка ознака за категорија на програмска содржина (12, 16 или 18).

По спроведената постапка и разгледувањето на сите релевантни факти, донесена е одлука дека радиодифузерот ги прекршил одредбите на Законот за електронски медиуми (член 55) и Правилникот за програмска содржина во електронските медиуми (член 6, 22, 23, 23а и 27) со кои се предвидува дека посебно внимание мора да се даде на посебните правила за распоред на програмската содржина вон граничниот период за да се заштити моралниот, менталниот, интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој кај малолетните лица и на радиодифузерот му било дадено предупредување со обврска таквото предупредување да го објави на програмата на ТВ Прва.

СРБИЈА:

20. ТВ Пинк, 2014 г., тема за полов однос со малолетник во утринска програма

Во утринската програма, ТВ Пинк емитувала содржина со која се повредени човековите права и достоинство на учесниците во програмата, како и содржина која може да нанесе штета на малолетни лица. На 27 ноември во програмскиот термин од 9:41 до 10:07 часот во рамки на утринската програма, ТВ Пинк обработила тема на детска злоупотреба и емитувала телефонски разговор со мајка, чие име, презиме, фотографија и место на живеење биле објавени и која го обвинувала својот поранешен сопруг (бракоразводната постапка е во тек) дека имал полов однос со нивната трииполгодишна ќерка. Во програмата во живо, мајката одговарала на прашањата на новинарот кои биле наведувачки до одреден степен (... *Дали тврдите дека вашата ќерка била силувана?.... Дали сè уште тврдите дека вашата ќерка се плаши од нејзиниот татко?* Мајката тврдела дека нејзиното дете рекло *„... те молам, кога ќе дојде тато, не ме давај, скриј ме....*). Мајката детално опишала како почнала да се сомнева дека детето е злоупотребувано. Таа рекла дека го однела детето во Институтот за ментално здравје каде девојчето го повторило истото. Потоа била отпочната постапка против таткото.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка за опомена на ТВ Пинк заради прекршување на член 50 став 1 од Законот за електронски медиуми и Кодексот за однесување на радиодифузерите[40] – дел 3, како и на член 20 од Правилникот за заштита на човековите права при давањето медиумски услуги.

При утврдување на фактите, Советот заклучил дека ТВ станицата објавила податоци со кои се разоткрил идентитетот на малолетните лица кои се споменувале во програмата и тоа многу лесно и практично со апсолутна сигурност. Програмата обработувала тема за детска злоупотреба и со откривањето на идентитетот ги повредила основните човекови права, односно, правото на почит на личноста и достоинството на детето и правото на приватност. Експлицитните наводи и детални описи на наводните информации кои ги дала мајката на детето за повредите кои биле нанесени на нејзината ќерка (било откриено името на детето - Мила), за начинот на нанесување повреди и лицето кое ги нанело таквите повреди (таткото Игор) и описот на конкретни постапки за да се нанесе повреда на гениталните делови на телото на детето, претставуваат сериозна повреда на правилата на однесување кои се уредени со Законот за електронски медиуми и Кодексот за однесување на радиодифузерите. Независната Асоцијација на новинари во Србија поднела приговор до РЕМ против давателот на медиумски услуги и при изрекувањето на мерката биле земени предвид и силното негативно мислење и осуда од стручните лица.

21. ТВ Прва, 2014 г., емитување филмови со ознака 16 во текот на денот

Во периодот од 5 до 8 септември 2014 година, ТВ Прва емитувала одредена содржина која била несоодветна за малолетни лица под 16-годишна возраст во програмски термин во кој е забрането такво емитување согласно законот. Во програмскиот термин од 6:00 до 22:00 часот, тие емитувале

40 Во моментот кога била изречена мерката, моменталното Општо обврзувачко упатство за однесување на радиодифузерите, дел 3 гласело – Радиодифузерите ги преземаат сите мерки за предупредување за да се заштитат малолетни лица од содржина која е штетна по нивниот интегритет и нивното здравје, морален, интелектуален и социјален развој.

шест филма кои биле означени како несоодветни за лица под 16-годишна возраст. Тие содржеле сцени со насилство, убиства, оружје и голотија. Филмот *Kiss, Kiss, Bang, Bang* бил емитуван на 5 септември во програмскиот термин од 11:10:30 до 12:59:49 часот. Филмот *Mission* бил емитуван на 6 септември во 6:18:19 часот, филмот *Demolition Man* бил на програмата на 7 септември во програмскиот термин од 8:56:21 до 11:00:29 часот. Истиот ден, филмот *Exit Wounds* бил емитуван во програмскиот термин од 11:00:57 до 12:59:51 часот, а во 21:44:40 часот ТВ Прва го емитувала филмот *Pride and Glory*. На крајот, истиот филм бил емитуван повторно следниот ден во програмскиот термин од 10:41:47 до 12:59:42 часот.

Постапување од страна на РЕМ

Советот на РЕМ изрекол мерка на опомена за ТВ Прва заради прекршување на член 68, став 6 од Законот за електронски медиуми. Радиодифузерот ги категоризирал филмовите како несоодветни за лица под 16-годишна возраст. Врз таа основа, радиодифузерот имал обврска да ги емитува филмовите во програмскиот термин кој бил дозволен според законот – помеѓу 22:00 и 6:00 часот (член 68.6 од Законот за електронски медиуми).

Советот заклучил дека не станува збор за намерно емитување на содржината вон програмскиот термин предвиден со закон, туку за прекршување на обврската заради недоволна грижа од страна на радиодифузерот. Советот земал предвид дека дотогаш на станицата не ѝ биле изречени мерки кои се предвидени со член 28 став 1 – 3 од Законот за електронски медиуми.

22. ТВ Хепи, 2014 г., емитувани вулгарности и згрозување во текот на денот со ознака 16

Во програмата *„Луда куќа“* на 21, 22 и 24 октомври 2014 година, во програмскиот термин помеѓу 6:00 и 22:00 часот, означено несоодветно за лица под 16-годишна возраст, ТВ Хепи емитувале содржина во која презентерот и гостите користеле вулгарни изрази, непристојни алузии и бизарно навредување на човечкото достоинство кое предизвикало згрозување и одбивност кај публиката. Програмата била емитувана во текот на денот во следните програмски термини: од 14:15:05 до 15:16:20 часот, од 14:15:06 до 15:22:44 часот и од 14:15:39 до 15:24:59 часот. Претставниците на давателот на медиумски услуги тврделе дека програмата *„Луда куќа“* ја прикажува човековата природа и била изработена како пародија на реалити програмите и дека публиката била свесна дека сите случувања и ликови кои се појавуваат во програмата се измислени.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка на опомена за националната *ТВ Хепи*, заради емитување на содржина која е несоодветна за лица под 16-годишна возраст (програма *Луда куќа*) и со тоа е прекршен член 68.6 од Законот за електронски медиуми. Со изрекувањето на оваа мерка, Советот утврдил дека радиодифузерот ја категоризирал спорната програма како несоодветна за малолетни лица под 16 години и за тоа ја информирал јавноста со поставување на ознаката 16 на програмата. Иако оспорувана програма била репризно емитувана (бидејќи оригиналната програма била емитувана по 22:00 часот), тоа било направено вон граничниот период кој е дозволен со закон (не е дозволена содржина несоодветна за малолетни лица пред 22:00 и по 6:00 часот).

23. ТВ Хепи, 2015 г., насилство во утринска програма

Во реалити програмата *„Парови“*, ТВ ХЕПИ емитувала содржина која е спорна од аспект на усогласеноста со законот во однос на заштитата на малолетните лица. На 11 октомври 2015 година, во утринските часови емитувале содржина со насилство, непристојно однесување и изрази кои се користат како акт на агресија, односно, кои имаат за цел некој да биде навреден.

РЕМ спровеле вонреден и зајакнат надзор на 11 октомври во утринските часови. За време на надзорот било забележано дека содржината емитувана во утринските часови (програмата била означена како несоодветна за лица под 12-годишна возраст) содржела провокации и караници меѓу учесниците во реалити програмата и потоа еден од учесниците неколку пати удрил еден од другите учесници. Во овој дел од програмата, публиката можела да чуе пцуење, навреди, закани (вербално насилство). Во програмскиот термин од 11:31 до 11:31 часот, публиката можела да види шлаканици, буткање, кинење на облеката на другите учесници, по кое радиодифузерот реагирал со *замаглување* на програмата, но истата не била прекината. Покрај *замаглувањето и испуштањето на звукот бип* неколку пати, публиката можела да чуе зборови кои биле препознаени како пцовки.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка предупредување за ТВ ХЕПИ бидејќи го прекршиле член 50 став 3; член 68 став 2; член 68 став 6 од Законот за електронски медиуми, како и член 17 став 1, 2 и 4 од Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето медиумски услуги.

Советот на РЕМ утврдил дека горенаведената содржина не била емитувана во време кога може разумно да се очекува дека деца ќе бидат пред ТВ екраните (наутро); дека несоодветната содржина може да има последици по развојот на малолетните лица, дека требало да биде јасно означено за да се спречи можно идентификување на малолетни лица со насилните лица кои учествуваат во реалити програмата; дека во ситуација на ескалација на насилство радиодифузерот бил должен да го прекине емитувањето веднаш или да спречи емитување на таквото однесување на друг начин (гасење на тонот, промена на аголот на камерата итн.). Советот му наредил на радиодифузерот јасно да ја означи реалити програмата *„Парови“* како несоодветна за лица под 16-годишна возраст доколку програмата содржи непристојно однесување кое се користи како чин на агресија и кога содржи непристоен јазик кој се користи како акт на агресија, односно, нанесување навреда, треба да се означи како несоодветен за лица под 18 годишна возраст. Исто така било наредено дека во случај на ескалација на насилство, емитувањето на реалити програмата да биде прекинато веднаш.

24. ТВ Хепи, 2015 г., пцовки, вулгарен јазик и навреди во текот на денот и раните вечерни часови

Во реалити програмата *„Парови“*, ТВ ХЕПИ емитувала содржина која може да нанесе штета на физичкиот, моралниот или менталниот развој кај малолетните лица. Во периодот од 30 август до 9 септември 2015 година, рано наутро и навечер, емитувале содржина која изобилувала со вулгарни изрази, пцовки и навреди и непристојни гестикулации кои само повремено (и непрецизно) биле покривани со тон со висока фреквенција или со замаглување на сликата.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка на предупредување за националната ТВ Хепи заради прекршување на обврските дефинирани со член 50 став 3 и член 68 став 2 и 6 од Законот за електронски медиуми, како и член 17 став 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето медиумски услуги.

Содржината изобилувала со пцовки и била несоодветно покриена со сигнал на радиодифузерот, а радиодифузерот имал обврска да емитува таква содржина во време во кое би се очекувало дека нема да гледаат малолетни лица, со оглед на вообичаениот распоред на нивните активности, како што е пропишано со Законот за електронски медиуми (член 50 став 3 и член 68 став 2). Радиодифузерот требало да ја категоризира таквата содржина како несоодветна за лица под 16-годишна возраст и да ја емитува во програмскиот термин помеѓу 22:00 и 06:00 часот. Во ситуации кога се користи непристоен речник како чин на агресија, радиодифузерот имал обврска да ја означи таквата содржина како несоодветна за малолетни лица под 18 години да ја емитува по 23:00 часот. Со изрекувањето на мерка на предупредување, Советот на РЕМ изнел мислење дека кај радиодифузерот постоел висок степен на одговорност бидејќи спорната содржина била репризно прикажувана наутро и во работното време, кога може реално да се претпостави дека малолетните лице не поминуваат време со своите родители.

25. ТВ Хепи, привремена забрана за емитување програма

На 28 март 2015 година, во рамки на реалити програмата *„Парови“*, ТВ ХЕПИ емитувала содржина која може да нанесе штета на физичкиот, моралниот или менталниот развој кај малолетните лица. Во програмскиот термин од 14:51 до 21:13 часот, тие емитувале сцени со пушење и непристојно однесување кое не било користено како чин на агресија, но и непристојно однесување кое се користело како чин на агресија.

На 29 март 2015 година, во периодот од 21:25 до 21:54 часот, ТВ ХЕПИ емитувала содржина која може да нанесе штета на физичкиот, моралниот или менталниот развој кај малолетните лица. Во содржината имало непристојно однесување кое не се користело како чин на агресија и непристојно однесување кое се користело како чин на агресија, односно, со намера да се навреди некое лице. На тој начин, радиодифузерот ги прекршил одредбите од законот.

Содржината која ја емитувала оваа ТВ станица во тие денови предизвикала силни реакции во јавноста и регулаторот добил голем број приговори во кои се тврдело дека реалити програмата *Парови* претставува навреда за општиот интерес.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка на привремена забрана за емитување на содржина на националната ТВ Хепи во времетраење од 24 часа, со почеток во 8 часот навечер на 3 април 2015 година. Причина за тоа било прекршувањето на обврската дефинирана со член 50 став 3 и член 68 став 2 и 6 од Законот за електронски медиуми, како и член 17 став 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето медиумски услуги.

Истакнувајќи дека радиодифузерот бил должен да ја емитува содржината на реалити програмата вон време кое е достапно за малолетни лица и да ја означи со ознаките 16 или 18, Советот ја изрекол мерката имајќи предвид дека цели два дена уредничкиот тим не забележал серија на непристојни изрази, дискусии за сексуалноста, навреди, омаловажувања, алузии и инсинуации, што значи без водење смета за професионалноста. Наводите на уредникот дека техничарот користел и пуштил погрешна лента и дека одредената содржина требало да се емитува навечер и токму затоа техничарот бил отпуштен, укажува на сериозен пропуст да се води грижа и тоа било земено предвид при изрекувањето на мерката. Привремената забрана за емитување на содржината се применува за содржина од ист тип независно на можната промена на назив, време на емитување и други околности кои се важни за препознавање на содржината.

ТВ Хепи, 2015 г., несоодветна содржина во несоодветно време

На 8 март 2015 година, во рамки на реалити програмата *„Парови“*, ТВ Хепи емитувала содржина означена како несоодветна за лица под 18-годишна возраст. Содржината била емитувана помеѓу 6:00 и 23:00 часот. Во периодот од 9 до 11 март, реалити програмата *„Парови“* имала содржина која можела да нанесе штета на физичкиот, моралниот или менталниот развој на малолетните лица. Била емитувана во време кога се очекува дека би можеле да ја гледаат и малолетни лица. Службата за надзор и анализа на РЕМ направила увид во телевизиската програма на ТВ Хепи и подготвила неколку извештаи со акцент на спорни делови од програмата - на 8 март, станицата емитувала реалити програма во 21:59 часот со графичка ознака 18.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка на предупредување за ТВ ХЕПИ заради прекршување на обврската дадена со член 68 став 6, член 50 став 3 и член 68 став 3 од Законот за електронски медиуми.

Оценувајќи дали содржината емитувана на 9, 10 и 11 март може да им нанесе штета на малолетни лица, Советот на РЕМ особено земал предвид каков е карактерот на содржината која била емитувана. Бидејќи содржината не е со фиктивен карактер, реалити програмата може да изврши силно влијание врз малолетните лица и во одредени случаи постои и можност кај малолетниците да се идентификуваат со учесниците во програмата. Според изјавата на претставници на ТВ Хепи, по емитувањето на спорната содржина, рејтинзите се зголемиле во тој период, а претходно биле особено ниски – наутро и напладне. Тоа укажува на јасната намера на радиодифузерот да го зголеми рејтингот и да стекне материјална добивка свесно и покрај законските ограничувања. Советот особено го земал предвид високиот степен на зачестеност на постапувања со кои се кршел законот (дури 22 пати во текот на периодот на набљудување) и мерката за опомена која веќе била изречена (30 октомври 2014г.).

27. ТВ Пинк, 2015 г., повреда на човекови права

Во програмата *„Фарма 6“* имало повреда на човековите права, особено на достоинството на учесниците. Програмата била со содржина која можела да нанесе штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој кај малолетните лица, заради непристојно однесување кое било прикажано

заедно со непристоен јазик кој се користел како чин на агресија, односно со цел да се упати навреда. Спорната содржина била емитувана на 2, 3, 4, 7, 9, 10 и 11 септември 2015 година.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка за опомена на ТВ Пинк, заради прекршување на член 50 став 1 и 3 и член 68 став 2 и 6 од Законот за електронски медиуми, член 17 став 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица при давањето медиумски услуги и член 20 од Правилникот за заштита на човековите права во давањето медиумски услуги.

Во изјавата во која се образложуваат причините за изрекување на мерката, Советот утврдил дека е јасно дека програмата *„Фарма 6"* е реалити програма и оттаму е предмет на посебниот законски режим кој е уреден во член 17 на Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето медиумски услуги. Со оглед на тоа дека според член 20 од Правилникот за заштита на човековите права во давањето медиумски услуги, давателите на медиумски услуги се должни да даваат услуги на начин на кој се почитува достоинството на личноста на корисниците на медиумските услуги, учесниците во програмата и лицата на кои се однесуваат емитуваните информации. Програмата била емитувана во текот на денот и содржела неколку делови кои може да нанесат штета на физичкиот, моралниот или менталниот развој кај малолетните лица и требало да се прикажува во време кога е разумно да се очекува дека малолетните лица не ја гледаат. Бидејќи станува збор за содржина која не е фикција, тоа можело да изврши силно влијание врз малолетните лица. Додека ја гледаат програмата, тие се свесни дека личностите и случувањата не се измислени, туку реални и во некои ситуации постои голема можност тие да се идентификуваат со тие личности.

28. ТВ Хепи, навреди и непристоен јазик

Во реалити програмата *„Снајки"* на 25 октомври 2016 година, ТВ ХЕПИ емитувале содржина која може да нанесе штета на физичкиот, моралниот или менталниот развој на малолетните лица. Во програмскиот термин од 16:03 до 19:34 часот, тие ја емитувале содржината во која имало пушење и непримерен јазик кој имал за цел да се упатат навреди. На 27 октомври 2016 година, во програмскиот термин од 11:22 до 22:55 часот во истата програма (реалити програма *„Снајки"*) тие емитувале содржина во која повторно се пушело, по што следувало насилство и непристоен јазик кој се користел како чин на агресија и навредување.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка за предупредување на ТВ ХЕПИ заради прекршување на член 47 став 1 точка 4; член 50 став 3; член 68 став 2; и член 68 став 6 од Законот за електронски медиуми, како и член 17 став 1 и 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица при давање медиумски услуги. Во исто време, била поднесена прекршочна пријава против давателот на медиумски услуги заради прекршување на член 50 и 68 од Законот за електронски медиуми (според член 111 од Законот за електронски медиуми, регулаторот може да отпочне прекршочна постапка со која судот може да изрече казна на давателот на медиумски услуги во износ од 500 000 до 1 000 000 динари, или казна во износ од 10 000 до 500 000 динари).

Изјавата во која се образложени причините го вклучува и аргументот дека неколку пати, двата дена, учесниците во програмата користеле цигари и тутунски производи; дека содржината била само повремено означена за возраст 12 или 16. При изрекувањето на мерка на предупредување, Советот на РЕМ земал предвид дека е очигледно дека програмата *„Снајки"* е реалити програма и дека како таква подлежи на посебен законски режим кој е дефиниран со член 17 од Правилникот за заштита на правата на малолетните лица во давањето медиумски услуги. Тоа ја вклучува обврската на радиодифузерот да направи категоризација на реалити програмите на порестриктивен начин отколку за останатите програми, доколку има содржина која е несоодветна за малолетни лица. Со оглед на карактерот на емитуваната содржина (учесниците пушеле и користеле непристоен јазик со цел да упатат навреда и како чин на агресија), радиодифузерот бил должен да ја категоризира програмата како содржина која не е соодветна за малолетни лица под 18 години и да ја емитува во периодот од 23:00 до 6:00 часот. Во двата дена, во периодот од 06:00 до 23:00 часот, ТВ ХЕПИ емитувала содржина која не е соодветна за лица под 18 години, што укажува на фактот дека не постапувале професионално при уредувањето на програмата.

29. ТВ Пинк, 2018 г., секс играчки во утринска програма

Во програмата „Ново утро" која се емитувала на 21 јануари 2018 година, во програмскиот термин од 9:29 до 9:51 часот, ТВ Пинк емитувала содржина без ознака за возраста, а гости биле стриптизерката Бранка Блек Роуз, сексологот Александар Милошевиќ и психијатарот Данијела Тиосављевиќ. Темата била користење на секс играчки. Во текот на програмата, еден од гостите покажувал како се користат секс играчки и ги поканил гостите да присуствуваат на тематски вечери, каде, меѓу другото, ќе можат да ја видат домино дамата и да користат сексуални играчки.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот изрекол мерка на предупредување за ТВ Пинк бидејќи емитувале содржина со која може да се нанесе штета на физичкиот, менталниот или моралниот развој на малолетното лице. Односно, во утринската програма, тие емитувале содржина која заради контекстот во која била емитувана, не била соодветна за малолетни лица под 12 години. На тој начин, ТВ Пинк ги прекршила обврските дефинирани во член 50 став 3 од Законот за електронски медиуми, како и член 6 став 1 и член 8 став 1 од *Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето медиумски услуги*.

КОСОВО*:

Најчестите прекршувања се јавуваат во однос на ограничувањата и општите обврски на давателите на аудиовизуелните медиумски услуги, како што се: отсуство на аудио или текстуално предупредување пред почетокот и по секој прекин на програмата со содржини штетни за децата и малолетниците, емитување програма од специфична категорија вон граничниот период, користење на несоодветни визуелни симболи и користење на бои за соодветното предупредување/ симболи кои се разликуваат од оние наведени во Регулативата IMC-2013/01:

- ТВ МОСТ, 2017 г., член 6, став 2 и ст. 3
- ТВ МИР , 2017 г., член 6. став 2 и ст. 3 и член 7.1
- РТК 2, 2017 г., член 7.1
- ТВ 21, 2017 г., член 6.2 и чл. 7.3
- ТВ ПРОКУМ, 2017 г., член 7, став 1 и ст. 2 и член 3.1.
- КТВ, 2017 г., член 7.1. и чл. 3
- ТВ ПРИЗРЕН, 2017 г., член 3.3., чл. 5.2 и чл. 5.3.
- КТВ, 2018 г.,член 7.1 и чл. 7.2.
- ТВ ВАЛИ, 2018 г., член 7.1 и чл. 7.2.
- ТВ ПУЛС, 2018 г., член 7.1. и чл. 7.2.
- ТВ МИР; 2017 г., член 6.3. и чл. 7.1.
- ТВ ПРИЗРЕН, 2018 г., член 3.3., чл. 7.1 и чл. 7.2.
- ТВ СИРИ ВИЗИЈА, 2018 г., член 3.3., чл. 5.2 и 5.3. и чл. 6.4.
- ТВ ПРОКУМ, 2018 г., член 7.3. и чл. 6.4.
- ТРИБУНА КАНАЛ, 2018 г., член 7.3. и чл. 6.3.

2. СЛУЧАИ НА ЗАШТИТА НА ДОСТОИНСТВОТО, ПРИВАТНОСТА И ИДЕНТИТЕТОТ НА МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

АЛБАНИЈА:

30. Телевизија Вести 24, 2016 г.

ТВ станицата емитувала интервју во живо од студиото со 5 деца (ученици) без одобрение на нивните родители. Во текот на интервјуто децата изнеле поплаки против нивниот наставник.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за повреда на детските права во информативни програми.

31. Телевизија Клан и ТВ Ора Вести, 2016 г.

ТВ станиците објавиле чувствителни информации за дете од градот Скадар во емисијата наловена „Слободна зона" и во информативните програми. Детето било под третман во Центар за рехабилитација и неговото писмо било прочитано во текот на емисијата со што се овозможило идентификација на детето.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за повреда на детските права.

32. Телевизија Клан, 2016 г.

ТВ станицата емитувала сатирична емисија под наслов „Стоп" со новинарски прилог со кој се повредуваат етиката и приватноста што пак резултирало со утврдување на идентитетот на детето.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за повреда на детските права.

33. ТВ Вести 24 и Фокус Медиа Вести, 2017 г.

Во текот на емисијата под наслов „Отворено срце" биле опишани интимни детали од врските на мајката, која како што се објаснува со визуелните титлови „извршува срамни дејствија пред очите на децата". Како илустрација биле прикажани аматерски и двосмислени снимки направени во семејното опкружување.

Постапување од страна на АМА

За ТВ страницата Вести 24 била издадена опомена за повреда на детските права.

По предлог на Советот на жалби, АМА изрекла санкција во форма на парична казна од околу 800 евра за Фокус Медиа Вести за истата емисија, а по добивање на жалба.

34. ТВ Топ Канал и ТВ Клан, 2018 г.

Во текот на вестите, ТВ станиците објавиле прилог за две помлади сестри, при што биле објавени чувствителни информации за двете сестри.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за кршење на правата на малолетни лица во информативните програми.

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА:

35. БХТ 1, 2013 г., повреда на детските права

РАК добила жалба од Центарот за социјални работи на Мостар во врска со емисијата под наслов „Во име на народот", емитувана на БХТ1. Во жалбата се наведува дека предметната емисија ги повредува правата на децата и дека се поткопува важноста на работата на нивниот Центар и вработените во истиот. Исто така, РАК добила жалба од гледач, а против потенцијална повреда на правата на децата.

Анализата на снимките поднесени од ТВ станицата утврдила дека во рамките на претходно спомената емисија бил емитуван прилог во однос на одлуката на Центарот за социјална работа на Мостар да го укине сместувањето на три малолетни лица во згрижувачко семејство од две жени. Во текот на прилогот, индиректно се идентификувани малолетните лица, преку идентификување на нивната биолошка мајка, а подоцна во емисијата, биле откриени и нивните имиња, по што следело интервју со наставник, при што се споменува целото име и презиме на едно од малолетните лица. Исто така, жените кои обезбедувале грижа за децата покажале слики од децата, при што едната слика била прикажана во покрупен кадар и целосно можеле да се видат ликовите на децата. Покрај тоа, во делот на прилогот кој се однесува на биолошката мајка, една од жените која обезбедувала грижа за децата изјавила дека не е познато кои се татковците на децата и дека нивната биолошка мајка *„се занимава со сомнителни работи"*, со што имплицитно се стават под знак прашалник нејзините морални вредности.

Постапување од страна на РАК

Правата и обврските на медиумите, особено на јавните радиодифузери, се да ги информираат граѓаните за сите прашања кои се од јавен интерес и со тоа да ги поттикнат демократските процеси. Во писмото упатено до РАК, ТВ станицата во однос на наводите за кршење на правилата, наведува дека жалбата од Центарот за социјални работи на Мостар претставува притисок на нивната работа и дека истата е неоснована со оглед на тоа што содржината на емисијата била анализирана само од гледна точка на потенцијално кршење на односните правила и регулатива. Натаму, се зема предвид фактот што физички и правни лица, кои можеби биле ставени во непожелна ситуација, го имале правото да реагираат односно да одговорат во согласност со релевантните правила и било утврдено дека Центарот за социјални работи на Мостар бил информиран за таквата можност да одговори.

Она што е спорно и што довело до заклучок дека биле прекршени релевантните правила во однос на приватноста е фактот што во предметната емисија било идентификувано и била прикажана слика од малолетно лице. Ова претставува повреда на приватноста и пропуст од страна на ТВ станицата да обезбеди заштита на идентитетот на малолетните лица, како и фактот што моралните вредности на нивната биолошка мајка биле негативно прикажани, што пак од своја страна може да доведе до загрозување на достоинството и добросостојбата на малолетните лица. Без да се спори изборот на темата која се разработува, дури и со позитивно мислење за намерата на ТВ станицата да открие потенцијални неправилности во работата на јавните институции, се заклучило дека оваа цел можела лесно да се постигне без да се прикажат информациите со кои се открива идентитетот на малолетните лица. Неемитувањето на информации во врска со идентитетот на малолетните лица не би ја намалило тежината на темата и вредноста на емисијата. РАК утврдила дека емитувањето

на оваа емисија претставува повреда на одредбите во врска со заштита на приватноста и издала усмена опомена до ТВ станицата.

36. АТВ, 2017 г., главни вести, прилог за малолетни лица кои тепале соученик

РАК добила жалба во однос на репортажа емитувана во текот на главните вести на АТВ станицата на 18 октомври 2017 година. Жалбата била поднесена од мајката на тепаното малолетно лице, наведувајќи дека се повредени правата на малолетно лице и дека се емитувани лажни информации во однос на прашањето на соработката на мајката со локалните полициски органи во однос на случајот.

Анализата на снимката од оваа емисија која била дадена по барање на РАК, покажала дека бил емитуван прилог, во која се зборува за случај на насилство меѓу малолетни лица, во кој се инволвирани четири 14-годишни девојчиња кои физички нападнале нивна соученичка. Била емитувана и изјавата на портпаролот на локалната полициска станица на Бања Лука, која се однесувала на правни одредби врз основа на кои случајот понатаму ќе се води, а била емитувана и изјава на психолог во однос на насилничкото однесување и врсничкото насилство воопшто. Во текот на емитувана програма биле прикажани 4 кадри од две сцени на насилство со траење од 18 секунди, од кои не можело да се утврди идентитетот на инволвираните лица, потоа не се споменуваат имиња, ниту пак имиња на нивни роднини, а не биле изнесени ниту информации кои би можеле да доведат до идентификување на инволвираните малолетници.

Постапување од страна на РАК

Анализата покажала дека приодот на АТВ кон темата се засновал на начелата на заштита на приватноста, во согласност со релевантните правила. Како што предвидуваат правилата, секое нарушување на приватноста мора да биде оправдано од одреден докажан јавен интерес, што важи и за насилничкото однесување и меѓуврсничкото насилство како сериозни општествени појави за кои се дискутира и од психолошки аспект. Во писмото упатено до РАК, ТВ станицата наведува дека обработува инцидент, за кој нашироко се известувало во медиумите, а со цел да се нагласи проблемот на насилничко однесување и меѓуврсничко насилство за да се придонесе кон напорите за нивно спречување. РАК утврдила дека оваа ТВ станица во обработувањето на темата известувањето го ограничила на податоци само за информативни цели и дека биле изнесени информации во однос на конкретен инцидент со насилничко однесување, што пак е оправдано од легитимен јавен интерес, без при тоа да се повредат основните начела на заштита на приватноста. РАК не утврдила постоење на елементи на повреда на релевантните правила.

ХРВАТСКА:

37. dubrovackidnevnik.rtl.hr (електронско издание), 2016 г., откривање на идентитет на малолетно лице

Агенцијата за електронски медиуми добила службен допис од Народниот правобранител за деца во кој се изнесува загриженост во врска со објавување во медиумите на детали и снимки од постапка за извршување на мерки во која е инволвирано малолетно лице од Жупа Дубровачка. Провајдерот на електронското издание открил информации во текст, врз основа на кои можело да се идентификува дете кое било инволвирано во постапка за извршување на мерка. Покрај написот на темата на извршување на мерката, била објавена и фото-галерија којашто содржи фотографии на кои може да се препознае куќата каде живее малолетното лице, а биле објавени и два видео записа од Јутјуб.

Постапување од страна на АЕМ

Опомена. По извршената анализа и по добиениот допис од издавачот, Советот за електронски медиуми заклучил дека има повреда на членот 3, став 1, ст. 2 и ст. 3 од Правилникот за заштита на малолетни лица и издал опомена на издавачот. Всушност иако написот ВИДЕО/ФОТО: ДРАМА ВО ЖУПА *Шести неуспешен обид за извршување на мерка во која е инволвирано малолетно лице* не го открива идентитетот на малолетното лице и неговите родители, објавувањето на фотографии и снимки од семејната куќа каде што живее малолетното лице резултирало со објавување на други информации кои би можеле да доведат до препознавање на малолетното лице и до загрозување на неговата добросостојба, како што се предвидува во членот 3, ст. 1. Одредбата од членот 12, став 3 од Законот за електронски медиуми предвидува забрана за објавување на какви било информации со кои се открива идентитетот на дете до 18-годишна возраст, инволвирано во каков било вид на насилство, без оглед дали во случајот детето има својство на сведок, жртва или сторител, што важи и за случаите на обид за самоубиство или извршено самоубиство, во кој случај исто така се забранува објавување на какви било детали за семејната состојба или приватниот живот на детето.

38. 24sata.hr (електронско издание), 2017 г., откривање на идентитетот на малолетно лице

Читател поднел жалба во врска со написи објавени на порталот 24sata.hr со насловите *Девојче спасувало куче кога било удрено од возило управувано од пијан ветеринар и Мајката на Махир: Само ја сакам вистината, а не сожалување*. Написот за девојчето од Србија кое починало во автомобилска несреќа, а кој содржел информации преземени од порталот Blic.rs, кои потоа биле објавени на порталот 24sata.hr претставува кршење на членот 12, став 3 од Законот за електронски медиуми и членот 3, став 1 од Правилникот за заштита на малолетни лица на електронските медиуми. Написот објавен на порталот 24sata.hr го наведува целосното име и презиме на починатото девојче. Написот за малолетното лице од Босна и Херцеговина кое извршило самоубиство затоа што било жртва на меѓуврснички насилство и силување исто така претставува кршење на членот 12, став 3 од Законот за електронски медиуми и членот 3, став 1 од Правилникот за заштита на малолетни лица на електронските медиуми. Написот бил преземен од порталот Klix.ba и во истиот мајката на малолетното лице заборува за случајот и освен што се идентификува малолетното лице се откриваат и детали за злоупотребата и силувањето.

Постапување од страна на АЕМ

Опомена. По добивањето на допис од издавачот, Советот во одлуката за изрекување на опомена наведува дека дури иако е вистина дека медиумите во Србија и Босна и Херцеговина први го откриле идентитетот на децата кои биле жртва на насилство, останува фактот дека одредбите на Законот за електронски медиуми не може да се примени на тие медиуми, но истиот Закон е применлив од однос на 24sata d.o.o. Всушност, 24sata d.o.o. е обврзан со закон, како што се обврзани сите даватели на медиумски услуги кои се под јурисдикцијата на Република Хрватска, да известуваат во согласност со важечкото законодавство на Република Хрватска, а во конкретниот случај во согласност со членот 12, став 3 од Законот за електронски медиуми и членот 3, став 1 од Правилникот за заштита на малолетни лица на електронските медиуми.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

39. ТВ станица 24 вести, 2018 г., новинарско известување за насилство меѓу малолетни лица во основно училиште

Врз основа на анонимна претставка во која нејзиниот подносител ја обвинува телевизијата за „неетичко известување“ и за „елементарно непочитување на новинарските стандарди“ и со тоа за повреда на правата на децата поради емитувањето повеќе прилози за инцидент со физичка пресметка во која учествувале ученички во дворот на основно училиште во Неготино, Агенцијата изврши увид во дневно-информативните емисии на ТВ 24 Вести од 13, 14, 15, 16 и 17 април 2018 година.

Притоа беше констатирано дека:

- телевизијата го следи настанот во низа, при што секој нареден ден, темата новинарски ја реактуелизира преку реакциите и ставовите на повеќе релевантни субјекти (Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“, Министерството за внатрешни работи и Полициската станица од Неготино, министерката за образование Рената Тренеска-Дескоска, Државниот просветен инспекторат, Центарот за социјални работи, директорот и психологот на Основното општинско училиште „Гоце Делчев” и Народниот правобранител);
- во прилозите нема сензационалистички или непроверени информации;
- при известувањето се користи снимка најверојатно обезбедена преку каналот Јутјуб, на која се замаглени ликовите на инволвираните ученички, односно нивниот идентитет не се открива;
- известувањето е во согласност со Правилникот за заштита на малолетните лица[41], донесен од страна на Советот на Агенцијата во 2014 година, во кој е утврдено дека при емитување сцени со насилство, телевизиите мора најодговорно да ја „осмислуваат рамнотежата помеѓу - правото на јавноста да биде навремено и прецизно информирана, и - потребата од заштита на малолетниците“.

Активности на АВМУ:

Агенцијата констатираше дека претставката е неоснована, односно дека ТВ 24 Вести професионално го третирала настанот со малолетничко насилство во основно училиште, вршејќи една од улогите на новинарството – да ѝ ги обезбеди на јавноста сите релевантни информации за прашање кое е од поширок јавен интерес – борбата против насилството меѓу малолетниците, без да го открие идентитетот на ученичките. Оттаму, и подносителот на претставката и медиумот беа известени за наодите од надзорот.

41 Достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_zastita_na_malloletnite_lica.pdf

ЦРНА ГОРА:

40. ТВЦГ1, 2017 г., откривање на идентитет на малолетно лице

При анализата на емитуваната емисија извршена по службена должност, АЕМ забележала дека на 18 ноември 2017 година, јавниот радиодифузер ТВ ЦГ - Прв канал на ударните вести, кои почнуваат во 19:30 часот објавил информации во врска со повик за помош на девојче од Црна Гора.

Историјат: Во ноември 2017 година, вниманието на црногорската јавност било преокупирано од случајот на девојче чијшто повик за помош бил објавен на Фејсбук страницата на хуманитарната организација „Банка за храна". Во барањето за помош се изнесуваат наводи дека животите на девојчето и нејзиниот брат се во ризик имајќи предвид дека немаат никакви приходи и живеат во тешки услови со нивниот болен татко. По првичните напори на различни хуманитарни организации и пошироката заедница да им се помогне на децата, се појавиле информации во јавноста дека висинската животна и финансиска состојба на предметното семејство не се такви како што првично било објавено и дека има сомнежи во однос на вистинитоста на дадените информации. Во прилогот биле објавени целосните имиња и презимања на инволвираните лица. Со цел да се заштитат малолетните лица, АЕМ во овој преглед истите ги означила со иницијали.

Прилогот започнува со најава на водителот на централните вести: *„Центрите за социјална работа од Бјело Поље и Мојковац посветуваат особено внимание на состојбата на семејството на В.М. чија малолетна ќерка бара хуманитарна помош преку социјалните мрежи. Тие тврдат дека документацијата во посед на овие институции го покажува спротивното од наводите дека семејството е заборавено и дека му било ускратено правото на социјална помош."*

Прилогот продолжува со синхронизација: *„Опфатот на настаните кои го привлекоа вниманието на јавноста деновиве сигурно ја вклучуваат и сторијата за семејството М. Сè започна со повикот за помош упатен од 14-годишната В.М. преку социјалните мрежи, нагласувајќи го сериозниот здравствен проблем на нејзиниот татко и сиромаштијата во која живеат таа и нејзиниот брат. Во писмото, девојчето пишува дека нејзиниот татко се одржува во живот со медицински апарати во болница во Белград, а таа и нејзиниот брат едвај преживуваат без струја, вода или храна. Центрите за социјална работа од Бјело Поље и Мојковац реагираа и целиот настан зеде сосема поинаква насока."*

Овој дел од прилогот е поддржан со слика на написите од различни интернет портали кои меѓу другото вклучуваат фотографии од предметното девојче: *„На девојче од Бјело Поље итно му е потребна помош – на А.М. (14 г.) од Бјело Поље итно ѝ е потребна помош", како и текст „А. од сите нас бара помош: Органите на татко ми откажуваат, јас гладувам, немам пари за греење, не можам да одам на училиште" (ФОТОГРАФИЈА),* а фотографијата на девојчето е ставена под текстот. На фотографиите очите на девојчето се заматени.

По снимената изјава на Директорот на Центарот за социјална работа на општините Бјело Поље и Мојковац, прилогот продолжува со синхронизација: *„Црногорската јавност сега има сомнежи; првично јавноста сакаше да им помогне на малолетните деца. Наместо собирање хуманитарна помош, сега се јавува прашањето дали децата се злоупотребени во овој случај?".* Прилогот завршува со изјава на новинарот (кој стои) пред зградата каде што живее семејството М. на која новинарот

покажува во текот на изјавата: *„Главениот актер во оваа сторија, В.М. живее во зградата зад нас во Мојковац (покажува накај зградата) и не сакаше да се сретне со тимот на РТЦГ. Во телефонски разговор, тој ни кажа дека медиумите му нанеле многу штета. Како што вели тој последиците по неговото здравје се огромни, затоа што луѓето кои првично сакале финансиски да го поддржат неговото лекување се откажале од таквата намера. Ваквата ситуација е неприфатлива за В., неговата сопруга, која го напуштила пред неколку години. Таа го контактирала Центарот за социјални работи во Бјело Поље барајќи помош за да добие старателство врз децата, што покажува дека крајот на сторијата за М. не е ни на повидок. "*

Во завршниот дел од прилогот прикажана е сликата со претходно споменатите написи од различните портали, во кои се наведуваат името и презимето, возраста и името на градот каде што живее девојчето.

Постапување од страна на АЕМ

Во согласност со надлежностите утврдени со Законот за електронски медиуми, од јавниот радиодифузер (ТВЦГ1) било побарано да даде писмена изјава. Во изјавата доставена до АЕМ од Советот на јавниот радиодифузер се наведува дека Комисијата за жалби поднесени од слушатели и гледачи го разгледала прилогот и на Директорот на ТВЦГ му предложила подобрување на контролата на следот на уредничката одговорност за да се одбегнат слични проблеми во иднина.

Изјавата исто така вклучува објаснување од уредничкиот тим на информативната програма, според кое *„со емитување на прилогот за девојчето од Бјело Поље, чиј апел за помош ги ставил социјалните мрежи во вонредна состојба, сакале да ја нагласат можноста од злоупотреба на малолетни лица."* и дека *„во илустрацијата на прилогот искористиле исечоци од весници и интернет портали во кои биле објавени фотографијата и името на девојчето"* и дека *"го заштитиле/ заматиле нејзиниот лик во текот на уредување на материјалот". Сепак исто така се вели: „за жал, како што беше подоцна забележано, на една од искористените слики, која била повеќепати прикажана (на почетокот и на крајот од прилогот), може да се прочитаат нејзиното име и презиме",* нагласувајќи дека се работи за *„ненамерна грешка".*

При донесување на одлуката, АЕМ зела предвид дека Законот за електронски медиуми забранува откривање на информации со кои се открива идентитетот на малолетни лица до 18-годишна возраст инволвирани во случаи на каква било форма на насилство без оглед дали во таквиот случај малолетното лице се јавува во својство на сведок, жртва или сторител, како и објавување на детали за семејните односи и приватниот живот на детето. Исто така, Правилникот за програмските стандарди во електронските медиуми забранува емитување на програмска содржина која евидентно може да наштети на физичкиот, ментален или морален развој или добросостојбата на малолетните лица или други ранливи лица.

По завршување на постапката и земајќи ги предвид сите релевантни факти, донесена е одлука дека со емитување на опишаниот прилог со фотографии од 14-годишно девојче и откривање на идентитетот на малолетните лица, но и на околностите за семејниот и приватниот живот, радиодифузерот можел да нанесе штета на менталниот развој на малолетното лице, што пак преставува кршење на одредбите од Законот за електронски медиуми (член 48) и Правилникот за

програмските стандарди во електронските медиуми (член 6).

Врз основа на погоренаведеното, на јавниот радиодифузер му била издадена опомена и бил задолжен опомената да ја објави во информативната програма.

КОСОВО*:

41. ТВ ДУКАЃИНИ, 2017 г., заштита на идентитетот и почитување на достоинството на децата и малолетните лица во програмите

Повреда на членот 4.3. од Регулативата IMC-2013/01; НКМ издала опомена за прекршување.

СРБИЈА:

42. ТВ Пинк, 2014 г., вознемирување на малолетни лица

ТВ Пинк ги повредила човековите права и особено достоинството на учесниците во реалните шоу емисии „ДНК" емитувани на 11 февруари, 8 април, 22 април, 27 мај и 2 септември 2014 година.

Во емисијата емитувана на 11 февруари 2014 година, ТВ станицата објавила лични податоци за две малолетни момчиња, едното на возраст од 4,5 години, а другото на возраст од 9 години. Во присуство на малолетното дете, мајката открива детали (во неколку наврати доста нејасни) за нејзиниот брак и развод од таткото на нејзините синови, Марко и Младен. Момчето било присутно во текот на целото интервју и водителката на емисијата исто така на момчето му поставила неколку општи прашања. Потоа водителката објаснува дека земање примерок за анализа нема да предизвика болка и со помош на мајката земала примерок од плунката на момчето. По ова следи изјавата на таткото кој го изразил неговото мислење за неговата поранешна сопруга, децата, бракот и сегашната партнерка, при што изнел податоци за приватниот живот на овие лица.

Водителката инсистирала на што е можно поголемо нарушување на приватноста на учесниците. Емисијата завршила со прикажување на резултатите со кои се докажува дека Радован Војниќ е татко на детето Марко. Во тој момент, постариот син Младен (9-годишен) бил во кадарот и водителката инсистирала и детето да даде коментар за ситуацијата. Последниот кадар го покажува Марко како спие.

Емисијата емитувана на 8 април прикажува две малолетни девојчиња (Јованка и Катерина). Со намера да ги расчисти гласините во нивното село дека тој е татко на девојчињата, дедото на девојчињата побарал анализа на примероци на ДНК од девојчињата и истото е сторено и прикажано како дел од емисијата. Малолетните девојчиња биле постојано инволвирани во случајот, при изјавите дадени од нивниот татко и дедо и при објаснувањето на причините за разводот на нивните родители. Одговарајќи на прашања од водителката, девојчињата изнеле детали за нивниот семеен живот. Тие исто така давале коментари за нивниот однос со сегашниот сопруг на нивната мајка.

Емисијата „ДНК" емитувана на 22 април ја прикажува Моника Михајловиќ, девојче на 6-годишна возраст, чија мајка сакала да утврди дека нејзиниот поранешен сопруг не е татко на девојчето. Девојчето било присутно во текот на разговорите за утврдување на татковството.

Во емисијата емитувана на 27 мај, екипата утврдувала кој е татко на малолетно момче на 11-годишна возраст, родено од сестрата на сопругата на сопругот (таткото). Момчето било очигледно вознемирено и засрамено од ситуацијата. Тоа било повремено присутно во текот на интервјуата и во еден дел од емисијата може да се види како очигледно многу вознемирено плаче. Момчето повторно плачело на крајот од емисијата кога биле објавени резултатите.

Во емисијата „ДНК" емитувана на 2 септември 2014 г., екипата отишла да утврди кој е татко на малолетното дете Милица. Таа неколкупати се појавува во емисијата и е присутна на некои од интервјуата. Интервјуто со мајката на детето било снимено откога водителката го повикала детето и потоа ја убедила мајката да се појави во емисијата. По ова следела вознемирувачка караница меѓу мајката и водителката, која ја информирала мајката дека се пристигнати резултатите и дека мајката

знае какви се резултатите. Врз основа на ставот на мајката може да се претпостави дека интервјуто било направено без нејзина претходна согласност.

Постапување од страна на РЕМ

На состанокот одржан на 30 октомври 2014 г., регулаторот издал опомена за давателот на медиумски услуги ТВ Пинк заради повреда на обврските предвидени во членот 50 од Законот за електронски медиуми и точка 3.3. од Општите обврзувачки упатства за однесување на радиодифузерите.[42]

Во текот на постапката, Советот ги прашал претставниците на давателот на медиумски услуги дали се свесни за можните последици за малолетните лица кои може да произлезат од погоре наведените дејствија. Претставниците изјавиле дека токму поради ова прашање тие биле во контакт со Центрите за социјална работа и дека во најголем број од случаите состојбата во семејствата се подобрила по емитување на емисиите. По гледање на релевантните емисии, Советот утврдил дека концептот на емисијата е сензационалистички, дека се инсистира на откривање на најинтимните детали од семејниот живот на учесниците и дека ги нарушува односите, кои во некои случаи се граничат со општествено прифатливо однесување. Врз основа на погоре изнесеното, Советот изрекол мерка и му наредил на давателот на медиумски услуги да го заштитува идентитетот на малолетниците на реалното шоу „ДНК“ и времето на прикажување да го помести по 23:00 часот.

43. ТВ Пинк, 2015 г., утврдување на идентитетот на родителите на малолетни лица

Од мај до јули 2015 г., содржината на емисијата „ДНК“ постојано го повредувала достоинството на малолетните лица. Емисијата се фокусира врз процесот на утврдување на идентитетот на родителите на малолетните лица, а не било почитувано достоинството на малолетните лица кои учествувале и биле објавувани информации за приватниот и семеен живот на малолетниците, иако таквите информации може да нанесат штета на интересите и правата на малолетните лица.

Првото спорно издание на емисијата е емитувано на 19 мај 2015 г., во период од 21:00 до 22:00 часот. Во оваа конкретна емисија таткото побарал стручно мислење затоа што се сомневал дека тој е биолошкиот татко на неговиот син на возраст од околу 10-12 години. Ликот на детето бил заматен, но кога детето е снимано од страна и одзади не биле направени никакви технички интервенции. Се кажуваат имињата на родителите и презимето на таткото.

Во емисијата емитувана на 2 јуни 2015 г. во програмскиот термин од 21:00 до 22:00 часот, мајката сакала да го утврди татковството на нејзиното дете затоа што таа била омажена по вторпат, а сакала да се му се врати на првиот сопруг за што мислела дека ќе помогне доколку се утврди дека нејзиниот прв сопруг е биолошкиот татко на нејзиното дете. Малолетното лице, бебе, се појавува во емисијата со замаглен лик. Мајката е јасно прикажана и се открива нејзиното име (Александра), а се прикажуваат и зградата, улицата и градот каде што живее детето со мајката.

На 7 јули 2015 г., во програмскиот термин од 21:15 до 22:15 часот емитуваната емисија се фокусирала на процесот на утврдување на идентитетот на таткото на дете (5-годишно девојче). Таткото на детето

42 Општи обврзувачки упатства за однесување на радиодифузерите, дел 3.3. кој предвидува дека: малолетно лице може да се појави во програмата само со негова согласност и согласност на родителот или старателот. Дури и во вакви случаи, радиодифузерот ќе посвети особено внимание на заштита на достоинството и физичкото и ментално здравје на засегнатото лице.

е јасно прикажан - Миодраг Николиќ, како и мајката чиј лик бил заматен. Девојчето било снимено одзади во моментите кога водителката зема примерок за анализа.

На 21 јули 2015 г., во програмскиот термин од 21:45 до 22:45 часот се утврдувал идентитетот на таткото на момчиња на 6 и 7-годишна возраст. Прикажани се таткото Зоран Вјештица и мајката Маја. Се открива населбата, како и соседството каде што живеат децата (куќата, градината). Момчињата одбиле да бидат снимани за емисијата, но нивниот татко ги убедил и ги изнел пред камерите. Имињата на децата не се откриваат, нивните лица се замаглени, но несоодветно, затоа што во еден момент може да се види лицето на повозрасното момче.

Постапување на РЕМ

На состанокот одржан на 21 октомври 2015 г., регулаторот издал опомена на ТВ Пинк за кршење на членот 50, став 1 од Законот за електронски медиуми, членот 22, став 2, член 24, став 1 и ст. 2 , членот 26, став 3 и членот 28, став 1, ст. 3 и ст. 5 од Правилникот за заштита на малолетниците во обезбедување на медиумски услуги.

ТВ Пинк не го почитувала достоинството на малолетниците кои учествувале во емитуваните емисии. Тие не го прилагодиле нивното учество на возраста, зрелоста или чувствителноста на темата за која се дискутира. Поставуваните прашања за чувствителни семејни проблеми дополнително ги изложило малолетниците на страв, срам, вознемиреност или лутина. Информациите за тоа дека таткото или мајката имаат сомнежи за тоа кој е биолошкиот татко на нивното дете спаѓа во интимната сфера на личноста и може да се објават само со согласност на предметното лице. Во образложението на одлуката, Регулаторот конкретно инсистира на фактот дека не било доволно да се обезбеди анонимност на малолетното лице во јавната сфера, туку дека треба да се обезбеди анонимност и во директната средина во која живее малолетното лице. Во сите емитувани емисии не се крие идентитетот на родителите, што пак во комбинација со останатите достапни податоци, може да послужи како основа за откривање на идентитетот на малолетните лица. Во една од емитуваните емисии, од ставот на малолетникот е јасно дека тој не сака да учествува во емисијата. Објаснувањето на давателот на медиумски услуги дека се работи за документарна програма не е прифатливо, со оглед на тоа што емисијата има формат на забавна емисија. Според мислењето на Советот, емисијата „ДНК“ е забавна програма со елементи на реално шоу. Тоа може да се потврди со начинот на кој водителката им се обраќа на учесниците, потоа со начинот на кој се преставуваат семејните проблеми на учесниците, како и со нивото соопштување на резултатите од анализите. Следствено, во ваквите емисии се искористуваат семејни конфликти за да се задоволи љубопитноста на публиката и на истата да ѝ се понуди забавна содржина.

44. ТВ Хепи, 2016 г., непочитување на личноста на малолетните лица

Во реалното шоу под наслов *„Стројник“*, прикажано на 9 февруари 2016 г. не било почитувано достоинството на малолетно лице во интервјуто со малолетникот кое не било соодветно за неговата возраст и зрелост, со оглед на тоа што во текот на интервјуто му биле поставувани прашања за чувствителни семејни теми. На 9 февруари 2016 г., во програмскиот термин од 09: 29: 51 до 09: 32: 00 часот, ТВ Хепи објавила интервју со малолетник на возраст од околу 3 до 4 години, чијшто татко

бил неженет и ТВ екипата разговарала со детето за наоѓање сопруга за неговиот татко. Водителот на емисијата му поставил прашања на момчето за тоа како се чувствува и какво мислење има за неговата мајка која го напуштила.

Постапување на РЕМ

На состанокот одржан на 17 јуни 2016 г., регулаторот на Националната ТВ станица Хепи ѝ издал опомена заради кршење на одредбите од членот 50, став 1 од Законот за електронски медиуми и членот 24, став 1 и ст. 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето на медиумски услуги.

Покрај изречените мерки за кршење на обврските за заштита на правата и интересите на малолетните лица, Советот на Регулаторот особено се осврнува на постоење на намера да се зајакне впечатокот дека се работи за семејна драма преку релевантната содржина, без да се води грижа за можните последици. Прашањата кои му биле поставени на детето се однесуваат само на чувствителни семејни проблеми, односно на фактот дека мајката го напуштила семејството. Фактот што малолетното лице расте без мајка може да има особено тешки последици за неговиот емотивен развој. Така, прашањата кои му се поставени навлегуваат во многу чувствителната сфера на семејниот живот, со што се нанесува штета на достоинството на детето и не се зема предвид дали детето ја разбира реалноста и настаните околу него, без оглед на фактот што таткото на детето дал согласност за учество на неговиот малолетен син во конкретната емисија. Следствено, карактерот на емитуваната содржина и објавените информации како последица довеле до повреда на заштитените вредности на малолетното лице, првенствено неговото достоинство и слободен развој на личноста, додека намерата на емитуваната емисија била да предизвика сензација, што е пак е доказ за неодговорниот став на уредничкиот тим и претставува доволна причина за Регулаторот да ја изрече мерката.

45. ТВ Пинк, 2017 г., малолетно лице како директен учесник во семеен конфликт

На 30 ноември 2016 г., во програмскиот термин од 22:04 до 23: 20 часот, ТВ станицата Пинк ја емитувала емисијата „ДНК“[43]. Екипата на емисијата била поканета од таткото кој се сомневал дека неговата сопруга има вонбрачни односи и сакал да утврди дали тој е биолошкиот татко на неговите малолетни деца. Продуцентот на програмата прво ја посетил мајката. Мајката и децата (осум малолетни деца) живееле со новиот сопруг на мајката. Продуцентот на емисијата зборувал со мајката, нејзиниот нов сопруг, неговата мајка (идентитетот на сопругот и неговата мајка се потврдени со нивните потписи), но зборувал и со највозрасното девојче од првиот брак на мајката. Ликот на девојчето бил заматен, но нејзиниот глас не бил мутиран. Во интервјуто мајката тврдела дека таа нема никакви сомнежи за тоа кој е татко на нејзините деца и дека единствената причина за целата постапка за утврдување татковство била желбата на таткото да не плаќа алиментација за децата. Продуцентот потоа ги интервјуирал останатите деца и тие кажале дека редовно ја следат емисијата „ДНК“. Ликовите на малолетните деца биле заматени, но нивните гласови не биле мутирани.

43 Документарното реално шоу ДНК, како што вели насловот, се занимава со луѓе кои се сомневаат во нивните сопствени или во биолошките родители на нивното дете и сакаат да направат анализа на генетски материјал за да се идентификуваат биолошките родители. Учесниците во емисијата се вистински лица на кои продуцентот на емисијата, како што вели тој, им помага да ја утврдат вистината. Продуцентите тврдат дека сите стории се вистинити и дека се снимаат само по иницијатива на учесниците.

Продуцентот на програмата потоа зборувал со таткото и неговиот 7-годишен син (неговиот глас не бил мутиран, но ликот му бил заматен), кој е првооделенец и единственото дете кое останало да живее со таткото. Детето потврдило дека било сведок на семејно насилство.

При донесувањето одлука во овој случај, Советот на Регулаторот за електронски медиуми потсетува дека ТВ ПИНК не ја зел предвид потребата да се заштитат инволвираните малолетни лица. Иако не се објавени нивните целосни имиња (се спомнува само презимето) и иако нивните ликови не може да се препознаат (но може јасно да се слушнат нивните гласови), сепак било возможно да се утврди идентитетот на децата врз основа на учеството на нивната мајка и татко во емисијата и врз основа на местото на живеење. На ваков начин им била нанесена штета и се повредени нивните основни човекови права, личното достоинство, здравје, морал и социјален развој.

Постапување од страна на РЕМ

На 26 април 2017 г., регулаторот издал опомена за ТВ Пинк заради емитување на содржина со која индиректно се открива идентитетот на малолетните лица, со што се повредуваат нивните права и интереси (содржината на емисијата „ДНК“), што пак претставува кршење на членот 50, став 1 и членот 68, став 11 од Законот за електронски медиуми, како и на членот 24, став 1 и ст. 2 и членот 26, став 3 од Правилникот за заштита на малолетните лица во давањето на медиумски услуги. ТВ Пинк не се придржувала кон обврската за заштита на приватниот и семеен живот предвидена во членот 28, став 1 и ст. 3 од Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето на медиумски услуги.

3. СЛУЧАИ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КРИВИЧНИ ДЕЛА ВО КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ И МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА

АЛБАНИЈА:

46. ТВ Ора Вести и ТВ АБЦ вести, 2016 г.

Во текот на информативната програма со вести, ТВ станиците емитувале чувствителни детали за дете за кое има сомнежи дека е жртва на сексуална злоупотреба во семејството.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за кршење на детските права во информативните програми.

47. ТВ Вести 24, 2016 г.

Во текот на информативната програма со вести, ТВ станицата емитувала интервју со мајка чија ќерка наводно била силувана. Целосниот идентитет на мајката, како и други податоци, како што се нејзината адреса помагаат индиректно да се идентификува детето кое наводно било подложено на злоупотреба.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за повреда на детските права.

48. ТВ Топ канал, ТВ 24 вести и ТВ Ора вести, 2017 г.

Во текот на информативната програма со вести, ТВ станиците емитувале прилози кои индиректно довеле до идентификување на малолетно девојче кое наводно било злоупотребувано од нејзиниот татко.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за повреда на детските права.

49. ТВ 24 вести, ТВ Ора вести и ТВ Репорт, 2017 г.

Во текот на информативната програма со вести, ТВ станиците емитувале прилог во кој се изнесуваат наводи за сосед кој сексуално злоупотребувал 15-годишно девојче, со што се повредуваат начелата на заштита на децата. Од емитуваната содржина можело индиректно да се идентификува девојчето, односно биле прикажани снимки од нејзиниот дом и биле јавно изнесени други податоци за селото и регионот од каде е девојчето.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена за кршење на детските права.

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА:

50. ОБН, 2010 г., централни вести, прилог за случај на сексуална злоупотреба на малолетно лице

РАК по службена должност спровела анализа на емитуваните емисии на одреден број на ТВ станици, меѓу кои и на ТВ ОБН, кои известувале за случајот на сексуална злоупотреба на женско малолетно лице од околината на Братунац.[44]

Анализата на емисиите покажала дека на централните информативни програми „*Вести*“, биле емитувани информации во врска со сексуална злоупотреба на женско малолетно лице и за полициска акција во областа на Сребреница и општината Братунац, при што било кажано дека: „*меѓу уапсените е и бабата на малолетната М.М.*“, а биле прикажани и снимки од семејната куќа. Исто така, емисијата содржела изјава на тетката на малолетното девојче, која била потпишана со полно име и презиме.

Постапување на РАК

Во предметната информативна програма не биле откриени името и презимето на малолетната жртва, ниту пак бил прикажан нејзиниот лик, но информациите со кои лесно може да се открие нејзиниот идентитет навистина биле емитувани и ова можело само дополнително да за загрози нејзината ранлива состојба. Во писмото упатено до РАК, ТВ станицата изјавува дека не проверила дали на снимката е прикажана куќата на девојчето, што пак е целосно неодговорно и непрофесионално. Девојчето живеело во мало место и жителите во тој атар, лесно би можеле да ја препознаат куќата прикажана на информативната програма. При изнесување на информации кои може да имаат штетни последици за малолетното лице од исклучителна важност е да се овозможи заштита на малолетното лице прво во неговата заедница и местото на живеење и да се обезбеди спречување на натамошни проблематични ситуации, но истото така е важно да се овозможи таква заштита и во поширокиот општествен контекст. При објавување на информации од овој вид, ТВ станиците мора да обрнат должно внимание со цел да се заштитат потенцијално ранливите малолетни лица инволвирани со случајот, без оглед на нивните извори на информации. РАК не го прифатил ставот на ТВ станицата дека лицата со кои било извршено интервју се единствени носители на одговорноста за нивните изјави, што може да биде точно, но при тоа се занемарува фактот дека одговорноста за вкупната емитувана емисија ја има самата ТВ станица. Во овој случај било утврдено дека ТВ станицата не ги презела сите мерки за да спречи откривање на идентитетот на малолетното лице, РАК смета дека при известување за жртви на сексуална злоупотреба, станицата објавила информации со кои индиректно може да се открие идентитетот на малолетните лица и да се загрози нивната состојба. РАК заклучува дека ТВ станицата ги прекршила одредбите во врска со известување за кривични дела во кои се инволвирани малолетни лица, издавајќи при тоа писмена опомена за ТВ станицата.[45]

44 Мал град во Источна Босна и Херцеговина.

45 Одреден број на ТВ станици емитувале слични прилози и РАК издала опомена до сите нив.

4. СЛУЧАИ ПОВРЗАНИ СО УЧЕСТВОТО НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА ВО ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА:

51. ТВ Кантон Сараево, 2009 г., централни вести, прилог за малолетно лице со сериозна болест

Во текот на информативната програма емитувана во 18:00 часот, ТВ Кантон Сараево емитувала прилог за случај на малолетно лице кое страда од редок и сериозен случај на кожна болест.

РАК покренала истрага по службена должност и ги побарала снимките од емитувана програма. Анализата на снимките од емисиите покажала дека бил емитуван прилог за малолетното девојче со ретка кожна болест. Во воведниот дел, прикажани се информации во врска со болеста на малолетното лице, со коментар од водителот, кои со вербалната но и со невербалнана комуникација се презентирани на начин кој a priori води кон заклучокот за причините за болеста на малолетното лице: *„Девојчето заболело од ретка кожна болест заради небрежноста на докторите во болницата во Фоча на почетокот на војната. Една од првите жртви на геноцидот во Фоча, ова девојче живее со болеста и денес, само затоа што нејзиното име било...*[46]*“ исто така „Родена предвремено, таа ги видела ужасите на војната уште додека била во болница, каде најголем број од докторите биле ангажирани на геноцидот на припадниците на бошњачаката заедница.“*

Постапување од страна на РАК

Во одговорот за наводите за кршење на правилата, ТВ станицата изјавила дека целта на прилогот била да му се помогне на малолетното лице. Сепак, РАК определила дека начинот на прикажување на програмската содржина, особено со оглед на личните и политички обоените коментари не се во согласност со декларативната цел на прилогот, претставувајќи кршење на стандардите во врска со презентацијата на вести од водителот. Ова е во контекст на основната цел на објавување на објективни и балансирани информации за јавноста, а изнесувањето на вестите мора да се ограничи на непристрасни изјави кои ги содржат фактите без при тоа да се изнесуваат лични верувања, ниту преку вербална, ниту преку невербална комуникација. Без да се земе предвид изборот на темите, во рамките на уредничката политика, РАК определила дека ниту еден дел од прилогот не содржи информации кои се поврзани со обезбедување помош за малолетното лице. Првенствениот фокус на прилогот оди во сосема поинаков правец, со политички конотации и идеолошки обоени коментари на водителот и на новинарот. Следствено, без оглед на првичната намера, ТВ станицата дозволила да преовлада едно мислење, што води до необјективно и едностранo прикажување на сторијата. Комбинирањето на коментари и самата тема на начин како што е тоа направено во овој случај води до заклучок дека ТВ станицата го злоупотребила медиумскиот простор и исполитизирала трагична сторија, чија цел, како што се кажува, била хуманитарна. Во овој случај се донесува заклучокот дека присуството на девојчето било злоупотребено на штета на нејзината добросостојба и достоинство, а во контекст на вкупната програмска содржина на прилогот. Била утврдена повреда на одредбите во однос на прикажување на ранливи групи и учество на малолетни лица во програмите и ТВ станицата добила парична казна во износ од 500 евра.

46 Се даваат информациите за целосното име и презиме на девојчето, која е од бошњачко етничко потекло.

52. ТВ Вогошча, 2009 г., емитување на музички видео спот - повреда на одредбите во врска со почитување на професионалните норми и заштита на малолетни лица

РАК повела истрага по службена должност за потенцијална повреда на релевантните правила во однос на емитување на музички видео спот на фолк пејачката Селма Бајрами на програмата на ТВ Вогошча во 19:10 часот.

Музичкиот видео спот ја прикажува пејачката во улога на наставничка во основно училиште во училница полна со малолетни лица. Неуспевајќи да ги заинтересира учениците во активностите во училницата, „учителката" се обидува да им го привлече вниманието на поинаков начин, со еротичен танц, оскудно облечена и со нагласени еротски движења.

Постапување од страна на РАК

По покренување на постапка врз основа на релевантни одредби во однос на учество на малолетни лица во програмски содржини, во дописот до РАК во однос на наводите за кршење на правилата, ТВ станицата одговара дека содржината на музичкиот видео спот не претставува злоупотреба од каков било вид, ниту пак може да предизвика непријатни чувства или страв кај децата кои се појавуваат во видео спотот. ТВ станицата натаму вели дека се работи за уметнички израз, при што е тешко точно да се определат границите за тоа што е пристојно или не. ТВ станицата сепак верувала дека авторите на музичките видео спотови и други форми на видео израз, како и медиумите имаат обврска да ги заштитат децата и да спречат каква било злоупотреба, наведувајќи негативни примери на програмски содржини од други медиуми. На крајот, станицата одлучила да престане да го емитува предметниот музички видео спот.

АК не навлегла во толкување на уметничкиот израз на предметната програмска содржина и наместо тоа се фокусирала на содржината на музичкиот видео спот, во кој учителка се обидува да го привлече вниманието на учениците со расоблекување и со еротичен танц. Користењето на правото на слобода на уметничко изразување подразбира одредено почитување на специфичниот однос на медиумите со општеството, не само во смисла на тоа дека медиумите се во служба на јавноста, туку и во смисла на тоа дека медиумите имаат одговорност која треба да ја исполнат со нивното професионално однесување, што пак вклучува почитување на основните начела на заштита на децата и малолетните лица.

Самиот концепт на музичкиот видео спот на пејачката во кој таа се појавува во улога на учителка чии методи за привлекување на вниманието на учениците вклучуваат еротични движења, расоблекување и делење бонбони, како и пораката која ја пренесува, се смета дека се штетни за добросостојбата и достоинството на децата и малолетните лица. Програмската содржина која се прикажува и која е достапна за оваа чувствителна категорија на гледачи треба да пренесе позитивни вредности, а медиумите треба да покажат свест за влијанието кое го имаат врз оваа категорија на гледачи. Емитувајќи го предметниот музички видео спот, ТВ станицата не ги испочитувала основните стандарди за професионално новинарство во смисла на нејзината одговорност кон јавноста, а особено кон децата и малолетните лица. Следствено, ТВ станицата ги повредила одредбите во однос на почитување на професионалните норми и заштита на малолетните лица, при што РАК издала писмена опомена за ТВ станицата.

СРБИЈА:

ТВ Хепи, 2016 г., учество на малолетни лица во несоодветно време

На 16 февруари, во програмскиот термин од 12:00 до 13:00 часот во реалното шоу- *„Парови - Куќен совет“*, ТВ Хепи емитувале караница во која учествувале неколкумина учесници, кои користеле особено несоодветен речник, навреди и пцости. Учесниците исто така зборуваат за употреба на дроги во зградата. Според утврдениот програмски формат кој се повторува, по половина час караници, се појавуваат малолетни лица во емисијата.

На 23 и 24 февруари, во програмскиот термин од 21:03 до 2:32 часот, емисијата *„Парови -Гол живот“* прикажува посета на семејство со девет деца. Во таа прилика една од женските учеснички дала несоодветни коментари на водителот во присуство на малолетно девојче.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот издал опомена на ТВ Хепи врз основа на тоа што во реалното шоу е емитувана содржина која претставува повреда на законските барања во однос на заштитата на малолетните лица и заштита на човековите права. Имено, ТВ станицата го повредила членот 47, став 1, алинеја 4: член 50, став 1, ст. 2 и ст. 3; член 68, став 2 и ст. 3 од Законот за електронски медиуми, како и членот 17, став 1; членот 22, став 5 и членот 24, став 1 од Правилникот за заштита на малолетните лица во давањето на медиумски услуги. Содржината исто така претставува повреда на членот 20 и чл. 27, став 1, ст. 2 и ст. 4 од Правилникот за заштита на човековите права во давањето на медиумски услуги.

Советот на регулаторот издал опомена поради фактот што содржината којашто може да наштети на физичкото, морално и ментално здравје на малолетните лица, била емитувана во период кога разумно може да се очекува дека малолетни лица би гледале телевизија. Емитуваните програмски содржини инволвираат малолетни лица, при што учесниците покажуваат насилство, криминал и друго незаконско однесување. ТВ Хепи не водела должна грижа при прикажување на содржина која содржи информации за дискриминација, омраза и насилство врз основа на раса или националност, верски или политички убедувања или генетика.

5. СЛУЧАИ ПОВРЗАНИ СО КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ КОМУНИКАЦИИ И МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

АЛБАНИЈА:

54. Дигиталб, 2017 г.

ТВ платформата емитувала реклами со слики без обезбедување на заштита на малолетниците со условен пристап кон истите и родителска контрола.

Постапување од страна на АМА

Била издадена опомена до платформата за кршење на детските права.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

55. Реклама за „Pizzeti 7 Days“, 2016 г., емитувана од повеќе ТВ станици

Подносителот на претставката за рекламниот спот за производот „Pizzeti 7 Days“, кој се емитуваше на повеќе телевизии, побара забрана за негово емитување затоа што: содржината на спотот не соодветствувала со возраста на децата кои биле негова целна група; рекламата била негативна и внесувала страв и вознемиреност; и веќе била забранета во соседна Бугарија.

Агенцијата врз основа на претставката направи надзор и на содржината на рекламата и на периодите на нејзино емитување кај повеќе телевизии што емитуваат програма на државно ниво, како во контекст на правилата за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, така и во однос на правилата за заштита на малолетните лица. Дополнително беше проверена информацијата содржана во претставката дека рекламниот спот бил забранет за емитување во Република Бугарија.

Со мониторингот беше констатирано дека носечки компоненти во рекламниот спот за *„Pizzeti snack (Пицети закуска)“ се духовитоста и сарказмот*. Преку нив, спотот го користи клишето/стереотипот од филмовите за италијанската мафија. Дури и без некое посебно познавање на филмографијата, во случајов тоа клише веќе на прв поглед се препознава како директна пародија на образецот/улогата - *„Мафијашки кум“*: поради интенционалниот избор на музиката, сценографијата - севкупниот студиски амбиент, и посебно поради карикатуралната/саркастична актерска игра: фацијалната експресија и италијанско–американскиот идиолект/социолект.

Во спотот не учествуваат малолетници, ниту пак од надзорот на периодите на емитување и програмите во кој се емитува овој рекламен спот, не може да се заклучи дека е упатен/наменет на малолетните лица.

Според достапните информации од медиуми беше констатирано дека, во Република Бугарија било ограничено емитувањето на спотот, но поради прекршување на законските одредби за заштита на конкуренција.

Активности на АВМУ:

Имајќи предвид дека рекламирањето е заштитено со правото на слобода на изразување гарантирано со Европската конвенција за човекови права и со Уставот на Република Северна Македонија и може да се ограничи само во согласност со член 10 став 2 од Конвенцијата, Агенцијата заклучи дека со емитувањето на рекламниот спот не е прекршен Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека непостојат законски услови за ограничување на неговото емитување, за што писмено беше известен и подносителот на претставката.

ЦРНА ГОРА:

56. ТВ Пинк М, 2018 г.

Анализирајќи ја по службена должност емитуваната програмска содржина, Агенцијата за електронски медиуми забележала дека на 25 јуни 2018 г., ТВ Пинк М ја емитувало емисијата „Сити М“ и во текот на истата била емитувана реклама за медицинскиот производ „GE kids - International health“ наменет за малолетни лица и продуцирана од спонзорот на емисијата.

Во текот на емисијата Сити М, ТВ Пинк М емитувала промотивна порака во 12:14 часот, во форма на видео спот со кој се промовира медицинскиот производ „GE kids - International health“ во траење од 31 секунда. Во текот на емитувањето на спотот/ рекламата, било кажано дека тоа е спонзорот на емисијата Сити М.

Дејството на ТВ спотот се одвива во спортска сала каде што деца (облечени во спортска опрема) наздравуваат со чаши кои содржат жолт пијалак, а се одвива следниов дијалог:

Момче 1: *„Знаеш дека оваа година немам пропуштено ниту еден тренинг?“*

Момче 2: *„Исто и јас. Затоа имаме одлични резултати.“*

Мало девојче: *„Знаете зошто е тоа така? Затоа што не сте биле болни.“*

Момче 3: *„Ние не може да се разболиме, затоа што пиеме GE kids.“*

Потоа, жена придружувана од две деца ѝ се обраќа на публиката:*„Родители, немојте да ве плашат случаите на детски болести. Направете го тоа што можете. Инвестирајте во здравјето на вашето дете.“*

Постапување од страна на АЕМ

Во согласност со надлежностите утврдени во Законот за електронски медиуми, Агенцијата за електронски медиуми побарала писмена изјава од ТВ Пинк М. Во поднесениот допис, радиодофузерот изјавува дека: *„Со оглед на тоа што споменатата реклама и претходно била емитувана на ТВ станиците во Црна Гора, како и во Регионот, ТВ станицата сметала дека истата е во согласност со правилата за аудиовизуелни комуникации.“* Радиодофузерот вели дека *„тој го информирал клиентот (компанијата која се рекламира) за контроверзната содржина“* и дека *„ќе биде особено внимателен во однос на предметниот проблем и ќе забрани секаква форма на кршење на обврските во иднина.“*

При донесувањето на одлуката АЕМ оценила дека рекламата содржи порака со која на малолетните лица им се препорачува користење на медицинскиот производ “GE kids” како производ, кој ако се консумира ќе ги спречи болестите и ќе придонесе кон постигнување на „одлични резултати“ (*„Ние не може да се разболиме, затоа што пиеме GE kids.“)*. Погоренаведеното не е во согласност со одредбите од Правилникот за комерцијални аудиовизуелни комуникации, кој предвидува дека рекламите наменети за малолетни лица не смеат да препорачуваат лекови и медицински услуги, вклучително и витамини, освен детска паста за заби и дека таквите реклами не смеат да ја содржат пораката дека користењето на одредени производи или услуги ќе резултира во физичка, интелектуална или друга

општествена предност во однос на други малолетни лица кои не ги користат таквите производи и услуги.

Исто така, рекламата не била јасно и аудиовизуелно одвоена од останатата програмска содржина и во текот на рекламата било истакнувано дека „Сити М“ е спонзор на емисијата. На ваков начин, била прекршена обврската според која спонзорираните емисии не треба директно да поттикнуваат купување или изнајмување на стоки и услуги од одреден спонзор или од трета страна, особено не преку посебно промотивно споменување на таквите производи и услуги во емисиите. Последователно, претходно наведеното преставува повреда на одредбите од Законот за електронски медиуми (член 89 и чл. 95) и Правилникот за комерцијални аудиовизуелни комуникации (член 21, чл. 37, чл. 61 и чл. 68).

По завршување на постапката и земајќи ги предвид сите релевантни факти на радиодифузерот му била издадена опомена со обврска да ја објави примената опомена на неговата програма.

6. СЛУЧАИ ПОВРЗАНИ СО ИЗБОРИТЕ И МАЛОЛЕТНИТЕ ЛИЦА

КОСОВО*:

57. Повеќе радиодифузери

Во текот на мониторингот на парламентарните избори, од 31 мај до 11 јуни 2017 г., биле идентификувани политички видео спотови на кои биле прикажани деца, што пак преставува кршење на членот 9.7 (вклучување на деца во спотови) од Етичкиот кодекс на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги. Се утврдило дека следните радиодифузери ги прекршиле правилата и им била издадена опомена: ТВ СИРИ ВИЗИЈА, КЛАН КОСОВО, ТВ 21, ТРИБУНА Канал, ТВ КИМ, ТВ МИР, ТВ ПРОКУМ, ТВ БЕСА, ТВ ХЕРЦ, ТВ ПУЛС, ТВ МОСТ, ТВ ИЛИРИЈА, РТК1.

Во текот на локалните избори, одржани од 21 септември до 22 октомври 2017 г. (прв круг) и од 13 до 19 ноември 2017 г. (втор круг), за следниве станици се утврдило дека ги прекршиле релевантните правила за користење и присуство на деца на различни промотивни спотови на политичките партии: ТВ Клан Косово (казнета со парична казна од 5 000 евра), ТВ Дукаѓини, ТВ 21 и ТВ МОСТ.

СРБИЈА:

58. ТВ ПРВА, 2016 г. користење на деца во цели на изборна кампања

Во емисијата насловена *„Вечер со Иван Ивановиќ“,* ТВ Прва емитувала содржина со која не се почитува достоинството и слободниот личен развој на малолетните лица (во форма на анкета, децата одговараат на прашањето „Што мислите за изборите?“). Овој дел од емитуваната содржина прикажува изјави од деца на возраст од 10 до 12 години кои биле ставени во ситуација да зборуваат за особено чувствителни теми, како што е политиката. Со речник својствен на деца, тие коментираат за прашањата зошто се одржуваат избори, кој би можел да победи и кој треба да ја води Србија. Прашањата за политиката не биле прилагодени кон возраста на малолетните лица.

Постапување од страна на РЕМ

Регулаторот издал укор за ТВ Прва поради повреда на членот 68, став 11 од Законот за електронски медиуми и членот 24, став 1 и ст. 2 од Правилникот за заштита на малолетни лица во давањето на медиумски услуги.

Во овој случај, покрај тоа што требало да обезбеди согласност од родителите, радодифузерот требало да биде особено внимателен кога вклучува малолетни лица во емисијата и е одговорен за содржината која ја емитува. Со емитуваната содржина не се почитува достоинството и слободниот развој на личноста на малолетните лица, односно учеството во емисијата не било прилагодено на нивната возраст со оглед на чувствителноста и сложеноста на темата политика и прашањата кои им биле поставени. Радиодифузерот имал обврска да ги прилагоди прашањата на возраста на малолетните лица и да не ги става малолетните лица во проблематични ситуации.

Анекс 3: Активности за медиумска и информациска писменост на националните регулаторни тела кои земаат учество во проектот JUFREX

Претставени се примери за најдобрите практики во однос на медиумската писменост и заштита на малолетниците, почнувајќи со примерот на Хрватска, која е најповеќе про-активна во овој Регион. Во овој контекст, а со цел да се нагласи фактот дека Советот на Европа ги поставува овие прашања на високо место на својата агенда, особено признание треба да се даде за публикацијата со наслов *„Регулаторните тела за електронски медиуми и медиумска писменост – Компаративна анализа на најдобрите европски практики“,* изготвена во рамките на ЈУФРЕКС проектот, а на барање на српското регулаторно тело за електронски медиуми (РЕМ). За целите на оваа публикација и во обид да се препознаат најдобрите практики кои националните регулаторни тела може да ги спроведат за да се справат со овој важен аспект поврзан со заштитата на малолетните лица, ставен е акцент на одредени аспекти од претходно споменатата публикација.

ХРВАТСКА:

Активностите за медиумска писменост во Хрватска произлегуваат од личниот ангажман на членовите на Советот на АЕМ Хрватска и соработката со канцеларијата на УНИЦЕФ во Хрватска, како и од редовните истражувачки активности. Некои од тие активности се следниве:

Ко-финансирање на проекти за медиумска писменост (2015-2018 г.)

Независно од работата со УНИЦЕФ, АЕМ на Хрватска во 2015 г., иницираше фонд за проекти за медиумска писменост: редовен годишен јавен тендер за ко-финансирање на проекти за медиумска писменост. Сите универзитети, институции, образовни институции, здруженија и други правни лица кои подготвуваат проекти за медиумска писменост (семинари, работилници, конференции, предавања или анкети, на пример) може да се пријават за учество. Во првите години, со значителен првичен интерес, беа доделени нешто повеќе од 20 000 евра. Интересот опаднал во следниот период од две години, за да порасне значително во 2018 г., кога сумата на доделени средства стигна до 40 000 евра.[47] Ова може да се смета дека е резултат на посветеноста на АЕМ на активностите поврзани со подигање на свеста за медиумската писменост.

Медиумска кампања „Да одбереме што ќе гледаме" (2015, 2016, 2017 г.)

Оваа медиумска кампања се состои од три ТВ спота[48], а целта на кампањата е да се подигне свеста за важноста на медиумската писменост меѓу родителите, старателите и децата, потоа за важноста на внимателно одбирање на медиумските содржини за деца и важноста од користење на систем за рангирање на ТВ станиците според возраста на гледачите.

Препораки за заштита на децата и безбедно користење на електронски медиуми (2016 г.)[49]

Препораките се изготвени од Советот на АЕМ на Хрватска првенствено со цел да се овозможи спроведувањето на Уредбата за заштита на малолетните лица во електронските медиуми и да се исполнат барањата за телевизијата, радиото, услугите по барање и електронските публикации. Иако Препораките во суштина преставува подзаконски акт со кој АЕМ на Хрватска ги дефинира детално одредбите од Законот за електронски медиуми и Уредбата за заштита на малолетните лица во електронските медиуми и сродното законодавство, тие исто така служат за да се зајакне неопходноста од медиумска писменост меѓу децата и родителите. Така, тие се дел од вкупниот проект за медиумска писменост спроведуван од АЕМ на Хрватска и УНИЦЕФ.

Интернет страница medijskapismenost.hr (2016 г.)

Еден од следните чекори во кампањата за медиумска писменост вклучи отворање на интернет страница посветена на медиумска писменост: medijskapismenot.hr.

На ваков начин, АЕМ на Хрватска и УНИЦЕФ го проширија кругот на партнери и ја вклучија Академијата

47 Поединечен проект може да добие најмногу 5 400 евра во една година

48 ТВ спотовите се достапни на: https://www.youtube.com/playlist?list=PLBEF5D3iSy2JCLIXxLpQgx0tYcc_7Ii6Q.

49 Достапно на: https://www.e-mediji.hr/en/news/recommendations-for-the-protection-of-children-and-the-safe-use-of-electronic-media/

за драмски уметности, Факултетот за политички науки во Загреб, хрватскиот Аудиовизуелен центар и хрватското Филмско здружение. Тие потпишаа договор за соработка со партнерите и ова стана темел за мрежата за медиумска писменост. Со проширување на кругот на партнери на проектот за интернет порталот со засегнати страни кои се фокусирани на образование и кои продуцираат, негуваат или финансираат различни содржини, проектот резултираше со синергија и овозможи создавање на содржина за интернет порталот. Самиот портал има само еден вработен - главниот уредник - чија плата ја финансира АЕМ на Хрватска. Има планови за проширување на кругот на партнери, со што бројот на партнери на интернет порталот ќе нарасне на 12.

Денови на медиумска писменост (2018 г.)

Во април 2018 г., Агенцијата за електронски медиуми и УНИЦЕФ ги испланираа и спроведоа Деновите на медиумска писменост, најголемиот проект за медиумска писменост организиран досега во Хрватска. Деновите на медиумска писменост започнаа за да се воспостави платформа која ќе овозможи да се соберат и да соработуваат најразлични заинтересирани страни, потоа за да се промовираат и организираат одржливи проекти за медиумска писменост и да се подигне јавната свест за важноста на медиумското образование. Уште од самиот почеток, Агенцијата и УНИЦЕФ најдоа спонзори за проектот - Министерството за култура и Министерството за наука и образование; Карнет (академска истражувачка мрежа), која обезбедува интернет и дигитални услуги за сите училишта во Хрватска; хрватското Филмско здружение со неговата сѐопфатна мрежа на филмски клубови и проекти за филмска писменост; Здружението за комуникации и медиумска култура, граѓанска организација најактивна во областа на медиумското образование и водечките национални медиуми. Во соработка со општинските библиотеки во 15 градови во Хрватска, Агенцијата за електронски медиуми организираше предавања и работилници за медиумска писменост, дефинирајќи ги темите заедно со библиотеките и потоа обезбеди предавач и други ресурси. Ова од своја страна ги поттикна библиотеките (како и други здруженија и факултетите) во други градови да се приклучат кон проектот, додека истиот во градинките и училиштата се одвиваше преку работилници, со користење на едукативни материјали составени за целите на Деновите на медиумска писменост.

Деновите на медиумска писменост се одржаа од 18 до 21 април; во втората половина од април се одвиваа најразлични активности. На крајот, во 61 град се одржаа 130 работилници, предавања и панел дискусии за темата медиумска писменост, главно наменети за децата и младите, како и за наставниците и до одреден степен за сите генерации. Се проценува дека повеќе од 6 500 деца и околу 600 возрасни низ цела Хрватска учествувале во проектот.

Проектот се состоеше од неколку елементи – јавни предавања и работилници, составување на материјали за дигитална едукација, печатење на брошури за родителите и сликовници за децата и работилници со избрани училишта со водечките медиуми. Во соработка со експерти, беа составени наставни материјали за одржување на предавања за медиумска писменост за децата и младите во градинките, основните и средните училишта и овие материјали беа преземени од интернет страницата www.medijskapismenost.hr (во април имало 15 000 преземања). Материјалите за градинките беа составени од работилница со оптички играчки, додека наставниците добија материјали за следниве теми: позитивни и негативни медиумски содржини (основно училиште,

за 1 до 4-то одделение), безбедност на децата на интернет и електронско насилство (за основни училишта, за 5 до 8-мо одделение) и „Како да се забележи дезинформација или лажна вест“ (за средните училишта).

За децата, родителите, старателите и туторите беа отпечатени сликовници. Родителите и старателите добија брошура наловена „Децата и медиумите“ преведена и прилагодена од оригиналното издание со истото име, објавено од финскиот Национален аудиовизуелен институт (КАВИ), кој ѝ ги отстапи правата на Агенцијата за електронски медиуми.

Под наслов „Децата се среќаваат со медиумите“, со медиумите беа организирани интерактивни работилници за ученици од 5 и 4-то одделение од основните училишта.

Во рамките на проектот за медиумска писменост во Хрватска има одреден број на други интересни и применливи проекти коишто може да послужат како инспирација во целиот регион и пошироко. За повеќе информации, разгледајте ја публикацијата на Советот на Европа „Регулаторните тела за електронски медиуми и медиумска писменост - компаративна анализа на најдобрите европски практики.“[50]

50 Достапно на: https://www.coe.int/en/web/freedom-expression/home/-/asset_publisher/RAupmF2S6voG/content/presentation-of-the -study-regulatory-authorities-for-electronic-media-and-media-literacy-comparative-analysis-of-the-best-european-practices-?inheritRedirect=false, пристапено на 15 февруари 2019 г.

АЛБАНИЈА:

Во Албанија, регулаторното тело учествува во организацијата на неколку активности, семинари и конференции на оваа тема. Последниот настан беше организиран на 21 мај 2018 г., на кој медиумски експерти разговараа за медиумската писменост со експертска група.

Во 2015 и 2016 г., во соработка со албанскиот Медиумски институт во Тирана, регулаторот одржа обука/ квалификација во неколку региони во државата со цел да се подобри известувањето за детските права.

Во 2017 и 2018 г., во соработка со албанскиот Центар за јавни комуникации, регулаторот учествуваше во обука на „работното место" во националните и локални радио и ТВ дифузери со цел за промовирање на Законот за радиодифузија, особено за одредбите во однос на говор на омраза и заштита на малолетните лица.

БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА:

И покрај растечкиот развој на новите технологии и новите медиуми во општеството, нема доволно јавни дебати за прашањата поврзани со медиумската писменост.

Во склад со тековната регулаторна практика во Европа, РАК ја презеде задачата за промовирање на медиумската писменост и подигање на свеста за одговорно и безбедно користење на медиумските услуги. Во 2009 г., активностите беа фокусирани на заштита на децата. Во овој контекст, РАК, заедно со УНИЦЕФ и Save the Children (Спасете ги децата) од Норвешка, организираше Конференција насловена „Заштита на децата од несоодветна телевизиска содржина", истата недела во која се обележуваше 20-годишнината од Конвенцијата за правата на детето. Педагози, психолози, претставници на ТВ станици и други медиуми учествуваа во Конференцијата и дискутираа за голем број релевантни прашања со главна цел да се подигне свеста за важноста за насоки од родителите и за започнување на дебата за заштита на децата во новото медиумско опкружување, која ќе се води меѓу различни заинтересирани страни на полето на заштитата на децата и едукацијата.

Еден од резултатите на оваа Конференција беше изготвувањето на Студија за влијанието на телевизијата врз децата и за влијанието на ТВ содржините врз децата. Оваа студија дава увид во тоа како малолетните лица ги толкуваат ТВ содржините на различна возраст во развојот на децата и нивната способност за толкување на аудиовизуелната содржина.

Заедно со Министерството за безбедност, Канцеларијата на Државниот координатор против трговија со луѓе, РАК учествуваше во дефинирање на Акциски план за подобрување на системот за борба против детска порнографија и други форми на сексуална злоупотреба и експлоатација на децата со користење на информатичката комуникациска технологија, со оглед на тоа што РАК како конвергентен регулатор за комуникации, исто така е одговорна и за лиценцирање на интернет провајдерите.

Што се однесува до тековните и идните активности на ова поле, активната улога на РАК во промовирањето на медиумската писменост првенствено предвидува нејзина примарна улога на регулатор на ова поле, во смисла на спроведување на истражувања и соработка со што е можно повеќе заинтересирани страни. Има голем простор за истражувања на различни теми, и иако Босна и Херцеговина не членка на ЕУ и не е обврзана да известува за нивото на медиумска писменост, земјата треба да разгледа како може да го оцени нивото на медиумска писменост во сегашната општествено-политичка состојба.

Во моментот, РАК спроведува истражување, односно квалитативна и квантитативна анализа на одредени програми на давателите на аудиовизуелни услуги и радио дифузерите. Овие програми вклучуваат детски и образовни програми, програми наменети за малцинствата и ранливите групи од населението. Истражувањето треба да се објави на почетокот од 2019 година.

Исто така, РАК започна кампања за подигање на свеста којашто ќе вклучи ТВ спот и писмени информативни материјали. Главната цел на оваа кампања ќе биде да се подигне свеста за можното влијание на ТВ содржините врз децата и да се обезбеди дека родителите вршат надзор врз децата кога гледаат телевизија. Спотот ќе биде промовиран на почетокот на 2019 г. заедно со брошура која ќе биде широко дистрибуирана.

Натаму, РАК планира да организира редовни истражувачки активности во однос на користењето на медиумите и медиумските навики на различни возрасни групи, особено на малолетните лица.

РАК исто така иницира соработка со Медиумскиот центар во однос на воспоставување и работа на интернет страница за медиумска писменост. Во следниот период, во оваа насока ќе се одржат голем број координативни состаноци со фокус врз вклучување на што е можно повеќе заинтересирани страни.

РАК планира да ја продолжи соработката со образовните институции во однос на промовирањето на медиумската писменост со крајна цел да се утврди наставна програма за медиумска писменост.

КОСОВО:*

Детски емисии

Со цел да се оцени дали се почитува Делот 3 од Лиценцата, Одделот за мониторинг и анализа (ДМА) изврши контрола на програмските содржини на давателите на аудиовизуелни услуги емитувани во текот на една недела во периодот од јануари до јуни 2018 г. Евидентно, недостасуваат детски емисии на редовната програма на ТВ станиците.

Извештајот опфати дваесет и пет (25) даватели на аудиовизуелни услуги:

- Три (3) ТВ станици со национален терестријален опфат, од кои едната е јавниот радиодифузер (РТК1) и 2 комерцијални ТВ станици (КТВ и ТВ 21).
- Шеснаесет (16) ТВ станици со регионален/ локален терестријален опфат - ТВ ДУКАЃИНИ, ТВ СИРИ ВИЗИЈА, ТВ ОПИНИОН, ТВ БАЛКАН, ТВ ПРИЗРЕН, ТВ БЕСА, ТВ ПУЛС, ТВ ВАЛИ, ТВ ТЕМА, ТВ ЛИРИА, ТВ ФЕСТИНА, ТВ ИЛИРИЈА, ТВ ХЕРЦ, ТВ МИТРОВИЦА, ТВ МИР и ТВ МОСТ.
- Шест (6) даватели на аудиовизуелни услуги кои работат преку дигитални платформи: КЛАН КОСОВО, ТВ ПРОКУМ, ТРИБУНА КАНАЛ, ИСТ КАНАЛ, РТК2 и ТВ КИМ.
- Организирање на регионални состаноци со медиумите.

По идентификување на повреди во текот на надзорот дали се почитуваат регулативите на НКМ, во периодот од 6 до 19 септември 2017 г., НКМ организираше состаноци со давателите на аудиовизуелните услуги во 6 региони на Република Косово со цел да се обезбеди почитување на регулативата и професионализам на давателите на аудиовизуелни услуги.

Темите за кои се разговара со НКМ главно се фокусираат на работата на медиумите во текот на изборните кампањи, односно на повредите на правилата од страна на медиумите, а се разговара и за други проблеми кои се јавија во последната изборна кампања, потоа за развојот на правната регулатива на НКМ, вклучително и донесување на нова регулатива од страна на НКМ во однос на дигитализацијата и почитување на законодавството на НКМ од страна на медиумите, нагласувајќи ги при тоа конкретните повреди на регулативата кои најчесто ги прават давателите на аудиовизуелни услуги.

Состаноците меѓу НКМ и носителите на лиценци исто така се одржаа и оваа година од 15 до 19 октомври 2018 г., во пет центри низ земјата, при што се водеа дискусии за заштита на децата и малолетните лица од аудиовизуелните содржини.

ЦРНА ГОРА:

Иако медиумската писменост се смета за главен предуслов за активно учество на граѓаните во современото информатичко општество, разбирањето на идејата и концептот на медиумска писменост е на многу ниско ниво во Црна Гора. Неопходноста од развој на медиумски политики кои ќе се фокусираат на јакнење на вештините за медиумска писменост се чини логично решение за овој проблем. Европската комисија препорачува регулаторите на аудиовизуелните медиуми да преземат водечка улога во развојот на медиумската писменост во нивната средина.

Свесна за неопходноста за про-активен приод во развојот на медиумската писменост, истовремено имајќи предвид дека заштитата на малолетните лица е една од клучните активности, на почетокот на 2018 г., Агенцијата за електронски медиуми и УНИЦЕФ, потпишаа Меморандум за разбирање во процесот на подобрување, реализација и заштита на детските права во електронските медиуми. Меморандумот се спроведува во согласност со правната рамка во која работат двете страни и според програмските документи, како што се годишните планови за работа на АЕМ и Програмскиот документ за Црна Гора на УНИЦЕФ за периодот од 2017 до 2021 г.

Главните цели на ваквата соработка вклучуваат промовирање на медиумската писменост меѓу родителите и децата; подобрување на квалитетот и јакнење на капацитетите на медиумите за етичко известување за состојбата на децата и детските права и дисеминација на информации и преку информативните и други програми на радијата и телевизиските станици; поттикнување на релевантните органи, родители, експерти и останати заинтересирани страни да бидат активни партнери во процесот на дефинирање и спроведување на нови политики за поголемо почитување на правата на децата во електронските медиуми; подобрување на квалитетот на медиумските програми за деца и оние направени од деца преку градење на капацитетите и застапување за обезбедување средства за овие цели; подобрување на системот на регулирање на електронските медиуми со цел да се подобри етичкото известување за прашањата поврзани со детските права во електронските медиуми; унапредување на само-регулирањето и ко-регулирањето во продуцирање на високо квалитетни и инклузивни програмски содржини за деца и други активности насочени кон подобрување, реализација и заштита на детските права во електронските медиуми.

Предвидените активности насочени кон постигнување на целите во рамките на ваквата соработка вклучуваат: истражување кое ќе придонесе кон развој на политиките на АЕМ и препораките за етичко известување за децата во електронските медиуми; организирање на јавни консултации; промовирање на медиумската писменост меѓу родителите и децата; поддршка на подобрувањето на квалитетот на медиумското известување за прашања кои се однесуваат на детските права; поддршка за подобрување на квалитетот на програмските содржини на медиумите за децата и создадени од децата во Црна Гора.

Агенцијата и УНИЦЕФ започнаа кампања за медиумска писменост насловена „Да одбереме што ќе гледаме“.

Кампањата започна со три радио и ТВ реклами, кои се насочени кон родителите, а ја пренесуваат главната порака „Да одбереме што ќе гледаме“. ТВ спотовите се продуцирани и се користат во успешна кампања со исто име, спроведена од УНИЦЕФ и Агенцијата за електронски медиуми на

Хрватска. Емитувањето на радио и ТВ рекламите е поддржано од сите електронски медиуми, многу интернет публикации и Cineplexx киното во Подгорица.

Видео спотовите имаат за цел да провоцираат реакција меѓу родителите и да го свртат вниманието врз потенцијалните последици врз однесувањето и размислувањето на децата под влијание на медиумите. Намената на видео спотовите беше да се поттикнат родителите да разговараат со нивните деца и да им објаснат што претставува несоодветна програмска содржина и како истата да ја толкуваат.

Свесен за важноста на медиумската писменост и нејзиното влијание врз развојот на младите, кон кампањата се приклучи познатиот уметник Вучиќ Четковиќ. Со него беше организирана тридневна уметничка работилница во Основното училиште „Владо Милиќ".

На првиот ден од работилницата беа прикажани видео спотовите од кампањата „Да одбереме што ќе гледаме", а беа прикажани и неколку други ТВ реклами. Со помош на Четковиќ, децата ги анализираа рекламите одговарајќи на клучните прашања за медиумска писменост: кој ја создал пораката; за кого е наменета, односно која е целната група на пораката; кој систем на вредности/ идеи/ однесување промовира пораката, кои креативни техники биле искористени за да се привлече вниманието на гледачите, зошто се испраќа пораката - која е целта и што е изоставено од медиумската порака?

Врз основа на прашањата искористени за анализа на рекламите, децата беа поделени на групи и им беше дадена задача да ги нацртаат/ насликаат рекламите со цел да ја испратат пораката на кампањата „Да одбереме што ќе гледаме" и до родителите и до останатите деца.

Детските слики беа изложени во холот на училиштето, по што следеше јавен настан на кој присуствуваа медиумите, а се прикажуваа уметничките дела создадени од децата.

Децата разговараа за сликите со посетителите, фокусирајќи се на пораката која ја испраќаат до нивните врсници и родители - како се избира медиумската содржина, кои прашања се земаат предвид, кои прашања ги загрижуваат родителите и како тие разговараат со нивните деца за содржините кои ги следат децата, како да им се помогне на децата критички да ги анализираат медиумските пораки и како да избегнат да паднат под нивно влијание.

МЛАДИ РЕПОРТЕРИ

Целната група на кампањата „Да одбереме што ќе гледаме“ се родителите, младите и медиумите.

Со оглед на тоа што делот од кампањата којшто се фокусира на младите би дал најдобри резултатите доколку самите тие активно учествуваат како партнери во кампањата, започна проектот „Млади репортери“. Идејата на проектот е да се соберат деца и млади, вклучително и оние од маргинализираните групи и да се развијат нивните вештини кои ќе им овозможат да станат репортери/ дописници за медиумите или потенцијални соговорници/ соработници во

продуцирањето на програмски содржини со акцент врз детските права.

Беше организирана обука сконцентрирана на потребите на младите, а истата ќе се одржува во текот на викендите во период од дванаесет месеци. Практичниот дел од обуката е насочен кон развој на техничките вештини на младите неопходни за нивната медиумска писменост. Ова вклучува способност за креирање на медиумски пораки. Теоретскиот дел им овозможува да ги научат основите на медиумската писменост и вештините кои им се потребни за анализа, критичко разбирање и оценување на програмските содржини, информациите и влијанието на медиумите и нивните пораки врз општеството.

Темите за кои се разговараше на работилниците вклучуваат потенцијални штетни програмски содржини (насилство, реклами, стереотипи или порнографија), влијание на медиумите и штетните програмски содржини, регулацијата и само-регулацијата, како и новите технологии и нивната општествена улога. Ова вклучи и илустрација на информацијата, забава и култура, интерактивна комуникација, нови медиумски платформи како што се блогови, фото-есеи, инфографици, видео блогови, анимација и видео продукција.

Младите репортери имаа можност да го изразат нивното мислење преку креирање или продуцирање на нивна сопствена програмска содржина и преку нивното учество во медиумските програми.

Музичкото училиште „Андре Навара“ и Музичкото и балетско уметничко училиште „Васа Павиќ“ се приклучија кон кампањата за медиумска писменост која ја иницираше Агенцијата со поддршка на УНИЦЕФ. Учениците од Музичкото училиште „Андре Навара“ изведуваат дела на повеќе локации во Подгорица, додека учениците од Музичкото и балетско уметничко училиште „Васа Павиќ“ ја слушаа и танцуваа на нивната музика. Снимките од овој уметнички настан беа искористени за продуцирање на нов видео спот за кампањата за медиумска писменост со пораката „Да одбереме што ќе гледаме“. Видео спотот од оваа кампања беше емитуван од ТВ станиците бесплатно, подигнувајќи ја свеста за тоа како добриот избор на медиумска содржина може да има позитивно влијание врз развојот на децата.

Заедно со младите репортери од оваа кампања, Амбасадорот на добра волја на УНИЦЕФ Антоније Пучиќ, попознат како Рамбо Амадеус, ја сними песната „Да одбереме што ќе гледаме“. Младите репортери активно учествуваа во пишувањето на текстот, снимањето и продуцирањето на видео записот. Целта на оваа активност беше да се зајакне пораката на кампања со стихови и музика.

Песната започнува со пораката: *„Секој има паметен телефон, но ние треба да бидеме попаметни од него. Ќе го вклучам телефонот само кога навистина ми треба, инаку не ми користи многу технологијата.“*

АНКЕТА „ДЕЦАТА, РОДИТЕЛИТЕ И МЕДИУМИТЕ“

Во рамките на кампањата за медиумска писменост „Да одбереме што ќе гледаме“, агенцијата „ИПСОС“ спроведе анкета за консумирање на медиумски содржини од страна на децата и родителите - „Децата, родителите и медиумите“, а нарачана од Агенцијата за електронски медиуми и УНИЦЕФ.

Анкетата „Децата, родителите и медиумите“ беше спроведена во август 2018 г. на репрезентативен национален примерок од 1 050 родители на деца на возраст од 4 до 17 години и 655 деца на возраст од 9 до 17 години, врз основа на прашалник кој се пополнуваше во домовите на испитаниците ширум Црна Гора во текот на август 2018 г.

Според резултатите од анкетата, 9 од 10 деца, без оглед на нивната возраст, се опкружени од сите современи комуникациски и информатички уреди, главно уреди со екран. Достапноста на технологијата се зголемува со возраста на децата. Јасно е дека модерното општество не може да се замисли без телевизор, паметен телефон, конзоли со видео игри, компјутери и таблети кои ги користиме за работа, забава, образование и други форми на комуникација.

Децата и младите се неизбежен дел од овој процес, затоа што не само што се опкружени од модерна информатичка и комуникациска технологија, туку и многу од нив поседуваат такви уреди. 90% од децата на возраст од 12 до 17 години имаат паметен телефон, додека овој процент е значајно помал кај децата на возраст од 9 до 11 години (63%) и кај децата на возраст од 4 до 8 години (21%).

Поради оваа причина, неопходно е да се започне со развивање на вештините за медиумска писменост уште од најрана возраст. Многу испитувања покажуваат дека е важно да се внимава кои содржини и како ги консумираат децата на таа возраст. Улогата на семејството е од клучна важност во овој процес. Со цел да ги развијат вештините кои им се потребни за да ги анализираат и критички да ги оценат сите програмски содржини кои им се достапни на нивните деца, на родителите им е потребна институционална поддршка. Анкетата „Децата, родителите и медиумите" покажува дека 40% од родителите веруваат дека родителите се одговорни за развојот на медиумската писменост на нивните деца, додека 58% од родителите веруваат дека им е потребна поддршка од училиштата во овој процес.



Превод на текстот на фотографијата:

22% од децата не прочитале ниту една книга (освен лектира) во последните 12 месеци
43% од родителите не прочитале ниту една книга во последните 12 месеци

Со оглед на сèприсутноста на „екранот" во детските животи, не изненадува тоа што децата на возраст од 12 до 17 години поминуваат во просек 3,5 часа дневно користејќи ги паметните телефони, потоа околу 2 часа гледајќи телевизија, околу 1,5 час поминуваат пред компјутер или лаптоп, нешто помалку од 1 час играјќи игри и околу 20 минути дневно користат таблети. Најголемиот дел од децата (43%) на возраст меѓу 9 и 17 години не можат да го замислат нивниот секојдневен живот без мобилен телефон. Меѓутоа има значителни разлики за различни возрасни групи: на помладите деца многу повеќе би им недостасувала телевизијата, додека повозрасните деца повеќе го сакаат времето кое го минуваат користејќи го мобилниот телефон.

Она што е неочекувано е сепак дека мнозинството од родителите не се загрижени од ова, верувајќи дека нивните деца направиле добар баланс меѓу времето поминато пред екран и времето кое го минуваат занимавајќи се со други активности. Речиси една половина од родителите веруваат дека времето поминато во консумирање на медиумски содржини нема ниту позитивно ниту негативно влијание на квалитетот на нивниот однос со нивните деца и нивната социјална динамика и интеракција. Сепак, околу една третина од родителите веруваат дека има негативни последици од времето коешто нивните деца го минуваат пред екран и дека времето поминато на ваков начин има негативно влијание врз нивниот однос со децата.

Што се однесува до родителите, 86% гледаат телевизија секој ден, додека 20% од нив читаат

книги во печатен или електронски формат. Во текот на училишните денови, 76% од децата гледаат телевизија секој ден, додека 30% читаат книги во печатен или електронски формат. Од друга страна, анкетата покажува дека 43% од родителите не прочитале ниту една книга во изминатите дванаесет месеци. Во истиот период, 22% од децата не прочитале ниту една книга (освен лектири).

Навиките на децата за консумирање ТВ медиумски содржини се разликуваат во зависност од нивната возраст. Како што би се очекувало, помалите деца (на возраст од 4 до 11 години) претпочитаат детски програми. Повеќе од половина од децата гледаат детски програми на странски детски ТВ канали. Процентот е малку повисок (57%) за помалите деца. Само 27% од децата на возраст од 9 до 11 години, и 48% од децата на возраст од 4 до 8 години, гледаат домашни детски програми.

Повозрасните деца главно гледаат ТВ канали претежно со спорт, забава, филмови и документарни програми. Тие најголем дел од овие програмски содржини ги следат на интернет и на странските ТВ канали кои ги пренесуваат операторите. Ова покажува дека странските медиуми имаат поголем капацитет да ги задоволат барањата на децата и младите, што претставува нов предизвик за домашната медиумска продукција.

Перцепцијата на родителите главно кореспондира со одговорите кои ги даваат децата на оваа возраст, што покажува дека тие внимателно следат какви медиумски содржини гледаат децата. Натаму, родителите се согласуваат со мислењето на децата дека содржини со подобар квалитет и посоодветни на возраста можат да се најдат прво на интернет, а потоа на странските ТВ канали.

Анкетата покажува дека влијанието на телевизијата на децата опаѓа со зголемување на нивната возраст, додека влијанието на интернетот и социјалните мрежи се зголемува со зголемување на возраста на децата, за што се свесни и децата и родителите. Ова значи дека родителите се свесни за трендовите во консумирањето на медиумски содржини од нивните деца. Сепак, има голем број на медиумски пораки кои се праќаат преку ТВ програмите, филмовите, сликите, текстовите, видео игрите и аудио пораките. Дури и за родителите е тешко да се справат со напливот на достапни информации кои е многу тешко да се анализираат и критички да се оценат.

Уште една последица од таквото консумирање на медиумските содржини и приодот кон медиумските пораки е апатијата на граѓаните и нивната неспособност да препознаат пропаганда и да донесат одлука дали одредена информација е лажна или не. Лажните вести, дезинформациите и пропагандата отсекогаш биле присутни, но денес многу брзо се шират преку социјалните мрежи станувајќи глобални. Таквите информации исто така многу брзо влијаат на јавното мислење. Според Кембриџ речникот, лажните вести се состојат од лажни стории кои се чини дека се вести, се шират на интернет или се користат во други медиуми и вообичаено лажните вести се создаваат за да се влијае врз политичкото мислење или се користат за шега.

Анкетата „Децата, родителите и медиумите“ покажува дека 34% од децата на возраст меѓу 12 и 17 години и 49% од родителите ја слушнале фразата „ЛАЖНИ ВЕСТИ“, но најголем дел од нив не знаат што значи оваа фраза. Ставот на мнозинството од родители, како и на повозрасните деца кон точноста на информациите кои ги добиваат преку медиумите е претпазлив и внимателен.

Иако телевизијата ужива најголема доверба споредено со другите медиуми, и родителите и децата сметаат дека е најтешко да се оцени точноста на информациите кои доаѓаат токму од овој

извор. Родителите имаат малку повеќе доверба во нивната способност да ја оценат точноста на информацијата, додека речиси 40% од децата веруваат дека е тешко да се идентификува лажна информација емитувана на телевизија.

Во однос на довербата во информациите добиени преку социјалните мрежи, родителите покажуваат многу поголема резервираност од децата.

Анкетата се фокусира на идентификување на прашањето кое предизвикува најголема загриженост во однос на користењето на медиумите од страна на децата. Се заклучува дека родителите се главно загрижени за медиумската содржина на која би можеле да бидат изложени децата. Ова главно се однесува на користењето на интернетот, гледање телевизија и користењето на мобилни телефони. Родителите покажуваат маргинална загриженост за содржините на кои се изложени нивните деца при читање на дневните весници, магазини или кога слушаат радио. Натаму, родителите не се особено загрижени за должината на времето кое нивните деца го поминуваат во консумирање на медиумски содржини и само 25% од родителите се загрижени за тоа колку време поминуваат децата пред телевизор и 17% се загрижени за тоа колку време поминуваат децата на интернет.

Сепак, мнозинството на родители им даваат совети и разговараат со нивните деца за несоодветни содржини на интернет, на ТВ или во видео игрите, додека секој втор родител редовно зборува со своето дете за несоодветните содржини во печатените медиуми и на радио. Следствено, 63% од родителите веруваат дека нивните деца би им кажале доколку биле изложени на несоодветни медиумски содржини. Поголем процент од децата (68%) велат дека би се обратиле на некој, додека секое петто дете за ова не би разговарало со своите родители.



Превод на текстот на фотографијата:

ОЦЕНА НА РОДИТЕЛИТЕ

Дали би се обратиле некому

МИСЛЕЊЕ НА ДЕЦАТА (12-17 години)

Дали би се обратиле некому

Во поставувањето на правила и ограничувања, родителите главно се фокусираат на изборот на медиумите и медиумската содржина. Нивниот фокус главно е ставен врз видот на содржината кон

која нивните деца може да имаат пристап на телевизија и на интернет. Тие, исто така, посветуваат особено внимание на интернет страниците и ТВ каналите кон кои може да имаат пристап нивните деца, како и на тоа кои видео игри им е дозволено да ги играат. Правилата и ограничувањата стануваат пофлексибилни и помалку чести со зголемувањето на возраста на децата.

Фактот дека поголемата достапност на медиумски содржини не резултира со подобро информирана публика е апсурден. Корисниците на медиумите сè повеќе се изложени на медиумите и медиумските пораки без никаква контрола и речиси автоматски. Затоа изненадува колку доверба имаат родителите во способноста на нивните деца да оценат кои интернет содржини се соодветни за нивната возраст (59%). Нешто помалку родители (53%) веруваат дека нивните деца се способни да оценат кои телевизиски содржини се соодветни за нивната возраст. Следниве статистички податоци покажуваат дека треба да го преиспитаат нивото на нивната доверба



Превод на текстот на фотографијата:

81% од ДЕЦАТА велат дека во нивниот дом телевизорот е вклучен дури и кога никој ништо не гледа, колку само да прави бука

53% од ДЕЦАТА велат дека понекогаш, кога се зафатени, родителите им дозволуваат да гледаат што сакаат на ТВ или на Јутјуб, додека родителите си ги завршуваат нивните работи

½ од ДЕЦАТА велат дека гледаат ТВ содржини кои се означени како соодветни за други возрасни групи

⅕ од РОДИТЕЛИТЕ никогаш или ретко обрнуваат внимание на ознаките за возраста за која е погодна одредената ТВ содржина

⅓ од РОДИТЕЛИТЕ им дозволуваат на нивните деца да гледаат ТВ содржина која е означена како соодветна за друга возрасна група

45% од ДЕЦАТА и речиси истиот процент на родители кажуваат дека кога гледаат ТВ, таткото го има во посед далечинскиот управувач, со што тој станува одговорен за изборот на медиумската содржина

Анкетата покажува дека мнозинството од децата и родителите не биле во театар, кино, музеј, уметничка изложба, концерт или спортски натпревар во претходните дванаесет месеци.

Свесни за важноста на оваа анкета, истата е достапна за сите релевантни институции и невладини организации.

Резултатите од национално репрезентативната анкета за консумирање на медиумски содржини од децата и родителите „Децата, родителите и медиумите", прва од ваков вид во Црна Гора, се многу важни за дефинирање на идните активности на АЕМ и УНИЦЕФ во насока на целите за развивање на медиумската писменост во Црна Гора. Резултатите јасно укажуваат на неопходноста и важноста од подигање на свеста за значењето на медиумската писменост и го трасираат патот за идните активности, не само во рамките на кампањата „Да одбереме што ќе гледаме", туку и за активностите на другите институции.

ОБУКА ЗА ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во рамките на кампањата за медиумска писменост „Да одбереме што ќе гледаме", Агенцијата и УНИЦЕФ организираа тридневна обука за етичко известување за медиумите, со акцент врз развојот на капацитетите на медиумите за продуцирање на квалитетни медиумски содржини за, и направени од децата и младите и за етичко известување за сите прашања поврзани со детските права во Црна Гора.

Обуката беше првенствено наменета за новинари од информативните редакции кои работат на чувствителни теми како што се насилство врз децата, а беше спроведена од двајца новинари на Ројтерс со долгогодишно искуство во обука на млади новинари и со големо професионално искуство во известување за вакви и слични теми. Обуката се фокусираше на темите поврзани со добро известување и главните начела на новинарството, меѓународните и национални правни рамки за детските права, додека практичниот дел од обуката се однесуваше на развој на новинарските вештини.

Интерактивната комуникација меѓу обучувачите и учесниците во обуката беше концентрирана на областите поврзани со наоѓање на теми за известување, истражување и користење на отворени ресурси, етичко известување и објективност. Во делот на обуката посветен на користењето на социјалните медиуми, се дискутираше за предизвиците и ползата од употребата на овие извори, а врз основа на конкретни примери од праксата.

По обуката, пет новинари продолжија да добиваат континуирана поддршка од обучувачите од

Ројтерс во пишувањето на написи за актуелни прашања поврзани со детските права во Црна Гора, во огласност со стандардите кои беа во фокус на обуката. Написите ќе бидат објавени на почетокот на 2019 година.

По крајот на обуката, новинарите снимија промотивен видео спот во кој зборуваат за етичките стандарди во новинарството и ги повикуваат нивните колеги истите да ги почитуваат, како и да го подобрат и промовираат етичкото известување за децата во Црна Гора. Истиот видео спот беше искористен за да се направат три радио реклами. Медиумите ги емитуваат и видео спотот и радио рекламите. Натаму, видео спотот беше промовиран преку социјалните мрежи.

ДЕНОВИ НА ОТВОРЕНИ ВРАТИ

Во рамките на кампањата за медиумска писменост „Да одбереме што ќе гледаме“, Агенцијата спроведува активност за учениците од основните училишта под наслов „Денови на отворени врати“. Целта е да се придонесе кон подобро разбирање на улогата на Агенцијата преку нејзиното активно вклучување во работата со децата, информирајќи ги за активностите и надлежностите на регулаторното тело за медиумите со акцент врз медиумската писменост.

На оваа активност се ангажирани претставници на Агенцијата, кои одговараат на прашања и разговараат со повеќе од 50 ученици од основни училишта. Тие разговараа за начинот на кој медиумите, медиумските платформи и производи може да влијаат врз развојот на децата. Темите за кои се разговараше исто така ги опфатија детските права на информации и заштита од штетното влијание на медиумите, насилството во медиумите, безбедноста на интернет и платформи за споделување на видеа.

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

Заштитата на малолетниците од програми кои можат штетно да влијаат врз нивниот развој е комплексен процес во кој директно се инволвирани три клучни фактори – медиумите, родителите и регулаторното тело. Имајќи ја предвид улогата на медиумите, Агенцијата, освен што има изработено подзаконски акт (правилник) во кој се пропишани знаците за сигнализација на категориите програми и соодветните периоди за нивно емитување, низ текот на годините, има организирано повеќе состаноци, работилници и консултации со радиодифузерите. Целта на ваквите настани е да им се помогне на телевизиите суштински да ги сфатат смерниците од подзаконскиот акт за тоа како да ја категоризираат програмата, но и за да се јакне нивната свесност за потребата од заштита на малолетните лица и за нивната одговорност во овој контекст. Ова особено поради тоа што праксата покажува дека кога постои силен комерцијален интерес кај радиодифузерите, ниту законските мерки и санкции не помагаат да се обезбеди заштита на малолетниците од содржините што можат да им нанесат штета во развојот.



Во 2012 година, регулаторното тело отиде и чекор понатаму, па една од своите јавни седници ја посвети на спецификите на создавањето програми за деца. Имено, со посредство на Амбасадата на САД во РМ, д-р Сандра Калверт, професорка по психологија на Универзитетот Џорџтаун, САД и сооснивачка и директорка на Детски центар за дигитални медиуми, одржа работилница со членовите на регулаторот и со радиодифузерите. Таа ги презентираше сознанијата од нејзиното

истражување фокусирано на влијанието што го имаат медиумите врз развојот и учењето на децата од најраната возраст, како и ефектите од медиумите и рекламирањето храна врз здравјето на децата. Притоа таа, низ конкретни примери, покажа како содржината и ликовите во детската програма мора да бидат прилагодени на возраста зашто инаку децата потешко ги препознаваат содржината и заплетот; колку е важно кои техники се користат во овие програми и на кој начин (на пример, брзото одвивање на настаните, звучните и визуелните ефекти какви што се честите резови, зумирања, распарчувања на содржината и сл.); употребата на пеењето и повторувањето за подобрување на сеќавањето на одредени вербални конструкции; важноста на усогласеноста на движењето на телото со пеењето за да се подобри разбирањето итн.

Агенцијата, исто така, презема активности насочени кон подигање на свеста кај јавноста, посебно кај родителите, за нивната улога во заштитата на малолетниците од потенцијално штетни програми. За оваа цел најчесто се користат телевизиски спотови. Така, во 2015 година регулаторот направи адаптирана македонска верзија на спотот "Wo ist Klaus?" на германската организација klicksafe.de, или на македонски - „Каде е Горан?". На овој начин се настојуваше да се потсетат родителите дека неколку години претходно, Министерството за информатичко општество и администрација објави бесплатен софтвер за родителска контрола, достапен на http://surfajbezbedno.mk.

Тргнувајќи од фактот дека клучниот резултат на медиумската писменост е развивањето вештини за критичко читање на медиумските содржини, со серија спотови се настојува да се обучат самите деца да препознаваат содржини кои можат да им наштетат. Во овој контекст, значајни се адаптациите на македонски јазик на серијата од три анимирани спотови на Европската асоцијација за интересите на гледачите – ЕАВИ, за патувањето на момчето Јове (во оригиналот Џек) низ медиумската писменост. Во периодот 2015-2017 година, најнапред македонската јавност се запозна со „Авантура низ

медиумската писменост", потоа со „За свесноста: Што правам јас?" и на крајот со третиот анимиран филм „Приватност и следење"[51].

Во април 2017 година, по иницијатива и со поддршка на Агенцијата, во Северна Македонија беше основана Мрежа за медиумска писменост која има 40 членки[52] (јавни институции и министерства, граѓански организации, образовни установи и радиодифузери). Дел од нејзините активности се однесуваат на малолетниците. Така, во почетокот од 2018 година, како прв заеднички проект на Мрежата, до сите основни училишта во земјата беа испратени примероци од ДВД насловено „Информации, видеа и други документи за медиумската писменост"[53]. На него има дидактички материјали кои наставниците можат да ги користат за да ги осмислат и реализираат часовите по медиумска писменост. Меѓу содржините се наоѓа Прирачник за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик[54],во кој информациите што учениците треба да ги имаат за критички да ги анализираат, читаат и сфаќаат медиумските содржини, се организирани во пет наставни единици, придружени со примери и корисни идеи. Изработен е на македонски, албански, турски и српски јазик.

Со оглед на фактот дека видеата се исклучително корисно средство за пренесување знаење, ДВД-то содржи повеќе спотови (изработени/прилагодени од различни субјекти) кои се означени со истите знаци со кои телевизиите ја означуваат својата програма за да ја обележат возраста на децата за кои се смета дека е соодветна. Трите спота за патувањето на Јове од Агенцијата, на ова ДВД се надополнети и со верзии на албански јазик на два од нив[55]. Потоа, има пет спотови наменети пред сè за тинејџери, во кои младата македонска ју-тјуберка Изабела Пан, во улога на Медиана, на симпатичен начин ги пренесува најважните информации за: „Медиумската писменост"; „Онлајн животот"; „Точните и проверени информации", „Вестите" и „Ангажираната публика"[56]. Последниот спот се вика „АВМУ под лупа" и ја објаснува работата на Агенцијата и нејзината одговорност пред граѓаните[57].

Народниот правобранител на Република Северна Македонија, кон ДВД-то придонесе со публикација за Конвенцијата за правата на детето, леток за поднесување претставка и видео игра за детските права. Сите овие материјали се изработени на јазик разбирлив за децата и имаат за цел да ги запознаат малолетниците со нивните права, да ги подучат како да ги остварат, но и како да пополнат

51 Имајќи ја предвид комплексноста на прашањето за заштитата на малолетниците, важно е да се потенцира дека сите четири спотови се изработени низ соработка на Агенцијата (која го работеше преводот) со радиодифузери (кои ги позајмуваа своите гласови за ликовите, правеа монтажа, титл кои ги емитуваа видеата на своите програми без надомест). Сите четири спотови се достапни на: http://mediumskapismenost.mk/avmu-mediumska-pismenost/, како и на Јутјуб каналот на Агенцијата: https://www.youtube.com/channel/UCEYyMdFonG29RzsAjeRt-rQ/videos.

52 Состојба во октомври 2018 година.

53 И ова беше заеднички потфат во кој повеќе организации придонесоа со свои материјали, Агенцијата ги собра и уреди содржините и го отпечати ДВД-то, а Министерството за образование ја изврши дистрибуцијата до основните училишта.

54 Изработен е од Македонскиот институт за медиуми во соработка со Институтот за демократија и Бирото за развој на образованието, како дел од проектот „Унапредување на медиумската писменост во образованието во Македонија"

55 Верзиите на албански јазик на Авантура низ медиумската писменост", потоа со „За свесноста: Што правам јас?" ги направија организацијата „Конеду глобал" и Фондацијата за интернет општество „Метаморфозис" со финансиска поддршка на Британската амбасада

56 Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост", што го реализираше во соработка со Институтот за различности во медиумите од Лондон и весникот „Нова Македонија", а со поддршка на Европската Унија.

57 Спотот е изработен во рамките на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиумите – PROformance Watch" кој, со финансиска поддршка од Британската амбасада, го спроведуваат Евротинк – Центар за европски стратегии, НВО Инфоцентар, Транспарентност Македонија и Хелсиншкиот комитет за човекови права

претставка до Народниот правобранител. И овие содржини се достапни на македонски, албански, српски, турски, ромски, бошњачки и на влашки јазик[58].

Заедно со ДВД-то, до основните училишта беше испратен и леток насловен „За медиумската писменост", изработен од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги АВМУ. Во него на едноставен јазик се даваат одговори на прашањата: Што е тоа медиумска писменост?, За кого е важна таа?, На кои медиуми се однесува?, Зошто е важна? и Како критички да се оценуваат медиумските содржини?[59].

Активностите на полето на медиумската писменост насочени кон децата континуирано течат, со тоа што и Агенцијата и другите членки на македонската Мрежа за медиумска писменост настојуваат да ги насочат своите напори кон различни возрасни групи и различни аспекти кои во крајна линија имаат за цел да ги оспособат децата сами да се заштитат, а возрасните и медиумите да бидат свесни за својата улога во целиот тој процес.

58 Во оригиналните јазици можат да се симнат од: http://mediumskapismenost.mk/drugi-materijali/

59 Сите материјали од ДВД-то, можат да се најдат на: http://mediumskapismenost.mk/proekti-mp-mreza/

СРБИЈА

Студијата „Регулаторните тела за електронските медиуми и медиумската писменост - компаративна анализа на најдобрите европски практики“ беше составена и објавена на барање на РЕМ, во рамките на ЈУФРЕКС Проектот. Студијата беше промовирана меѓу сите заинтересирани страни во медиумската заедница во Србија, а во организација на Канцеларијата на Советот на Европа во Белград, ЈУФРЕКС Програмата и Амбасадата на Финска во Србија на 20 декември 2018 г.

Студијата ги анализира и наведува предизвиците и проблемите кои произлегуваат од животот во дигитализиран хипер-технолошки свет, во кој се соочуваме со голем број на информации, со проблемот на дезинформации и лажни вести, алгоритамска подвоеност во идеолошки ехо-комори, говор на омраза, новинарство засновано на намамување кликови и намалена доверба и во етаблираните медиуми и во нивото на новинарски професионализам. Во таков медиумски еко-систем, од суштинска важност е да се дефинира позицијата на регулаторното тело за електронските медиуми, како и неговите надлежности и обврски, како и да се нагласи улогата на регулаторот во промовирање и развојот на медиумската писменост, една од клучните вештини за живеење во 21. век и одговор на многу прашања и предизвици кои доаѓаат со новата ера.

Студијата нагласува дека предуслов за секој демократски процес е добро информиран граѓанин. Студијата дава неколку примери на најдобри европски практики и како да се инволвираат регулаторните тела и сите други релевантни актери за да се зголеми медиумската писменост, со особен акцент врз финскиот модел во оваа област. Во Финска, медиумската едукација се спроведува секаде каде што има деца и млади, не само во градинките и училиштата, туку и во библиотеките, игралните, младинските центри, дури и во виртуелни заедници и преку дигитални игри.

Во 2016 г., РЕМ на Србија ги направи првите чекори за промовирање на класификацијата на програмската содржина. Со цел овој систем да биде дополнително разјаснет и усвоен од корисниците на програмите, РЕМ, УНИЦЕФ и Здружението на новинари на Србија започнаа кампања **„Соодветната програма за соодветната возраст“**[60] а со оглед на тоа што интерактивноста е неопходен предуслов за безбедно користење на ТВ содржините. Оваа кампања е замислена како водич и патоказ во примената на системот на класификација според возраста во рамките на важечката правна рамка, како и индикатор за медиумите да разгледаат аспекти кои не мора неопходно да бидат евидентни законски решенија, но кои сепак се важни во областа на заштитата на малолетните лица. Кампањата е придружена од ТВ спотови, кои сите даватели на медиумски услуги беа обврзани да ги прикажуваат. Оваа кампања беше промовирана на јазиците на националните малцинства (унгарски, албански, ромски, словачки и романски) преку билборд кампањи и на информативната интернет страница и на латиница и на кирилица.

60 Достапно на: www.tvoznake.rs.

Во овој денешен свет, поврзан како никогаш досега, најголемиот дел од информациите ги добиваме од медиумите во многу различни облици. Медиумите ни помагаат да научиме, разбереме, останеме поврзани со другите луѓе и со светот воопшто, како и да се впуштиме во искуства поврзани со забава. Без оглед дали тоа ни се допаѓа или не, медиумите имаат исклучително важна улога во животот на нашите деца. Уште од раѓањето децата се опкружени од медиумите - медиумските и комуникациските платформи и содржини се дел од нивното опкружување, семејниот живот, нивната забава и време за игра, навиките за учење и развојот на нивните социјални вештини.

Целта на оваа публикација е да придонесе за пошироко разбирање на концептот за заштита на малолетните лица од штетните содржини емитувани преку аудиовизуелните медиумски услуги, улогата на националните регулаторни тела во оваа област и потребата да се вклучат различни засегнати страни со цел да се обезбеди здраво окружување за развојот на децата и младите, како онлајн така и офлајн.

MK

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Опфаќа 47 земји членки, од кои 28 се членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја имаат потпишано Европската конвенција за човекови права, меѓународен договор кој е дизајниран да ги штити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја надгледува имплементацијата на Конвенцијата во земјите членки.

www.coe.int

Европската Унија е единствено економско и политичко партнерство меѓу 28 демократски европски држави. Нејзините цели се мир, просперитет и слобода за нејзините 500 милиони граѓани - во еден поправеден, побезбеден свет. Со цел да ги овозможи овие работи, земјите членки на ЕУ воспоставија тела за да ја раководат ЕУ и да го усвојуваат неговото законодавство. Главните тела се: Европскиот парламент (претставувајќи ги луѓето на Европа), Советот на Европската Унија (претставувајќи ги националните влади) и Европската комисија (претставувајќи ги заедничките интереси на ЕУ).

http://europa.eu

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE